# Антички државни системи

## универзитетски учебник

Војислав Саракински и Стефан Пановски



Војислав Саракински и Стефан Пановски

Антички државни системи

Војислав Саракински
Стефан Пановски

# Антички државни системи

– универзитетски учебник –

2019

# Содржина

За природата и потеклото на државата 7

Основни одлики на државата. (7) – Корените на денешните држави. (8) – Нормативни теории и приоди. (10) – Претпоставки за потеклото на државата. (13) – *Претпоставката за класна борба.* (14) – *Претпоставката за вишок на вредност.* (16) – *„Хидрауличната“ претпоставка.* (16) – *Воената претпоставка.* (17) – *Претпоставката за просторна затвореност.* (xx) – *Претпоставката за „луѓето на кралот“.* (18) – Што го поттикнува преминот во државност? (20)

Староисточните градови–кралства 23

Поимот „град-држава“ (23). – Развојот на староисточните градови-држави. (24) – Идеологијата на градскиот живот. (32) – Кралството и другите институции на власта. (34) – Управувањето со градската економија. (37) – Правниот и воениот систем во градот-кралство. (40) – Подемот на територијалните кралства и крајот на староисточните градови-држави. (42)

Староисточните империи 45

Основни особености на староисточните империи. (45) – Најстарите империи. (48) – *Државата на Саргонидите.* (48) – *III Урска династија.* (50) – Мрежи, племиња и регионални држави. (52) – *Државата на Зимри-Лим.* (52) – *Други слични државни облици.* (53) – Асирската империја. (56) – *Економијата, политиката и устројството на Империјата.* (58) – *Пропагандата и побожноста.* (62) – *Распадот на асирскиот империјален систем.* (63)

Египетското кралство 67

Египетската држава во современата наука. (67) – *Пристапи во изучувањето на египетската држава.* (68) – *Научни модели на египетската држава.* (70) – Основни природни и стопански определници. (71) – *Нил, наводнувањето и власта.* (72) – Политичките циклуси во развојот на египетската држава. (74) – *Четвртото илјадалетие ст.е.* (74) – *Старото кралство.* (75) – *Првиот преоден период.* (77) – *Средното кралство.* (77) – *Вториот преоден период.* (78) – *Новото кралство.* (78) – *Третиот преоден период.* (80) – Т.н. *„Саитска обнова“.* (81) – Кралската власт и администрацијата. (82) – Урбанизацијата. (83) – Храмовите. (85) – Правниот поредок. (86)

Најстарите кралства во Европа 89

*Спротивставени толкувања.* (89) – „Минојските“ држави на Крит. (91) – *Обликот и големината на минојските држави.* (93) – *Состав и устројство.* (94) – Крит и хеленското копно. (95) – Државите во микенско време. (97) – *Обликот и големината на микенските држави.* (98) – *Состав и устројство.* (100) – *Економијата и стопанството.* (102) – *Военото дело.* (103) – *Идентитетот, самоопределбата и елитата.* (104) – Падот на микенските кралства. (106)

Хеленскиот полис 111

Поим и основни одлики на полисот. (111) – *Различните значења на зборот „полис“.* (113) – *Појавата на полисот и полисното самосознание.* (114) – Полисот како град. (115) – *Полисот како центар на општеството.* (116) – Полисот како држава. (119) – *Одбраната, верскиот живот и финансиите.*

(122) – *Политичката неслога.* (124) – Меѓуполисните односи. (125) – Натполисни организации. (126)

Спарта и Атина 131

Државното уредување на Спарта. (131) – *Спартанските басилеи.* (132) – *Герусијата.* (134) – *Апелата.* (134) – *Ефоратот.* (135) – Спартанското општество. (136) – Политичкиот развој на атинскиот полис. (141) – *Атинските архонти.* (143) – *Ареопагот.* (143) – *Законите на Драконт.* (144) – Законодавството на Солон. (145) – *„Симнувањето на товарот“.* (146) – *Поттикнувањето на трговијата.* (147) – *Новите општествени слоеви.* (147) – *Архонтската служба и еклесијата.* (147) – *Советот од четиристотини.* (148) – *Важноста на Солон.* (148) – Законодавството на Клејстен. (150) – *Новите фили, тритии и деми.* (150) – *Советот од петстотини.* (151)

Македонското кралство 155

Кралската власт. (156) – *Воената функција и надворешната политика.* (156) – *Судската функција.* (157) – *Религиската функција.* (158) – *Кралските приходи и економијата.* (159) – Народното собрание. (160) – *Судската власт.* (161) – *Изборот на крал.* (164) – Македонското благородништво. (165) – *Македонските првенци.* (166) – *Хетајрите и пријателите.* (166) – *Симпосионот и кралскиот лов.* (168) – *Кралските деца.* (170) – Градовите и администрацијата. (171) – *Развојот на градовите.* (171) – *Градските органи и кралот.* (173) – *Управувањето со освоените територии.* (176)

Хеленистичките монархии 179

Идеали и идеологии. (180) – Основни обележја. (183) – *Администрација и контрола.* (185) – *Колонизација.* (188) – Кралски и династички култ. (190) – Кралот и локалните елити. (193)

Римската република 199

Развојот на римската република. (199) – *Наследството од кралството.* (200) – *Патрикиско-плебејската република.* (201) – *Републиката на нобилитетот.* (202) – Институциите во III и II век ст.е. (203) – *Римските собранија (комитии).* (203) – Римските државни службеници. (205) – *Основни обележја.* (205) – *Imperium и potestas.* (207) – *Државни службеници (магистрати).* (208) – *Свештенички колегиуми.* (211) – Senatus populusque Romanus. (211) – Распадот на републиканскиот систем. (216) – *Првите пукнатини во системот.* (216) – *Тибериј Грах.* (218) – *Гај Грах и senatusconsultum ultimum.* (221) – *Гај Мариј и крајот на тимократскиот систем.* (222) – *Сојузничката војна.* (223) – *Републиката на Сула.* (225) – *Преминот кон монархија.* (228)

Римската империја 232

Владеењето на Август. (232) – *Првиот уставен договор.* (232) – *Вториот уставен договор.* (234) – *Природата на власта на Август.* (235) – Принкипатот и институциите на Републиката. (237) – *Развој на принкипатот.* (237) – *Институциите на Републиката.* (239) – *Новата администрација.* (241) – Општествениот поредок. (242) – Војската и финансиите. (244) – *Војската и политиката.* (245) – *Војската и римското општество.* (246) – *Државните финансии и војската.* (247) – Провинциската управа. (249) – *„Царски“ и „сенатски“ провинции.* (249) – *Управата со провинциите.* (250) – *Централната и локалната власт.* (251) – Диоклецијан и Константин. (254) – *Системот на тетрархија.* (255) – *Царската власт.* (257) – *Провинцискиот систем.* (257) – *Војската и финансиите.* (258)

# 1
# ЗА ПРИРОДАТА И ПОТЕКЛОТО НА ДРЖАВАТА

Основни одлики на државата. – Корените на денешните држави. – Нормативни теории и приоди. – Претпоставки за потеклото на државата. – *Претпоставката за класна борба. – Претпоставката за вишок на вредност. – „Хидрауличната“ претпоставка. – Воената претпоставка. – Претпоставката за просторна затвореност. – Претпоставката за „луѓето на кралот“.* – Што го поттикнува преминот во државност?

Државата како општествена појава е веројатно еден од најсложените концепти во политиката и политичката историја. Некои истражувачи тврдат дека политиката како дисциплина целосно се занимава со државата; други, пак, сметаат дека политиката постои во сосема поинаков општествен контекст и се наоѓа над сферата на постоење и дејствување на државата како организација. Теоретската расправа на научниците е долга и навидум нерешлива, зашто речиси и да нема договор за предметот на нивното пручување. Дали државата е тело што обединува управни институции? Дали е структура изградена врз правни норми? Дали е подвид, или појавен облик на општеството? Или пак е збир од вредности и верувања, кој го дефинира граѓанското тело? Овие, но и уште многу други прашања, се главните прашања во сите досегашни теоретски дела.

## ОСНОВНИ ОДЛИКИ НА ДРЖАВАТА

И покрај ваквите недоумици, сепак може да се издвојат неколку формални одлики што се карактеристични за секоја држава. Прво, државата има *географски точно разграничена територија* со *точно определено граѓанско тело*. Таа има *овластувања со кои ги обврзува сите граѓани* и групи во рамките на сопствените граници, а *нејзините цели се повисоки и посеопфатни* од целите на сите други граѓански здружувања. *Овластувањата на државата имаат правна природа*, при што таа се смета за *извор на правни правила*.

Државата има највисока *контрола врз суровините и трудот* во рамките на сопствената територија; но, оваа положба не се темели само врз сила, зашто повеќето држави бараат некаков вид признание и прифаќање на нивниот монопол од страна на граѓаните. Државата претставува *постојана и трајна јавна власт*, која се разликува од власта на владетел врз неговите поданици. Најпосле, таа се смета за *суверена во внатрешна смисла*, во рамките на сопствената територија, и *во надворешна смисла*, зашто е прифатена од другите држави како рамноправен член на поширокото општество.

Државата има сложена врска со голем број политички концепти, како што се општеството, заедницата, сувереноста и власта. Многу од овие концепти имаат и потесни значења, кои се поклопуваат со некои гледишта за тоа што, всушност, претставува државата. Ако претпоставиме дека државата ги овозможува сите понатамошни здружувања и врски во неа, тогаш излегува дека ништо не е одвоено, и не може да постои одделно од државата – па дури и општеството станува само еден аспект од државата. Од друга страна, ако суверенитетот произлегува од народот, којшто ја создава државата за да исполни сопствени цели што претходно си ги одредил, тогаш врската станува обратна: не само што општеството е независно од државата, туку тоа е и нејзиниот извор. Слично на ова, државата може да се смета и за синоним на власта, но и за одделна, самостојна појава која само ѝ дава авторитет на власта.

Накусо, овие и слични прашања ги исправаат теоретичарите на политиката пред речиси нерешливи проблеми во толкувањето на државата како појава.

## КОРЕНИТЕ НА ДЕНЕШНИТЕ ДРЖАВИ

Дополнителен проблем е тоа што првата појава на државата како концепт, не значи дека таквиот ист и непроменет концепт е извор на државите *во нивниот денешен облик*. Има три општи гледишта за тоа од која точка – и од кој државен облик – започнува историјата на денешните, современи држави.

Според првото гледиште, денешните држави се *природно продолжување на традициите на раниот хеленски град-држава*, познат и како „полис“. Полисот бил основна одредница и суштинска одлика на хеленското општество: според философот Аристотел, политичката наука не била ништо друго, туку проучување на полисот. Точно е дека одредени општествено-политички концепти – концептот за територија, државјанство,

авторитет, закон, и многу други – се родиле и заживеале токму во хеленскиот полис. Сепак, во времето на полисот сè уште не биле обликувани неколку други концепти, кои имаат клучно значење денес – на пример, концептот за поделба на власта, за одделно граѓанско општество, или пак за устав како највисок државен акт втемелен во правото. Освен тоа, животот на полисот бил длабоко врзан за верскиот, етичкиот и уметничкиот живот на заедницата, и тоа во многу поголема мера од денес, зашто во денешно време овие нешта најчесто живеат одделен живот. Најпосле, сето ова се одвивало во толку *мал размер* во споредба со современите држави, што е навистина тешко полисот да се нарече држава во современа смисла на зборот. Како што ќе видиме наскоро, и другите антички државни облици не биле многу посоодветни: античките империи, на пример, биле премногу лабави и премногу расчленети државни облици, за да можат да се наречат вистински современи држави.

Според второто гледиште, *никулците на современата држава* треба да се бараат *во раното средновековие*. Во тоа време веќе се обликувале идеите за јавна благосостојба, втемелени во римското и канонското право и неразделно врзани за владетелот и неговата положба; во средновековната политичка мисла веќе постоел и поим за државјанство, како и за владеење на правото. Сепак, и ова гледиште е проблематично по неколку различни основи. Една од основите одлики на средновековниот феудализам е тоа што е расцепкан и ситнет на големи потсистеми од меѓусебни здружувања и врски. Повеќето поголеми општествени групи – благородништвото, црквата, занаетчиските еснафи – имале сопствени закони и судови. Многупати се случувало монархот да не биде суверен: на многу места, положбата на владетелот се сметала за изборна служба и не се добивала во наследство. Владетелите морале да се потпираат на поддршката од благородништвото и од другите општествени кругови, за воопшто да можат да владеат. Во суштина, средновековното општество претставувало еден голем, шарен мозаик од здружувања кои многупати се преклопувале, иако имале спротивставени интереси. Владетелите се потпирале врз заедниците што постоеле на нивните територии, па често се сметало дека се еднакво подложни на законот како и сите други граѓани, а не дека се извор на законот. Најпосле, средновековните држави имале таква природа, што понекогаш е тешко да се замислат како јасно разграничени територијални единки со постојано и лојално граѓанско тело. Единствената трајна лојалност – која ги надвишувала сите други групни врски – била лојалноста кон црковната организација. Всушност, идејата за независни политички единици можела да излезе на површина дури откако пропаднал концептот за една и единствена „република на христијаните", а никако пред тоа.

Според третото гледиште, *појавата на современата држава* треба да се датира *во XVI век*, време кога за првпат се среќава и поимот „држава“. Научниците не се согласуваат кој теоретичар ја вовел оваа идеја во политичката наука – Макијавели или Боден, и каде точно се родила современата држава – во ренесансна Италија, или пак во раната апсолутистичка Франција.

## НОРМАТИВНИ ТЕОРИИ И ПРИОДИ

Денес ја сфаќаме државата како облик на власт, или како збир од институции, па затоа ни е тешко да размислуваме за неа во една поширока рамка на нормативни претпоставки. За многу теоретичари и истражувачи, државата претставува основа на политичката реалност; со други зборови, државата ја дава основата на цивилизираниот интелектуален живот, во кој понатаму може да се расправа за политички прашања. Но, секој обид да се дефинира државата и да се опишат нејзините основни законитости зависи од матичното поле на истражувачот. Следствено, разликуваме најмалку пет различни приоди кон проблемот на државата и државотворноста, кои често се преклопуваат. Овие пет приоди се: *јуристичкиот*, или *легалистичкиот приод; историскиот*; *социо-антрополошкиот*; *научно-политичкиот*; и *нормативно-филозофскиот* приод. Секако, за нас е најважен историскиот приод.

Многу историчари детално го изучуваат развојот на државата. Некои од нив посветуваат поголемо внимание на факторите врзани за појавата и подемот на државата, на пример – подемот на ренесансните градови-држави, реформацијата, распадот на Светото римско царство, развојот на централизирани, платени бирократии, појавата на постојани армии, воведувањето на централизирано оданочување, или пак династичките и верските војни. Други ја обработуваат историјата на одредени идеи што ги придружувале случувањата во развојот на современата држава. Но, независно на која од овие две групи ѝ припаѓа, историчарот треба постојано да има на ум дека државата и нејзиниот развој се многу понеправилни, попрагматични и постихијни одошто тврдат правните и филозофските теории. По правило, теориските претпоставки се премногу ограничени, премногу еднострани и премногу идеализирани за да ги опфатат сите различни услови, односи и правилности што ги следат појавата, развојот и созревањето на државата. Од друга страна, слабоста на историскиот пристап произлегува од тоа што државата не е само емпириска, искуствена појава без системски правилности, која може да се сфати

само со испитување на минатите случувања. Уште од нејзиното прво појавување, државноста се темелела и врз одредени теориски идеи и идеолошки стојалишта, кои не треба да се занемарат.

Што се однесува до *нормативните теории* (значи, теориите што логички ја определуваат и ја разграничуваат државата како појава, врз основа на неутрални и објективни аргументи), разликуваме неколку различни теории, имено – *апсолутистичка*, *конституционална*, *етичка* и *плуралистичка* нормативна теорија за државата.

Најочигледно обележје на *апсолутистичката теорија* е обидот државата да се определи како *отелотворување на апсолутниот владетел*. Оваа идеја за првпат се јавува во делата на Боден, Хобс и Бусуе, а во минатото била поткрепена и со практични обиди да се воспостави токму таков државен облик – на пример, за време на владеењето на Луј XIV. Во златното време на апсолутизмот се сметало дека владетелот има божествено право на престолот и дека кралството е негова лична сопственост. Интересите на владетелот биле и интереси на државата. Поистоветувањето на државата и нејзиниот суверен владетел е добро сведоштво за важноста на суверенитетот во историјата на државата. Поради потребата да се опредмети нејзината сувереност, државата од XVI век била „лична“; спротивно, државата од XX век е ослободена од ваквата потреба, па во некоја смисла станува „безлична“. Апсолутистичката теорија има и слабости; една од најважните е тоа што премногу се потпира врз личноста на владетелот. Може да се спори дали некогаш воопшто постоел суверен владетел со власт што навистина била апсолутна и неограничена; сето време додека постоел апсолутизмот, постоеле и ограничувања на кралската власт – која зависела и од природата на владетелот, и од економските и политичките околности во кралството.

*Конституционалната теорија* е најдолга, највлијателна и најсложена обработка на државната идеја. Оваа теорија ја дефинира државата како *комплекс од институции и вредности* што ја разграничуваат власта на историско, правно, морално и филозофско рамниште, како и *сложена хиерархија од правила и норми* кои ѝ даваат подлога на власта и ги уредуваат односите меѓу граѓаните, законите и политичките институции. Корените на оваа теорија лежат во темелните вредности на римското право, но и во идеите на средновековна Европа. Во XIX век, конституционализмот почнал да се врзува со либерализмот и либералната демократија; но, ова е погрешно, зашто во рамките на конституционалната теорија има и многу определници од конзервативизмот, па дури и од парламентарниот социјализам. Конституционалистите најчесто ги разгледуваат античките уставни доктрини, природното и обичајното право, владеењето

на правото, пишаните договори и повелби; институционалните решенија, уставите, рамнотежата и поделбата на власта; и уште неколку политички и етички алатки, како претставничката демократија и односот на државата и општеството. Поставките на конституционалната теорија се вплотени во уставната рамка на секоја современа држава.

Најголеми слабости на конституционалната теорија се нејзината широчина и нејзината општа прифатеност. Честопати се добива впечаток дека секој понов теоретичар е конституционалист, и дека затоа има право да расправа за секој можен аспект на државата и општеството. Со ова, конституционализмот може да ја загуби својата смисла, а уставноста да се претвори во низа од формални процедури, кои немаат ниту нормативно значење, ниту пак допир со вистинскиот политички живот.

Иако се повикува на етичкиот живот на хеленските полиси, третата, или *етичка нормативна теорија* е плод на француската буржоаска револуција и на германската идеалистичка традиција. Според оваа теорија, државата е *етичка творба*, плод на долг историски развој кој почнува од хеленската антика и трае до денешно време; етичката држава не се јавува случајно, туку се развива во содејство со внатрешната природа на луѓето како разумни суштества. Понатаму, се тврди дека државата и нејзините граѓани имаат заедничка разумска суштина, а дека државата е само појавен облик, начин на кој дејствуваат граѓаните и нивните институции. Во основа, етичката теорија е мошне блиска со идеите на конституционализмот, но става поголема нагласка врз етичкото развивање и слободата на граѓаните. Според оваа теорија, државата ги отелотворува здраворазумските обичаи и закони што управуваат со однесувањето на поединецот. Државата не е систем од закони, ниту пак збир од институции, туку разумен поредок што ја одразува поединечната свест на граѓаните. Главната слабост на оваа теорија е нејзиниот речиси застарен идеализам, како и очигледната одвоеност од вистинскиот свет. Во вистинскиот живот се чини дека е речиси невозможно да се воспостави држава што ќе се води исклучиво по некаков етички кодекс, заснован врз општа, обединета волја за подобар живот.

*Плуралистичката нормативна теорија* ја сфаќа државата како збир од полунезависни групи што се целосно вклучени во државата, но не се проголтани од неа. Според оваа теорија, државата е збир на севкупниот групен политички живот и ги претставува сите општествени групи; таа е различна од групите, стои над нив, ги обезбедува поредокот и основните права и го уредува групното однесување. Но, плуралистичката држава не е суверен политички облик, зашто е составена од групи чие постоење и независност ги признава самата, и кои всушност го поседуваат

вистинскиот правен идентитет. Слабоста на плуралистичката теорија се состои во тоа што таа не успева целосно да го објасни односот на државата и групите; ако групите се (полу)независни и имаат правен идентитет, зошто би им требала држава како тело различно од нив, наместо самите да ја преземат таа улога? Освен тоа, плуралистите не можат да објаснат како се постигнува општествен договор, ако секоја (полу)независна група има свои сопствени интереси.

Претходниве примери најубаво покажуваат дека државата може да се проучува и да се сфати на многу различни начини. Единствен начин да добиеме сеопфатна претстава за државата е да имаме на ум дека таа не е само историска и општествена појава и своевиден цивилизациски феномен, туку и врзивно ткиво на општеството, збир од сите потреби и вредности што го насочуваат човекот кон заедница на рамноправни и слободни единки.

## ПРЕТПОСТАВКИ ЗА ПОТЕКЛОТО НА ДРЖАВАТА

Политичките теоретичари го истражуваат потеклото на државата уште од почетоците на нововековната политичка мисла. Филозофите од т.н. „Школа на Општествениот договор“ (на пример, Хобс, Лок и Русо) се можеби најпознатите, но не и првите писатели на дела посветени на ова прашање. Во почетокот на XVI век, Макијавели веќе размислувал за потеклото на граѓанските општества:

> „По создавањето на светот, неговите жители биле сосем малубројни, и извесно време живееле распрснати наоколу како ѕверови. Како што се множеле поколенијата, и тие постепено се собрале заедно, а за да можат подобро да се одбранат, го одбрале оној од нив што бил најсилен и имал најголемо срце, па го прогласиле за водач и му се покориле.“

Макијавели ја врзува појавата на државата со прирастот на населението и, во одредена смисла, ја навестува теоријата на Општествен договор така што го врзува постоењето на државата со безбедноста како нејзино главно својство. Сепак, не можеме да знаеме дали теоретичарите на Општествениот договор – веројатно најпознатата група мислители за ова прашање – навистина сакале да ја објаснат појавата на државата, или пак само да го оправдаат сопствениот авторитет. Ова го велиме затоа што, според основната логика, развиените својства и функции на една општествена појава не можат да служат како објаснување за нејзиното настанување.

Во најново време, теоријата за Општествениот договор се оценува како „волунтаристичка". Таа претпоставува дека државата била создадена доброволно, со умисла да овозможи некакви придобивки – иако, историски гледано, никогаш немало точка во која некаква група луѓе свесно се договорила да создаде држава од ништо. Проблематична е и „добрата волја“ на главните чинители во оваа приказна: ако државата се развила од некаков првичен поредок, во кој веќе постоеле политичка и економска нееднаквост, нема основа да се тврди дека сите засегнати страни еднакво го посакувале преминот кон држава. Теоријата за Општествен договор е т.н. функционалистичка претпоставка; таа се обидува да го објасни појавувањето на одредено нешто, со помош на неговата главна функција во општеството. За жал, институциите многупати се пофункционални за едни поединци и групи, одошто за други – а тука се вбројува и државата.

Со развојот на професионалната археологија и антропологијата, во текот на XIX и XX век биле предложени уште неколку претпоставки за потеклото и појавата на државата. Научните истражувања на раните цивилизации отвориле пат за да се постави нов општествен контекст во кој била создадена државата. Во продолжение, накусо ќе ги разгледаме највлијателните претпоставки, нивните силни страни, но и нивните недостатоци и ограничувања.

• *Претпоставката за класна борба.* – Во расправата „За потеклото на нееднаквоста“, Русо го врзува потеклото на државата со појавата на приватната сопственост. Според него, „вистински основач на цивилизацијата бил првиот човек што заградил парче земја, помислил да каже дека тоа е само негово, и нашол доволно простодушни луѓе за да му поверуваат“. Русо тврди дека приватната сопственост ги зголемила нееднаквоста, зависта и несигурноста. Како и другите теоретичари на Општествениот договор, и тој тврди дека основна улога на државата е да ја одржува безбедноста, но за разлика од Хобс и Лок, смета дека ваквата безбедност првенствено им користела на богатите:

> „Без цврста причина за да се оправда, и без доволно сила за да се одбрани; рачно совладувајќи го поединецот, но самиот совладан од престапници; сам против сите и, поради љубомора, неспособен да се поврзе со своите еднакви против непријателите, обединети во заедничка надеж за грабеж – богатиот, притиснат од потребата, најпосле ја опредметил најитрата мисла што некогаш се родила во човечкиот ум: да ги употреби во сопствена корист силите на неговите напаѓачи, од противниците да направи бранители, да ги воскрене со нови приказни и да им понуди нови институ-

> ции, толку поволни за него самиот, колку што природните права биле погубни.“

Поради средишната улога што им ги припишува на нееднаквоста, судирот и измамата, расправата на Русо остава впечаток на предвесник на марксистичките идеи за потеклото на државата. Во една подолга расправа, и Фридрих Енгелс ја претставува државата како производ на класната борба:

> „Ова општество, според економските услови за живот, морало да се подели на слободни и робови, на богати што ќе искористуваат и сиромашни што ќе бидат искористени; општество кое не само што веќе никогаш не можело да ги помири овие противречности, туку чувствувало постојан притисок да ги продлабочи. Вакво општество можело да постои или во постојана отворена борба на класите едни против други, или пак под власт на трета сила, која би стоела над завојуваните класи, би го задушила отворениот судир и би дозволила класната борба најмногу да се води во економијата и да има правен облик. Со родовското уредување било завршено; тоа било уништено од поделбата на трудот и од расцепувањето на општеството на класи. Родовското уредување било заменето со држава.“

Русо и Енгелс со право нагласуваат колку била важна економската нееднаквост во развојот на општеството, но нивните претпоставки имаат сериозни ограничувања. На прво место, тие не објаснуваат зошто луѓето толку лесно би прифатиле држава што ќе го искористува нивниот труд. Нивното објаснување има идеолошка основа: наводно, богатиот ѝ дава на државата привидна неутралност, за да ги убеди сиромашните на покорност. Сепак, и оваа претпоставка се соочува со истиот проблем како и другите идеолошки објаснувања – го потценува здравиот разум на сиромашните слоеви, кои лесно прифатиле идеологија што била погубна за нив.

Вториот проблем се состои во тоа што приватната сопственост – а особено приватниот земјопосед – не е ниту заедничка, ниту честа одлика на раните државни облици. Напротив, главна особеност на предмодерните држави во Месопотамија, Кина, Африка, дури и во Средна и Јужна Америка, е токму колективната сопственост на земјопоседот во роднински групи. Русо и Енгелс пишуваат за имотната нееднаквост во раните цивилизации – но, политичката хиерархија не може да се претстави како едноставен производ на оваа нееднаквост. Можно е и тоа, дека прво била воспоставена политичка хиерархија, која дури потоа ја продлабочила имотната нееднаквост. Најпосле, претпоставките на Русо и Енгелс

се соочуваат со истиот проблем како и секоја друга функционалистичка теорија: тие ги објаснуваат придобивките од државата (поточно, придобивките за највисокиот слој во општеството), а не процесот со кој се појавила државата.

• *Претпоставката за вишок на вредност.* – Втората класична претпоставка ја нагласува улогата на стопанското производство и земјоделството во создавањето на државата. Основната идеја, поставена од археологот Вир Гордон Чајлд, е дека држава може да се развие само ако се произведе вишок од земјоделски производи, со што највисокиот слој се ослободува од обврската да произведува храна. Точно е дека сите досега познати државни творби најпрвин се јавиле во земјоделски контекст, во кој највисокиот слој го присвојувал вишокот производи; сепак, иако земјоделството било нужен услов за да се мине во државност, тоа не било ниту единствен, ниту пак услов доволен сам по себе. Сите најстари држави произлегле од земјоделски општества – но, не сите земјоделски општества завршиле со создавање држава. Почетокот на земјоделството не подразбирал ниту создавање вишок, ниту негово присвојување; напротив, многу земјоделски општества во Африка, Азија и Америка успеале да ја одржат политичка и економска еднаквост за сето време, додека постоеле.

Освен со земјоделството, Чајлд ја врзува појавата на државата и со обработката на металите. Тој тврди дека производството на метални земјоделски орудија овозможило попродуктивно земјоделство, со што се забрзала и централизацијата на моќта. Против овој аргумент сведочат искуствата на археолозите и антрополозите: имено, државата се јавува и во Средна и Јужна Америка, каде земјоделските орудија се изработувале од дрво и камен. Дури и во Египет, металните орудија влегле во поширока употреба дури во времето на Новото кралство. Вистина е дека појавата на раните цивилизации во најширока смисла на зборот поттикнала нови пронајдоци во земјоделството; но, преминот во државност не зависел непосредно ниту од металургијата, ниту од достигањата во земјоделската техника.

• *„Хидрауличната“ претпоставка.* – Германскиот синолог Карл Витфогел тврди дека државата никнала од потребата да се управува со наводнувањето на сушните и полупустинските територии, какви што биле Египет, Месопотамија, долината на Инд и долината на Жолтата река. Населението во овие области ја прифатило врховната власт на владеачкиот слој заради неговата способност да вложи средства во наводнувањето на земјопоседите. Според неговата методологија на размислување, „хидрауличната“ претпоставка на Витфогел не е многу различна од онаа што

ја предлагаат теоретичарите на Општествениот договор: во еден одреден миг, луѓето сфатиле дека им треба државна организација, па решиле да ја измислат и да ја воспостават.

Сепак, со новите археолошки сознанија за раните цивилизации, претпоставката на Витфогел веќе не е сосем убедлива. Денес сме речиси сигурни дека египетскиот фараон воопшто немал средишна улога во управувањето со земјоделското производство, а дека во Месопотамија и во Кина наводнувањето во поширок обем почнало дури откако била воспоставена државата. Државата може да има клучно значење во производството или во управувањето на одредени големи јавни добра, но самиот факт што таа постои, не значи дека вложува сè што може исклучиво во земјоделското производство. Најпосле, и теоријата на Витфогел се соочува со ограничувањата на сите други функционалистички објаснувања: фактот што некоја институција постои и функционира, дури и ако тоа го прави успешно, во никој случај не ја објаснува и нејзината појава.

• *Воената претпоставка.* – „Воената“ претпоставка е осмислена за да понуди противтежа на теориите за Општествен договор, кои ја сфаќаат државата како средство за соработка, а ја занемаруваат нејзината насилна и искористувачка природа. Најпознат теоретичар меѓу застапниците на оваа претпоставка е Франц Опенхајмер, кој цени дека војувањето било главниот механизам што го придвижил преминот во државност. Според Опенхајмер, државата произлегува од потчинетоста на победените пред победниците, кои пак ја устројуваат власта на начин што ќе им обезбеди долгорочно економско искористување на подредените слоеви.

За да ја постави оваа теорија, Опенхајмер најмногу ги разгледувал освојувањата на раните земјоделски заедници од страна на сточари, поморци и преселници. Вистина е дека низ целата историја на човештвото најчести се токму епизодите на освојување и покорување; сепак, меѓу војувањето и појавата на државата не може да се воспостави очигледна и непосредна врска. Освојувачите се организираат во држава уште пред да тргнат во освојување, што значи дека освојувањето никако не може да го објасни потеклото на државата. Понатаму, војувањето постои и во недржавни општества, и не секогаш завршува со трајно покорување на победените. Воените победи и порази имаат мошне важна улога во општествениот развој и честопати поттикнуваат големи општествени преустројства; но, ова не е одлика само на државните општества.

• *Претпоставката за просторна затвореност.* – Во делата на Роберт Карнеиро може да се прочита уште една претпоставка што произлегува од новите теории за општествената еволуција. Општествата се развиваат во контекст на ограничувањата на животната средина, околината

и културата, на кои мора да им се прилагодат за да преживеат, а според Карнеиро, природната околина во која се развиваат раните држави имала ограничена обработлива површина. Мексико, речните долини во Перу и долините на Нил, Тигар, Еуфрат и Инд биле обиколени со природни препреки, а достапната земја била ограничена од мориња, планини и пустини. Спротивно, во области како басенот на реката Амазон или северноамериканските шуми, населението лесно можело да избега од соседите со тоа што ќе се расее на неограничена територија.

Географски ограничената, затворена средина оневозможува расејување и бегство. Ова значи дека секој пораст на населението ја прави обработливата земја сè поограничена, со што ги поттикнува жителите да ја зголемат продуктивноста на земјоделството, но и да се обидат да ја освојат земјата на нивните соседи. Соперништвото меѓу новите политички единици, чија улога била во подем, создало поттик за политичка централизација и овозможило да се воспостави трајна доминација преку потчинување на поразените.

Претпоставката на Карнеиро обединува одредени гледишта од претпоставката за вишок на вредност (зголемената продуктивност) и воената претпоставка (доминацијата над поразените) во една поширока рамка. Но, претпоставката за просторна затвореност не зема предвид неколку случаи на премин во државност, како полуостровот Јукатан во Мексико и долината на Жолтата река во Кина, каде обработливото земјиште воопшто не е ограничено.

Претпоставката на Карнеиро нуди некои општи придобивки, пред сè начинот на кој ги обединува различните механизми врз кои се темели сценариото што води до концентрација на моќ. Просторната затвореност поттикнува нови изуми, соперништво, а најпосле и доминација. Но, механизмите на затвореност и ограничување, кои ги има и во недржавни општества, не го објаснуваат потеклото на државата, ниту пак определуваат што точно е особено за преминот во државност.

• *Претпоставката за „луѓето на кралот“.* – За особеностите на преминот во државност размислува и Ален Тестар, чија претпоставка излегува од рамките на вообичаените стопански и еколошки објаснувања. Тестар се задржува врз политичките фактори, но не во смисла на просторната ограниченост и на војувањето, туку во смисла на внатрешниот развој и на она што се случува внатре, во самата заедница – поточно, односите на зависност што се воспоставаат меѓу истакнатите и помалку истакнатите членови на заедницата. Ваквите врски ни се познати од роднинските структури – на пример, кога децата или жените зависат од главата на домаќинството или на родот – но постојат и надвор од роднинските

односи, на пример, меѓу високите достојници и нивните клиенти, службеници, прислужници и робови. Накусо, Тестар го објаснува преминот во државност со проширувањето на личните мрежи надвор од вообичаените роднински односи.

Од сите врски на зависност, веројатно најзначајно е ропството, зашто го одвојува поединецот од традиционалните роднински кругови и го става под власт на „надворешен“ господар. Бидејќи се целосно зависни, воените пленици и должничките робови често развиваат потполна верност кон господарите, што се гледа од овој опис на робовските односи кај едно племе во Мјанмар:

> „Речиси сите робови се сопственост на поглаварот или на старешината на селото; но, во повеќето случаи, статусот на роб се сведува на статус на постојан должник. Улогата на должникот во племенската заедница не секогаш е неповолна: робовите можат да бидат во долговно ропство кај господарот, а да имаат и права, и побарувања од него. Положбата на робот е налик на посвоен, или на незаконит син на поглаварот; или, пак, уште поточно, налик на сиромав зет кој работи за да си ја заработи невестата. На тој начин, иако му припаѓа на најнискиот општествен слој, робот се наоѓа поблизу до поглаварот одошто членовите на кој било друг слој.“

Зачуван е еден сличен опис на положбата на робовите во Ангола:

> „Бидејќи немале роднини, робовите во целост зависеле од своите господари – положба што кралевите ја користеле кога ги избирале државните службеници од редот на робовите. Работите стасале дотаму, што кралските синови родени од робинки биле претпочитани како наследници на престолот.“

Тестар тврди дека лојалните зависници им носеле најголема полза на оние што сакале да се искачат до надредена положба во својата општествена група. Ропството било особеност и на раните државни творби, во кои кралевите и високите достојници држеле група зависници што го поддржувале нивниот авторитет и политичката важност; спротивно, ропството го немало во општествата на собирачи-преселници и сточари, кои се стремеле кон рамноправност на сите свои членови.

Особена предност на претпоставката на Тестар е тоа што објаснува на кој начин државата може да се појави „одвнатре“, наместо со надворешно освојување. Секако, може да се приговори дека ропството не е општа особеност на државните општества; ова е точно, но не претставува клучен проблем, зашто ропството можело да одигра клучна улога при преминот во државност, а потоа да исчезне, бидејќи административните

структури пропишани со закон ѝ давале поцврста потпора на власта, одошто личните односи на зависност. Многу поголем проблем е тоа што ропството се среќава во многу неегалитарни, а сепак недржавни општества во Европа, Азија, Африка и Америка, и што има клучна улога во стратегиите на тие заедници, а сепак не предизвикува премин во државност. Најпосле, претпоставката на Тестар подразбира дека државата се појавила во услови на лична зависност и имотна нееднаквост, што значи дека најпрвин била крајно деспотска, а со текот на времето се демократизирала – стојалиште што не може да се докаже со наоди и опредметени аргументи.

## ШТО ГО ПОТТИКНУВА ПРЕМИНОТ ВО ДРЖАВНОСТ?

Овој кус преглед покажува дека не постои ниту единствен, ниту совршено точен одговор на прашањето за потеклото на државата. Дури и најиздржаните претпоставки се соочуваат со низа проблеми: или не се соодветни со веќе потврдените историски развојни правци, или пак се премногу широки за да се однесуваат само на преминот во државност. Сепак, ова не значи дека претпоставките не се информативни или инвентивни: секоја од нив нагласува еден или неколку важни чинители, кои несомнено имале некаква улога при преминот во државност. Ова може да се види и во следнава табела:

| Поттик за премин во државност: | Претпоставка: |
|---|---|
| 1. потреба од безбедност: | – општествен договор<br>– просторна затвореност |
| 2. потреба од инфраструктура: | – хидраулична претпоставка |
| 3. зголемено земјоделско производство: | – хидраулична претпоставка<br>– вишок на вредност<br>– просторна затвореност |
| 4. производство на вишок на вредност: | – вишок на вредност |
| 5. групи со спротивставени интереси: | – воена претпоставка<br>– класна борба<br>– просторна затвореност<br>– луѓето на кралот |
| 6. собирање средства за принуда: | – воена претпоставка<br>– просторна затвореност |
| 7. соперништво за ограничени ресурси: | – просторна затвореност |

8. природни или општествени пречки: – просторна затвореност

9. поединци со круг од зависници: – луѓето на кралот

Неспорно е дека хуманистичките науки никогаш нема да го достигнат степенот на прецизност на природните науки, па затоа можеби и не е најдобро да се предлагаат строги генерализации што наликуваат на закон. Наместо тоа, веројатно е подобро да се бараат главните „механизми“ на преминот во државност, односно најчестите и најлесно препознатливи обрасци на дејствување, кои имале точно одредена последица: појавата на државата.

За да ги препознаеме овие механизми, треба внимателно да ги разгледаме заедничките одлики на сите фактори во табелата. Првата заедничка одлика е тоа што сите подразбираат темелни промени во распределбата на интересите на општествените сили, и тоа со нагласување на новите проблеми во заедничкото дејствување – на пример, потребата од безбедност, или од подобра инфраструктура. Втората заедничка одлика е тоа што сите водат кон предимство на една општествена група врз друга – било преку надворешно освојување, или пак со премин кон деспотизам.

Мора да се води сметка и за тоа, дека имало многу недржавни општества што не воспоставиле никаков орган за искористување на другите, и кои успеале да ги совладаат проблемите на колективното дејствување без институционални казни. Вистина е дека денес живееме во свет составен од држави – но, од гледна точка на историјата, оваа состојба е скорешна и исклучителна. Лесно е да се означи појавата на државата како случаен настан во човечката историја; но, државата се јавува независно, на многу места низ целиот свет, и во секој поединечен случај гради препознатливи институции. Секаде каде што има држава, има и одреден облик на централизација на воена и политичка моќ; секаде се создава правен систем, кој треба да ги штити општествените правила. Дури и ако преминот во државност бил навистина случаен, начините на кои можел да се изведе овој премин не биле неограничени. Без оглед зошто и како започнал процесот на образување на државната творба, тој ги сменил сите основни особености на политичкиот, општествениот, економскиот и културниот живот, па од различни појдовни точки, низ различни развојни правци, произлегле слични резултати.

Ова значи дека, колку и да биле интересни околностите во кои се создале раните држави, со текот на времето тие биле надминати со развојот на државните структури, кои се стремеле кон една општа цел. Оваа своевидна истонасочност, т.е. *конвергенција*, одела напоредно со брзиот

подем на државата како најшироко прифатен начин на општествено-политичко организирање на човекот. До средината на II илјадалетие ст.е., државните творби опфаќале не повеќе од еден процент од територијата на Земјата, но затоа, пак, во нив живеела половина од целото население; до почетокот на Новата ера, државите контролирале една десетина од вкупната копнена маса, но три четвртини од вкупното население на Земјата. И покрај скорешното потекло и бавното просторно ширење на државата, огромното мнозинство луѓе што некогаш живееле, живееле во рамките на некоја држава. Ова ја прави државата една од најживите културни институции на човечкиот род.

---

## Литература:

Bang, P. F. & Scheidel, W. (eds.) (2013). *The Oxford Handbook of the State in the Ancient Near East and Mediterranean.* Oxford: Oxford University Press.

Dubreuil, B. (2010). *Human Evolution and the Origins of Hierarchies. The State of Nature.* Cambridge: Cambridge University Press.

Филиппов Г. Г. (1985). *Социальная организациям политическая власть.* Москва: Мысль.

Гринин, Л. Е. (2007). *Государство и исторический процесс. Эпоха формирования государства: общий контекст социальной эволюции при образовании государства.* Москва: Комкнига.

Radner, K. & Robson, E. (eds.) (2011). *The Oxford handbook of cuneiform culture.* Oxford: Oxford University Press.

Snell, D. C. (ed.) (2005). *A Companion to the ancient Near East.* Malden: Blackwell.

Van De Mieroop, M. (2007). *A History of the Ancient Near East, ca. 3000–323 BC.* Malden: Blackwell.

Yoffee, N. 2005. *Myths of the archaic state: Evolution of the earliest cities, states, and civilizations*. Cambridge: Cambridge University Press.

# 2
# СТАРОИСТОЧНИТЕ ГРАДОВИ-КРАЛСТВА

Поимот „град-држава“. – Развојот на староисточните градови-држави. – Идеологијата на градскиот живот. – Кралството и другите институции на власта. – Управувањето со градската економија. – Правниот и воениот систем во градот-кралство. – Подемот на територијалните кралства и крајот на староисточните градови-држави.

## ПОИМОТ „ГРАД-ДРЖАВА“

Под поимот „град-држава“ најчесто се подразбира *независниот облик на општествена, стопанска и политичка организација, кој за прв-пат се појавил во јужна Месопотамија* за време на „Урбаната револуција“, во IV илјадалетие ст.е. Градот-држава се состоел од развиено градско јадро и земјоделска околина околу него, а околу утврдениот град имало круг од предградија, пристаништа, овоштарници и полиња. Градското средиште се наоѓало на врвот од една хиерархија на помали населби, во основа – земјоделски градови и села, кои биле распоредени околу градот и го користеле како култен центар и предводник во општествените и стопанските работи. Брзиот процут на градските средишта кон крајот на IV илјадалетие ст.е. сведочи дека овие градови најчесто се потпирале врз селата, од каде обезбедувале издршка за жителите на градот што не произведувале храна.

Во идеални услови, оваа карактеристична заедница од населби била самодоволна, т.е. можела да преживее и да се развива без потреба од увоз или извоз на производи. Секако, овие градови не биле – и не можеле да бидат – целосно одвоени од светот што ги опкружувал, но што се однесува до издршката, можеле да опстојуваат самостојно. Во текот на долгата староисточна историја имало исклучоци – обично каравански градови, распоредени долж важни трговски патишта – кои честопати не биле земјоделски независни како другите градови-држави. Но, овие населби претставувале подоцнежна, второстепена појава, своевиден одговор на растот на соседните системи од градови-држави.

Градовите-држави најчесто не се разликувале во културолошка смисла, туку создавале мрежа од независни политички единици со заеднички јазик, материјална култура и религија. Најдобри примери за ова се сумерските и акадските градови-кралства во јужна Месопотамија, канаанските градови-кралства во Сирија и Палестина, а подоцна и фојникиските градови-кралства на Сиропалестинското крајбрежје; во оваа смисла хеленските полиси, за кои најчесто имаме повеќе податоци, целосно ја следат практиката на староисточните градови-држави што им претходеле. Ваквите државни системи биле прилично раширени; досега се идентификувани најмалку дваесетина големи сумерски градови-држави, и уште петнаесетина кај Канаанците и Фојникијците. Во деловите од Плодната полумесечина на кои имало доволно врнежи, градовите-држави обично биле поразредени, а во Месопотамија биле концентрирани во погусти групи.

Староисточниот град-држава бил сложен државен облик. Тој бил средиште на една поголема група од помали населби, што ги означуваме како „села". Во античко време, градот не секогаш јасно се разликувал од селото; една од позначајните одлики била големината на населбата – но, понекогаш немаме доволно податоци, за да ја определиме точната големина на одредена населба. Да биде неволјата поголема, дури и изворите од тоа време не ги разликуваат населбите врз основа на големината: и во сумерскиот, и во акадскиот јазик, зборот за „град" може да се користи и за сосем мала населба, и за моќно градско средиште. Затоа мора да поставиме неколку дополнителни критериуми за она што го дефинира староисточниот град, а оттаму и јадрото на староисточниот град-држава: постоење на градски бедем, монументална јавна архитектура, хиерархија на населбите, специјализиран, професионален слој занаетчии, како и сложено, интегрирано земјоделско стопанство управувано од т.н. административна елита.

Наскоро ќе видиме дека корените на овие староисточни градови-држави лежат во време многу постаро од пронаоѓањето на писмото; сепак, нашето внимание најмногу ќе се задржи врз историските периоди за кои имаме разновидни изворни податоци – и пишани, но и материјални извори.

## Развојот на староисточните градови-држави

Плодната рамнина меѓу реките Тигар и Еуфрат уште од најстаро време важела за лулка на цивилизацијата. Сепак, првите постојани населби биле основани во соседните области, каде што имало услови да се

развие т.н. „суво“ земјоделство, без потреба од вештачко наводнување. Во IX илјадалетие ст.е., населбата во Ерихон веќе била заштитена со бедем; токму ваквите бедеми се сведоштво дека во населбата имало економија што не се темелела исклучиво врз размена на производи и принудна работа. Според сè, жителите на населбата произведувале вишок, кој дозволувал дел од работната рака да се распредели за градење бедем. Но, ова не можело да се направи без некаква институција која ќе утврди кој, каде и како ќе го гради бедемот.

Најстарите постојани населби во Сирија и Палестина имале доволно храна и пред да се случи Неолитската револуција, зашто биле поставени на добро одбрана местоположба, од која можеле да ги искористат изобилството и разновидноста на локалните суровини, како и бројните диви растителни и животински видови. Населбите како Ерихон всушност ја забрзале и ја олесниле Неолитската револуција, зашто му овозможиле на месното население да се запознае со растителниот и животинскиот свет во најблиската околина, што го отворило патот за припитомување на видовите. Во неолитско време станала особено важна и специјализацијата на занаетите, која поттикнала многу важни развојни процеси, на пример – пронаоѓањето на керамиката. Археолошките наоди го потврдуваат и тоа, дека мошне рано биле воспоставени важни трговски патишта, кои го поврзувале целиот стар Исток. Една од најважните трговски стоки бил опсидијанот, еден вид вулканска карпа слична на стакло, кој се користел за изработка на алати и украси; современите истражувачи можат да го одредат специфичното потекло на безмалку секое најдено парче опсидијан, па оттаму знаеме дека во неолитот главно се препродавал опсидијанот од Анатолија. Населбите како Ерихон и анатолскиот Чатал Хујук веќе се протегале на површина од 7 до 15 хектари и можеле да вдомат население од над илјада луѓе. Но, јасно е дека тие сè уште не биле градови во онаа смисла што ја определивме погоре.

До крајот на VI илјадалетие ст.е., постојаните населби се рашириле низ целиот стар Исток. Низ целата поширока околина се користеле истите обрасци за населување. Откако пошироко се усвоиле земјоделството и сточарството, се јавиле и првите поголеми и посложени населби. Ова особено се забележува во Месопотамија во времето на културата Ал-Убаид, чии главни обележја се усложнувањето на општеството и подобрените технолошки способности. Во исто време, повеќето од овие населби, како и населбите во соседните области, не биле поголеми од 10 до 15 хектари.

Месопотамија, во која веќе почнале да се појавуваат и големи градови, се одликувала со повеќе различни еколошки зони. Почнувајќи

од околината на денешен Багдад, па сè до мочурливата делта на реките Тигар и Еуфрат, Месопотамија е широка, рамна алувијална низија. Во оваа зона, која Сумерците и Бабилонците подоцна ќе ја испресечат со неброени канали, нема особени врнежи од дожд, па приносите целосно зависат од наводнувањето, а реките брзо и неочекувано ги менуваат своите непостојани корита. Во јужна Месопотамија имало три еколошки зони, кои на многу места се преклопувале и се надополнувале: наводнувано земјиште, кое давало огромни земјоделски приноси; пустинска степа, која се користела за испаша на големи стада овци и кози; и мочуриште, кое давало трска, риба и водни птици. Поради топографските особености на областа, односот и местоположбата на еколошките зони не биле постојани и зацртани, туку во куси просторни и временски растојанија се случувале големи промени. Археологот Елизабет Стоун ја опишува околината на градот Нипур:

> „Овие три различни еколошки ниши не треба да се сметаат за различни зони, зашто постојано се испреплетуваат. Земјата е толку рамна, што речиси нема географски фактори што ќе ја одредат нивната точна местоположба. Околу 1890, кога таму за првпат ископувал Универзитетот на Пенсилванија, локалитетот Нипур се наоѓал среде мочуриште; околу 1970 веќе беше обиколен од пустина, а денес се наоѓа во границите на обработената земјоделска зона. Ваквиот развој на настаните е типичен за поголемиот дел од Ирак.“

Токму испреплетувањето на овие еколошки зони поттикнало вистинско богатство од нови земјоделски изуми, а разновидноста на суровините ја ублажувала непредвидливоста на временските услови. Но, настрана од оваа еколошка разновидност, јужна Месопотамија немала значителни наоѓалишта на метали, ниту пак цврсто дрво за градба. Од друга страна, северна Месопотамија и областите долж горното течение на Тигар – во кои подоцна ќе се развие асирското кралство – се протегаат во зона на т.н. „суво земјоделство“, со значително повеќе суровини, но помала еколошка разновидност. Во текот на VI и V илјадалетие ст.е., двата дела на Месопотамија се развивале напоредно; двата станале седишта на поголеми постојани заедници, од кои подоцна ќе се развијат силни градови-држави, особено околу Нипур и Урук на југ и околу Нинива на север.

Крајот на периодот Ал-Убаид го означил и крајот на овој напореден развој, зашто големината и густината на населбите во јужна Месопотамија повеќекратно се зголемила. Размерот на Урбаната револуција во јужна Месопотамија ги засенил сите претходни матрици на населување

на стариот Исток. Големината на поединечните населби пораснала со речиси геометриска прогресија; значително се зголемил и бројот на градовите што се наоѓале во непосредна близина, така што во густо населената јужна Месопотамија бедемите на еден голем град можеле да се видат и од соседниот; најпосле, значително пораснал и процентот на населението што живел во градска средина.

Поради сево ова, Месопотамија во времето на културата Урук е наречена и „срцевина на градскиот живот". Веќе стана збор за неколку природни фактори што го поттикнале растот на градовите во јужна Месопотамија; во времето на Урук, овие природни фактори биле придружени и од голем број технолошки новини, што го овозможило понатамошниот развој на градските заедници. Подобрувањата во наводнувањето, употребата на влечни животни за влечење на плуговите-сеалки и на подобри орудија за жнеење и преработка на житото, овозможиле големо и брзо зголемување на продуктивноста во јужна Месопотамија. Животната средина и натаму непосредно ги обликувала новите пронајдоци во земјоделството. Вообичаена земјишна единица на крајниот југ на Месопотамија било долгото, тесно поле; ваквите полиња, кои се протегале долж каналите за наводнување, биле особено погодни за земјоделство со наводнување и за користење на плугот-сеалка.

За да се одржи системот од вакви полиња било потребно блиско, непосредно и интензивно управување. За среќа, содејството на поволната природна средина и технолошките изуми овозможило големи вишоци, кои не само што дозволиле поголема специјализација на занаетите, туку предизвикале и зголемена потреба од администрација. Не многу подоцна се појавиле и првите професионални службеници во градот – еден вид управители кои се грижеле за новите и сè посложени градски институции. Во оваа категорија влегувале свештениците, цивилните надзорници, воените заповедници и судиите, но и геодетите, сметководителите и писарите.

Освен што им обезбедувале дом и пазар на земјоделците и занаетчиите, новите градови претставувале култни средишта за богослужба и идеолошка самоопределба; тие биле и собиралишта на високиот граѓански слој, кој управувал со јавниот живот, но зависел од увозни стоки за да го прикаже своето величие. Овие особености на градскиот живот се гледаат и во материјалните, и во пишаните извори.

Подемот на староисточните градови-држави во текот на IV илјадалетие ст.е. добил навистина извонредни размери. Еден од најголемите поттици за нивниот развој била нивната близина, која создала и значително соперништво. Кон крајот на културата Урук, во средна Бабилонија

веќе имало градови како Нипур, кој имал површина од 50 хектари, а самиот Урук пораснал на повеќе од 100 хектари. Вклучувајќи ги и околните населби, во градските средишта на јужна Месопотамија сега живееле навистина многу луѓе. Уште поважно било тоа што идеите на градот и градскиот живот се расеале многу подалеку од матичната територија; овој процес, кој во стручните дела се нарекува „експанзијата на Урук", овозможил ширење на градската култура на живеење насекаде од Сусијана во ден. Иран, преку планините Загрос, па сè до Сирија и Анатолија на запад. Некои од овие населби веројатно биле еден вид колонии, а нивното постоење се должело на присуството на Месопотамјани, кои трагале по стоки за тргување.

Многу градови надвор од границите на јужна Месопотамија – на пример, Тел Брак во Сирија – постоеле и претходно, но сега добиле одлики на поголеми градски средишта: монументална архитектура, зачестена и јавна употреба на уметноста и скулптурата, сложена поделба на трудот, администрација која врши прераспределба на вишоците, а до крајот на овој период – и писмо. Една друга особеност на експанзијата на Урук – појавата на т.н. *садови со извлечен раб* – сведочи дека се јавило и масовно производство. Станува збор за евтини, плитки, масовно произведувани керамички садови, кои најверојатно се користеле за делење на дневни оброци на работниците. Тоа што имале стандардизирана големина и облик ни дава право да мислиме дека постоела и централизирана администрација што ги користела, а нивната широка појава низ целиот стар Исток упатува на претпоставка дека, напоредно со ширењето на идеите, се ширеле и навики и практики.

Градовите во IV илјадалетие ст.е. биле управувани од своевидни „влади", кои се грижеле за јавните работи, за производството на предмети како садовите со извлечен раб, како и за поделбата на следувања за работниците. До крајот на доцниот период на Урук, во градот Урук се јавило и писмото, првично за да се зачуваат економските податоци. Еден од главните услови за целесообразно користење на системот за пишување била неговата стандардизација: ова било навистина потребно, зашто само на тој начин писарот од еден дел од градот, веднаш или по годинадве, можел да ги „отклучи" податоците што ги запишал писар од друг дел од градот. Ваквата стандардизација во античкиот свет главно се одвивала под раководство на високи институции; следствено на ова, самото присуство на писмото – но и содржината на најраните пишани документи – сведочат дека во градовите-држави се случил подем на централизираната власт.

На почетокот на III илјадалетие ст.е., писмото почнало да се јавува и во соседните области, на пример во Сирија и во Иран. Прифаќањето на писмото наметнало потреба од обука на писарите, кои ќе станат основа на писмениот слој на првите администратори. Меѓу најстарите клинописни текстови наоѓаме и списоци на знаци – составени за да помогнат во образованието на писарите – како и други технички и помошни текстови. Веројатно најважен од сите овие рани текстови е еден список во кој се наброени сите занимања во градот. Тие се подредени во хиерархиски редослед, со што нѐ известуваат и за поделбата на трудот, и за поделбата на власта во градот. Современите истражувачи сѐ уште не можат целосно да ја објаснат највисоката положба во најстарата верзија на списокот, но самите Месопотамјани подоцна ја поистоветиле оваа положба со поимот за кралска власт. Другите звања и занимања опфаќаат различни аспекти на управувањето со градот, вклучувајќи ги и земјоделството, и делењето правда, а нешто подолу на списокот наоѓаме и градинари, готвачи, грнчари и други секојдневни занимања. Овој список фрла светлина врз општествениот поредок и местото на сите жители на градот.

Она што го нема во најстарите записи обично се дополнува со помош на материјалните извори. Еден од најпознатите археолошки наоди од Месопотамија е т.н. Ваза од Урук, која потекнува од истото време како и раните текстови што ги спомнавме. Вазата го прикажува местото на поединците во однос на околината, како и нивните заемни односи. Во најниските три појаси од фигури, природниот свет е прикажан во облик на земјоделско изобилие – најпрвин водата, потоа стебленца од жито, а најпосле и чифтови овци. Во средишниот појас е претставена долга низа на голи машки ликови, кои чекорат носејќи тегли и чинии; тоа се зависните работници. Во најгорниот појас се претставени убаво облечени градски службеници, кои ги преземаат земјоделските приноси од заедницата и ѝ ги даваат на божицата Инана, застаната пред нејзините симболи. Еден од ликовите е највпечатлив, зашто е прикажан меѓу државните службеници речиси како џин; претпоставуваме дека станува збор за водачот на заедницата, спомнат најгоре на списокот на звања и занимања.

Во мугрите на историското време, градовите во јужна Месопотамија веќе биле огромни. Благодарение на археолошките ископувања, повторно најдобро го познаваме градот Урук. До почетокот на ранодинастичкиот период (~2800 ст.е.), бедемите на Урук штителе населба што се протегала на повеќе од пет квадратни километри – двојно поголема од класична Атина. Физичката големина на градовите секако е приближна мера на нивната важност, но еднакво е впечатлив и степенот на урбанизација: се проценува дека, до крајот на периодот Урук, меѓу 50 и 80 проценти од населението на јужна Месопотамија живеело во градови.

Градовите-држави можеле драстично да се разликуваат по големина. Во III илјадалетие ст.е., Абу Салабих бил град расположен на околу 20 хектари површина, а Урук достигал речиси 500 хектари; веројатно најчести биле градовите со средна големина – од 60 до 75 хектари – какви што биле Ур во јужна, и Шубат-Енлил во северна Месопотамија. Во подоцнежната историја на Месопотамија се случувало престолнините да пораснат и многупати повеќе, зашто за нив работеле сите административни и транспортни системи на Асирската и на Бабилонската империја. Спротивно, многу климатски и транспортни фактори го попречувале територијалното ширење на градовите-држави во зоните на суво земјоделство, најмногу во северна Месопотамија и во соседна Сирија, па тамошните градови најчесто биле ограничени на радиус од петнаесетина километри.

Добар пример за големината на овие рани држави е Ума, важен град-држава со долга и добро посведочена историја. Во мигот кога била вклучена во кралството на III Урска династија, вкупната територија на Ума, заедно со помалите градови и селата, изнесувала околу 2000 квадратни километри. Ума била еден од позначајните и, веројатно, поголемите сумерски градови-држави, иако била помала од соседниот Лагаш. Нејзината територија била испресечена со канали, но само мал дел бил постојано обработуван; според ова, иако градовите во јужна Месопотамија биле густо збиени еден до друг, сепак располагале со доволно обработлива земја за да се издржуваат. Ограничувањата во нивната големина поскоро се должеле на недостигот од вода или работна рака, одошто на недостигот од земјишни парцели.

Во нашите извори е посведочена уште една впечатлива појава: почнувајќи од средината на III илјадалетие ст.е., градовите во јужна Месопотамија почнале да водат големи, долги и исцрпувачки меѓусебни војни. За ова ни зборува и еден зачуван запис од Лагаш:

> „Енлил, кралот на сите земји, таткото на сите богови, со заповед ја разграничи земјата меѓу Нингирсу и Шара. По заповед на Иштаран, Месилим од Киш го премери местото и постави гранично обележје. Уш, владетелот на Ума, дрско го скрши споменикот и поведе војска во рамнината на Лагаш. Нингирсу, божјиот воин, под правично водство на Енлил, вкрсти оружје со Ума.

Во овој запис е посведочена првата епизода од т.н. Погранична војна меѓу Ума и Лагаш, која траела околу 150 години (~2500-~2350 ст.е.), а се прераскажува во неброени пишани извори од Лагаш. Двата града се обидувале да воспостават контрола врз едно мошне плодно парче земја долж границата, а нивната војна е претставена како пресметка меѓу боговите-заштитници на соодветните градови, Нингирсу на Лагаш и Шара

на Ума. Киш, пак, бил соседен град-држава на север, којшто во таа прилика имал доволно голем авторитет, за неговиот крал да ја добие улогата на судија и да ја означи границата меѓу завојуваните страни. И тој го направил тоа по заповед на неговиот бог, Иштаран, а над сите случувања бдеел Енлил, главата на сумерскиот пантеон, кој домувал во градот Нипур. Записот убаво ја доловува небесната хиерархија, за која Месопотамјаните верувале дека ги управува нивните судбини. Самиот град бил дом на некој бог, и тој бог управувал со постапките на кралот.

Времето на градови-држави во Месопотамија доживеало неславен крај кон крајот на II илјадалетие ст.е., по еден долг период на судири меѓу различни династии, кои се обидувале да ја наметнат својата власт низ цела јужна Месопотамија. Состојбата била слична и во северна Месопотамија, каде кралствата долж Тигар и во северна Сирија успеале да наметнат контрола над постарите градови-држави, како Мари на големиот свиок на Еуфрат. Подалеку на запад, во крајбрежна Сирија, Либан и Израел, градовите-држави како Угарит и Библос продолжиле непречено да се развиваат. Сепак, подемот на новите територијални кралства не значел и целосно замирање на концептот за град-држава. Во едно писмо од архивата на градот Мари, датирано во XVIII век ст.е., се вели:

> „Ниту еден крал не е навистина моќен сам од себе! Десет до петнаесет кралеви ги следат Хамураби од Бабилон, Рим-Син од Ларса, Ибал-пи-Ел од Ешнуна и Амут-пи-Ел од Катна. Дваесет кралеви го следат Јарим-Лим од Јамхад.“

Борбата за превласт меѓу посилните кралеви, посведочена во ова писмо, се водела на посреден начин – преку воспоставање контрола над помали, вазални кралеви, од кои секој ја држел власта во сопствениот град-држава. Опстојувањето на овие градови-држави, како и на помалите кралства во Сирија и Палестина, поттикнало некои развојни процеси во следната, т.н. „меѓународна“ ера. Во времето на доцната бронза (~1600–~1200 ст.е.), големите територијални кралства на стариот Исток се обидувале да воспостават контрола над надворешните територии преку вазални држави, кои по обем и уредување биле токму градови-држави.

Добар пример за ова се градовите-држави во Сирија и Палестина. Тие се појавиле во области со суво земјоделство, во кои градовите биле распрснати на поголеми растојанија. Високите планински предели и тесните речни долини не им дозволувале на месните владетели да создадат ефикасни држави со поголема територија. И повеќе од тоа, иднината покажала дека крајбрежните градови на Сирија и Палестина мошне тешко се вклучувале дури и во најголемите и најсилни кралства; дури и во I илјадалетие ст.е., во златното време на староисточниот империјализам, овие

градови успеале да задржат одреден степен на независност, иако биле исправени пред речиси неограничената воена и политичка сила на асирското кралство. Сосем е веројатно дека овие градови-држави имале поинаква стопанска основа, па оттаму и поинаква општествена и економска улога од нивните стари претходници во Месопотамија. Нивните вишоци на вредност не произлегувале од земјоделството, туку од трговијата и меѓудржавната размена. Можеби затоа успеале да се изборат за макар ограничена независност меѓу држави многу поголеми и посилни од нив, со што повторно го потврдиле значењето на градот-кралство како независна, енергична и продуктивна општествена средина.

## ИДЕОЛОГИЈАТА НА ГРАДСКИОТ ЖИВОТ

> „Дојди, ќе те водам до плоштадот на Урук, / до светиот храм, до домот на Ану! / Енкиду, воскресни, дај да те носам / во храмот Еана, во домот на Ану, / мажите кај што се в занает вешти! / И ти, како маж, ќе си пронајдеш место!“

Ова се зборовите со кои, на втората табличка од Епот за Гилгамеш, блудницата Шамхат го повикува Енкиду да ја следи во градот Урук, каде ќе го направи придружник на кралот. Откако ќе стасаат таму, објаснува Шамхат, Енкиду ќе стане дел од заедница, со што всушност ќе ја исполни својата судбина како човек.

Епот за Гилгамеш го добил својот основен облик кон почетокот на II илјадалетие ст.е., кога времето на градовите-држави полека истекувало; но, неговите корени лежат во најстарите сумерски приказни за легендарниот јунак Гилгамеш, кои досегаат до III илјадалетие ст.е. – а тоа е највисоката жаришна точка на развојот на сумерските градови. Епот ги воспева печењето леб и изработката на пиво – две специфични одлики на градскиот живот во земјоделската Месопотамија. Заедно со маслото и ткаенините, лебот и пивото биле главните следувања што ги обезбедувала градската управа при прераспределбата на вишоците. Процесот на своевидно цивилизирање на Енкиду бил и технолошки, и просторен: тој ги запознал обичаите на градското општество – јадењето, облекувањето и чешлањето, зашто бил донесен поблизу до самиот град. На едно место, епскиот поет искажува сомневање во вредностите на градскиот живот. Додека лежи на смртна постела, Енкиду жали што го оставил безгрижниот живот во степата и ја проколнува Шамхат зашто го запознала со цивилизацијата. Но Шамаш, богот на сонцето, правдата и пресудата, го опоменува: „Зошто, Енкиду, ја колнеш ти блудната Шамат / која ти даваше леб

за боговите вреден, / која ти точеше пиво за кралеви вредно/ која те облече сиот во облека красна / и ти го даде за пријател Гилгамеш личен?“

Според сево ова, нашата денешна претпоставка – дека цивилизацијата започнала со создавањето на градот – очигледно им била сосем блиска и на старите Месопотамјани. За нив, градот бил место на кое се одвивала безмалку секоја позначајна активност. Симболичната моќ на градовите се состоела во тоа што обезбедувале не само издршка, туку и поддршка и заштита. Оваа заштита била и човечка, и божја: како седиште на световната и на божеската власт, градот им гарантирал на своите жители дека ќе ги заштити од непријателската околина. Градовите, во физичка смисла, биле највпечатливите облици во рамнинскиот пејсаж на јужна Месопотамија. Јасно видливи од далеку, градските бедеми и уште повисоките храмови биле и обележја, и завештанија на човечките постигања. Токму поради ваквиот светоглед, најголемо постигање на Гилгамеш и залог за неговата бесмртност биле неговите градежни потфати.

Жаришна точка на староисточниот град-држава биле неговите култни центри, кои мошне ретко ја менувале својата местоположба. Во градот Ериду се ископани шеснаесет последователни храмови, сите изградени на исто место, еден врз друг, во периодот од крајот на VI до крајот на III илјадалетие ст.е., кога градот бил напуштен зашто се сменил текот на Еуфрат. Во текот на овој период, храмот пораснал од една едноставна просторија, до огромен зигурат, кој се извишувал над градот и околната рамнина.

Целата староисточна книжевност е проткаена со идејата дека градовите се дело на самите богови. За да го зацврсти првенството на Бабилон во II илјадалетие ст.е., бабилонскиот еп за создавањето вели дека боговите го изградиле градот како дом за Мардук, нивниот новокрунисан крал. Храмот, кој се сметал за вистинско престојувалиште на богот, му давал на градот видливо божеско присуство. Ова е заедничка одлика на културите на градовите-држави низ целиот стар Исток. Од целата староисточна книжевност, само хебрејската Библија искажува нерасположение кон градот како простор и појава; но, ова веројатно се должи на непријателството и заканата од урбанизираните империи, како асирското и бабилонското кралство. Инаку, големиот храм во Ерусалим бил надалеку прочуен симбол и вистинска градска институција; без оглед на тоа што во Библијата романтично се воспева и се слави едноставниот и чесен селски живот, израелските заедници имаат силно изразена градска основа и суштински се надоврзуваат врз нивните претходници во Канаан, особено врз традициите на Библос, Тир и Угарит.

## КРАЛСТВОТО И ДРУГИТЕ ИНСТИТУЦИИ НА ВЛАСТА

Освен монументалните јавни градби, највпечатлив симбол на староисточниот град-држава бил неговиот крал. Погоре спомнавме дека развојот на оваа овластена положба не е сосем јасен, зашто нејзиното потекло лежи во праисторијата; во историско време, кралот бил предводник на заедницата по волја на боговите. Во сумерската легенда за Гилгамеш и Ака се вели: „Бдееш над Урук, божјото дело, големиот бедем! Ти си неговиот воин и крал, грамада и кнез, и првенец љубен на Ану!“ Поврзувањето на кралот со божјата санкција навестува дека потеклото на световната, државна власт се поврзувало со сè поголемата моќ на култните центри. Моќта за принуда што ја имал владетелот произлегувала од неговата поврзаност со боговите. За оваа блиска, а подоцна веќе и неразделна врска сведочат и свечените свадбени обреди кои сè уште не се доволно расветлени, а во кои раните месопотамски кралеви вршеле полови ритуали со првосвештенички. Сепак, ова не значи дека треба да им се вратиме на старите, веќе надминати идеи за градот-храм и кралот-свештеник. Приказите на вазата од Урук може да се толкуваат во насока на идејата за еден ран предводник на заедницата, кој во исто време е и свештеник – но, без побројни и појасни сведоштва, оваа претпоставка останува само спекулација.

Во текот на III илјадалетие ст.е. се смениле поимите со кои Сумерците го означувале предводништвото на градот. Најстарите водачи на заедниците се нарекувале *en*, „господар“, титула што потоа ја користело само свештенството. До средината на III илјадалетие, градските владетели веќе се означувале со поимите *lugal* и *ensi*. Првиот поим, кој на сумерски јазик значи „голем човек“, денес обично се преведува како „крал“; вториот поим, кој опстојал до времето на територијалните империи како поим за владетел на град кој му е подреден на кралскиот авторитет, обично се преведува како „управител“. Мошне е интересно тоа што палатата, како физичко седиште на кралската власт, се јавува сразмерно доцна во материјалните извори. Палатата како посебна градежна компонента на градот се појавила во ранодинастичкиот период, а археолозите можат да ја следат од средината на III илјадалетие ст.е. Палатите најчесто се наоѓале на работ на градските средишта, што укажува дека концептот на палата се развил прилично доцна и не бил земен предвид во првичното планирање на градот. Ова не значи дека претходно немало световна власт – туку само дека немало палати како олицетворение на економската моќ на кралската елита.

Во литературните извори, улогата на староисточниот крал најчесто се споредувала со улогата на пастир: кралот ги штител своите поданици едни од други, и сите заедно од надворешниот свет, исто како што пастирот го штител своето стадо. Кралот бдеел над потребите на населбата, како градските бедеми и храмовните платформи, но и над потребите на заедницата од граѓани. Граѓаните можеле да го исполнат својот потенцијал исклучиво во градот, а градот можел да се одржува исклучиво со правилните постапки на кралот. Кралот имал овластувања и над физичката, и над општествената околина: тој можел да донесе вода во полињата, да ја огради обработливата земја, но и да прости долгови и да именува заповедници. За да му помогне на кралот во неговите многубројни потфати, постепено се развила цела низа од хиерархии, преку кои се обезбедувале службеници што ќе ја спроведуваат волјата на палатата. Ова отворило пат за создавање на вистинска градска елита, која можела да ја одржи својата положба само со помош на кралот.

Во системот на староисточните градови-држави може да се различат три групи население, при што местото на секоја група може точно да се одреди само врз основа на нејзиниот однос со кралското домаќинство. Непосредно под кралот се наоѓале високите службеници, кои се грижеле за работата на градските и државните институции: свештениците, надзорниците на складовите за жито, водачите на разни земјоделски и занаетчиски активности, и уште многу други. Овие службеници ја надгледувале работата на зависните работници, кои пак се наоѓале на дното на овој систем. На средина се наоѓала големата група градски занаетчии и професионалци, меѓу кои имало трговци, ковачи, гласници, побогати земјоделци и други. Заедно со државните службеници, оваа група го сочинувала оној дел од општеството, што денес би го нарекле „граѓанство“. Станувало збор за слободни поединци кои ѝ биле подредени на кралската власт, но им било дозволено да работат без непосредна контрола од палатата. Тука не влегувал големиот слој од полуслободни, зависни работници, што палатата ги издржувала преку делење надници во храна. Секако, во овие заедници имало и робови по род, но нивниот општествен и стопански придонес бил мошне мал, а освен тоа, тие немале и никаква политичка улога.

Во градот-држава имало и други особени институции на власта со значително помал авторитет од палатата. Во секојдневниот политички живот на градовите учествувале и нивните собранија, кои се посведочени и во книжевниот, и во административниот корпус на пишани извори. Сумерскиот и акадскиот јазик немале збор за „граѓанин“ во политичка смисла на зборот, но очигледно постоело сознание за концептот на домување во еден град и учество во тамошната заедница, што е блиско до

нашиот денешен поим за „државјанство“. Овој поим се засновал врз учеството во градските органи, какви што биле собранијата. Собранијата се јавуваат во митските текстови, во кои се опишува заедницата на боговите, но и во најстарите книжевни текстови со световни мотиви – на пример, во приказната за Гилгамеш и Ага. Во оваа приказна Ага, кралот на Киш, бара од Гилгамеш да ја признае неговата врховна власт и да му се покори на неговиот авторитет. Гилгамеш го изнесува ова барање пред две собранија – на старешините на градот, и на градските (работо)способни мажи. Во епот за Гилгамеш има една слична сцена, во која истиве две тела расправаат за мисијата на Гилгамеш и Енкиду да го убијат Хубаба. Во двата случаи мислењата биле поделени, а помладото тело изгласало да се дејствува; но, во ниту еден случај кралот немал обврска да ги почитува одлуките на овие *советодавни* тела. Врз основа на овие спомнувања, Јакобсен обликува една теорија за првичната демократија во Месопотамија, според која собранијата во најстаро време имале големо политичко влијание во месопотамските населби, но дека со подемот на кралската власт во историско време ги загубиле сите овластувања.

Од подоцнежните административни и правни текстови знаеме дека собранијата опстојале и во подоцнежните векови од староисточната историја. Тие решавале за разни локални прашања, а спроведувале и судења во име на кралот за одредени кривични дела. Спротивно на погледите на Јакобсен за собранијата како последна трага од некој претходен, поедногласен облик на власт, наодите навестуваат дека улогата на собранијата и правата на градските жители, всушност, постојано се зголемувале. На прв поглед, ова не се согласува со нашето поимање на политичките состојби на наводно автократскиот и деспотски стар Исток; но, станува збор за логична последица на подемот и подоцнежното опаѓање на градовите-држави. Во време кога секое од градските средишта на стариот Исток си имало и своја кралска власт, овластувањата и правниот дофат на собранијата не биле ниту широки, ниту пак особено потребни; подоцна, во времето на големите територијални империи, кралот бил далечна политичка фигура, па морал непосредно да се потпира врз активностите на овие локални тела.

Како и да е, сите наши поимања за политичката управа на староисточниот град-држава остануваат сосредоточени врз кралот и неговите великодостојници. Кралот бил задолжен за градење и одржување на населбата и нејзината околина, за заштита на градот и на неговите жители, како и за делењето правда. За да го постигне ова, кралот морал да стои во средиштето на економијата за прераспределба на вишоците на вредност, во која имал широка контрола врз средствата за производство. А за да го

надгледува целиот систем, на кралот му требала голема група службеници, кои му ја должеле својата положба исклучиво нему.

## УПРАВУВАЊЕТО СО ГРАДСКАТА ЕКОНОМИЈА

Развојот на градот-држава зависел од способноста на претежно земјоделските заедници да создадат вишок, а потоа и од способноста на највисокиот слој да најде нови начини на прераспределба на вишокот за заеднички, општествени цели. Начинот на кој биле устроени овие две нешта во најголема мера ја условил и општествената организација на градот-држава. Основна клетка на овие заедници било *домаќинството*: економските модели на староисточните градови-кралства се темелат врз меѓусебните односи на големите и на малите домаќинства. Општествената мрежа, која произлегла од овие односи, била производ на договорите, преговорите и отстапките меѓу домаќинствата во заедницата. Овие преговори честопати биле долги и тешки, понекогаш дури и принудни, но и тие се темелеле врз заедничката идеологија на градски живот, која дефинитивно се утврдила во Месопотамија во IV и III илјадалетие ст.е.

Домаќинството (на сумерски, *é*) било основната општествена и економска единка во текот на целата рана староисточна историја. Значењето на домаќинството се гледа во означувањето на храмот како „домаќинство на богот“ и на палатата како „големо“ или „високо домаќинство“ (на сумерски *é-gal*). Постоењето на некакви „божествени собранија“ веќе ни покажа дека Сумерците ја обликувале сликата за небесниот свет според нивниот сопствен свет на земјата; ова повторно излегува на виделина со поимањето дека боговите живеат во сопствени куќи и домаќинства и дека треба да се издржуваат. Исто како што храмовите се сметале за домаќинства, така и целиот град-кралство се сметал за домаќинство на неговото божество-заштитник. Овој поим за домаќинството непосредно ја хранел општествената и политичката организација на градовите-држави: световните овластувања на кралот го подразбирале и неговото управување со градот во име на богот-заштитник.

Местото на поединецот во општеството произлегувало од неговата поврзаност со одредено домаќинство. Најважна за поединците била припадноста кон сопственото, семејно домаќинство; главите на тие домаќинства имале дополнителни овластувања и одговорности, како членство во локалното собрание. Напоредно со оваа припадност, разните службеници, особено свештениците и воените заповедници, припаѓале и на некое големо институционално домаќинство, на пример домаќинството на храмот, или на палатата – значи, имале повеќе од една припадност.

Кон крајот на културата Урук започнал развојот на една, единствена, врвна и централна власт во месопотамските градови. Поединечните домаќинства не го загубиле правото да дејствуваат на општествено-економската сцена во нивните заедници – па сепак, тоа што централната власт имала непосредна контрола врз огромен дел од ресурсите и општествените односи во градот и околината е препознатлив белег на основањето држава и создавањето на одделна палатна елита. Извлекувањето суровини од околните села и земјоноседи ѝ овозможило на палатата непосредно да управува со производствените можности на градот, што отворило пат за присвојување на општото богатство и за негова прераспределба. Но, повторно, не сите домаќинства биле под непосредна власт на палатата: низ целата староисточна историја, градските професионални службеници и самостојните занаетчии ги задржале економската слобода и слободниот пристап до средствата за производство. Овој систем бил многу послободен и понеправилен одошто може да се претстави со каква било табела или схема. Некои занаетчии, како грнчарите, можеле напоредно да бидат и зависни работници, па да минуваат дел од времето работејќи за високите, институционални домаќинства, а дел од времето да работат за сопственото. Во голем дел од институционалните, но и од приватните домаќинства имало робови по род; во рамките на поголемите институции, особено на храмовите, биле устроени цели работилници со робови, кои произведувале култни предмети, украси и ткаенини. Биле осмислени и начини на кои самостојните помали домаќинства, преку односите со институционалните домаќинства, добивале пристап до зависни работници и робови.

Секое домаќинство, и воопшто секој дел од стопанството имал обврски кон централната власт. Овие обврски можеле да имаат многубројни, различни облици. Во рамките на институционалната економија, најголем дел од производите биле наменети или за користење во институциите, или пак за прераспределба. Во замена за пристап до храна и суровини, секое приватно домаќинство било должно да придонесува со неплатена или принудна работа, како и со придонес кон палатата. Поради сево ова, се наметнала потреба од поголема централна администрација, која ќе учествува во зацртувањето на идните цели и ќе ја следи целата стопанска активност. За да ги завршат своите обврски, државните служби честопати барале помош од слободните професионалци и занаетчии. На пример, бидејќи повеќето давачки се исплатувале во натура, институциите задолжувале професионални трговци за да ги разменат добиените производи за други потребни суровини или благородни метали.

Подемот на државната власт зависел и од содејството со други локални групи, како сточарите и трговците, кои често имале специјализира-

ни улоги. Овие поединци, организирани во професионални групи, задржале сразмерна независност од палатата. Членството во професионалните групи најчесто се добивало во наследство, а нивната хиерархија се темелела врз критериуми над кои државата не можела да има контрола, на пример врз роднинските врски. Дури и за време на најголемиот подем на централната власт, кој го придружувал основањето на раните територијални држави, кралското домаќинство морало да зависи од месните групи, за воопшто да може да управува со економијата. За ова сведочи и начинот на кој работат трговците кон крајот на III илјадалетие ст.е.: кралското домаќинство значително пораснало во обем и улога, но сè уште не било способно да наметне централизирана, авторитарна, рационална бирократија, па затоа драстично се зголемила и неговата зависност од традиционалните локални средства за управување со производството, кои биле во рацете на месните професионалци. Токму затоа, кралевите никогаш не успеале да спроведат авторитарна економска контрола врз градовите-кралства, иако тоа често им се припишува во стручната литература.

Основна одлика на месопотамската администрација било управувањето со земјоделската економија – поле на кое не било најважно да се најде земјиште, туку да се собере доволно работна сила. Недостапноста на работната сила се решавала и со привремени, и со трајни решенија. На привремена основа, речиси сите жители на градот-држава биле обврзани да придонесуваат со принудна неплатена работа. Во делот од годината кога немало земјоделска активност, жителите се собирале за да работат на градски проекти и да се обучат за воена служба. На потрајна основа, значителен дел од населението се состоел од зависни работници врзани за некоја институција, која ги издржувала со следувања од оброци. Повеќето зависни работници добивале храна само за овој дел од годината, а инаку се очекувало да се издржуваат со работа на сопствената земја, или пак да се стават во нечија служба. Во една вака уредена економија, робовите по род немале особена стопанска важност, а цената на нивната издршка била мошне висока; дури и вообичаеното долговно ропство претставувало проблем, зашто го намалувало бројот на достапни зависни работници. Сите овие фактори го исцртале т.н. „триделен“ или „троен општествен систем“ – слободен човек, обичен човек, роб – што подоцна го гледаме во законикот на Хамураби. На политичко рамниште, палатните службеници и градските професионалци ја сочинувале првата, а мнозинството жители на градот – втората категорија. Акадскиот збор за „обичен човек“ е глаголска придавка, која се преведува како „оној што се поклонува пред друг“ – во суштина, брзопис за поимот „зависен работник“.

Напоредно со порастот на градското население во текот на IV и III илјадалетие ст.е., и централната администрација полека се префрлила од прераспределбата на вишоци и управувањето со канали и јавни згради, врз непосредно управување и со производството. Ова ги зацртало обрасците на т.н. трибутарна економија, која била главна особеност на градовите-држави низ текот на целата староисточна историја. Слични процеси се одвивале и надвор од границите на јужна Месопотамија: ако се суди според архивските сведоштва, дури и крајбрежните трговски средишта како Угарит имале сличен пристап кон скудната обработлива земја што ја имале во внатрешноста. Ова за првпат го означило усвојувањето на концептот на палатен земјопосед и го отворило патот за поимањето на кралот како врховен земјопоседник и господар на целата земја во кралството.

## ПРАВНИОТ И ВОЕНИОТ СИСТЕМ ВО ГРАДОТ-КРАЛСТВО

Вкрстувањето на институционалното и приватното стопанство, како и заемните односи меѓу многубројните самостојни градски домаќинства, барале да се развие не само концептот на правда, туку и на правен систем за решавање на споровите. Напоредно со потребата да се заштитат граѓаните едни од други, раснела и потребата населението да се заштити од надворешни упади; однадвор можеле да нападнат не само жителите на соседните градови-соперници, туку и целосни туѓинци од „дивите“ земји вон системот на градови-кралства. На градот-кралство му требало воено устројство што ќе ги задоволи и одбранбените, и напаѓачките потреби на заедницата; ова отворило место за нови високи државни службеници, чии улоги станале уште поцврсто врзани за кралското семејство, и кои ја поддржувале и потпирале сè поголемата општествена моќ на кралската власт.

Одлика на стариот Исток – а особено на Месопотамија – е тоа што низ целата рана историја земјата била отворена за доселеници. Причина за ова биле разни географски и општествени фактори, меѓу кои и целосната отвореност на месопотамската рамнина. Од друга страна, токму оваа отвореност ја потцртала важноста од масовно утврдување на градските средишта, а веднаш потоа и потребата од војска која ќе ги опслужува бедемите и ќе ги брани градските порти. Воената служба во градовите-држави се засновала врз истите принципи на неплатена, принудна работа, што кралевите ја користеле за јавна градба. Нема никакво навестување дека во раните градови-држави на Месопотамија имало постојана, професионална војска; единствено што може да се претпостави е тоа,

дека во рамките на кралското домаќинство се родиле никулците на едно тело од воени заповедници, кои управувале со повремените давачки на жителите.

Кај воената структура се гледа можеби најголемата разлика меѓу устројството на градовите-држави и она на наследните, територијални кралства со постојана војска, во кои воената кариера станала нов начин да се дојде до висока положба во заедницата. Веќе во XXIV век ст.е., Саргон од Акад се фали дека „5400 мажи секојдневно јадат на масата на Саргон, кралот на светот, кому богот Енлил не му даде рамен“. Ова често се толкува како доказ дека во акадското кралство имало постојана војска. Во натписите на акадските кралеви често се спомнува војување против многубројни градови со сопствени војски; но, овие војски биле собрани како задолжителна обврска на работоспособните мажи, обврзани на неплатена работа, под раководство на членовите на кралското домаќинство. Саргон и неговите наследници го тврдат и тоа, дека во своите пристаништа закотвиле бродови од туѓи земји, најчесто од Персискиот Залив и неговата околина. Овие фалби се одглас на фалбите на владетелите од ранодинастичките градови-кралства. Ваквите тврдења имале очигледна пропагандна вредност, зашто покажувале дека кралот има постојан пристап до најразлични скапоцени суровини, како градежно дрво, бакар и син камен. Сепак, овие приказни за бродовите треба да се сфатат како показ за успешна и плодна трговија, а не за некакво освојување или трговска војна.

Неспорно е дека војната имала голема економска важност за градовите-држави. Во нивните судири со соседите, градовите-држави го бранеле богатото земјоделско земјиште врз кое се засновал нивниот напредок. Највпечатлив пример за ова е судирот меѓу градовите Ума и Лагаш, кој траел век и половина. Дел од поплаките на Лагаш произлегувале од неисполнетата обврска на Ума да му плаќа интерес на својот сосед, во замена за одобрение да жнее дел од пограничната земја, а во записите се вели дека Ума должела огромни суми. Јасно е дека во овие записи има и одредени претерувања; па сепак, од нив јасно се гледа дека проширувањето на земјоделската територија било критичен фактор во полнењето на државната ризница. Војувањето овозможувало добивање плен, како и заштита на трговските патишта – две препознатливи особености на државните политики во текот на целата староисточна историја.

Преку војската, владетелите на градовите-држави го исполнувале ветувањето дека ќе го заштитуваат градот од надворешни упади. Погоре видовме дека од кралот се барало да се грижи за бедемите на градот и да оддава слика на моќен воин; во исто време, кралот се обврзувал и дека ќе

ги штити слабите и немоќните, што барало ефикасен правен систем и исполнителни судови. Грижата за правниот поредок е посведочена не само во познатите староисточни правни текстови, како реформите на Урукагина, туку и со самото постоење на договори и записи за купопродажба. Делењето правда било заедничка одговорност на кралот и на граѓанските институции, како градските собранија. Способноста на кралот да ја исполни оваа одговорност била еден од основните начини да се процени успешноста на неговото владеење. Во неговите напори да ги убеди претходно независните заедници што сега се нашле под негова власт, кралот Хамураби прогласува:

> „Тогаш боговите ме повикаа по име – Хамураби, побожен првенец, кој ги почитува боговите – да направам да надвладее правда во земјата, да ги прогонам злобните и злите, да ги спречам силните да ги угнетуваат слабите, да изгреам како богот на сонцето Шамаш над целото човештво и да ја осветлам земјата."

## ПОДЕМОТ НА ТЕРИТОРИЈАЛНИТЕ КРАЛСТВА И КРАЈОТ НА СТАРОИСТОЧНИТЕ ГРАДОВИ-ДРЖАВИ

Подемот на територијалните кралства во Месопотамија, кој се случил кон крајот на III илјадалетие ст.е., го означил и крајот на времето на градовите-држави. Со оглед на важноста на разните градски средишта и цврсто поставените идеологии на градот-држава, не треба да нè изненади тоа што целиот процес траел мошне долго. Уследиле неколку последователни експерименти со територијални држави, и требало да минат векови за новата идеја да фати корен; впрочем, погоре спомнавме дека Сумерскиот кралски список не е историски запис, туку извонредно сведоштво за долгите идеолошки надбивања за правно наследство и суверенитет. Успехот на поголемите територијални држави зависел од способноста на нивните владетели да се грижат за старите градски средишта и да соработуваат со највисоките слоеви на поранешните градови-кралства. Овие највисоки слоеви, палатните елити, си избориле место во жариштето на идеолошките и стопанските мрежи на прераспределба во своите градови, особено како свештеници, управители, надзорници и воени заповедници.

Градовите-кралства биле главен облик на политичко уредување на стариот Исток од IV до почетокот на II илјадалетие ст.е. Дури и откако завршило нивното време, а настапило времето на територијалните и империјалните држави, градовите-кралства останале клучен дел од поли-

тичкото милје во граничните и крајбрежните области на стариот Исток. Личните, поединечни владенија на стариот Исток можеби биле кревки и не траеле подолго од едно поколение, но самите градови биле најтрајниот можен одраз на цивилизацијата. Урук, најстариот и најголемиот од месопотамските градови-кралства, станал едно од најголемите и најпродуктивни градски средишта во Новобабилонското и Персиското кралство – три илјади години откако се појавил на историската сцена.

## Литература:

Algaze, G. (2008). *Ancient Mesopotamia at the dawn of civilization: The evolution of an urban landscape*. Chicago: University of Chicago Press.

Антонова, Е. В. (1998). *Месопотамия на пути к первым государствам*. Москва: Восточная литература.

Дьяконов, И. М. (1990). *Люди города Ура. Материалы и исследования*. Москва: Наука.

Falkenstein, A. (1981). *The Sumerian temple city*. Malibu: Undena Publications.

Garfinkle, S. J. (2013). "Ancient Near Eastern City-States". In Bang, P. F. & Scheidel, W. (eds.), *The Oxford Handbook of the State in the Ancient Near East and Mediterranean*, pp. 94–119. Oxford: Oxford University Press.

Nissen, H. J. (1988). *The early history of the ancient Near East, 9000–2000 b.c.* Chicago: University of Chicago Press.

Pollock, S. (2001). "The Uruk period in southern Mesopotamia." In M. Rothman, (ed.), *Uruk, Mesopotamia and its neighbors: Cross-cultural interactions in the era of state formation*, pp. 181–231. Santa Fe: School for Advanced Research Press.

Van De Mieroop, M. (1997). *The ancient Mesopotamian city*. Oxford: Clarendon Press.

# 3

# СТАРОИСТОЧНИТЕ ИМПЕРИИ

Основни особености на староисточните империи. – Најстарите империи. – *Државата на Саргонидите. – III Урска династија.* – Мрежи, племиња и регионални држави. – *Државата на Зимри-Лим. – Други слични државни облици.* – Асирската империја. – *Економијата, политиката и устројството на Империјата. – Пропагандата и побожноста. – Распадот на асирскиот империјален систем.*

## ОСНОВНИ ОСОБЕНОСТИ НА СТАРОИСТОЧНИТЕ ИМПЕРИИ

Во историјата на стариот Исток имало и периоди во кои градовите-држави и поголемите етнички групи успевале да се обединат во поголеми територијални држави, или во империи. Голем дел од покрупните државни облици биле создадени со освојување, а во повеќето случаи биле врзани за дејноста на одреден поединец, кој успеал да воспостави политички или династички принцип на владеење. Меѓу овие државни облици имало многу кусовечни творби, кои испариле со смртта на нивниот основач, а само неколку од нив се покажале постабилни или трајни.

Има мошне малку примери примери за големи држави што се појавиле постепено, преку збирен процес на спојување на помали државички во поголеми; еден од ретките примери е кралството на Елам и Аншан (~1400–~1100 ст.е.). Од друга страна, одлично е посведочен спротивниот процес, во кој поголемите држави постепено се распаѓаат. Средиштето на територијалната држава обично бил еден од поранешните градови-држави, кој некако си обезбедил првенство, а понекогаш имале улога и низа надворешни чинители. Честопати се случувало месопотамските империи да бидат основани од поединци или групи што не биле домородни во заедниците со кои владееле (акадското кралство, кралството на Хамураби, државата на Каситите, кралството Митани). Во некои случаи, тие се појавиле како одговор против некој надворешен соперник, биле создадени под закана од некаква опасност (кралството Урарту), или пак со бунт против некој поранешен господар (Новобабилонското кралство).

Империите биле позната појава во првите три илјадалетија од запишаната историја на Месопотамија, но почнале да се јавуваат почесто дури кон крајот на овој период. Некои од нив, како кралството на Шамши-Адад, не успеале да го надживеат основачот, а други, како акадското и асирското кралство, со векови ѝ давале правец на политичката традиција во регионот. Некои од нив, како кралството на Митаните, претставувале големи и лабави мрежи на моќ со сосем мала пробивност во општествата со кои владееле; други, како кралството на III Урска династија, биле мали и територијално интегрирани држави, кои го негувале принципот на силна централна власт со непосредна контрола врз работниците, суровините и инфраструктурата. Во некои случаи, како во бабилонското кралство, политичката основа се темелела врз јасно изразена освојувачка идеологија; во други случаи, како кај кралството Урарту, империјата била само краен исход од освојувањата, но не и нивна официјална идеолошка подлога.

*Територијалното проширување* можело да се постигне со освојување, или преку дипломатија; имало и империи што привлекувале и задржувале клиенти само со својата воено-политичка и структурна сила. Постојаните воени одреди главно се плаќале со распределба на земјиште, дадено во трајна сопственост или на плодоуживање, а територијалните војски се собирале преку системот на задолжителна неплатена работа.

Со текот на времето, *оданочувањето* станувало сѐ поважен извор на државен приход. Претходно видовме дека раните градови-држави не се издржувале со даноци на имот или на производи, туку имале законски пропишани дарувања на државата, од кои се издржувале централните институции. Даночната политика на империите, пак, се темелела врз системот на принудна работа, врзан за постојните системи на земјопосед, чиј приход државата не го оданочувала. И трудот не бил оданочуван непосредно, туку давачките се собирале на локална основа, како придонес од месните власти.

Империите се стремеле да воспостават контрола над *системите за производство*, со цел да поттикнат одредени стопански дејности за сопствена потрошувачка и за извоз. Земјата во Месопотамија била совршена за издршка на големо население со земјоделство и сточарство: сѐ додека политичката состојба била стабилна, а климата непроменета, почвата ги давала најголемите приноси забележани во предмодерно време. Но, во плодните речни долини недостасувале повеќе клучни стратешки суровини, особено камен, цврсто градежно дрво и метали. Цела низа од меѓусебно испреплетени кругови за трговска размена ги поврзувала добро населените градови на Месопотамија со областите каде што

имало такви суровини: така се увезувале калај од Иран и централна Азија, бакар од Оман и Кипар, полускапоцени камења од Авганистан, зачини од источна Азија, злато од Египет и мириси од јужна Арабија. Меѓународна валута за размена било среброто. Главен извозен производ на Месопотамија биле префинетите ткаенини со висок квалитет. Напоредно со ова, областа добивала значителни приходи и од контролата на главните копнени трговски патишта, што ја поврзувале Азија со Европа.

Единствениот систем на надворешна размена што е подобро посведочен со изворни податоци е староасирската трговска мрежа од почетокот на II илјадалетие ст.е. е. Оваа мрежа била воспоставена во времето кога Ашур сè уште бил скромен град-кралство на периферијата на големата „јужна“ зона на производство и потрошувачка. Мрежата се темелела врз принципите на политички протекционизам и договорен географски монопол, што значи дека асирските трговци можеле да тргуваат во Анатолија, но не и во Сирија и Палестина, кои веројатно биле под монопол на други, сопернички трговски мрежи.

Слична трговска мрежа била воспоставена во I илјадалетие ст.е., кога фојникиските и хеленските крајбрежни градови-држави практично си го поделиле трговскиот монопол во Средоземјето. Фојникиските градови-држави едноподруго потпаѓале под асирска, бабилонска и персиска власт, но биле вклучени во системите на овие империи само на посреден начин. Иако биле важен извор на приходи и суровини, трговските заедници успеале да го задржат старото политичко уредување, зашто така поефикасно ја исполнувале својата улога во империјалниот стопански систем. Приходот од трговијата подлежел на државно оданочување, и тоа на различни начини. Освен тоа, империјата имала првенство во откупувањето на одредени стоки по поволни цени, можела да бара од приватните трговци да тргуваат во име на државни институции, но и да наметне царински или патни давачки на увезената стока. Посредната, полабава контрола врз трговските заедници не се должела на случајност, туку на потребата да се префрли економскиот ризик врз друга единка, како и на фактот што приватната иницијатива била побрз и поефикасен начин за склучување на меѓудржавни и над-државни трговски зделки.

*Непосредните економски активности* најчесто биле врзани за производството. Тие подразбирале *основање плански населби* за одредена цел (станици за влечна стока, воени градби, заедници за снабдување со градежно дрво, трговски пристаништа), *воспоставање комуникациска инфраструктура* (патишта, поштенски системи) и *специјализација на земјоделството* (лозарство, одгледување маслинки, одгледување урми и т.н.) преку контрола на работната сила. За жал, поради недостигот од из-

ворни сведоштва не можеме да утврдиме колку било раширено приватното претприемништво, но се чини дека стопанството било насочено кон постепено зголемување на приватниот удел.

## НАЈСТАРИТЕ ИМПЕРИИ

• *Државата на Саргонидите.* – Околу 2350 година ст.е., Саргон од Акад ја основал првата империјална држава во Месопотамија. Таа успеала да се одржи повеќе од едно столетие – со што станала основна мерка за државност и политичко водство, а подоцнежната традиција го прогласила нејзиниот основач за олицетворение на аристократската власт. Акадското кралство ги обединило под своја власт не само градските средишта на јужна Месопотамија, туку зафатило и големи територии во Сирија и Иран. И во вековите што претходеле имало обиди да се воспостави единствена и централизирана кралска власт над градовите во јужна Месопотамија, но ова бил првиот успешен обид за политичко обединување одвнатре, од самата Месопотамија.

Саргон потекнувал од семитските заедници населени на северниот обод на големите сумерски градови; овие Семити веќе добро ги познавале традициите на централизираната власт и земјоседот. Во историјата на Месопотамија има многу такви примери на население од север, што се раширило низ добро населениот, но политички расцепкан југ. Еколошката еднородност на северозападната степа и лесната комуникација низ неа веќе отвориле пат за основање лабави државни творби, кои се засновале врз сродство или династички принцип, а не врз некаков формален граѓански идентитет. Особено е извесно дека воената моќ се темелела врз лични односи, а сложената мрежа од општествени и лични односи овозможила да се обликува една вооружена свита од богати сопственици на стада – големци, кои биле непосредно врзани со кралот.

Новото содејство од политички традиции овозможило и основање на приватна кралска војска во рамките на граѓанскиот политички систем, со што можело да стане и двигател за територијално проширување. Годишните воени походи и изградбата на тврдини и упоришта ја овозможувале првичната, основна политичка контрола и давале поттик на целиот процес, а поделбата на освоените територии на помали области барала широко, постојано присуство на империјалната елита.

Во своите натписи, Саргон тврди дека распоредил луѓе од Акад како „владетели“ на новоосвоените градови на сумерскиот југ, што повторно ја нагласува важноста на личните односи во политичкиот систем.

Но, неговите зафати веројатно не се покажале сосем успешни, зашто подоцна ги гледаме наследниците на Саргон како се потпираат врз локалните власти, кои сѐ уште се темелеле врз старата структура на политичка моќ во градовите-држави. Традиционалните граѓански институции и локалните елити имале висок степен на самоуправа, но во замена морале да плаќаат даноци во жито и да даваат работници за градежните проекти на државата. Мошне често се собирале големи работни одреди, кои го ширеле системот за наводнување во јужна Месопотамија и отворале ново обработливо земјиште. Ова, пак, овозможило да се основаат нови градски населби надвор од дотогашните територии на традиционалните градови-држави. Во новите земјоделски средишта се назначувале империјални управители, а вишокот производи се трошел првенствено за престолнината и за војската.

Земјиштето најчесто доаѓало под контрола на палатата по пат на државна експропријација, но и преку конфискација на имотот на градовите што кревале бунтови. Во последните две поколенија на кралството е посведочено постепено пренесување дури и на храмовните имоти под власт на палатата, но не знаеме дали ова се правело со слободна волја, или под принуда. Управителите на кралските имоти станувале глави на високи домаќинства кои ги надминувале и пресекувале традиционалните граници на градовите-држави, со што ја намалувале и важноста на поранешните структури на моќ – градските поглаварства и собранијата. Со освоените територии вон јужна Месопотамија, кои служеле како земји за масовно оданочување, раководеле воени управители. Палатата ги наградувала верните воени заповедници со земјопоседи во освоените области. Во Иран и долж текот на Горен Хабур во Сирија биле основани и трговски колонии, кои требало да ги зацврстат постојните системи на размена и да овозможат пристап до стратешки суровини.

Средиште на државата била кралската палата, а членовите на кралското семејство имале високи положби во политичката и верската пирамида. Кога го преземале престолот, владетелите обично ја обиколувале државата и објавувале кралски укази и пресуди, што ни го покажува развојот на концептот за владетелот како слика на државниот суверенитет и општествената правда. Собранијата и натаму играле важна улога во главниот град и во главните градски средишта на југ; се чини дека главната причина за сразмерната стабилност на акадската династија била токму нејзината способност да ја издвои сопствената база на моќ од традиционалните граѓански институции.

Во престолнината дотекувало целото богатство на новата држава. Дури и трговските кораби од далечниот Инд носеле егзотични стоки за

новата кралска елита. Кралевите се разонодувале на екстравагантни начини, кои претходно им доликувале само на боговите, а големите бунтови при крунисувањето на Римуш, Нарам-Син и Шар-кали-шари го навестуваат степенот на угнетување што го спроведувал ваквиот империјален систем. Акаѓаните изумиле нови начини на претставување на кралската власт преку користење на уметничка симболика, титулатура и своевидна официјална, палатна „историографија“ – но, империјалната елита и натаму предизвикувала гнев во старите градови. Елитата ја нарушила рамнотежата на локалните политички односи и вообичаената матрица на поделба на обработливата земја.

Не требало да мине долго време по падот на Акад, за јужна Месопотамија повторно да му се врати на системот на независни градови-држави. Поетите го опевале падот на империјата и ја нагласувале дрскоста што ја предизвикала нејзината смрт:

> А оној град, нека умре од глад! / Граѓаните што се ситеа со најубави јадења / нека полегнат на трева како стока! / Мажот што се ситеше со првородено овошје, / сега нека си го јаде катранот од покривот!

• *III Урска династија.* – Едно столетие по падот на Акад, врз основа на кралскиот углед на стариот град Ур, империјалната држава на III Урска династија (~2111–~2003 ст.е.) повторно ги подвела независните месопотамски градови-држави под една централна власт. Густо населеното јадро на јужна Месопотамија било поделено на дваесетина области, кои ја полнеле ризницата. Локалната власт се одржувала преку управители, назначени од најмоќните традиционални домаќинства во поранешните градовите-држави. Како противтежа на локалните структури на моќ, империјата назначувала воени заповедници во секој град. Овој систем се темелел врз концептот на „нови луѓе“ назначени од круната, кој им отворал разни патишта за општествено напредување на верните слуги на палатата.

Во суштина, овластувањата на империјалните управители се однесувале токму на стариот град-држава и традиционалните храмовни институции, но прекроени со цел да се вклопат во централизираната рамка на империјата. Власта на воените заповедници, пак, се протегала врз зависното население што живеело на државна земја. Исто како и во акадско време, во близина на старите градови се основале нови административни населби, кои служеле како центри за производство и прераспределба на државните суровини. Околу средишните области се протегал прстен од автономни окрузи подложни на оданочување, со кои раководеле воени претставници на централната власт. Уште понадвор се

ширел кругот на сојузници и клиентски држави, кои често воспоставале непосредни врски со кралското семејство преку склучување династички бракови. Овој надворешен круг бил особено важен, зашто ја обезбедувал државната граница и ги држел отворени трговските патишта што воделе кон и од центарот.

Во областите што ја сочинувале срцевината на кралството, државата ги контролирала производството и трудот, а самиот труд се сметал за продажна стока што може да се собира или да се распределува. Трудот се мерел во „денови работа" и имал постојана вредност врзана за житото и среброто, што овозможувало државен надзор на трудот со помош на централизирано книговодство. Зачувани се близу 95.000 поединечни записи и фрагменти од обласните канцелариски служби, а во нив има и поединци што може да се следат низ државните записи во текот на повеќе години. Сепак, пишаната архива на III Урска династија дава еднострана слика, која одразува само еден дел од реалноста; поради случајната природа на изворните наоди, во зачуваните записи недостасуваат цели гранки од државното стопанство.

Земјоделството во централните области се организирало преку систем на задолжителен неплатен труд, во кој кралските поданици биле обврзани да ѝ дадат точно одредена годишна услуга на институцијата што ги вработила, а во замена да добијат парцела од државна земја. Податоците за еден селски имот близу стариот град Гаршана, најдени пред само десетина години, фрлаат светлина врз локалната земјоделска администрација. Сопственици на имотот биле еден висок воен заповедник и неговата сопруга, блиска роднина на кралот. Во состав на имотот имало разни работилници – пивара, ткајачница, мелница, кожара – како и полиња, канали и овоштарници, а вишокот производи се продавал во блиските градови. Имотот се наоѓал на територијата на градот Ума, но претставувал независно домаќинство, управувано како полу-приватно претпријатие.

Не знаеме дали устројството на овој имот било вообичаено за земјоделските области во кралството на III Урска династија, или пак претставувало особен случај. Сепак, тоа што имотот воопшто постоел во овој облик сведочи дека успехот на раните империи се темелел врз нивната способност да ја смират општествената и верската елита на поранешните градови-држави, но и да извлечат корист од задолжителниот јавен труд, со цел да отворат ново обработливо земјиште и да произведат вишок што не бил врзан за традиционалните градски средишта. Во одредена смисла, ова останало главно обележје на месопотамскиот империјализам во столетијата што доаѓале.

## МРЕЖИ, ПЛЕМИЊА И РЕГИОНАЛНИ ДРЖАВИ

По распадот на државата на III Урска династија, во Месопотамија се вратил мозаикот составен од градови-држави и од племенски групи врзани во мрежи од нестабилни сојузи, кои одвреме-навреме можеле да добијат одлики на лабави империјални држави. Овие племиња и мрежи излегуваат од утврдените категории на државност и империја, кои се темелат врз идеи за првенство, единство, територијална поврзаност и заокруженост.

Државата на Зимри-Лим во Сирија е типичен и мошне добро посведочен пример за ваква мрежа; други примери се државите на Шамши-Адад (1815–1782 п.н.е.) и на Хамураби (1792–1759 ст.е.), кои во стручната литература често се одбележуваат како империи. Тројцава имале политичко предводништво над неколку градови, групи и сродни племиња; ја втемелиле моќта врз воената организација и новосоздадената елита; и најпосле, развиле идеологија различна од онаа на поединечните заедници што ги контролирале. Сепак, монархиската власт во нивните државни творби била слаба и се вкрстувала со неколку групни облици на управување, со цел да обликува структура на власта што ќе ги надмине територијалните разграничувања. Овие држави претставуваат мешан, или хибриден модел на организација, еден вид мост меѓу времето на градови-кралства и мали држави и времето на централизираните, интегрирани империи што се јавиле кон крајот на II илјадалетие ст.е.

• *Државата на Зимри-Лим.* – Зимри-Лим бил владетел на градот Мари, што го правело дел од старата градска традиција и ја врзувало неговата сувереност со палатата, храмот и градските институции. Но, Зимри-Лим напоредно бил и владетел на т.н. „кралство на бреговите на Еуфрат“, кое се протегало на позначителна територија и вклучувало неколку градски средишта. Оваа територија била поделена на области под управа на обласни управители, секој со свое административно седиште. Жителите подлежеле на државно оданочување и воена служба. Зимри-Лим, кој стоел на чело на целиот провинциски систем, се сметал за највисок крал во поширокиот околина и имал неколку клиентски владетели, од кои можел да побара помош за одредени цели.

Најпосле, Зимри-Лим бил и поглавар на едно многубројно аморејско племе кое имало две посебни половини – (Бен-)јамини („Синови на десната страна [на Еуфрат]“) и (Бен-)симали („Синови на левата страна [на Еуфрат]“). Оваа голема група се сметала за дел од едно единствено општествено ткиво, поделено не по начинот на живот или по местото на

живеење, туку поскоро според традициите; двете половини имале различни општествени и политички идентитети и различни устројства. Бен-јамините претставувале лабав сојуз од неколку племиња, секое управувано од сопствен крал, и биле распрснати низ цела Месопотамија. Бен-сималите, пак, биле поделени на голем број племиња и кланови, но оваа поделба немала строго политичко значење. И едните и другите се состоеле од измешано седентарно и номадско население, а во еднаква мера се издржувале и од сточарство, и од земјоделство. Самиот Зимри-Лим потекнувал од Бен-сималите, но прилично рано ги потчинил и Бен-јамините, па ја укинал оваа подвоеност.

Бен-сималите биле најгусто населени во пределите северно од Мари. Номадските групи меѓу нив се нарекувале „луѓе под шатори“, а подлежеле на посебна административна хиерархија, која била надвор од обласниот систем на власта. Поединците во овие групи биле врзани за племенски водач, а не за одреден град и област. Племенските водачи ја признавале врховната власт на двајца „господари на пасиштата“, кои им одговарале непосредно на Зимри-Лим и на неговите соработници. Иако бил признаен за крал на Бен-сималите, Зимри-Лим требало постојано да преговара со сопствените номадски поданици на племенски собири, за да добие поддршка за каков и да е потфат, на пример, за воен поход.

Во суштина, Зимри-Лим владеел со мрежа од државни облици, и тоа преку неколку независни линии на предводништво. Некои институции во Мари и натаму функционирале како во традиционалниот град-држава, но градот сега станал и административен центар на мрежа од области и клиентски заедници, седиште на предводникот на Бен-сималите и седиште на заедницата на Бен-сималите и Бен-јамините. Во државата имало седентарни заедници на земјоделци, занаетчии и трговци, но и големи групи сточари-преселници, кои ја признавале власта на Зимри-Лим дури и кога ги паселе своите стада, стотици километри надвор од државната граница. Во кралството имало поединци што се определувале врз основа на територијалната и политичката припадност кон одреден град, но и поединци што се определувале врз основа на роднинските врски.

• *Други слични државни облици.* – Слични структури на власта имало и во државите на Шамши-Адад во северна Месопотамија и на Хамураби на југ, со тоа што Хамураби владеел на територија со многу повеќе традиционални градски средишта, па морал да дозволи повисок степен на децентрализација и пошироки локални овластувања. Во сите три држави владеело сложено содејство на традиционални граѓански и

племенски идентитети, но само кралството на Хамураби успеало да го наџивее својот основач.

Бабилонскиот крал успеал да ја обедини јужна Месопотамија и да создаде еден вид регионална држава заснована врз територијални области, која постоела речиси две столетија. Централизираната државна администрација заснована врз задолжителен труд, приватните претприемачи, храмовните институции и земјопоседот на палатата имале некои одлики што потсетувале на системот на III Урска династија, но и одлики што биле предвесници на некои идни решенија. Државата се распаднала по еден хетитски напад во 1595 година ст.е, по што престолот во Бабилон го презела нова династија владетели, кои ѝ припаѓале на етничката група Касити.

Каситските кралеви ја претвориле јужна Месопотамија во цврсто интегрирано регионално кралство; патемно, успеале да развијат и чувство за бабилонска посебност, кое ги истиснало старите поделби по сродство, градови и храмови. Државата била поделена на неколку области, а власта се наоѓала во рацете на неколку великодостојници, кои располагале со огромна работна сила од слободни работници и робови. Во втората половина на II илјадалетие ст.е., бројот на големи градски средишта се намалил, а во целата поширока околина почнал процес на т.н. рурализација, или преминување на модел на селско стопанство. Градските средишта биле заменети со семејни групи или куќи, на чие чело стоел „господар на домот“. Станувало збор за големи земјоделски селски домаќинства, кои вклучувале голем број луѓе и имале значителен земјопосед, а со текот на времето сѐ повеќе зависеле од принудна работа. Најважни градови биле Бабилон, Нипур и новооснованата престолнина во Дур-Куригалзу; Нипур се сметал за најважна и најугледна обласна престолнина, а неговиот управител имал положба на еден вид кралски заменик, со големи овластувања во стопанската, па дури и во надворешната политика.

Каситската династија била стабилна и долговечна. Забележани се најмалку триесет и шест кралеви, кои го држеле престолот речиси четири столетија, сѐ до 1155 ст.н.е. Во времето на Каситите, Бабилон станал една од поголемите сили на стариот Исток, на исто рамниште со Египет, Митани и кралството на Хетитите. Државата имала динамична улога во трговските мрежи на доцното бронзено време, кои го поврзувале Средоземјето со средна Азија и со Персискиот Залив. Од неодамна се знае и тоа дека најстарите каситски кралеви се producing ширеле кон југ, со цел да воспостават контрола врз важната трговска станица во ден. Бахреин; но, претпоставуваме дека ова е одраз на трговските цели на државата, а не на некаков стремеж да се создаде широка територијална империја. Двете

главни особености на власта на Каситите – но и клучот за нивниот успех – биле степенот до кој централните области се интегрирале во кралството, и степенот до кој бабилонските градови биле вткаени во ткивото на регионалната држава. Политичките и општествените случувања во каситско време навестуваат придвижување кон модел на позбиена, посплотена држава, со помала територија, но со поголем степен на државна контрола врз жителите.

Владетелите на Елам успеале да создадат империјална држава со повеќе средишта, која можела да се мери со сите други големи сили во нејзино време. Во најславните времиња на каситска Бабилонија (~1400–~1200 ст.е.), кралските куќи од Бабилон и Елам одржувале блиски дипломатски односи и склучувале династички бракови. Оваа срдечност траела сѐ до XII век ст.е.; кусо време потоа, еламските кралеви ја собориле каситската династија, опљачкале и опустошиле големи делови од Бабилонија, а освен другиот плен, ја одвлечкале во Суса и култната статуа на бабилонскиот главен бог Мардук. Напоредно со Месопотамија, и во Иран во ова време почнува постепената централизација на кралската власт и напуштањето на традиционалната поделба на власта со локалните династии. Државата почнала засилена еламизација на разнородното население околу Суса, а особено го поттикнувала ширењето на култовите од височамнините, со цел да го нагласи еламското културно и политичко покорување на Суса и нејзината околина.

Еламските кралеви основале нови кралски престолнини, кои се наоѓале понастрана од традиционалните средишта на граѓанската моќ и земјопоседничката аристократија. Изгледа дека ова било препознатлива одлика на целиот период; напоредни примери од исто време (XIV–XIII век ст.е.) се забележани и во Бабилонија, каде што бил основан Дур-Куригалзу, во Асирија, со основањето на Кар-Тукулти-Нинурта, кај Хетитите, кои ја основале Тархунташа, па дури и во Египет, каде бил основан Акхетатен. Овој развоен правец несомнено се должи на општото поместување на староисточните сфаќања за тоа што, всушност, е монархиска власт, а особено на потребата палатата и физички да се оддели од сопствените поданици.

На север од каситска Бабилонија, империјата на Митаните ги обединила сите сириски области во кои се зборувало хуритски, воспоставајќи контрола врз територија што се протегала од Средоземјето, до западните падини на Загрос. Служејќи се со непостојана, но практична дипломатија и умерено користење на воена сила, Митаните успеале да ги врзат претходните независни државни творби во една лабава сојузна држава. Локалната власт им била целосно препуштена на клиентските

кралеви; тие, пак, најчесто потекнувале од поранешни владетелски семејства, па секако продолжувале да дејствуваат самостојно, под услов да ја признаат врховната власт на Митаните. Иако изворите се малубројни, речиси сме сигурни дека еден голем клан од благородници-земјопоседници управувал со огромни земјопоседи низ целата империја, и тоа користејќи го системот на *големи селски господарства*. Овие господарства го истиснале слојот на слободни селани, кои претходно ја поседувале земјата и подлежеле на работна обврска. Системот на господарства ги централизирал земјоделското производство и изработката на ткаенини но, исто како и во каситска Бабилонија, станувал сè позависен од трудот на робовите.

## АСИРСКАТА ИМПЕРИЈА

Во XV век ст.е., Ашур станал клиентско кралство на империјата на Митаните, но му било дозволено да ја задржи династичката линија и да ги зачува локалните традиции на моќ. Во тоа време, Ашур веќе имал долга историја како град-кралство со умерена големина, расположен близу еден традиционален премин преку реката Тигар во северен Ирак. Поради одличната стратешка местоположба и активната трговска политика, градот бргу добил статус на трговско средиште со големо материјално богатство, кое несомнено помогнало да се постават основите на подоцнежната империја.

Околу 1365 ст.е., Ашур ја обновил својата независност и започнал процес на брзо територијално ширење. Вака создадената држава го достигнала врвот на империјалните стремежи во Месопотамија: во текот на повеќе од седум столетија, таа дејствувала пошироко од која било империја пред неа, со што станала модел и прототип за наднационален империјализам заснован врз нова кралска идеологија и култура на дворецот. Низ наизменични, последователни периоди на ширење и намалување, таа успеала да ја прошири својата власт до крајот на познатиот свет и за прв пат да го обедини безмалку целиот стар Исток под власт на еден човек. Асирија е одличен пример за заемните односи на територијалноста и на политичката власт, како и за процесот на менување на идејата на државност, која морала постојано да се прилагодува на тековните предизвици.

Во раната фаза на империјата, Асирците успеале да ја рашират својата власт низ северен Ирак и Сирија. Главно обележје на оваа епоха е преминот од град-кралство во територијална империја, што условило и предефинирање на монархиската власт во Асирија. Набргу уследила и

доцнежната, или новоасирска империјална фаза; во неа, брзото ширење било крунисано со основање на универзална империја, која успеала политички да го обедини стариот Исток од Египет до Иран. Ова внатрешно престројување ја видоизменило Асирија: од лабава мрежа на одделни административни средишта, таа станала цврста и територијално обединета држава.

Најголемиот број одлики на асирскиот империјализам веќе биле воспоставени во периодот од XIV до XII век ст.е., вклучително и систематските депортации на население, со цел да се концентрира изворот на труд, а да се ослабне локалниот идентитет. Други општи одлики се создавањето обласна инфраструктура заснована врз систем од воени тврдини и административни средишта, како и создавање на постојана, професионална војска, која војувала напоредно со одредите собрани преку обврската за задолжителна служба.

Во Асирија може да се забележи *обединување на моќта на кралот и на првосвештеникот*; ова е мошне различно од јужната, бабилонска традиција, каде низ целото II илјадалетие ст.е. кралските овластувања постепено се оддалечувале и се одвојувале од верските институции. Новиот, империјален систем на владеење се обликувал по углед на олигархиското собрание на градот-држава Ашур; до XIV век ст.е., Асирија веќе станала централизирана држава со крал и земјопоседничко благородништво, кои му давале правец на стремежот за територијално ширење.

Една од главните особености на раната империја било настојувањето – политичките институции во новоосвоените области да се заменат со нов локален елитен слој, но составен од етнички Асирци. Напоредно со подемот на идејата за универзална империја, во IX век ст.е. оваа практика била напуштена, а асирската елита станала инклузивна, мултикултурна и мултиетничка. Асиризираното благородништво од покорените држави можело да се пробие во империјалната елита со постојано и отворено нагласување на верноста кон кралот. Овој процес течел напоредно со постепеното префрлање на моќта од старото благородништво, кое било земјопоседничко и наследно, врз новото, кое ја добило својата положба од кралот како признание за личната лојалност. Во доцната империја, овие луѓе образувале една поширока група, наречена „великодостојници“ или „големци“; многумина од нив биле евнуси, имале непосреден пристап до кралот и работеле како кралски советници. Тие ги зазеле највидните положби во империјалната администрација, вклучувајќи ги и службите на обласни управители, високи воени заповедници и судски службеници.

Сè додека политичката моќ била ограничена на тесен круг луѓе, таа лесно можела да се дели меѓу нив без понатамошни превирања. Но, како што империјата се ширела, имотите на обласните управители станувале сè подалечни од престолнината; со ова, и голем дел од врховниот авторитет почнал да се префрла на периферијата, што можело да се одрази погубно врз интегритетот на државата. Ваквиот развој на нештата бил спречен со апсолутистичките реформи на Тиглат-Пилесер III, кој го преуредил системот на локална власт за да ја намали моќта на великодостојниците, ги преустроил империјалната војска и нејзината инфраструктура и, најпосле, ја обновил агресивната надворешна политика против Урарту, Фригија и Бабилонија. До крајот на неговото владеење, Асирија ја ограничила моќта на Урарту на запад, обезбедила превласт во голем дел од Сирија и воспоставила контрола врз најголемиот дел градови-држави и племенски територии во Бабилонија. Времето на следните четири крала – Саргон II, Сенахериб, Есархадон и Асурбанипал – било врвна точка на асирската моќ и последно, златно доба на империјата. Војните и граѓанските бунтови се преселиле на маргините на државата, која постојано растела и ги отстранувала непријателите со освојување и дипломатија. Во срцевината на кралството владеел постојан мир; имало области што напредувале речиси две столетија, без да почувствуваат воена закана. Но, во времето на Асурбанипал (668-628 ст.е.) избувнала граѓанска војна меѓу кралот и неговиот брат, кој ја држел круната на Бабилонија и склучил сојуз со Еламците. Овој судир, кој траел пет години, ги исцрпил асирските ресурси и трајно ги отуѓил локалните заедници во Бабилонија. Еден одмазднички напад врз Елам го опустошил источниот сосед на Асирија, но со тоа отворил пат за нова држава во Иран – кралството на Медите. По смртта на Асурбанипал, империјата потонала во внатрешни и надворешни судири, а меѓу 614 и 609 ст.е. им подлегнала на силните, здружени удари на бабилонската и медската војска.

• *Економијата, политиката и устројството на Империјата.* – Срцевината на Асирија била богата земјоделска зона, која мошне ретко зависела од вештачко наводнување. Во подножјето на планината Загрос, близу планинските водотеци и реката Тигар, лежеле неколку големи населби. Освен основни житни култури, климата поддржувала и лозја, овоштарници и отворени ливади погодни за сточарство. На запад се протегала отворена степа, во која биле расеани помали градови и групи на сточари-преселници. Во времето на империјата, земјоделскиот вишок што се извлекувал од нив се трошел на одржување на кралската и на обласните престолнини.

Во прво време, ширењето на империјата му давало поттик на стопанството, зашто отворало пат кон ново богатство и нова работна сила под контрола на државата; но, овој поттик можел да потрае само ако постојано им се прилагодувал на локалните економски структури. Се применувале добро познатите и проверени методи на месопотамскиот империјализам, како прераспределба на земјоделскиот сектор и користење организиран труд за да се отвори нова обработлива земја; но, Асирците ги кренале овие зафати на сосем ново рамниште. Трупањето на богатство во престолнините ѝ дало сила и авторитет на круната, па станало неопходен додаток на политичкиот систем, кој сè поочигледно се движел кон апсолутизам. Но, сето ова ја правело Асирија и ранлива, зашто ја соочувало со дотогаш невидени неприлики: нарушување на набавките од најоддалечените области, обезвреднување на благородните метали поради нивниот постојан дотек и зголемување на бројот на жители што не учествуваат во производството на храна. За да им се спротивстават на овие тенденции, Асирците определиле соодветни еколошки зони за земјоделие и области од кои ќе извлекуваат суровини во доволна мера, за да го задоволат производството на индустриско ниво. Империјата почнала да поттикнува хибридизација на културата и специјализација на стопанството, два пристапи кои имале иста цел; локалната инфраструктура била подобрена, а локалните средишта биле или преизградени, или обновени, со цел да функционираат како јазли во економскиот и стопанскиот систем.

Можеби највпечатлива новина бил системот на масовни депортации, кој почнал да се спроведува кон крајот на XII век ст.е. На асирските кралски натписи, овие депортации се опишани само како политички или воени маневри; сепак, тие предизвикале толкави демографски и стопански промени, што целосно ја видоизмениле империјалната економија и буквално го смениле ликот на државата. Наместо да го заснова развојот врз постепено зголемување на населението, Асирија пристапила кон насилни преселби, кои ги менувале матриците на населеност. Овие раселувања ги поттикнувале земјоделството и производството со прилив од нови работници; депортираното население градело и населувало нови обласни престолнини; сè побројното земјоделско население градело амбициозни мрежи од канали за наводнување; а со вишокот производи се издржувале војската и сè побројната кралска елита.

Не знаеме дали новите големи пространства на обработлива земја ѝ припаѓале на палатата, но се чини дека многу такви имоти завршиле во приватни раце. За време на доцната империја, сè поголем број земјопоседи им припаѓале на луѓе со неасирско или со мешано потекло, кои му биле лојални непосредно и исклучиво на кралот. Нивната верност се

наградувала со богати извори на суровини, како и со сите придобивки од депортираната работна сила, зафатите во наводнувањето и системот на пренесување на стоки. Богатството било поларизирано, зашто било собрано кај мал круг луѓе, од кои многумина имале воени задолженија.

Обласните управители истовремено биле и воени заповедници, но и дипломатски претставници на Асирија во односите со соседните и клиентските земји. Во ова време, владетелите веќе не одржувале активна лична преписка; секојдневната комуникација им била препуштена на управителите, кои потоа праќале извештаи до престолнината. Ваквиот децентрализиран систем ги користел блиските сознанија за локалните настани и многу го скратувал времето за преписка и одговор; сепак, писмата што обласните управители ги праќале до палатата јасно покажуваат дека империјалната политика не им се препуштала на никакви лични толкувања. Основните правци на дејствување секогаш биле исцртани во престолнината, а управителите само ги спроведувале во дело.

Многу е потешко да се различат општествените слоеви што се наоѓале под оваа обласна елита. Знаеме дека на чело на локалните заедници стоеле градски старешини или племенски водачи, а слојот што во изворите се нарекува „робови" веројатно се состоел од поединци што биле обврзани на прислужништво. Овие луѓе не биле родени во ропство, ниту пак биле воени заробеници; во изворите најчесто се спомнуваат како сопственост на богатите жители на градот, но и самите можеле да поседуваат имот, под закрила на главата на домаќинството. Најтешко е да се одреди што се случило со големите групи депортирани лица, преселени од институциите на империјата. Просопографските податоци навестуваат дека овие туѓинци биле интегрирани во општеството како поданици на империјата, а некои од нив биле врзани за земјата на која биле распоредени. Подлабоко во внатрешните односи, државата не ги одржувала локалните правни институции во физичка смисла, а империјалната администрација влегувала во постоечките локални правни системи со непосредно назначување на највисоките службеници. Сѐ уште не знаеме многу за односите на локалните системи со палатата, но извесно е дека Асирците, во име на мирот и поредокот, ги признавале постоечките правни овластувања на заедницата, како и веќе важечките сопственички права.

Во поглед на надворешните односи, владетелите на клиентските кралства се откажувале од правото да водат независна надворешна политика и прифаќале да комуницираат со соседите само преку асирско посредување. Во замена за нивната верност, империјата гарантирала заштита од странски и домашни непријатели и потврдување на локалниот династички континуитет. Подредените елити биле неповратно врзани за

асирскиот крал, што се гледало од прераспределбата на империјалните приходи, јавните искажувања на пријателство, заедничките прослави на верски празнувања, локалните поделби на овластувањата, династичките бракови, а најпосле и од образованието што младите благородници од клиентските кралства го добивале во асирската кралска палата. Нивниот интерес за блиски институционални и лични односи со империјата редовно се потцртувал во државните договори и постојано се објавувал на свечените собири во престолнината. Децата на клиентските владетели живееле во асирските палати и добивале формална обука како дел од космополитската сцена на кралската престолнина. Во најдобар случај, откако ќе станеле станеле верни поданици на империјата, тие се враќале дома за да владеат со земјата од која потекнале. Во кралските палати биле сместени и политичките бегалци од соперничките држави: Асирците постојано чувале и хранеле една група од разочарани претенденти, поразени бунтовници и поранешни владетели, кои ѝ ги нуделе своите услуги на палатата со надеж дека со асирска поддршка ќе го освојат (или преосвојат) домашниот престол.

Асирците немале обичај да се мешаат во локалните граѓански институции, зашто не сакале да им дадат повод да се претворат во жаришта на отпорот. Тие обично останувале недопрени, а влијанието на империјата врз постојниот локален поредок било мошне ограничено. Обласните престолнини и клиентските кралства имале начелна автономија во општествените активности; најголемиот број водачи се именувале со одобрение од палатата, но произлегувале од месните политички кругови, па дејствувале како инструмент на заедницата и на внатрешен план, и во однос на централната власт. Процесот на послушност и лојалност бил истоветен на сите општествени рамништа: поданиците се обврзувале со заклетва дека ќе извршуваат одредени обврски, а за возврат добивале разни повластици. Дури, се чини дека во повеќето градови постоела проасирска партија, која била подготвена да соработува со Асирците во интерес на развојот и благосостојбата.

Во одредени случаи, империјата спроведувала и принуда, со која го обезбедувала она што ѝ требало, а не давала ништо за возврат. Со помош на еден внимателно одмерен систем на пустошење, пљачкање и контролирана суровост, империјата успеала да изгради мошне специфичен систем на спречување непослушност и насилство токму преку насилството. Сепак, постојано се истакнувало и тоа, дека насилството може да се избегне со исполнување на асирските барања, па на тој начин моќта за повредување станала цврста основа за преговори. Деталните ликовни претстави на измачувања и убиства, со кои биле украсени асирските кралски палати, биле производ токму на оваа идеологија. Сцените на бунт и

казна биле поставени во непосредна врска и претставени како неразделни и неизбежни.

Во времето на доцната империја, клиентските кралства биле претворени во еден вид провинции, зашто се покажале премногу нестабилни за да се контролираат преку посредно водство. Во многу случаи, бунтот против централната власт завршувал со смена на неверниот владетел со посветен поданик. Откако некое поранешно клиентско кралство ќе станело дел од империјата, се назначувал управител, а жителите добивале статус на граѓани и подлежеле на редовно оданочување. Во реториката на кралските натписи, богот Ашур ѝ ја давал територијата на Асирија „за да ја управува и насочува", а кралот добивал задача „да ја преземе и да ја преустрои" новата земја, на граѓаните да им наметне обврски „како да се вистински Асирци" и најпосле „да ги смета овие луѓе за вистински граѓани на Асирија". Империјалната контрола била засилена и со злоупотребата на верските институции и практики – на пример со исклучителни дарувања и повластици што му се давале на едно, но не и на друго светилиште.

• *Пропагандата и побожноста.* – Клучна институција во устројството на империјата бил империјалниот суд, кој се наоѓал во кралската палата; судот бил сцена на која комуницирале владетелот и империјалната елита, и жаришна точка на империјалната бирократија. Како главно место за прикажување на кралската моќ и империјалната идеологија, кралската палата давала впечатлива заднина за одржување воени паради, политички преговори и прием на странски великодостојници.

Асирија имала неколку кралски и обласни палати, а неколкупати се селела и кралската престолнина. Додека империјата сè уште била во повој, Тукулти-Нинурта се обидел да го напушти традиционалното седиште во Ашур и да премине во новоизграден град на спротивниот брег на реката Тигар; но, целиот потфат завршил со неуспех, главно поради големиот отпор на урбаната елита од Ашур. Првиот успешен обид да се пресели седиштето на кралската моќ се случил во почетокот на IX век ст.е., кога Асурнасирпал II ја преселил својата престолнина во градот Калах.

Распоредот и ликовните претстави во кралската палата во Калах даваат одлична слика за самоуверенoто себепознание на преродената империја. Главна функција на палатната уметност била да го воскрева владетелот, да ја слави универзалната империја, да ја поткрепува и потврдува општествената хиерархија и да ги дефинира нејзините дејствија. Преку симболичниот јазик на моќта, уметноста ги поттикнувала амбициите на општественото јадро, зашто служела како систем за комуника-

ција и средство за интеграција. Клинописот, статуите и рељефите образувале уметничко единство, преку кое се пренесувало официјалното видување на власта и империјалната моќ.

И асирската религија, и асирската империјална идеологија еднакво ги оправдувале превласта и територијалното освојување. Сепак, во Асирија никогаш не се раширило некое особено силно политичко убедување, а власта никогаш не се одржувала првенствено со воена сила. Религијата била отворена кон надворешни влијанија, а на сите божества им се припишувала универзална моќ; сепак, во почетните фази на империјата се јавила потреба теолошки да се обработи култот на Ашур и да се промовира сликата за него како владетел на светот. Со подемот на империјата, растела и улогата на кралот како управител на имотот на Ашур, особено во ликовните претстави што ги нарачувала државата. Владетелот се прикажувал како производ на некаков особен чин на создавање, а понекогаш се прогласувал и за припадник на посебен род, кој ги поврзувал боговите со луѓето. Наспроти сево ова, впечатливо е тоа што во Асирија не се обоготворувале ниту починатите, ниту живите кралеви. Без оглед што наизменично се претставувал како натприродно, совршено битие и како скромен пастир по Божја волја, кралот сепак бил физичко лице, назначено од боговите за да го штити општествениот договор кај Асирците. Со оваа останувала недопрена историската улога на кралот како прв меѓу еднаквите, која влечела корени уште од времето кога Ашур бил скромен град-држава.

• *Распадот на асирскиот империјален систем.* – Во историската литература, ненадејниот и неповратен пад на асирската империја има статус на вистински историски скандал. Откако минала 1500 години како жива политичка и културна сила, а само едно поколение откако го достигнала врвот, империјата паднала и исчезнала речиси без да остави трага. На површината, нејзината пропаст се должела на здружените напади на медските и бабилонските војски; но и без нив, империјата веќе со децении била растргната од граѓански војни и соперништва во палатата. Во текот на својата долга историја, таа преживеала неколку периоди на внатрешна слабост и династички судири, но во последните две столетија искусила дотогаш невидено територијално ширење и политичка централизација, што предизвикало неповолни општествени промени на многу подлабоко ниво.

Како што раснела, империјата сè повеќе зависела од способноста да владее преку постоечките локални политички и општествени структури. Таа морала да стане поинклузивна и да обликува поблаг пристап кон локалното различие во своите граници, а за сметка на тоа се надева-

ла дека ќе ги зацврсти културниот интегритет и административната воедначеност. Дури и масовните депортации – кои го достигнале врвот во време на Тиглат-Пилесер III, Саргон и Сенахериб – значително се намалиле, а најпосле и речиси згаснале. Но, големите градски средишта Нинива, Калах и Арбела пораснале до таа мера, што веќе не можеле да живеат од локалното земјоделско производство и станале целосно зависни од надворешен труд и издршка. И покрај сите напори да се создаде инфраструктура и да се користи точно одредена земјоделска површина за да се засили производството, се покажало дека приходот од големите новопокорени области е помал од трошоците на асирското воено присуство во нив.

Исто така, станувало сѐ потешко да се спречи меѓусебниот допир на клиентските кралства, а граѓанските повластици, со кои се обезбедувала верноста на локалните власти, постепено станувале сѐ поголем товар за државната ризница. Системот на кралско покровителство не допирал многу далеку од Ашур, па империјата морала да користи развиена мрежа од локално населени државни агенти за да навлезе во основните структури на општеството и да ја искористи локалната политичка неслога. Посредното предводништво преку локални клиенти, кое било осмислено како евтин и плодотворен пристап, на подолг рок се покажало недоволно цврсто. Најпосле, клиентските држави или биле целосно напуштени (Египет, Анатолија), или пак станале еден вид империјални провинции (Комагена, Киликија). Асирскиот империјализам станал еден постојан механизам на непрестајна потрага по безбедност, ресурси и рамнотежа на моќта, нешта што никогаш не успеал целосно да ги обезбеди.

Особен товар за Асирците станале борбите за превласт меѓу градовите-држави и племенските групи во политички расцепканата Бабилонија. Мирот се чувал со помош на богати дарувања, граѓански повластици и манипулирање со градските традиции на власта во однос на племенските групи. Традиционално, градското население се самоопределувало врз основа на политички и културни одредници: ова население било мултиетничко и немало потреба да прокламира заедничко потекло, иако имало заеднички јазик, религија и култура со голем број други заедници. Градското население имало самочувство кое се темелело врз политичкиот идентитет и локалната припадност на еден формален, институционализиран вид на заедница. Спротивно на ова, племенските групи – Арамејците, Халдејците, Арабјаните – се самоопределувале преку припадноста кон заеднички предок. Во многу случаи, тие биле водени од племенски совет на старешини и глави на истакнати лози, над кои стоел еден предводник. Асирската политика во Бабилонија, која се темелела врз способноста да се поделат, разделат и завладеат овие две групи, нај-

после доживеала неуспех, што имало погубно влијание врз империјата и станало една од поважните причини за нејзината пропаст: по страшната граѓанска војна што траела од 652 до 648 ст.е., голем дел од бабилонското население трајно се отуѓило од империјата. Освен тоа, одмаздничкиот напад врз Елам, со кој требало да се казнат Еламците за нивната поддршка на Бабилонија, целосно ја нарушил политичката рамнотежа во источните области и го отворил патот за создавање на нови држави на иранските племиња.

И внатрешните закани, најчесто во облик на палатни интриги и династички расправии, биле јасен знак дека Асирија постепено сама ја истрошила сопствената инфраструктура на империјална моќ. Сè до средината на VIII век ст.е., обласните управители и високите воени заповедници уживале голем политички углед во асирското општество; но, реформите на Тиглат-Пилесер III значеле дека кралот сега бил врховен и апсолутен владетел. Не само што великодостојниците зависеле лично од кралот и неговата волја, туку тие престанале да полагаат какво и да е право на авторитет или наследување на положбата. Највисокиот слој на асирското општество веќе не произлегувал од општеството, туку се создавал и се укинувал исклучиво со одлука на владетелот, без никаква органска врска со граѓанското тело. И воопшто, доцноасирската империја усрдно ја промовирала идејата за мултиетничка држава и сè повеќе го влечела легитимитетот од владетелот како јавна фигура, а не од кралската власт како институција. За да се одржи ваквата неприродна творба, се трошеле огромни суми од државната ризница – стратегија што истовремено била и ризична, и кусовечна.

Во мигот кога непријателите удриле врз ослабената Асирија, не само што империјата и државата биле разнишани, туку срцевината на Асирија била сведена на основно земјоделско опстојување. Населението веќе не било претежно асирско, а традиционалното благородништво, кое ѝ пречело на централизацијата на кралската власт, веќе било целосно збришано. Ова е главната причина поради која Асирија исчезнала толку целосно и неповратно – веќе ги немало стандардните локални структури врз кои би можела да се прероди; немало основа, врз која повторно би се градело. Во Асирија веќе немало ништо без кралот, а откако го снемало кралот, ја снемало и државата.

Поранешната империја потонала во историографски мрак. Во Бабилонија, династијата што произлегла од еден племенски сојуз на Халдејците се извишила до статус на светска сила, а VI век ст.е. станал време на економски и демографски подем и ширење, урбанизација и зголемени земјоделски приноси низ целата јужна Месопотамија. Најважно од сè,

за разлика од асирските – градовите и храмовите на Бабилонија го преживеале падот на халдејската династија, а зашто умееле да ги преустројат градовите-кралства во обични градови, продолжиле да живеат под последователните власти на персиските, селевкидските и партските кралеви.

## Литература:

Bang, P. F. & Bayly, C. A. (2003). "Introduction: Comparing pre-modern empires." *Medieval History Journal* 6.2, pp. 169–187.

Barjamovic, G. (2011). "Pride, pomp and circumstance: Palace, court and household in Assyria 879–612 BCE." In J. Duindam, T. Artan, and M. Kunt (eds.), *Royal courts in dynastic states and empires – a global perspective*, pp. 27–61. Leiden: Brill.

Barjamovic, G. (2012). "Propaganda and practice in Assyrian and Persian imperial culture." In P. F. Bang and D. Kołodziejczyk (eds.), *Universal empire: A comparative approach to imperial culture and representation in Eurasian history*, pp. 43–59. Cambridge: Cambridge University Press.

Barjamovic, G. (2013). "Mesopotamian Empires". In Bang, P. F. & Scheidel, W. (eds.), *The Oxford Handbook of the State in the Ancient Near East and Mediterranean*, pp. 120–160. Oxford: Oxford University Press.

Brisch, N. (2008). *Religion and power: Divine kingship in the ancient world and beyond.* Chicago: Oriental Institute of the University of Chicago.

Ellis, M. de J. (1976). *Agriculture and the state in ancient Mesopotamia: An introduction to problems of land tenure.* Philadelphia: Babylonian Fund, University Museum.

Joannès, F. (2004). *The age of empires: Mesopotamia in the first millennium BC.* Edinburgh: Edinburgh University Press.

Мочалов М. Ю. (2015). *Ассирийская держава. От города-государства – к империи.* Москва: Вече.

# 4
# ЕГИПЕТСКОТО КРАЛСТВО

Египетската држава во современата наука. – *Пристапи во изучувањето на египетската држава. – Научни модели на египетската држава.* – Основни природни и стопански определници. – *Нил, наводнувањето и власта.* – Политичките циклуси во развојот на египетската држава. – *Четвртото илјадалетие ст.е. – Старото кралство. – Првиот преоден период. – Средното кралство. – Вториот преоден период. – Новото кралство. – Третиот преоден период.* – Т.н. *„Саитска обнова“.* – Кралската власт и администрацијата. – Урбанизацијата. – Храмовите. – Правниот поредок.

Египетската држава е важна основа за изучување на историјата на предмодерните државни системи, развојот на нивните институции и улогата на географијата и климата во обликувањето на државата. Изворите не се распределени рамномерно, па сѐ уште не можеме целосно да го опишеме развојот на египетското кралство, кое опстојало повеќе од три илјадалетија. Речиси сите прикази на египетското уредување се задржуваат на еден одреден дел од египетската историја (на пример, на Новото кралство, кое е најдобро проучено), или пак само на еден државен орган или концепт (на пример, на кралската власт како жариште на државната идеологија). Сепак, врз основа на сведоштвата за некои периоди од египетската историја – особено за Средното и Новото кралство, како и за времето на Птолемаидите – може да се даде општ приказ на начинот на кој функционирал египетскиот државен систем.

## ЕГИПЕТСКАТА ДРЖАВА ВО СОВРЕМЕНАТА НАУКА

Првите споредбени истражувања на египетската држава произлегле од хеленскиот интерес за Египет – поточно, од приказот на Египет во втората книга на „Историите“ на Херодот (V век ст.е.), во „Политиката“ на Аристотел (IV век ст.е.), како и од списокот на египетски владетелски семејства што го изработил свештеникот Манетон во III век ст.е. Овие дела ги обликувале пристапот и разбирањето на стариот Египет повеќе од две илјадалетија. Дури и по расчитувањето на египетското писмо во втората половина од XIX век, кога на Египет веќе можело да му се пристапи

врз основа на неговите сопствени извори, научниците продолжиле да се држат до рамката на размислување поставена од класичните автори. Основни извори за египетското државно устројство и за неговиот развој се кралските споменици и административните белешки; но, нивната нагласка почива исклучиво врз владетелот и работата на државните служби, па може да ни прикаже слика на една статична држава, во која немало речиси никаков развој. За среќа, во последниве години драстично се менува ваквото гледиште за Египет, кој наводно не знаел за промени.

• *Пристапи во изучувањето на египетската држава.* – Во изучувањето на египетската држава има три главни пристапи, кои ги нарекуваме *египтолошки*, *споредбен* и *социолошки* пристап. Египтолошкиот пристап се темели главно врз *развојот на египтолошките истражувања*. Иако би било логично главниот збор тука да го има археологијата, на терен сепак претежнува филологијата, поточно – објавувањето и каталогизацијата на натписи, папируси и слични пишани извори; традиционално, археолошките истражувања се задржуваат главно врз храмовите, гробовите на великодостојниците и историјата на уметноста. Египетската археологија прилично бавно ги усвоила понапредните методи на археолошко истражување, што се применувале на други места во Средоземјето. Во поново време нештата сепак се менуваат, иако најстарите градски средини – со исклучок на неколку места што се интересни за туристите –сè уште се слабо истражени. Во иднина мора да уследат и подлабоки истражувања на населбите, кои ќе ни овозможат да го следиме ширењето на државната власт и стопанскиот развој низ времето.

Со вториот, т.н. споредбен пристап, Египет се постава во *споредбена рамка со другите антички цивилизации*. Овој пристап обично го користат антрополозите и социолозите на минатото, кои го користат Египет како студија на случај, а неговите особености ги ставаат во научен контекст преку широки споредби со други, нему современи држави. Добар пример за ваквиот пристап се истражувањата на Мајкл Ман, кој ја прикажува „собирната“ улога на реката Нил при општественото раслојување и создавањето мрежи на политичка моќ. Ваквиот историски и политички модел навестува дека развојот на државните институции започнал рано и се одвивал брзо, со што обезбедил цврста политичка рамнотежа. Вистина е дека власта се одржувала без прекини, а неспорно е и тоа дека меѓу различни династии – но и меѓу некои подолги периоди, како Старото и Средното кралство – има очигледен континуитет; па сепак, ако на Египет му се пристапи само врз основа на правилностите што важат и за другите држави од тоа време, ќе нема место за „преодните периоди“, кои се особеност на египетската држава, а ги одбележуваат децен-

трализација, напоредни владеења и прилагодувања на апаратот на власта, со што всушност и се овозможувал континуитетот од еден до друг период на централизација.

Третиот, т.н. социолошки пристап во научната литература се состои од *поставање на египетската држава во широка општествена рамка,* со нагласка врз правилностите на империјална експанзија и создавањето на т.н. „светски систем“. Во расправите за развојот на цивилизацијата, општественото устројство и државната моќ, општествените науки уште одамна ги користат наодите и аргументите од египетската историја. Ваквиот контекст на нештата за прв пат е исцртан во студијата на Макс Вебер за аграрната социологија на античките цивилизации, а највиот споредбен труд, во кој главните примери се темелат токму врз египетската држава, е студијата за ориенталниот деспотизам на Карл Витфогел. Во оваа студија, Витфогел ја објаснува својата теорија за т.н. „азиски тип на држава“, во која наводнувањето е во непосредна врска со деспотската, централизирана државна власт.

Студијата на Витфогел е само продолжение на еден мошне познат и често користен концепт, во кој се нагласуваат наводните разлики меѓу „Истокот“ и „Западот“. Почнувајќи од приказот на разликите меѓу Хелените и Персијците како главна претпоставка на „Историите“ на Херодот, преку критиката на азиските држави кај Аристотел, па сѐ до Макс Вебер, овој концепт за „источен деспотизам“ ги спротивставува кралствата во Азија со „демократските“ држави на Западот. Првите наводно се одликувале со затворена политика, статично општество, труд врзан за земјата и немање приватна сопственост, а вторите – со отворено општество, демократско уредување и слобода на поединецот. Денес знаеме дека нештата не се толку остро разграничени, и дека ниту „неслободните општества“ биле до таа мера неслободни, ниту пак во „слободните општества“ поединецот бил навистина политички слободен  и имотно независен. Но, вистина е дека особените имотни односи и системот на присилен или неплатен труд биле клучни во изведбата на големите градежни зафати во речните долини на Египет, Месопотамија, па дури и Индија и Кина, во кои владетелот немал вистински соперник, а го поддржувала голема, зависна бирократска елита.

Трудот на Витфогел ни дава добра слика како се толкувала политичката економија на раните држави во постарата научна мисла. Земјоделството во „азиските“ држави наводно имало органска врска со наводнувањето, а тоа пак – со централизираното управување со водите, општествената моќ, имотните права и устројството на државата во целина. Според овој „деспотски“ модел, животните потреби на Египет биле врза-

ни за наводнувањето, а потребата да се контролираат мрежите за наводнување создала простор за да се воведе своевидна „хидраулична бирократија“, која требало да ги контролира стопанските ресурси; ова „хидраулично“ земјоделство наводно ја хранело „апсолутната моќ“ во државата. Општата теорија на Витфогел е интересна, но надмината во современата наука. Денес знаеме дека наводнувањето во Египет имало мал обем и се спроведувало локално, најчесто без мешање од државата; државата имала сосем мала улога во земјоделството, и никогаш не успеала да воспостави целосна контрола врз ниту една стопанска гранка. Освен тоа, во пристапот на Витфогел не се води сметка за сложените, испреплетени општествени врски и имотни односи на храмовите и нивните економии.

• *Научни модели на египетската држава.* – Современата наука ја замислува старата египетска држава на два главни начини, или научни модели – *ориенталистички* и *египтолошки*. Првиот модел – наречен *ориенталистички*, или *деспотски модел* – е замислен како спротивност на хеленските полиси какви што ги гледаме кај Херодот, Аристотел и кај други антички автори. Според овој модел, Египет треба да се сфати како неподвижна, непроменлива, високо централизирана и деспотска држава – став што претежнувал од времето на Аристотел, па сè до Витфогел, за кого веќе стана збор. Ова гледиште е исклучиво и навидум строго, но можеби и не е сосем погрешно; во старите египетски приказни сè уште се чува жив спомен на големата моќ на кралевите од Старото кралство, кои ги изградиле пирамидите во Гиза. Сепак, овој модел има два сериозни недостатоци: прво, тој не ја постава кралската моќ во историски контекст, и претпоставува дека сите кралеви биле деспоти; и второ, тој не ги зема предвид политичките односи меѓу кралот и другите политички чинители – свештенството, храмовите и влијателните воени заповедници.

Вториот научен модел на египетската држава, кој може да се нарече *египтолошки модел*, ги нагласува особеностите на животната средина, политичката култура и државните органи што се обликувале во старата египетска држава. Според овој модел, кралот бил средишна точка на државното устројство и ги поседувал или контролирал сите суровини во државата. Особена нагласка се става врз периодите на силна централизација под власт на домородно семејство: Старото, Средното и Новото кралство. Секако, ова главно се темели врз зачуваните податоци за египетската држава и нејзините највисоки слоеви, со нагласка врз политичката историја и државните култови. По падот на Новото кралство во 1069 ст.е., Египет неретко го управувале надворешни сили, било како дел од други држави (Асирија, Персија) или како кралство со туѓинска династија (Птолемаидите); овие надворешни сили донеле и нови облици

во уредувањето, со кои се смениле особеностите на државата, па египтолошкиот модел веќе не може да се примени во целост.

## ОСНОВНИ ПРИРОДНИ И СТОПАНСКИ ОПРЕДЕЛНИЦИ

Ако се суди според насоките во кои се ширела египетската држава на воено-политички план, изгледа дека најстариот државен облик се изродил од едно политичко јадро во јужен Египет, а потоа се ширел кон север долж долината на Нил и најпосле воспоставил контрола врз Делтата; со ова бил обезбеден пристап до патните правци кон исток (предна Азија) и кон југ (Нубија). Дополнителен поттик за ширење на државата била и потребата да се воспостави контрола врз изворите на минерали и други важни суровини – рудниците за бакар на полуостровот Синај, како и златото и минералите во Нубија и во соседната Источна пустина.

Во цутот на неговиот развој, стариот Египет опфаќал четири поголеми области: Делтата, Фајум, долината на Нил и западните оази. Од времето на Старото кралство, јужната политичка граница на Египет минувала кај денешен Асуан. Има разни проценки за населението и неговиот прираст. Врз основа на површината на обработената земја, вкупниот принос, потрошувачката по жител и односот на градско и селско население, се проценува дека во времето на Старото кралство Египет имал 1.23 милиони жители, во Новото кралство – 2.12 милиони, а во хеленистичко и римско време – 3.23 милиони жители.

Голем дел од земјата долж средното течение на Нил била послабо развиена дури и во Средното кралство, и токму тоа е причината што не може да се даде целосен приказ на историјата на египетската држава. Имено, изворите се групирани околу најразвиените места – неколку важни средишта на север, погребните комплекси на Старото кралство во Сакара и Гиза, како и Горен Египет; изворите за другите области се нецелосни и разбиени, а овој недостиг најмногу се чувствува во Делтата. Затоа мора потемелно да се истражат периодите кога во Египет имало централна политичка контрола; но, во севкупните рамки на египетската историја, ваквите периоди всушност биле исклучок, а во време на слаба или никаква централна контрола, земјата се делела на неколку помали политички единици. Во самостојната египетска историја има вкупно четири периоди на силна и централизирана политичка власт: Старото кралство (~2686–2160 ст.е.); Средното кралство (~2055–1650 ст.е.); Новото кралство (~1550–1069 ст.е.); и времето од Саитската, до династијата на Птолемаидите (664–30 ст.е.). Периодите меѓу нив се нарекуваат „Преодни периоди“; нивна главна одлика се слабите државни институции.

• *Нил, наводнувањето и власта.* – Односот меѓу централната држава и локалните средишта на политичка моќ лесно се изместувал: за да се случи ова, било доволно само малку да се сменат годишниот проток и водостојот на Нил. Реката обично надоаѓала предвидливо и бавно, а благите поплави ги плакнеле минералните соли од почвата и гиноселе хранливите материи на површината. Сепак, понекогаш се случувало поплавите да бидат ненадејни, дури и диви, што им штетело на стопанството и на природниот прираст. Државата одвреме-навреме се вклучувала во целиот процес, но немала тешка рака. Справите за организирано наводнување, како *шадуфот*, биле преземени од другите староисточни цивилизации дури во времето на Новото кралство, а водното тркало на животински погон, т.н. *сакија*, воопшто не се користело пред времето на Птолемаидите. Технолошкиот напредок бил ограничен само на ситното градинарство и овоштарство, па имал сосем мало влијание врз производството. Справите за носење вода се користеле само во градините, и тоа само за важни и интензивни градинарски култури. Од друга страна, пак, канали и собирни басени се копале уште во Старото кралство – можеби напоредно со изградбата на пирамидите, а бидејќи нема податоци дека се случила некаква револуција во наводнувањето, изгледа дека подобрувањата биле мали и се случувале постепено.

Погоре спомнавме дека порано се воспоставаше причинско-последична врска меѓу хидрауличното земјоделство и централизацијата на власта, со што наводно се воспоставил некаков деспотски облик на владеење; денес е веќе извесно дека наводнувањето и производството се спроведувале во помали, локални рамки. Пишаните извори и ликовните прикази од гробниците на големите земјоделски имоти ни ги откриваат сложените односи меѓу државата, храмовите, природниот прираст, наводнувањето на земјата и приватната дејност. Административната контрола на земјоделството се спроведувала на многу различни начини. Имало големи државни проекти, како што се градежните зафати кај Фајум. Се внимавало на тоа, државата да може да префрла и да пренаселува население, со цел да отвори нови области за користење; сепак, развојот најчесто се состоел од постепено прилагодување на постигањата од Старото кралство преку доизградба на канали, насипи и други делови од стопанската мрежа. Во Египет никогаш немало посебни државни служби што ќе се занимаваат исклучиво со наводнувањето или со земјоделското производство; никогаш не се спровел единствен систем за управување со сливовите и каналите, ниту пак единствен систем за распределба на вода. Основниот поттик да се создадат, да се одржуваат и да се подобруваат овие системи доаѓал од локалните заедници, кои барале одговор и

решение за разните природни и стопански предизвици што ги притискале.

Државните облици во долините на Нил, Тигар, Еуфрат и Инд се темелеле врз т.н. алувијално земјоделство. Речните долини, со своето „собирно“ дејство, го привлекувале населението на една точно определена територија, со што овозможувале централизирање на политичката и економската моќ. Немањето локални политички противници му овозможило на египетскиот владетел да наметне исклучива и целосна контрола врз речниот сообраќај и суровините (главно каменот и металите за изработка на алати), а плодната египетска почва давала големи вишоци. Ова бил клучот за успехот на државата. Сè дури имало ефикасни начини да се собира данок, немало потреба ниту да се развива, ниту пак деспотски да се контролира процесот на наводнување.

Според сè, институциите на централната власт се појавиле кон крајот на IV илјадалетие ст.е., а нивна потпорна точка била божествената природа на кралската власт. Важно е да се запомни дека државните институции во Египет се појавиле пред првите обиди за вештачко наводнување, па затоа и не може да се тврди дека произлегле од потребата за државна контрола врз наводнувањето. Поверојатно е дека деспотската природа на државната идеологија се обликувала поради разбиениот карактер на египетскиот политички систем, или поточно, поради потребата еден владетел да се крене над ситните и општествено раслоени локални структури на власта. Државните служби имале ограничена ефективност, а власта на фараонот се потпирала врз лојалноста на локалните моќници: системот дозволувал данокот да се собира и да се троши во локални рамки, во замена за верност кон престолнината и локална работна сила. Клучот за централната власт во Египет била токму способноста на владетелот да собира сили (за воени походи, за пробивање канали или за експедиции за набавка на суровини) преку локалните моќници – и, се разбира, да го оданочува и да го прераспределува земјоделското производство преку локалните храмови.

Во идеални услови, во Египет владеел принципот на изразена централизација, поради што кралот имал речиси целосен монопол врз ликовните претстави и книжевните текстови. Изразите како „вода на фараонот“ (всушност, државен канал за јавна употреба) сведочат за опфатот на кралската идеологија во секојдневниот политички живот – но не и за мешање во локалната економија. Владетелот имал право да доделува земјиште на службеници и на војници. Наводнувањето на полињата било организирано околу причувните басени и резервоари; чистењето на каналите, заштитата на насипите, мерењето на водостојот, давањето по-

зајмици во семе, премерот на полињата и плаќањето на закуп и данок на земјиште се одвивале на локално ниво, преку месните органи на власта, но сепак под надзор на кралот и централната власт. Државата немала внатрешни соперници, а немало ниту силни градови-држави – како, на пример, во Месопотамија – кои би ѝ биле противтежа на кралската власт. Сево ова создало еден вид „феудална“ општествена организација, во која главниот двигател, всушност, бил најнискиот и најсиромашниот слој. Во периодите кога Нил имал низок водостој, слабееле и политичките врски на селата со окружните седишта, како и врските на окружните средишта со политичкиот центар; тогаш пропаѓала целата „вгнездена“ хиерархија на населените места и нивните органи на управа.

## ПОЛИТИЧКИТЕ ЦИКЛУСИ ВО РАЗВОЈОТ НА ЕГИПЕТСКАТА ДРЖАВА

Една од најкарактеристичните одлики на египетската историја се политичките, т.е. династичките циклуси – периоди на централизирана државна власт, кои се сменуваат со периоди на децентрализација. Во „преодните“ периоди, меѓу два централизирани династички циклуси, се забележува опаѓање на населеноста и природниот прираст и недостиг на централни институции, а со тоа и политичка разбиеност и прекин во јавните работи и монументалните државни проекти.

Подредувањето на египетската историја по владетелски семејства или „династии“ за првпат го направил египетскиот свештеник Манетон, чиј приказ на египетската историја, напишан на хеленски јазик околу 270 ст.е., е зачуван во одломки.

• *Четвртото илјадалетие ст.е.* – Има неколку различни теории за појавата и подемот на египетската држава – од теоријата дека ширењето се должело на прирастот на населението, па сè до теориите дека државниот подем се темелел врз наводнувањето, врз трговијата или врз силната идеологија. Веќе видовме дека денес се отфрла причинско-последичната врска меѓу наводнувањето и државната власт; сепак, не може да се одрече дека реката била важен чинител во имотното раслојување на општеството и во обликувањето на државата воопшто. Развојот на наводнувањето во локални рамки предизвикал поголем прираст на населението, општествено раслојување и, барем во најгусто населениот дел од долината на Нил во јужен Египет – појава на централизирана држава. Се чини дека голем удел имала и контролата на трговските патишта низ Нубија и Палестина. Археолошките сведоштва за трговските врски со овие две области се јавуваат прилично рано, а особено е впечатливо големото

количество миризливи масла што токму од таму се увезувале за потребите на палатата. Контролата врз трговијата, сметководството и писарските служби – напоредно со создавањето идеолошки структури, со кои се обликувала политичката посебност – ги прошириле и ги забрзале процесите на централизација на државата.

Времето кога на југот на Египет се јавуваат мали градови-држави денес договорно се нарекува „Нулта династија". Тоа е заедничко име за една група владетели што не влегува во традиционалната Прва династија, кога т.н. тинитски кралеви ја поставиле сцената за класичната египетска историја. Во тоа време се обликувале основите на административните служби на чело со т.н. „везир", како и механизмите за собирање данок, а административните окрузи, договорно наречени „номи", биле основани веќе до времето на Втората династија.

Уште од најстаро време, во Египет имало големи регионални разлики, кои се должеле на разликите во културата и географските чинители. Во IV илјадалетие ст.е., во Горен Египет веќе имало општествено раслојување, елитно градителство со сушени тули, напредна грнчарска технологија и големо соперништво во производството. Во некои горноегипетски центри – Накада, Хиераконполис, Абидос – до ~3500 година ст.е. веќе постоела и своевидна кралска идеологија. Хиераконполис одиграл особено важна улога во обликувањето на државата и развојот на идеологијата: таму се развил култот на богот-јастреб Хорус, најважниот симбол на законската кралска моќ низ египетската историја. Погребните прилози од гробовите во Абидос укажуваат на силни трговски врски со Сирија и Палестина, дури и со денешен Авганистан, од каде се купувал син камен. Веќе се препознаваат и најраните облици на писмото, кое сè уште има облик на ознаки, но е сосем доволно за да ја покаже најраната концепција за државата и нејзината територија.

До времето на Првата династија, кралската идеологија веќе била добро развиена и посведочена во монументалните градби и погребни прилози во кралските гробници во Абидос. Има многу малку докази за бирократска структура, освен титулите и имињата на разни служби, од кои повеќето се почесни и наменети за даночници. Кралот и политичкиот центар биле мобилни, а даноците се собирале непосредно, за време на кралските посети на областите.

• *Старото кралство.* – Сè уште не знаеме многу нешта за историјата на Старото кралство – меѓу другото, и тоа како функционирала државата. Од времето на Старото кралство се зачувани сосем малку административни записи; затоа често се истакнува дека историјата на ова време всушност се состои од историја на познатите кралски семејства и

археологија на откриените кралски гробници. На овој степен на развој, клучна особеност на државата биле големите кралски погребни комплекси изградени кон крајот на Третата династија, меѓу кои се издвојува скалестата пирамида на Џосер во Сакара, како и погребните комплекси на платото Гиза, изградени од кралевите од Четвртата династија. На крајот од Старото Кралство се случиле важни политички поместувања, за кои сведочат сразмерно помалите димензии на кралските споменици во споредба со издлабените гробови во карпа на месните великодостојници од Горен Египет. Сè укажува дека во ова време значително пораснале важноста и влијанието на култот на сонцето и на неговите свештеници, како и на обласните управни тела во Горен Египет.

Египет имал бирократска административна служба. Државата успевала да собере работна сила преку административен синџир на заповедништво, кој ги врзувал обласните управи со централната власт. Сè до продорот на Хиксите во Вториот преоден период, Египет речиси и да немал надворешни закани, па војувањето повеќе се користело како показ за кралското величие, одошто како бедем за одбрана на земјата. Почнувајќи од Старото кралство, вообичаено се собирале воени одреди од туѓинци, а морнарицата била главна бојна сила сè до Новото Кралство. На еден натпис од Петтата династија, познат под името „Каменот од Палермо“, се одбележани големи (наводно воени) походи, кои сведочат дека централната власт, по потреба, била способна да собере и да построи повеќе од 20.000 луѓе. Се оданочувале кралските, храмовните и приватните земјопоседи, а главни двигатели на месната економија биле верските институции и таканаречените „божји фондации“, кои обработувале земја ослободена од данок, а се потпирале врз локалните култови на кралот и на локалните моќници. Во денешната наука, највисокиот административен службеник договорно се нарекува „везир“, служба посведочена во сите фази на египетската централна власт. Во подоцнежно време, во рамките на државниот бирократски систем напоредно службувале двајца везири: еден одговорен за северната, а другиот за јужната администрација.

Нагласката во раното Старо Кралство обично се ставала врз кралот и неговото семејство. Кралските погребни комплекси биле и центри на култовите на предците; со тоа се создала основата за династичкиот, а преку него и за државниот континуитет. Се јавил нов вид на храм, посветен на богот на сонцето; тој ја одразувал промената во политичките институции на државата, во која кралот сега ја делел власта со сè посилните свештенички редови. Политичката престолнина се наоѓала во Мемфис, чие главно обележје биле „белите ѕидови“ на кралскиот палатен комплекс, претставен и во погребниот комплекс на Џосер во Сакара.

Крајот на Старото Кралство – а со него и крајот на палатната култура – настапил по долгото владеење на Пепи II, можеби најдолговечниот владетел во светската историја, кој владеел шеесет и четири (или, според други пресметки, цели деведесет и четири) години. Животописите на службениците од доцнежното Старо кралство сведочат дека во времето на пирамидите веќе постоел развиен административен систем, како и бирократска структура која работела напоредно со кралското семејство.

• *Првиот преоден период.* – Во науката сè уште се спори за многу нешта во врска со падот на државната организација на Старото кралство. Веројатна причина за неговиот пад е сè поголемата моќ на локалните великодостојници, а веројатно имале улога и лошите стопански услови предизвикани од ниските водостој на Нил. Крајот на Старото кралство и почетокот на Првиот преоден период, кој траел околу едно столетие, се случиле во време кога на стариот Исток преовладувала посува клима, за што сведочат ликовните претстави во гробниците, но и книжевните описи на гладта во текот на Првиот преоден период. Сепак, најважен чинител за падот на централната власт веројатно била неспособноста на државата да го прилагоди односот меѓу кралот и помалите, обласни центри на политичка моќ. Во одредена смисла, враќањето кон регионализмот било природна политичка рамнотежа во долината на Нил. Сепак, овие „преодни“ периоди биле и време на посебна креативност, која овозможила повторно да се основа централизирана држава, со нови особености и нова слика за кралската власт. Во следната фаза од централизацијата за првпат ќе се јават поголеми промени во погребувањето, а во книжевноста ќе се појават првите текстови со слика на идеалната држава.

• *Средното кралство.* – Средното кралство се изродило од борбите за власт меѓу едно семејство од египетска Теба и едно семејство од север, кои ги опфаќаат Деветтата и Десеттата династија на списокот на Манетон. Станува збор за славно време на египетската култура, со префинета уметност и книжевни постигања, но и време на развиена бирократска служба, која се раширила низ најголемиот дел од Египет и Нубија. Клучните градови станале административни средишта водени од номарси кои, барем теоретски, лично му одговарале на кралот. Подоцнежните реформи на Сесострис III од Дванаесеттата династија ја поделиле политичката контрола меѓу официјалните службеници на северот и на југот. Била воведена постојана војска со посебна административна мрежа, а походите во западна Азија и Нубија го ширеле влијанието на египетската држава. Со помош на низа утврдени градови, наменети да ги контролираат речниот сообраќај и трговијата, било воспоставено постојано

египетско присуство и долж реката Нил во Нубија, вон традиционалните граници на државата. Војската била расеана низ египетските области и се собирала по потреба, а во служба се земале и Нубијци од Источната пустина. Овој период – а особено времето на Дванаесеттата династија – се одликувал и со поразвиена бирократска структура и посилни локални политички средишта. Се чини дека еден цел нов сектор на палатната администрација бил задолжен само за контролирање на принудната работа.

• *Вториот преоден период.* – Падот на Средното кралство се случил во еден мошне нејасен период на египетската историја, кој договорно го нарекуваме Тринаесетта династија. За бројот на владетелите сѐ уште се расправа, но изгледа дека ги имало повеќе од педесетмина и дека секој од нив владеел мошне кусо време, додека државата најчесто ја контролирале „везирите“. Продорот на Хиксите („туѓинските кралеви“) ја поделил државата на две сфери на политичка контрола. Делтата и долината на Нил сѐ до Хермопол се нашле под контрола на Хиксите: шест нивни владетели владееле со северот нешто повеќе од сто години, а најверојатно ги контролирале и западните оази на патот кон Нубија. Едно владетелско семејство од Горен Египет ја контролирало областа околу египетска Теба; токму ова семејство ја започнало триесетгодишната борба за протерување на Хиксите од Египет. Владеењето на Хиксите оставило длабоки лузни во кралската идеологија на Новото кралство, но и неколку важни технички новини од западна Азија, кои им биле прилагодени на египетските потреби. Најважни од нив се композитниот лак, бојната колесница и коњот, кои ќе се користат мошне ефективно во следната фаза на централизирана државна власт.

• *Новото кралство.* – Старата египетска држава го достигнала врвот во административното устројство, населеноста и територијалниот опфат за време на Новото кралство. Новото кралство било „зрелата држава“ на старата египетска историја, една од првите вистински империјални држави во светската историја и дел од големиот „меѓународен систем“ на заемно поврзани држави во источното Средоземје. Ширењето на државата кон Нубија и западна Азија било посеопфатно и подолготрајно од претходно. Значително се промениле и ликовните прикази на кралската власт во храмовите и на свеченостите, кои сѐ повеќе ги нагласувале постигањата на кралот, а особено воените успеси. Државните институции станале поформални, а главните храмови – побогати со суровини и посилни во спроведувањето на кралската волја. Теба станала церемонијално средиште на државата: во градот се одржувале возвишени државни верски свечености со нагласка врз воените освојувања во

име на богот Амон-Ра, „кралот на боговите“. Била заснована и постојана професионална војска, со војници што биле закрепостени како земјоделци во своевиден систем на воени колонии, а се собирале кога ќе се јавела потреба. Се проценува дека во времето на Осумнаесеттата династија Египет располагал со околу 20.000 вакви војници; нешто повеќе имало во Деветнаесеттата и Дваесеттата династија, но само поради вклучувањето на војници однадвор. Во поглед на бројките, оваа мобилизација е соодветна со обемот на државните градежни зафати во други периоди – на пример, градењето пирамиди во Старото кралство или сушењето на мочуриштата во времето на Птолемаидите.

Нубија станала своевидна провинција на египетската држава, управувана од „заменик крал“, наречен „кралскиот син од Куш“. Главна причина за ширење на државата во овој правец била контролата врз суровините во долината на нубиски Нил. Археолошките наоди сведочат дека тука се населувале египетски семејства, најчесто вработени во администрацијата; на бреговите на Нил во Нубија се граделе храмови, а бил проширен и опфатот на обработлива земја. И ова проширување се должело на потребата да се контролираат трговските правци и суровините, од кои најмногу се ценеле златото, животинските кожи, слоновата коска и абоносот.

Државните потфати на Истокот имале поинаква, посредна и помалку трајна природа одошто во Нубија. Првото ширење на Новото кралство кон западна Азија било поттикнато од потребата да се воспостави одбрамбен простор меѓу Египет и Хиксите, чие протерување од Египет послужило како движечка идеолошка сила за тебанското ширење кон север. Египјаните сега се соочувале со големи држави (Хетитското кралство, Митани), големи војски и големи и заплеткани мрежи од градови-држави со одамна исцртани меѓусебни односи. Фараоните на Новото кралство се обидувале да воспостават слични мрежи од држави-клиенти и да населат административни службеници, задолжени за одредување и собирање даноци и придонеси.

Со цел да дадат точна слика за природата и суштината на оваа империја, научниците најчесто се потпираат врз идеолошките текстови и ликовните претстави од храмовите на Новото кралство. Текстовите како т.н. „Анали на Тутмосе III“ даваат приказ на воените освојувања на стариот Исток во потесна смисла на зборот, а ликовните претстави на принесување данок, како и идеологијата на кралот како кротител на туѓи земји, биле дел од еден поширок развој на идеологијата како оправдување на кралската власт и на улогата на кралот во империјалниот систем. Сепак, јасно е дека овие текстови и уметнички дела имаат програмска и

идеолошка природа, па затоа и не можат да ни послужат како сведоштво за вистинските мотиви за египетското ширење или за вистинската состојба во државата.

• *Третиот преоден период.* – По смртта на Рамзес XI во 1069 ст.е. се распаднало и Новото кралство, и неговото империјално устројство. Во текот на првото илјадалетие ст.е., египетската држава минала низ неколку големи промени. Идеалот за политичко единство на Горен и Долен Египет станал само блед спомен, а контролата врз Египет ја делеле дури единаесет средишта на политичка моќ; меѓу нив се издвојувале Танис, во источниот дел на Делтата, и Теба, која се нашла под власт на војсководците-свештеници од тамошниот голем храм на Амон. Немањето централизирана политичка контрола им оставило простор на моќните локални семејства во најголемите градови во Делтата и низ целата долина на Нил – појава што Херодот ја нарекува „власт на дванаесетмина“. Не е случајно тоа што поголемиот дел службени и книжевни текстови од првото илјадалетие ст.е. се занимаваат со изборот и постапките на законитите кралеви и нивните врски со минатото; работата на египетските писари и свештеници станувала сѐ поважна, зашто тие почнале да прикажуваат еден вид теолошка историја, која требало да послужи како потпора за власта на одреден владетел, а со тоа и за политичката стабилност во државата.

Во политиката и војската на северот сѐ повеќе претежнувале Либијците од Киренаика, но ова било само продолжување на еден процес што започнал уште во Новото кралство. Либиските политички и културни институции биле мошне различни од египетските, но имале големо влијание врз северот на Египет речиси четири столетија. Јужната долина на египетскиот Нил, пак, била под власт на војската и на традиционалното свештенство собрано околу храмот на Амон во Теба. Војската и свештенството се слеале во ликот на т.н. „големи војсководци“, потомци на воениот водач Херихор, кој претходно владеел со југот. Најпосле, Горен Египет бил поделен на две држави, со средишта во Теба и во Хераклеопол.

Мешањето на Новото кралство во Сирија, Палестина и Нубија предизвикало возвратни напади. Откако ја поставил сестра си за „божја сопруга на Амон“ во Теба и воспоставил номинална контрола врз околината, Нубискиот крал Пије го нападнал Египет за да го запре продорот на Тефнахте, кој го контролирал египетскиот север. Сево ова завршило со устоличувањето на Дваесет и петтата династија, со која се озаконила нубиската контрола врз Египет и почнала обновата на некои древни особености на египетската цивилизација со цел да се воспостави контрола

врз целата земја. Нубиското ширење кон север се судрило со новоасирското ширење кон југ; на преминот од VIII кон VII век ст.е., Асирците кратко го нападнале Египет и склучиле договор со локалните владетели во Делтата. Од тој договор произлегла мошне важната Саитска династија.

• *Т.н. „Саитска обнова“.* – Асирскиот зависник Псаметих, кој владеел со градот Саит и околината, успеал да воспостави нова владетелска династија, позната како Дваесет и шеста или Саитска династија. Не знаеме како точно се одвивал овој процес на повторна централизација на власта, но подемот веројатно се должел и на воената моќ, и на прифаќањето на силните политички и културни традиции од минатото. Клучна улога во зацврстувањето на политичката моќ имале јонските и кариските платеници, а постепеното ширење на демотската писменост низ Египет помогнало да се создаде урамнотежена и изедначена административна служба. Почнувајќи од VII век ст.е., Египет ја прифатил улогата на активен чинител во политиката и стопанството на Средоземјето; но, влијанијата се шіреле во двете насоки, па и хеленската култура влијаела врз Египет, за што сведочат многубројните наоди од архајската хеленска уметност. Истражувањето на африканското крајбрежје – платено од кралот Нехо II, а изведено од фојникиски морепловци – сведочи за тоа колку Саитските кралеви се вложиле во воспоставањето врски со другите култури во Средоземјето, па и пошироко.

Саитските кралеви програмски го нагласувале своето египетско потекло и поврзаноста со древната историја на земјата. Поморската моќ на кралевите и свртувањето кон Средоземјето биле особено важни во времето на Нехо II и на Амасис, кој важел за прохеленски расположен владетел. Првиот чекор кон ваквиот поморски и трговски развој било основањето на трговска колонија (*emporion*) во Навкратида уште во времето на Псаметих I, со што египетските пазари широко се отвориле за хеленските трговци.

За само две поколенија – до смртта на Псаметих во 610 ст.е. – Египет успеал да си го врати местото на значајна сила во источното Средоземје. Државата повторно била обединета од Делтата до Асуан, а војската била распоредена низ целата земја, за што сведочат графитите кои биле врежани врз прочуениот споменик на Рамзес II во Абу Симбел во 591 ст.е. Угоре по реката имало влијателни и независни храмовни имоти, како имотот на храмот на Амон-Ра; таму можела да се воспостави контрола само на посреден начин, со користење на месното благородништво како противтежа на свештенството.

Мемфис повторно станал политичко средиште на земјата. Во градот имало забележителен прилив на нови доселеници, кој ѝ дал нов поттик на трговијата, со што кај највисоките слоеви во престолнината почнало да се слева ново богатство. Како реакција на зголемениот број доселеници, култот на Изида и египетските животински култови продолжиле да растат и да добиваат сила. Се обновила и градежната активност, која е цврст доказ дека постоела силна и централизирана државна контрола. Наспроти сево ова, административната структура и натаму била традиционална; како и претходно, и сега главни политички единици во земјата биле т.н. номи, на чело со номарси кои одговарале пред кралот првенствено за фискалните, а во помала мера и за судските работи.

Времето на Саитската династија, а особено на кралот Ахмосе II (Амасис, 570–526 ст.е.), се вбројува во златните периоди на египетската историја. Саитската економска и политичка моќ во Средоземјето, на Црвеното Море, во Сирија и во Палестина била поддржана од силна морнарица. Особено е важен сојузот на Амасис со хеленскиот тиранин Поликрат од Самос, зашто ни открива во колкава мера Египет бил поврзан со Егејскиот басен. Ова во голема мера било одговор на опасноста од Персија, но и продолжување на соперништвото за контрола на трговските правци низ Сирија и Палестина, кое го одбележало целото второ илјадалетие ст.е.

Во ова време, во Египет почнале да се доселуваат не само Хелени од Карија и Јонија, туку и Фојникијци и Хебреи; многу од овие разнолики доселенички заедници ја прифатиле египетската култура. За да ја зацврстат кралската власт, а со тоа и државата, кралевите од Делтата прифатиле да ја делат власта со свештенството и воениот слој од Теба, па почнале да именуваат верни градски „управители“. Повторно заживеала традиционалната матрица на управување на Горен Египет како посебна област, и тоа со голема претпазливост, пред сѐ заради чувствителноста и големото влијание на тебанските храмови. Ова било спроведено со успех; времето на Саитската династија оставило трајни траги во египетското општество, а особено бил силен културниот континуитет меѓу Саитските владетели и подоцнежната династија на Птолемаидите.

## КРАЛСКАТА ВЛАСТ И АДМИНИСТРАЦИЈАТА

Сѐ до времето на Птолемаидите, кралот бил средишна точка на египетската политичка моќ и државната идеологија. Преку кралските укази и објави, тој бил и извор на законскиот поредок и жариште на државната религија. Институцијата била лична; кралот бил во постојано

движење, а ги надзирал државните институции преку службеници распоредени низ целата земја. Сепак, зад пропишаните појавни облици на кралскиот ритуал, со текот на времето кралската власт искусила големи промени, кои биле одраз на промените во египетското општество. Сè до првото илјадалетие ст.е., податоците за политички немири и бунтови се мошне ретки, што може да се должи и на природата на зачуваните податоци, обликувани и објавувани од државниот апарат. Приказите на глад и насилство кои наводно беснееле во преодните периоди, а се опишани во подоцнежните текстови, служеле да ја пренагласат благосостојбата што завладеала откако повторно била воспоставена централизирана држава. Во пракса, државните институции постојано се прилагодувале кон потребите на локалното производство. Кралот, како војсководец и освојувач, ја одразувал потребата од империјално освојување и соодветната империјална идеолошка рамка. Затоа, пак, државното мешање во локалните работи, на пример во управувањето со селата, било сведено на најмала можна мера, па немало причина да се образуваат мрежи на напоредна политичка моќ како противтежа на палатата. Спроведувањето и одржувањето на локалната самоуправа чинело многу поевтино од спроведувањето на некаков цврсто централизиран систем – но затоа, пак, државата била осудена на постојана политичка разбиеност, а владетелот зависел од дотокот на податоци од административните служби и локалните моќници. И религијата била меч со две острици; преку неа владетелот влегувал во локалните заедници, но се создавала и мрежа од хоризонтални врски меѓу храмовите, кои можеле да ги поткопаат државните финансиски интереси. Административните окрузи, познатите „номи“, биле првична, главна и непосредна врска меѓу селата и кралската палата; затоа и не било толку проблематично што, од времето на Новото кралство, земјата се управувала како да е поделена на две административни половини, со средишта во Мемфис и во Теба. Овој модел на владеење продолжил и во времето на Птолемаидите, со тоа што политичките средишта се преместиле во Александрија и Птолемаида, два града основани во хеленистичко време.

## УРБАНИЗАЦИЈАТА

Во науката долго се мислеше дека Египет бил нетипична староисточна држава, зашто во него немало вистински, класични градови. И навистина, пред Теба да добие важност во Средното кралство, а потоа да стане и империјално средиште во Новото кралство, единствен вистински град во Египет бил Мемфис, државната престолнина. Ова мислење,

кое целосно се темели врз пишаните извори, веќе не е општо прифатено. Сè уште немаме одговор на многу сложени прашања за улогата на градовите во Египет, за нивната типологија, особеностите, па дури и за нивната местоположба – но, веќе е сосем извесно дека египетските градови не треба да ги замислуваме како издвоени населби-јадра, налик на средновековните европски градови, зашто разликата меѓу урбаната и руралната средина во Египет никогаш не била многу остра.

Силната централна власт можела да се одрази врз градовите и негативно, и позитивно. Некои стари градски средишта, особено оние што никнале близу важни трговски јазли, почнале да назадуваат откако била воспоставена централизирана контрола врз трговијата. Од друга страна, градежните зафати на државата – на пример пирамидите во Старото кралство, или новата престолнина Амарна во раното Ново кралство – отвореле пат за основање и развој на нови населби. Археолошките наоди сведочат дека во ранодинастичкиот период имало повеќе градови со значителна големина (Накада, Хиераконполис), а долж течението на Нил се посведочени голем број мали градски населби, секоја со по приближно две илјади жители. Дел од урбанизираните средини тешко се препознаваат на прв поглед, зашто биле дел од храмовни комплекси; добро посведочен пример за ова е Џамет (попознат како Мединет Хабу), западниот дел на Теба, кој во времето на Новото кралство бил прикрепен до погребниот храм на Рамзес III. На други места, пак, се судираме со проблемот на постојана населеност: старите градови лежат точно под современите, па поради тоа е речиси невозможно да се спроведат археолошки истражувања.

Важни територијални единици во земјата биле веќе спомнатите „номи“, области во кои месната администрација собирала даноци и работна сила. Секоја нома имала средиште, своевиден „главен град“, во кој живееле меѓу две и три илјади луѓе. Близу половина од произведеното жито се праќало во престолнината, каде стандардот на живеење бил од седум до петнаесет пати повисок од оној на земјоделецот, а од два до петпати повисок од оној на службеникот во номата. Во идеални услови, имало четириесет и две номи – дваесет во Делтата и дваесет и две во Горен Египет, но во текот на египетската историја нивниот број многупати се менувал, што зависело и од способноста на кралот да назначи верни номарси на чело на секоја област. Службениците, кои доаѓале од највидните локални семејства, уживале голема самостојност. Местоположбата на административните средишта на номите имала важна улога во контрола на производството; средиштата се основале на точно обмислено растојание едно од друго, веројатно на околу еден ден пат на магаре.

Најважните градски средишта обично се наоѓале околу главните храмови. Ваквите „храмовни градови“, какви што можеби имало само во Египет, биле седишта на администрацијата и ударни точки на стопанската активност. Државата во Египет никогаш не ја презела улогата на градовите како главен двигател на стопанството; освен градовите, важен чинител во државната економија биле и храмовите, кои обично биле дел од државниот апарат, но во време на послаба централна власт, работеле и самостојно.

## ХРАМОВИТЕ

Египетските храмови имале клучна улога за стопанската и идеолошката моќ на државата. Во науката сè уште се расправа за точната правна положба на храмовите, но според сè, тие биле дел од државниот правен поредок. Активноста на Птолемаидите за вклучување на храмовите во новиот државен систем покажува колку било важно храмовите, нивните свештенства, а особено нивните имоти и понатаму да функционираат како дел од државниот систем. До времето на Новото кралство, поголемите храмови контролирале огромни земјишни имоти и работници закрепостени за нив. Храмовните капацитети за складиштење имале клучна улога во месниот стопански поредок, зашто дозволувале вишокот да се складира и да се распредели кога ќе се јави потреба. Ваквиот образец на работа продолжил и во времето на Птолемаидите. Другите особености на храмовите – нивната стратешка местоположба, пазарната активност, управната функција и капацитетот за складирање жито – сведочат дека храмот бил најважна локална потпора не само на државната идеологија (преку верските обреди и големите, богати годишни празнувања), туку и на државната економија. Храмовите влечеле приходи од производството врз нивната дарувана земја, но и од производството на ткаенини и давањето пасишта под наем. Производите се „дарувале“ во облик на придонеси за месните божества-заштитници, но точно бил одреден и делот што им бил наменет на храмовните службеници и настојници.

Една важна одлика на Новото кралство е тоа што храмовите добивале голем дел од кралскиот воен плен во вид на жртвопринесувања. Најголемиот дел од пленот го добивал главниот државен храм на Новото кралство, храмот на Амон-Ра во Карнак; со тоа, храмот постигнал такво предимство во пошироката околина, што по падот на државниот поредок се развил во средиште на самостојна теократска држава. Во времето на Новото кралство, огромните храмовни земјопоседи биле обработува-

ни од воени пленици, а дел од земјата им се изнајмувал на државни службеници, свештеници, војници, писари, дури и на платени војници од други земји. Во подоцнежно време немало ништо соодветно на оваа појава, ниту пак постоело државно божество како заштитник на империјата; напротив, голем дел од економските функции на храмовите биле преземени од кралевите од династијата Птолемаиди, кои основале банки и складишта под непосредна државна контрола.

## ПРАВНИОТ ПОРЕДОК

Во Египет немало независно судство и не се правела разлика меѓу административните и правните функции на државните службеници. Сепак, идеите за правдата и правичноста се одлично развиени не само во книжевните текстови и посмртните животописи на високите службеници, туку и во јасно изразената идеологија на кралската власт како заштитничка на правдата. Законитоста и правичноста како човечки вредности биле нераскинливо врзани со однесувањето на кралевите и биле вградени во секој кралски ритуал. Тие биле и честа тема во книжевните расправи за „добриот“, или дури „идеалниот крал“; во еден текст од гробот на службеникот Рехмире од Новото кралство се дава детален приказ на сѐ што се очекува од кралските службеници, како и на механизмите за спроведување и исполнување на правдата. Некаков државен службеник што ја надгледува правдата морал да постои и претходно, а службата на везирот веројатно била точно разграничена уште во Средното кралство; сепак, во Новото кралство се развила вистинска правна и судска хиерархија, со пониски совети задолжени за месните кривични и граѓански спорови.

Користењето приватни пишани документи за пренос на имот со завештание или продажба почнало да се шири уште во Старото кралство, а концептот на приватна сопственост несомнено бил стар исто колку и државата. Ширењето на демотското писмо во првото илјадалетие ст.е. предизвикало значителни промени во начинот на кој се користеле правните договори. Освен што се појавила широка лепеза од приватни договори меѓу слободни луѓе, без учество на државата, месните регистарски служби почнале да ги бележат не само приватните земјопоседи, туку и приватните договори, како еден вид гарант за нивната исправност. Па сепак, добивањето правда најчесто зависело од познанството со некој државен службеник и барало крајна трпеливост. Спроведувањето на правдата останало сериозен проблем сѐ до крајот на египетската држава.

***

Со изучувањето на историјата на Египет во поширока временска рамка излегуваат на виделина сложените меѓусебни односи на месната управа и органите на централната власт. Кралот бил средишна точка на државниот систем, кој го опфаќал и собирањето даноци, и делењето правда; но, земјоделството засновано врз поплавите долж течението на Нил обликувало едно мошне особено општествено устројство, чие главно тежиште се наоѓало на дното, кај локалните мрежи за наводнување и земјоделско производство. Во периодите на посилна централна контрола, државата го управувала и надзирала основањето нови населби и разграничувањето на нови обработливи површини, но имала мошне ограничена способност за собирање суровини, а особено за собирање воена сила. Египет ни случајно не бил статичен до онаа мера, која обично му се припишува; сепак, политичката моќ во долината на Нил сè до времето на Птолемаидите се темелела врз добро зацртани политички и економски определници, кои се менувале само кога се јавувала неизбежна потреба.

---

## Литература:


Butzer, K. W. (1976). *Early hydraulic civilization in Egypt: A study in cultural ecology*. Chicago: University of Chicago Press.

Frankfort, H. (1948). *Kingship and the Gods: A Study of Ancient Near Eastern Religion as the Integration of Society and Nature*. Chicago: University of Chicago Press.

Grimal, N. (1992). *A History of Ancient Egypt*. Malden: Blackwell.

Lloyd, A. B. (2010). *A Companion to Ancient Egypt*. Malden: Blackwell.

Manning, J. G. (2013). “Egypt”. In Bang, P. F. & Scheidel, W. (eds.), *The Oxford Handbook of the State in the Ancient Near East and Mediterranean*, pp. 61–93. Oxford: Oxford University Press.

Прусаков Д. Б. (2001). *Раннее государство в древнем Египте*. Москва: Институт востоковедения РАН.

Wilkinson, T. A. H. (1999). *Early dynastic Egypt*. London: Routledge.

# 5
# НАЈСТАРИТЕ КРАЛСТВА ВО ЕВРОПА

*Спротивставени толкувања.* – „Минојските“ држави на Крит. – *Обликот и големината на минојските држави. – Состав и устројство.* – Крит и хеленското копно. – Државите во микенско време. – *Обликот и големината на микенските држави. – Состав и устројство. – Економијата и стопанството. – Военото дело. – Идентитетот, самоопределбата и елитата.* – Падот на микенските кралства.

Во најстарата историја на Егејскиот басен имало две државотворни епизоди – една на самиот почеток, и уште една кон крајот на II илјадалетие ст.е. Првите државни творби во Европа ги поврзуваме со појавата на еден вид сложени градби – кои договорно ги нарекуваме „палати“ – на преминот од III кон II илјадалетие ст.е. на островот Крит; вторите, пак, ги врзуваме за појавата на разновидни, но сепак препознатливи „палати“ на хеленското копно кон средината на II илјадалетие ст.е.

Не знаеме дали овие две државотворни епизоди биле барем вдахновени, ако не и непосредно поттикнати од надворешни влијанија. Критските (или „минојските“) држави се јавиле на периферијата на веќе постоечките држави на Сиропалестинското крајбрежје и во Северна Африка, а копнените (или „микенските“) држави имале тесна врска со нивните минојски предвесници. Можеби токму затоа има една заедничка нишка во начинот на кој се самопретставувал највисокиот општествен слој и кај едните, и кај другите – со скапоцени увозни материјали и невообичаени вештини и знаења. Кон крајот на илјадалетието, некаде по 1200 година ст.е., државите во Егејскиот басен ги снемало за околу четири до пет столетија; по нив се појавил градот-држава (или „полисот“), кој бил сосема различен од нив и по облик, и по обем, и воопшто како појава.

• *Спротивставени толкувања.* – Прегледот на нештата во ова поглавје се темели врз повеќе од едно столетие живи научни расправи и спротивставени толкувања за природата на најстарите критски држави, како и за обемот на политичка контрола што го имале микенските држави на копното. Најстарите претпоставки биле поставени уште пред да се расчитаат изворите на линеарно Б писмо. Хајнрих Шлиман, кој работел кон крајот на XIX век, неуморно барал материјален доказ за да потврди

дека настаните опеани во хомерските епопеи имаат реална подлога; за него, Микена, Тиринт и другите локалитети од Критско-микенската цивилизација биле престолнини на кралеви-херои, како Агамемнон, Менелај и Нестор. Спротивно, сер Артур Еванс, кој почнал да го ископува Кносос во 1900 година, се потпирал врз британската праисториска антропологија од XIX век, па претпоставил дека во палатите владееле некакви „кралеви-свештеници", кои ја оправдувале сопствената власт преку повикување на натприродното. Еванс најмногу го привлекло откривањето на трите „критски" системи за пишување, во кои тој видел три различни, последователни писма: *критско хиероглифско*, *линеарно А* и *линеарно Б*. Според Еванс, минојскиот Крит не бил само првата писмена цивилизација во Европа, туку и првата цивилизација што имала превласт врз егејските острови и хеленското копно во текот на II илјадалетие ст.е.

Новата генерација археолози – меѓу кои предничеле Вејс и Блеген – почнале да ги оспоруваат ваквите толкувања, со што ја разнишале традиционалната слика за доцното бронзено време во Хелада. Во 1952, архитектот Мајкл Вентрис го расчитал линеарното Б писмо, со што поттикнал темелно преиспитување на начинот на кој биле устроени државите во Егејскиот басен, а особено микенските држави. Под влијание на ваквите нови струења, Финли го отфрлил хомерското кралство како матрица за микенската држава, а се обидел да воспостави паралели со веќе познатите држави во Месопотамија и со контрола врз вишокот на вредност, која била карактеристична за нив. Како и да е, независно од тоа дали се точни старите, или поновите претпоставки, плочките со линеарно Б писмо од XIV и XIII век ст.е. остануваат единствена подлога за толкување на најстарите фази на државноста на Крит, зашто другите писма сè уште не се расчитани.

Во неговата голема студија со наслов „Појавата на цивилизацијата", Колин Ренфру се обидел да го спои мислењето на Финли со општите археолошки претпоставки за потеклото и устројството на раните држави. Ренфру спекулира дека системот на управување на Крит бил „менаџерски"; дека критските (а подоцна и микенските) држави биле механизми за одржување на еколошката разновидност на житото, маслинките и виновата лоза на скромна територија, со цел да се обезбеди издршка за сè побројното население; но, според него, државите биле и механизми за создавање богатство, првенствено преку обработка и складирање на метали. Ренфру потцртува дека овие „рани државни модули" имале мошне мал опфат, а за да го опише начинот на кој државите преземале особености една од друга, ја користи одредницата „заемни односи меѓу сродни државни творби".

Подоцнежните изучувања, особено оние од наше време, сѐ помалку се задржуваат врз заедничките одлики на критските и микенските држави, со цел да ги потцртаат разликите не само меѓу државите на Крит и во копнена Хелада, туку и меѓу најстарите држави на Крит и подоцнежните државни облици на истиот остров. Се оспорува дури и природата на најстарите палатни комплекси на Крит и нивната улога како показатели на развојот – и во однос на нивната единечност и целовитост како комплекс од градби, и во однос на нивната улога како центар на единствена, хиерархиска власт. Некои истражувачи ја потценуваат сложеноста и специјализираноста на државите на хеленското копно, а други ја оспоруваат нивната улога во прераспределбата на ресурсите. Тие тврдат дека повеќето зафати што обично им се припишуваат на државите, всушност се одвивале вон државна контрола, а дека палатите ги „собирале“ само оние човечки и материјални ресурси што им биле потребни за да организираат производство заради размена и добивка – што била и нивната главна цел.

Без оглед на тоа што деталите се толкуваат различно, во сите расправи постојано се нагласува дека не постои единствен, детален и заокружен образец на држава од Егејскиот басен во бронзено време. Ако прифатиме една од многуте општи дефиниции на државата како *институција со централна власт, во имотно раслоено општество, во кое угледот и положбата се само делумно предодредени преку сродството*, ќе се согласиме дека во XIV век ст.е. во копнена Хелада и на Крит постоеле вакви државни творби. Сепак, не треба да се заборави дека пишаните сведоштва за овие државни творби не се распределени рамномерно во текот на целото нивно постоење: иако е извесно дека на Крит имало писмо дури и пред да се појават првите држави, археолошките наоди можат да се толкуваат заедно со документите на линеарно Б писмо, исклучиво во контекст на XIV и XIII век ст.е.

## „МИНОЈСКИТЕ“ ДРЖАВИ НА КРИТ (~2000–1500 СТ.Е.)

Долгата историја на критските, или „минојски“ држави, договорно се дели на три главни фази: *прва, стара* или *фаза на Првите палати* (~1900–1700 ст.е.); *втора, нова* или *фаза на Новите палати* (~1700–1450 ст.е.), во која биле кренати поголеми палати и палатовидни зданија; и *трета*, или *фаза на Последните палати* (~1450–1350 ст.е.), кога Кносос најверојатно станал средиште на централизирана критска држава.

Подемот на критските држави кон крајот на III илјадалетие ст.е. може да се следи преку материјалните наоди и археолошките толкувања.

Развојот на овие држави веројатно одел заедно со појавата на пловила со едра, кои драстично го скусиле патувањето меѓу Крит и источното Средоземје; ова ги олеснило превозот и размената на стоки и луѓе во поширокатa околина, за што сведочи и неколкукратното зголемување на увозот на скапоцени предмети и материјали на преминот од III во II илјадалетие. Овие промени сведочат за зачестени контакти и поблиски односи меѓу неколкуте различни цивилизациски кругови – на Месопотамија, на Египет и на Егејскиот басен – но, се чини дека писмото и писменоста сепак не биле дел од оваа приказна. Најстарото писмо на Крит не е ниту клинописно, ниту пак има облик или структура на египетски хиероглифи, туку веројатно било домородна појава; административните белешки, пак, се запишувале претежно во глина, исто како и во светот на клинописот.

Монументалните градежни комплекси наречени „палати", кои за првпат се јавуваат ~1900 ст.е. во Кносос, Фаистос и Малија, обично ги толкуваме како доказ дека се појавиле државни облици со централизирана власт. Овие палатни комплекси, расположени околу големи правоаголни дворови со отворени, поплочени простори и големи складишта, имале функција на политички, ритуални, економски и архивски средишта, во кои се носел вишокот земјоделски производи за прераспределба и се произведувале и трошеле скапоцени суровини и производи. Местоположбата на палатите најчесто била ускладена со култните места во блиската околина: најдобри примери за ова се планинското светилиште јужно од Кносос и пештерата Камарес северно од Фаистос. Палатите биле изградени на места што веќе подолго време претставувале добро населени градски средишта, а поседувале и значителни земјоделски површини во блиската околина. „Палатите" го означувале центарот на овие државни творби – но треба да се внимава на тоа дека поимот „палата" е првенствено градежен, и дека се однесува на карактеристичниот облик на главната зграда, а не секогаш и на нејзината намена. Во времето кога се појавиле првите палати, во градските средишта веќе се случувале општествени промени. За ова, меѓу другото, сведочат наодите на керамички садови за широка потрошувачка, што се делеле на важни настани на кои присуствувала целата заедница; ова не се разликува многу од случајот на садовите со извлечен обод, кои се делеле при големите градежни зафати во месопотамските градови-кралства.

Истражувањата во последниве дваесетина години, преиспитувањата на најраните фази на големите минојски палати, а особено откривањето на други палатовидни зданија, во голема мера ја усложнуваат оваа слика. На прво место е оспорен самиот поим „палата", зашто се најдени толку многу нови градби од ваков вид, што веќе тешко можат да претста-

вуваат палати во државно-административна смисла на зборот; поради ова, некои истражувачи веќе и не го користат поимот „палата“, туку зборуваат за „градби со централен двор“. Понатаму, 1900 година ст.е. веќе не се смета за време на пресврт во општествениот развој, зашто се покажа дека вакви градби со централен двор имало и во постаро време. Трето, најстарите главни палати во Кносос, Малија и Фаистос немаат ниту сличен физички облик, ниту пак истоветна општествена улога. Најпосле, многу особености на подоцнежните Нови палати воопшто не се јавуваат во комплексите од времето на Првите палати, но затоа пак ги има во околните градби. Ова упатува на помисла дека градбите со централен двор биле само соборни места за општествени настани и прослави, користени од елитните групи што домувале во близина – додека државните функции не морале нужно да се наоѓаат ниту во нив, ниту пак, воопшто, на едно исто место.

Еднакво е прифатлива и можноста дека, во најстаро време, дури и самата власт не била една и единствена, туку поделена и умножена: наместо хиерархија втемелена врз една единствена пирамида на власта, можеби имало еден вид т.н. „хетерархија“ во облик на напоредна, заедничка, корпоративна власт. Како и да е, во секој државотворен модел, највисоките слоеви се служат со слични начини за да воспостават моќ: контрола и јавна претстава на скапоцени суровини, изработки и вештини, специјализирано производство, покровителство на големи настани со широка општествена потрошувачка и користење на писмо. Токму затоа, може да се претпостави дека напоредно со развојот на државата хетерархијата отстапила пред повообичаената хиерархија, и дека била воспоставена единствена власт во Кносос, Фаистос и Малија, а можеби и на други места.

• *Обликот и големината на минојските држави.* – Не знаеме колку „минојски“ држави имало во текот на нивната долга историја. Од она што е посведочено, изгледа дека централен Крит бил поделен меѓу три државни творби: Кносос на север, Малија на исток и Фаистос на југ, секоја од нив со територија од по илјада квадратни километри. На источен Крит имало побројни и поразновидни градски средишта: средноминојската градба на локалитетот Петрас имала мал централен двор и архива со критски хиероглифски записи, но не знаеме колку далеку допирала нејзината контрола, зашто во непосредната околина имало повеќе други големи населби, како Палајкастро, Като Закрос, Псејра, Мохлос и Гурнија. Ниту една од овие населби не била основана како палатно средиште; само Като Закрос бил преизграден и преуреден како такво средиште кон крајот на времето на Новите палати. На запад, речиси е сигурно дека

имало палатно средиште под ден. Ханија, а можеби и уште едно на северниот брег, источно од ден. Ретимно.

По својата природа, палатните средишта биле градски населби. Во времето на Новите палати, Кносос надминувал 75 хектари површина, а имал најмалку 18.000 жители, што го прави најголем досега познат праисториски град во Егејскиот басен. Во ова време, Кносос и Малија – која зафаќала околу 37 хектари – биле поголеми и подобро населени од многу староисточни градови, на пример од Угарит и Алалах. Не знаеме како биле организирани нивните територии, но во овие држави имало и други населби со значителна големина, а во времето на Новите палати – и низа од специјализирани селски стопанства, кои обично ги нарекуваме „вили“. Биле мошне распространети традиционалните планински и пештерни светилишта, а некои од нив, како идајските и диктајските пештери, имале и пошироко регионално значење. Интересно е што, во текот на сето ова време, најнестабилни биле самите палатни средишта. На пример, Фаистос бил разурнат од земјотрес кон крајот на средноминојскиот период, но не бил целосно обновен сè до доцната фаза на Новите палати, а неговите административни овластувања се префрлиле во важниот „вилски“ локалитет во ден. Агија Триада, неколку километри кон запад долж истиот планински гребен. Архивата на документи на линеарно Б писмо сведочи дека Агија Триада задржала одреден облик на локална власт дури и откако била преизградена палатата во Фаистос.

Критските суровини, материјали и производи, вклучително и пишаните документи, печатите и пломбите, ги има насекаде низ поширокиот Егејски басен – од островот Китера на запад, преку Кикладите и Самотрака во северниот Егеј, па сè до Додеканес и околината на Милет во ден. југозападна Турција. За толкава територија да се покрие со трговска мрежа, во трговијата требало да се вклучат не една, туку неколку критски држави, кои имале еднаков удел во т.н. „миноизација“ на копнена Хелада. За суштината на оваа миноизација сè уште се водат бројни научни расправи; без оглед дали станувало збор за колонизација, политичка контрола или за економска експлоатација, миноизацијата била процес преку кој младите државни творби на копното набавувале минојски суровини, производи и знаења, веројатно со посредство на некои островски населби од островите Китера и Ајгина.

• *Состав и устројство.* – Државните творби од почетокот од II илјадалетие ст.е. имале влијание и углед во пошироката околина, со што поттикнувале политичка, економска и идејна соработка меѓу месното население. Во текот на II илјадалетие ст.е. овие државни творби станале класични хиерархиски држави; за жал, поради недостигот од расчитани

текстови и видливи докази, денес не знаеме речиси ништо за нивните органи и институции. За разлика од Египет, на Крит нема ликовни претстави на владетели, што донекаде ја поткрепува претпоставката дека власта на Крит била здружена (корпоративна), а не поединечна; сепак, тоа што нема ликовна иконографија во слава на поединечни владетели, не значи дека во државата немало централна власт. Добар показател за важноста на главните палати е тоа што, во одредени периоди, на многу места се имитирал нивниот облик. Очигледни примери за ова се палатата во Като Закрос, на крајниот источен брег, и палатата во Галатас, дваесетина километри југоисточно од Кносос. Палатата во Галатас се толкува на два начини: или како обид на Кносос да го покаже својот авторитет во околината, или пак како обид на Галатас да покаже дека има еднаква политичка моќ како и постарите палатни средишта. Едно од спорните прашања е и тоа, дали Кносос бил државен облик од повисок степен – еден вид над-држава со политичка контрола врз целиот остров. Според она што го видовме погоре, во времето на Првите палати, ваквата состојба била речиси невозможна; предводништвото на Кносос може полесно да се замисли на преминот од средноминојско во доцноминојско време, кога Кносос бил најголемо градско средиште на островот, со добро разработена палата, а линеарното А писмо станало единствен систем за пишување што се користел низ целиот остров.

Во текот на овој долг период, постепено се менувал и начинот на кој се појавувала и се спроведувала државноста. Во времето на Првите палати, нагласката се ставала врз палатата како појавен облик на општествените случувања, особено во Кносос, Фаистос и Малија; во доцноминојско време, овие особености на палатата веќе не биле потребни, па така и Агија Триада, место со облик на град, но мошне различен од седиштата на Првите палати, можела да добие улога на административен центар. Секако, оваа слика можеби драстично ќе се смени кога ќе се расчитаат записите на линеарно А писмо, кои во времето на Новите палати излегуваат од Крит и се наоѓаат на многу други острови во околината; широката распространетост на ова писмо навестува дека на многу места имало административни служби, но на различни нивоа и со различен просторен опфат.

## Крит и хеленското копно

Потеклото на микенската администрација, а со тоа и на одредени аспекти на микенската државотворност, јасно се распознава на Крит во минојско време; сепак, до најраните фази на микенските држави можеме

да допреме само преку археологијата. Првите јасни знаци на општествено соперништво и раслојување се јавуваат во времето на т.н. шахт-гробници (~1750–1500 ст.е.). Општественото раслојување е јасно прикажано на погребните прикази во богато украсените гробници во Арголида и Месенија, во кои се оставале богати гробни прилози во облик на скапоцени, увозни предмети од Крит, пошироко од источното Средоземје и, што е особено важно, од внатрешноста на Европа, но повторно со посредство на трговци од Средоземјето. Токму во ова време треба да се датираат првите пројавувања на мали, протодржавни творби, кои сè уште не биле држави во вистинска смисла на зборот, туку поскоро имале облик на владенија, еден вид „поглаварства" што опстојале сè до основањето на главните микенски држави. Извесно е дека во плодната Месенија во најстаро време постоеле неколку напоредни средишта на моќ, кои му биле соперници на многу попознатиот Пилос; сепак, до крајот на XV век ст.е. Пилос успеал да се наметне и станал средиште со пошироко регионално значење, за сметка на околните поглаварства, чиј углед и влијание постепено згаснале. Во големите палатни средишта како Пилос и Тиринт се распознаваат и првите обиди за монументална архитектура, што е особено важно, зашто тоа ја означува и првата институционализација на државната власт: вложувањето во грижливо изработени ликовни претстави се преселило од сферата на мртвите, која можела да се обликува по желба, во видливата сфера на живите, каде градежништвото и уметничките изработки веќе можеле да носат и политичка порака.

Крајот на Новите палати на Крит е време на многубројни, големи опожарувања. Бидејќи овој период следи веднаш по зенитот на големите микенски гробници, многу истражувачи ги толкуваат уривањата на Крит како доказ дека островот бил освоен од некоја сила од копното – особено зашто со Последните палати се јавува и линеарното Б писмо, со кое е запишан еден архаичен облик на хеленскиот јазик. Јасно е дека не може сосема да се исклучи наводното микенско преземање на островот; сепак, нештата не се толку едноставни, зашто на Крит веќе постоел висок општествен слој, еден вид „елита" длабоко вкоренета во палатното општество, чие постоење не било доведено во прашање. Затоа треба да се прифати една поблага и понијансирана реконструкција, која укажува дека највисокиот општествен слој од Кносос ја искористил можноста да ја прошири својата контрола врз поголемиот дел од островот, без оглед на тоа што можеби се сменил главниот носител на суверенитетот и државната власт. И протохеленскиот јазик, кој несомнено веќе бил познат, можеби бил усвоен како дел од административна реформа и смена на власта, а не како знак за менување на етничкиот елемент. Истовременоста на промените во Кносос со појавата на првите вистински држави на копно-

то како да ја потврдува претпоставката дека немало никаков микенски напад врз Крит, туку дека се случувал еден подолг, поширок феномен на воспоставање нов општествен поредок во јужна Хелада и на Крит, чии подробности сè уште не се расветлени.

## ДРЖАВИТЕ ВО МИКЕНСКО ВРЕМЕ (~1400–1200 СТ.Е.)

Не знаеме колку држави биле создадени до зенитот на микенскиот период (~1400–1200 ст.е.), но може да се претпостави дека местата со препознатливи палатни комплекси, со или без административни записи на линеарно Б писмо, претставувале средишта на такви држави. Јадрото на палатните комплекси имало препознатлив облик, кој во науката се нарекува *мегарон*: станува збор за голема просторија со централно огниште, обично омеѓена со четири столба, во која се влегувало преку предворје и трем на една од нејзините куси страни. Некои средишта, како Тиринт и Пилос, имале по повеќе мегарони; некои, пак, како Микена, Тиринт и Мидеја, биле и утврдени. Иако сè уште имале прилично мала територија, микенските држави биле поголеми од нивните минојски предвесници; најчесто опфаќале територија од две до четири илјади квадратни километри, нивните граници ретко се протегале на повеќе од еден ден пат во која било насока, а во нив живееле по помалку од сто илјади луѓе. Сепак, ваквите држави не можат да се наречат градови-кралства. Освен градските средишта, постоеле и повеќе други важни населени места, што сведочи дека овие држави воопшто не биле држави на еден град и на неговата околина, туку претставувале „сложени“ држави, составени со спојување и „вградување“ на помали, претходно независни државни единици.

Записи на линеарно Б писмо досега се најдени само во поголемите центри, па и самото нивно постоење е своевиден показател за централниот статус што го имала населбата. Досега се најдени околу 5.500 плочки со записи на линеар Б, посведочени на девет места: на Крит – во Кносос и Ханија, а на копното – во Пилос, Микена, Тиринт, Мидеја, Теба, а од неодамна и во Агиос Василиос во Лаконија и Волос/Димини во јужна Тесалија. Ова значи дека дури и најкусиот список на можни државни средишта мора да ги содржи овие девет места, а освен нив можеби и Орхомен во Бојотија, како и некои места на поголемите острови, на пример на Родос. Најбројни се плочките од Кносос (4000) и Пилос (околу 1000), по кои следи Теба со близу 400 плочки. Од познатите држави, најдобро е посведочен Пилос, кој има богата архива од документи на линеарно Б писмо, централни градби што се ископувани по сразмерно високи научни стандарди, како и територија што веќе двапати е обработена со реги-

онални археолошки истражувања. Сепак, треба да се води сметка дека плочките од Пилос потекнуваат од самиот крај на XIII век ст.е., па така и сликата што ја даваат може да е многу поразлична од состојбата во Кносос кон средината на XIV век ст.е., или пак во Микена, едно или две поколенија порано.

• *Обликот и големината на микенските држави.* – Пишаните извори од Кносос сведочат дека, кон средината на XIV век ст.е., градот контролирал територија од 4500-5000 квадратни километри. Оваа територија се протегала од околината на Ханија далеку на запад, па сè до Ласити во источниот дел на островот, а го вклучувала и јужниот средишен дел околу Фаистос; според сè, во оваа држава не влегувал крајниот источен дел на Крит. Иако помал одошто во времето на Новите палати, Кносос сè уште имал површина од околу 40 хектари. Оваа држава се распаднала кон средината на XIV век ст.е., можеби зашто се обидела да воспостави прешироска контрола над островот кој, поради природата на теренот, тешко можел да се управува од едно политичко средиште. Линеарната Б архива од Ханија, датирана во средината на XIII век ст.е., веројатно го открива центарот на главната држава-наследник; сепак, Ханија никогаш не го достигнала величието на Кносос, зашто постоела напоредно со повеќе други центри на политичка моќ, вклучително и со самиот, веќе многу намален Кносос.

Во својот зенит во XIII век пр.н.е., градскиот центар на Пилоската држава зафаќал околу 15 хектари површина, броел околу 3.000 жители, а имал политичка и економска контрола врз територија од околу 2.000 квадратни километри, сè до Аркадските планини на север и планината Тајгет на исток. Вкупното население на оваа држава веројатно достигало 50.000 луѓе. Во зачуваните текстови се прави јасна разлика меѓу т.н. „Поблиска“ и „Подалечна провинција“, разграничени со планинскиот венец Ајгалеон, кој ја дели долината на реката Памисос од крајбрежните низии на запад. Во текстовите се набројуваат низа од населби во секоја од двеве „провинции“ – вкупно девет во Блиската, и седум или осум во Далечната провинција. Овие имиња на места веројатно ги означувале локалните средишта во рамките на севкупното административно устројство; во контекст на процесот на „вградување“ на месните средишта во Пилоската држава, се чини дека ова се населбите што биле вградени во државната организација напоредно со израснувањето на Пилос во регионално средиште.

Претпоставките за големината на другите микенски држави се мошне несигурни. На пример, главни утврдени градови во областа Арголида биле Микена и Тиринт, кои се наоѓале на растојание од само некол-

ку километри еден од друг. Малку е веројатно дека на такво мало растојание, напоредно и во исто време можеле да постојат две различни држави, па затоа претпоставуваме дека Микена имала предимство како средиште на политичката моќ во целата област. Некои археолошки наоди навестуваат дека, во доцната бронза, Микена имала контрола и врз делови од околината на Коринт. Ако Микена ги контролирала Арголида и Коринтија во нивните денешни граници, тогаш нејзината територија надминувала 4000 квадратни километри и можела да се спореди со онаа на Кносос. Самиот град Микена, пак, зафаќал 32 хектари површина и имал околу 6500 жители.

Според сè, и во Бојотија имало две политички средишта – Теба и Орхомен. Имињата на места од линеар Б архивата во Теба укажуваат дека територијата на Теба се протегала кон југ и исток, и дека најверојатно го опфаќала и островот Евбоја, кој самиот има 3600 квадратни километри. Теба била големо средиште со безмалку 30 хектари површина, прочуена по увозот од Исток и со истакнато место во подоцнежната хеленска традиција. Претпоставуваме дека Орхомен ги контролирал северна Бојотија и басенот на мочуриштето Копаида, исушено преку масовен јавен зафат во доцното бронзено време.

За територијата на микенска Атина можеме само да спекулираме, зашто не е зачуван ниту еден текст од микенската палата што се наоѓала под подоцнежните храмови на атинската Акропола. Веројатно и тогаш, како и во класично време, непосредното политичко влијание на Атина се протегало сè до ниските планини што ги делат Атика и Бојотија, на територија од приближно 3000 квадратни километри. Малку може да се каже и за Лаконија, во која предимството подоцна ќе го добие Спарта. Неодамна откриените четири плочки со линеар Б во Агиос Василиос го обележуваат и овој локалитет како можно палатно средиште во Лаконија; ако се покаже дека Агиос Василиос имал слично значење како Пилос, тогаш неговата територија го покривала најголемиот дел од Лаконија, или нешто повеќе од 3500 квадратни километри.

Северна граница на микенскиот политички свет најверојатно била Тесалија, каде е најдена една богата микенска гробница (толос), но во која нема препознатливи градски средишта од тоа време. Најинтересна е пошироката околина на Пагаскиот залив; таму се издвојува една населба близу неолитскиот локалитет Димини, во која се најдени два мегарони и два натписи со линеарно Б писмо. Неодамна откриените делумно зачувани плочки во Волос – кој често се идентификува со античкиот Јолкос – навестуваат или дека постоеле повеќе палатни средишта, или пак дека

имало хиерархија на населби во рамките на некаква државна творба во јужна Тесалија.

• *Состав и устројство на државата.* – За научниците, расчитувањето на линеарното Б писмо значеше отворање на светот на микенските административни записи и ново разбирање на составот и устројството на микенските држави. Најголемиот дел од најдените текстови се напишани на глинени плочки, а само околу 170 се насликани врз керамички садови за масло и вино, најдени во повеќето палатни средишта на копното. Глинените плочки не биле испечени со намера, туку се зачувале поради опожарување; станува збор за дневни пресметки кои биле подготвени за архивирање, па на плочките, всушност, ја гледаме само состојбата во моментот кога биле зачувани. Записите се главно стопански, со нагласка врз центарот на државата; тие ниту даваат, ниту пак требало да дадат претстава за севкупните функции на различните чинители во државата. Нашите заклучоци зависат од навестувања или од толкувања на општиот контекст, а понекогаш и исклучиво од споредби со состојбите во подоцнежно време.

Микенските држави биле монархии предводени од крал, „ванакс“ (на линеар Б *wa-na-ka*), посведочен во текстовите од Пилос, Кносос, Теба, а можеби и од Ханија. Од текстовите може да се согледа дека ванаксот назначува државни службеници, во негова чест се одржуваат гозби, а има многукратно поголем земјопосед од оној на пониските достојници. Во некои прилики, земјоделските производи и другите стоки, како маслото и скапоцените ткаенини, се означени како „кралски“ (*wanaktero-*), а така се опишани и некои „посветени“ или „приврзани“ занаетчии (грнчар, оружар и волнар); вакви занаетчии се спомнуваат на записите за сопственост на земјопоседи, што веројатно ги добивале на плодоужување од ванаксот. Според некои толкувања, на текстовите од Пилос ванаксот ни е спомнат и со лично име (на линеар Б *e-ke-ra-wo*, можеби Ехелавон или Енхелиавон); ако ова е точно, тогаш имаме доказ дека кралот дејствувал и како глава на државата, но и со лично име, како член на слојот великодоствојници.

Слично, но за нијанса пониско место му придаваме на еден државен службеник наречен „лавагетас“ (на линеар Б: *ra-wa-ke-ta*), веројатно „водач на la(w)os-от“, посведочен на текстовите од Пилос и од Кносос. Ако поимот „ла(в)ос“ во микенско време значел „военоспособни мажи“ – толкување што е сѐ уште спорно – тогаш лавагетасот имал воена улога и веројатно бил висок воен заповедник. Тој имал трипати помал земјопосед од ванаксот, како и најмалку еден „посветен“ занаетчија (колар), кој исто така е запишан како земјопоседник. Раздвоеноста на службите на

ванакс и лавагетас, која се гледа и во посебните придавки за предмети и стока – *wanakteros* („кралски") наспроти *lawagesios* („лавагетски") – упатува на помисла дека двете служби биле остро разграничени, но се надополнувале една со друга, во насока на тоа дека ванаксот бил врховен цивилен, а лавагетасот – врховен воен заповедник. Според некои истражувачи, вториот мегарон што се појавува во Пилос и во Тиринт веројатно бил негов домен. Слично како и ванаксот, и лавагетас можел да дејствува во лично име.

Во Пилос е посведочен еден мошне важен великодостојник со титула *we-da-ne-u*, веројатно свештеник на Посејдон. Можно е дека *we-da-ne-u* се вбројувал во редот на *hekwetai* (линеар Б: *e-qe-ta*), „следбениците на кралот", кои ги има во Пилос и во Кносос. Кај *hekwetai* повторно се гледа преклопувањето на официјалната власт на државниот службеник со личниот авторитет на поединецот. Во Пилос, *hekwetai* не се запишани само со нивните лични имиња, туку и со татковите имиња, со што го истакнуваат нивното аристократско потекло. По правило, овие службеници имале надзор врз воениот персонал, но имале и уште една улога како поединци, имено – да бидат „собирачи": ова е современ поим за поединци, можеби членови на кралското семејство, на кои им се давал монопол врз одредени стопански области, на пример сточарството во Пилос или производството на ткаенини и масло во Кносос. Во текстовите од Пилос се спомнуваат четири, а во оние од Кносос над дваесет „собирачи", чија улога можеби била поважна во пооддалечените области на државата. Напоредно со „собирачите" се протегал стопанскиот систем на религиските институции: одредени животни и занаетчии се опишани како „врзани за Потниа" (линеар Б: *po-ti-ni-ja-we-jo*), што укажува дека божјите установи и свештениците го собирале приходот од нивното производство. Фактот што и за „собирачкото", и за „верското" производство се воделе детални белешки е силен доказ дека и двете биле под врховна контрола на централната државна власт.

Уште неколку поими, посведочени во Пилос и на други места, се однесувале на „провинциската", т.е. на локалната администрација. Шеснаесет или седумнаесет области во Пилоската држава биле наречени *damoi* (линеар Б: *da-mo*, подоцна *demos*, „заедница на граѓани"). Можеби најважно право на дамосот било – да изнајмува земјопосед; можно е дека целото слободно земјиште во државата било под контрола на *damoi*. Претставката *damo-* се препознава во првиот дел од титулата *da-mo-ko-ro*, веројатно „управител" на некоја од двете провинции. Во вториот дел на овој поим, пак, можеби се крие коренот на титулите *ko-re-te* и *po-ro-ko-re-te*, кои обично се преведуваат со „началник" и „заменик-началник", а кои во секоја област ѝ одговарале на централната власт .

Подоцнежниот грчки збор за „крал“, *basileus* (на линеар Б: *qa-si-re-u*) е посведочен во Пилос и во Кносос, но оваа титула ја носат повеќе различни личности, кои биле дел од структурата на власта на локално, а не на палатно ниво. Според сè, басилејот во микенско време бил само локален чиновник од понизок ранг.

• *Економијата и стопанството.* – Во микенските кралства постоела бирократија, која управувала со економската активност во државата. За да ги следи производството и потрошувачката на поединечни производи, таа се служела со систем од глинени печати; потоа сите податоци се препишувале на поголеми плочки, што се собирале во „архиви“, а на крајот следела завршната фаза на сведување на сметките која, за жал, се запишувала на расиплив материјал. Во линеарните записи ниту се дефинира поимот „писар“, ниту пак се именува некој поединечен писар; сепак, со анализа на ракописите и на начинот на уредување на текстовите се препознаени многу различни „писарски раце“, особено во Кносос и Пилос, каде има и најмногу документи за анализа. Со оваа метода, во Пилос се различени вкупно триесет и двајца писари, во главната архива на Кносос – шеесет и шест, а во архивата на т.н. Одаја на плочки за колесници – вкупно тринаесет. Овие луѓе не биле обични секретари, туку поскоро раководители и администратори, што се гледа од фактот дека некои од нив се специјализирале само за одредени области на стопанска активност; така, еден писар од Кносос го следел исклучиво производството на волна и платно, каде ја попишувал работната сила и потребните оброци во однос на производството на ткаенини.

Писарите раководеле со голем дел од стопанските активности на палатата, кои вклучувале и управување со луѓе и стоки. Државата се вклучувала во економијата само повремено и крајно селективно. Наместо да управува со стопанството и со распределбата на вишоците, таа ги мобилизирала потребните човечки и материјални ресурси за производство на стоки за размена, особено во трговскиот круг на источното Средоземје; со ова, таа го нагласувала членството во друштвото на елитите од другите околни држави. Државата целосно ги преземала само стопанските гранки што биле најисплатливи, или пак оние каде можела да воспостави монопол. Суровините се добивале внатрешно, со редовни обврски на населението, а потоа, преку работа поткрепена со државна издршка во храна и орудија, се претворале во производи со висока вредност и побарувачка. На пример, производството на ткаенини на Крит било организирано врз основа на принципот *ta-ra-si-ja*, според кој на занаетчиите им се давале точно измерени количини материјал, а тие потоа враќале готови производи со иста тежина. Занаетите што не можеле да се под-

ложат на вакква контрола (на пример, изработката на миризливи масла), или пак оние што барале скапи увозни суровини (злато, стакло или слонова коска) се одвивале исклучиво во рамките на палатата. Во сите други гранки, на пример во грнчарството, државата едноставно нарачувала големи количини на производи или од „врзаните“ занаетчии (како „кралскиот“ грнчар спомнат погоре), или на слободниот пазар.

Крајното одредиште за готовите производи понекогаш е навестено со придавките, со кои се опишуваат некои ткаенини од Кносос: *e-qe-si-ja*, „хекветски“, односно за внатрешна распределба, и *ke-se-nu-wi-ja*, „туѓински“, односно „за извоз“ – едно од малубројните спомнувања на надворешна размена во зачуваните записи. Недостигот од вакви спомнувања значи дека имаме мошне малку сведоштва за тоа кој и како раководел со трговската размена во микенските држави: сето тоа можеби било запишано на пропадлив материјал, а можеби и се правело лично, а не преку пишани пораки. Сепак, располагаме со вистинско изобилство од археолошки докази за движењето на суровините и готовите производи. Ткаенините не ни се сочувани како археолошки наод; затоа, пак, широката застапеност на мали микенски садови за вино и масло низ речиси целото Сиропалестинското крајбрежје ја нагласува важноста на производството на миризливо масло, добро посведочено во записите од Пилос и Кносос.

• *Военото дело.* – Особена важност ѝ се придавала на способноста да се размести и да се употреби воена сила. Подемот на Пилос – од сразмерно мало средиште во западна Месенија, до регионална сила – несомнено подразбирал и одреден степен на принуда и сила, која веројатно била претставувана, во слика и песна, во најновите палатни градби. За жал, освен претпоставката дека лавагетасот бил врховен заповедник на микенската војска, за микенската воена структура знаеме исклучително малку. Во една пилоска збирка од пет документи се наброени десет групи (линеар Б: *o-ka*, веројатно *orkhai*) со бројност меѓу 10 и 110 мажи, кои наводно стражареле на крајбрежјето. Во оваа служба биле вклучени речиси 800 мажи, секој под заповед на поединец наведен по име, заедно со вкупно единаесет хеквети. Овие документи често се спомнуваат како доказ за некаква вонредна состојба во Пилос; сепак, луѓето спомнати во овие одреди се истите оние што се наброени во пресметките за обработка на ленено семе – што покажува дека најверојатно немало никаква вонредна состојба, туку дека луѓето си ја исполнувале редовната обврска за принудна неплатена воена служба, што било и уредно запишано. На сличен начин била собрана и група од неколку стотици веслачи (*e-re-ta*)

во Пилос, можеби со дополнително покровителство од некој член на највисокиот општествен слој.

Иако нема јасни докази дека се одржувала постојана војска, извесно е дека микенската воена сила, со која непосредно раководела државата, се состоела од оружени мажи и бојни колесници. Колесниците се посведочени во текстовите од Кносос, Пилос, Ханија и Тиринт, но најчесто во контекст на производство и складиштење, а не на активно користење. Бројката на колесници во Пилос надминувала 100, а текстовите од Кносос бележат над 300 во само една остава, како и пратка од над 30 внимателно опремени и украсени коли во складишта во Кносос и на три други места. Веројатно највпечатлива е групата плочки од оставата во т.н. „Одаја на плочки за колесници", на кои се бележи распределбата на колите, оклопот и коњите на поединци спомнати по име. Во Кносос, Пилос, а од неодамна и во Агиос Василиос во Лаконија се најдени записи за други видови воена спрема, меѓу кои се спомнуваат оклопи, мечеви, ками и копја.

Оваа слика целосно се поклопува со начинот на кој Микенците се претставуваат себеси на зачуваните ликовни претстави. Мошне се чести сцените на борба и лов, кои се јавуваат и во мал размер, на печати, и во голем размер, на палатните фрески. Колесниците се вообичаена украсна претстава на цела низа квалитетни керамички производи, особено на кратерите во кои се мешало вино. За разлика од минојските фрески, на микенските ликовни претстави се особено нагласени воените активности; но, оваа уметничка тенденција не треба да се толкува премногу буквално, а особено не треба да се претпостави дека, за разлика од микенските, минојските држави биле особено мирољубиви.

• *Идентитетот, самоопределбата и елитата.* – Поимите „минојски" и „микенски" се современи кованици, што ги користиме за да ги означиме државите и општествата на Крит и во копнена Хелада во бронзено време. Не знаеме ниту како населението се нарекувало себеси, ниту пак на кој начин ја разграничувало етничката и културната припадност. За начинот на кој се претставувале на меѓународната политичка сцена, сведочат пишаните податоци од другите, соседни цивилизации. Во египетската архива во Тел ел-Амарна не се спомнува ниту еден владетел од Егејскиот басен, но затоа, пак, во таканаречениот „Егејски список" во посмртниот храм на Аменхотеп III се спомнуваат Кносос, Амнисос и Навплион, што укажува дека во Египет постоело сознание за одредени политички творби на Крит (*Kftyw*) и на копното (*Tny*). Слично на ова, хетитскиот поим *Ahhiy*(*aw*)*a*, посведочен во XIV и XIII век ст.е., веројатно се однесувал на некоја држава од микенскиот свет – можеби Микена или

Теба, или можеби и двете, но во различно време. Сепак, не знаеме кој идентитет, и во каков облик, се крие под ваквите општи поими. На документите на линеарно Б писмо се набројуваат разни жители на градови и населби, но не знаеме дали жителите на Микена и Тиринт во доцната бронза се сметале себеси за Микенци и Тиринтјани, или за нешто друго.

За разлика од обичното население, микенската палатна елита прифатила идентитет кој бил хомоген низ целиот Егејски Басен, а се засновал врз способноста да располагаат со особени производи, настани и ритуали. Сосем е можно дека владетелите се сметале себеси за нешто различно од нивните поданици, зашто сакале да споделат еден вид елитен идентитет со светот на источното Средоземје. Но, нивниот јазик бил различен од оној на другите држави во источното Средоземје, и сепак не можел да послужи како обележје на нивниот елитен идентитет, како што било во подоцнежната историја на Хелените.

Палатната економија распоредувала скапоцени и увозни материјали – на пример злато, слонова коска или стакло – и барала да се изработат производи со посебен и единствен квалитет; таква е, на пример, опремата за жртвени гозби во Пилос, во која има многубројни предмети од дрво и камен со врежани и вметнати украси од злато, сребро, сино стакло (*kuwanos*) и слонова коска. Стаклените перли од скапи увозни материјали, но и домашните, кои се произведувале масовно со калапи, сведочат за врската меѓу палатата и припадниците на пониските слоеви, во чии гробови редовно се наоѓаат перли како гробни прилози.

Врската меѓу елитата и натприродното се прикажувала на повеќе начини. Можно е дека, на одреден начин, и ванаксот се сметал за божество, зашто се спомнуваат жртви-леанки со миризливо масло посветени и нему, напоредно со боговите. На документите од Кносос, Ханија, Пилос и Теба се одбележани државни жртвопринесувања за божествата, често датирани по месец, што упатува дека постоел ритуален календар; во списокот на жртвени дарови се спомнуваат миризливо масло, мед, жито, а поретко златни и сребрени садови. Иако жртвувањата биле чести и вообичаени, потрошените дарови биле само мал дел од вкупните стоки со кои располагала државата. Светилишта имало и во населбите, и надвор од нив, иако во микенскиот свет нема ништо налик на храмовните комплекси на Месопотамија, па дури и на подоцнежна Хелада. Меѓу божествата се јавуваат имиња што ги знаеме од подоцнежните фази на хеленската религија – Посејдон, Ѕевс, Хера, Хермес, Дионис – но и некои помалку познати, како женските пандани на Ѕевс и Посејдон; главно женско божество била Потнија. На текстовите од Кносос се спомнуваат и локални критски божества, како Ѕевс Диктајски и Пипитуна, „свештеничка-

та на ветровите" и „сите богови", што веројатно го одразува хибридниот критски/микенски (или критски/протохеленски) статус на владејачкиот слој во Кносос.

На прославите на најголемите празници, кои се одржувале во рамките на палатата како физички простор, обичното население добивало прилика да го доживее особениот свет на владејачката елита. За да ја определиме природата и големината на овие настани во некое палатно средиште, на пример во Пилос, ги користиме сите достапни пишани, ликовни и зооархеолошки податоци, кои потоа ги ставаме во контекст на архитектонскиот распоред на палатното средиште. За секоја прослава се обезбедувале храна и пијалок за повеќе од 1000 луѓе; оваа бројка е потврдена со помош на вкупната тежина на месото, пресметана врз основа на остатоците од коски, потоа бројот и зафатот на чашите од обична глина што биле складирани во оставите, како и врз основа на дел од набавките што се забележани на зачуваните плочки. Главно се јаделе говеда и телиња, нивните коски се гореле како жртва-паленка, а потоа се фрлале на посебни места. Палатната иконографија се задржува на биковите, а во економските текстови се наброени и сите други намирници што обично се изнесувале во вакви прилики – разни видови месо, житарици, зачини и вино. Освен државата, во снабдувањето со месо учествувале и припадници на највисокиот слој, и тоа во свое лично име. На прославата учествувале сите жители на градот; највисоките великодостојници славеле во главниот мегарон, а другите – во отворените дворови на дворскиот комплекс, или пак надвор, пред фасадата на палатата.

Мошне е веројатно дека овие прослави вклучувале и сценски настапи на свирачи, пејачи и рецитатори. На една фреска близу престолот во пилоскиот мегарон е прикажан свирач, обиколен од учесници на гозбата. Ваквите настани биле одлична прилика за да се одбележат постигањата на државата и на кралот како нејзино олицетворение; во науката има мислења дека хомерската усна епска традиција во Хелада потекнува токму од овие јавни изведби.

## ПАДОТ НА МИКЕНСКИТЕ КРАЛСТВА

Периодот од 1250 до 1150 ст.е. бил време на неприлики за микенските палатни центри на копното. Кон средината на XIII век ст.е., Микена и Тиринт, оддалечени само неколку километри, биле најверојатно разурнати од земјотрес, а во периодот што уследил ги прошириле и ги зацврстиле бедемите; пред крајот на векот биле направени и дополнителни преправања, со кои се овозможил пристап до извори на вода одвнатре.

Кон крајот на XIII век ст.е., во Тиринт била изградена голема брана, со цел да се пренасочи еден водотек што предизвикувал поплави. Двата локалитети биле конечно уништени со опожарување кон крајот од доцнохеладскиот период, околу 1200 година ст.е., но не знаеме дали крајното уривање се должело на уште еден земјотрес, или на напад однадвор.

Археолошкото датирање не е доволно прецизно за да одреди дали овие уништувања се случиле во исто време, но останува фактот дека во овој период повеќето микенски средишта, вклучувајќи го и Пилос на спротивниот крај на Пелопонес, како и Теба во Бојотија, биле разурнати или напуштени. Овој феномен е премногу голем и раширен, за да можеме со мирно срце да му го припишеме на еден ист, макар и мошне силен земјотрес. Многупати дотогаш имало земјотреси, но не се напуштале населби, туку едноставно се поправале штетите; спротивно на ова, колапсот од крајот на XIII век ст.е. бил конечен и неповратен, што можеби укажува дека овојпат, освен природните, имало и други, дополнителни фактори.

Тиринт искусил уште еден, последен изблик на живот во XII век ст.е. Во тоа време, населбата се проширила на повеќе од 25 хектари, но преизградувањето на тврдината навестува дека во меѓувреме настапило ново толкување на државната власт. Во урнатините на стариот главен мегарон била изградена помала градба, слична на мегарон, а остатокот од тврдината останал ненаселен. Слична градба била крената и во Микена, која не била целосно напуштена дури ни во XII век ст.е. Наодите од Тиринт сведочат дека сѐ уште имало некаков облик на државна организација, но не можеме да го одредиме нејзиниот опфат надвор од непосредната околина на самиот град – иако, наодите на предмети од Кипар навестуваат дека барем некои надворешни врски успеале да се одржат. Од состојбата во Тиринт може да се претпостават две нешта: или дека некој локален моќник сакал да ја преземе и да ја продолжи улогата на микенскиот ванакс како глава на државната организација, или пак дека некој службеник со локално значење, можеби басилејот, морал да ја преземе грижата за локалната заедница, зашто исчезнале повисоките регионални структури на државна власт. Состојбата отсликана во т.н. „Каталог на кораби“ во Илијадата – со Тиринт под власта на Диомед свртен кон исток и југ, а Микена под власта на Агамемнон свртена кон север и запад сѐ до Коринтскиот Залив – можеби ја одразува Арголида во XII век ст.е.

Ниту Тиринт, ниту Микена не успеале да опстојат по XII век ст.е. како населби од каков било вид и големина; повеќето други микенски средишта, како Пилос, или осетно се смалиле, или пак биле сосема напуштени. Овој модел на уривање и напуштање сепак не се гледа секаде:

имено, успеале да опстојат некои помали населени средишта, како Аргос и Атина на копното и Кносос на Крит. Речиси е сигурно дека мозаикот од мали државни облици што се појавиле во ова време ги отсликува пониските, локални идентитети на ниво на град, кои постоеле и пред политичкиот распад во времето на Последните палати.

Причините за падот на микенскиот свет се многубројни, разновидни и мошне сложени. Природните катастрофи имаат неспорна улога во целата приказна, но никогаш пред тоа не се случило да предизвикаат неповратен пад. Има обиди да се внесат во равенството и други фактори од животната средина, како сушата, чумата и катастрофалната ерозија на почвата, но сите тие се неубедливи – или зашто не се поткрепени со опредметени докази, или пак зашто не се поклопуваат хронолошки. Според сè, причините за падот најверојатно биле општествени. Проширувањето на тврдините и бедемите, како и трагите од уривање и опожарување на некои локации како да сведочат за вооружен судир. Слични докази за судир и распад има и на други места во источното Средоземје, на пример – пустошењата во Угарит и на Кипар, египетското вкопување и војна против т.н. Поморски народи, како и брзиот и ненадеен пад на Хетитското кралство. Не е тешко да се претпостави дека и државите во Егејскиот басен, кои одржувале економски, трговски и дипломатски врски низ целото источно Средоземје, се нашле затечени во жариштето на овие настани.

Секое палатно средиште се обидело да одговори на неприликите на свој начин. Како што видовме и погоре, жителите на Арголида се обиделе да ги зачуваат политичките институции во крајно намалена, локална рамка; priливот од европски метални изработки, меѓу кои има и ножеви изработени од железо, сведочи дека се правеле обиди да се заменат згаснатите трговски правци со нови. Најтешко минала Месенија, во која палатното средиште згаснало и никогаш не се преизградило, а намалувањето на населението било толку големо, што научниците веќе не спекулираат само за воени жртви, туку и за масовна емиграција. Во секој случај, насекаде излегол на виделина фактот дека феноменот на државата во копнена Хелада бил само тенка коронка врз општественото ткиво. На тоа упатува и целосната загуба на писмото, кое било тесно врзано за државната администрација, но очигледно не се сфаќало како скалило во културниот развој на заедницата.

***

Светот на Хомер и Хесиод е свет на многубројни мали државички предводени од басилеи кои, по падот на централната власт, го вратиле државниот авторитет на ниво на локална заедница. Токму овие мали државни творби со локален идентитет ја дале основата за новиот облик на држава што се јавила во Егејскиот басен неколку столетија подоцна – хеленскиот полис.

## Литература:


Андреев, Ю. В. (2002). *От Евразии к Европе: Крит и Эгейский мир в эпоху бронзы и раннего железа (III – нач. I тысячелетия до н. э.).* Санкт-Петерсбург: Дмитрий Буланин.

Bennet, J. (2007). "The Aegean Bronze Age." In W. Scheidel, I. Morris, and R. Saller (eds.), *The Cambridge economic history of the Greco-Roman world*, pp. 175–210. Cambridge: Cambridge University Press.

Bennet, J. (2011). "The geography of the Mycenaean kingdoms." In Y. Duhoux and A. Morpurgo Davies (eds.), *A companion to Linear B: Mycenaean Greek texts and their world*, vol. 2, pp. 137–168. Leuven: Peeters.

Bennet, J. (2013). "Bronze Age Greece". In Bang, P. F. & Scheidel, W. (eds.), *The Oxford Handbook of the State in the Ancient Near East and Mediterranean*, pp. 235–258. Oxford: Oxford University Press.

French, E. B. (2012). "Mycenae." In E. Cline (ed.), *The Oxford handbook of the Bronze Age Aegean*, pp. 671–679. New York: Oxford University Press.

Kelder, J. M. (2010). *The Kingdom of Mycenae. A Great Kingdom in the Late Bronze Age Aegean*. CDL Press / The University of Maryland.

Shelmerdine, C. W. (2011). "The Individual and the State in Mycenaean Greece". *Bulletin of the Institute of Classical Studies* 54.1, pp. 19–28.

# 6

# ХЕЛЕНСКИОТ ПОЛИС

Поим и основни одлики на полисот. – *Различните значења на зборот „полис“.* – *Појавата на полисот и полисното самосознание.* – Полисот како град. – *Полисот како центар на општеството.* – Полисот како држава. – *Одбраната, верскиот живот и финансиите.* – *Политичката неслога.* – Меѓуполисните односи. – Натполисни организации.

Културата на хеленскиот полис, кој имал централно место во историјата на источното Средоземје во класично време, била најголема по обем и по население од сите култури на градови-држави во историјата.

Хеленските полиси биле раширени низ целото Средоземје – од Емпорион на Пиринеите до Аи-Ханум во Авганистан, и од Олбија во ден. Украина до Кирена во Либија. Сите овие полиси биле основани меѓу 750 и 200 година ст.е.; до крајот на антиката, само неколку од нив сè уште биле вистински градови-држави, а сите други веќе одамна станале обични градови. Античката хеленска полисна култура, која траела близу 1200 години, била покуса само од невообичаено долгата историја на месопотамските градови-кралства.

## ПОИМ И ОСНОВНИ ОДЛИКИ НА ПОЛИСОТ

Полисот бил мала, централизирана држава со силни институции, која се состоела од еден град (*polis*) и неговата непосредна околина (*khora*). Во изворите се забележани околу 1500 полиси; од нив, повеќе од 600 имало во самата Хелада, над 400 биле колонии или хеленизирани населби долж бреговите на Средоземјето и на Црното Море, а уште 300 хеленистички населби биле основани на Истокот, сè до реката Инд. Треба да се има на ум дека никогаш немало 1500 полиси *во исто време*; низ текот на столетијата, старите полиси исчезнувале, а на нивно место се основале нови. Во класично време, напоредно постоеле околу илјада полиси; па сепак, и оваа бројка ја прави античката хеленска полисна култура најголема во историјата на човештвото.

За разлика од други политички култури на градови-држави, хеленските полиси не се наоѓале на единствена, заокружена територија, за да можат лесно да комуницираат по копно. Повеќето архајски и класични полиси биле крајбрежни населби, па од таа гледна точка поскоро наликувале на фојникиските градови; дури во хеленистичко време се случило да се основаат низа колонии во внатрешноста на Персиското кралство, далеку од бреговите на Средоземјето и на Црното Море. Повеќето најстари хеленски градови-држави се наоѓале или на самиот брег, или пак во непосредна близина, поради што и Платон живописно забележува дека Хелените се населиле околу Средоземјето „како жаби околу бара". Оваа забелешка наоѓа поткрепа и кај Псевдо-Скилак, географ од IV век ст.е., кој ги набројува полисите според редоследот по кој лежат долж брегот; станува збор за вистински список од крајбрежни места, кој само одвреме-навреме се прекинува со формулаична забелешка дека „има и неколку полиси во внатрешноста".

Во денешно време, копното обично врзува, а морето ограничува и разделува. Во античко време важело обратното: комуникацијата по море била брза и лесна, а по копно – долга, сложена и скапа. Хелените биле поморски народ: веднаш по зборот „полис", најчесто користен збор кај Псевдо-Скилак е *limen*, „пристаниште". Освен класична Спарта, која била надалеку прочуен исклучок, античкиот хеленски полис не бил општество на затворени мештани исплашени од туѓинци и доселеници; напротив, и самите Хелени лесно се придвижувале, а во прво време лесно им дозволувале и на туѓинци да се населуваат во нивните градови.

Во однос на населението, нема политичка култура на градови-држави што би можела да се мери со хеленската. Иако немаме точни бројки, претполагаме дека во IV век ст.е. населението на сите хеленски полиси, собрани заедно, изнесувало најмалку 7,5 милиони луѓе; во времето на Римската империја, близу 30 милиони луѓе зборувале хеленски и живееле во градови кои претходно, во класично време, биле самостојни полиси.

Во IV век ст.е., 800 од вкупно 1000 полиси имале територија од најмногу двеста квадратни километри и просечно население од околу 6000 луѓе, со околу 1000–1500 полнолетни мажи. Многу полиси имале и помалку од 25 квадратни километри површина, со вкупно население од околу илјада жители. Може да се претпостави дека во ваквите полиси сите граѓани се познавале, и дека нивниот полис бил една блиска и пред сè непосредна заедница од полноправни граѓани. Околу 100 полиси имале повеќе од 500 квадратни километри површина и по околу 30.000 жители, што значи дека успеале да го исполнат античкиот идеал за *myriandros*

*polis*, голем полис со 10.000 полнолетни граѓани. Според ова, во 800 мали полиси живеела една третина од сите Хелени, а во 100 поголеми полиси живеела безмалку половината од нив. Најголеми од сите полиси биле Атина и Спарта. Атина зафаќала површина од 2500 квадратни километри и имала над 200.000 жители, со околу 30.000 полнолетни машки граѓани; заедно со покорената Месенија, Спарта имала повеќе од 8000 квадратни километри површина и ист број жители како Атина – но, бројот на полноправни Спартијати во V век ст.е. изнесувал само околу 8000, а во IV век ст.е. паднал под илјада луѓе. Некои од колониите биле еднакво големи, па дури и поголеми од Атина и Спарта; такви биле Акрагант, Сиракуса, Тарант и Кирена, а во хеленистичко време и Александрија и Антиохија.

• *Различните значења на зборот „полис“.* – За да разбереме што претставувал полисот, најдобро е да тргнеме од значењето на самиот збор. *Polis* е збор што Хелените го користеле за да го опишат главниот вид на политичка заедница во која живееле; тоа е најчесто користената именка во хеленскиот јазик, која само во архајските и во класичните извори е посведочена на над 11,000 места. Поимот *polis* имал две основни значења: „населба“ и „заедница“. Полисот како населба се состоел од куќи и јавни градби, а полисот како заедница – од луѓе. Сепак, не сите хеленски населби и заедници се вбројувале во редот на полисите: за да биде полис, населбата морала да достигне одредена големина (инаку, би била обично село, *kome*), но и да биде уредена и да живее според сопствени закони, значи – да биде самоуправна. Вака устроената полисна заедница можела да добие две понатамошни значења – „град“ или „држава“, а најчесто и двете истовремено, состојба што може соодветно да се претстави со поимот „град-држава“. Овие две значења се практично неразделиви и според својата суштина: античкото хеленско градско средиште се нарекува полис само ако е политичко средиште на полисна држава; и обратно, полисот во смисла на „држава“ се однесува на мала политичка заедница, во која мора да има град-полис со непосредна околина (*khora*). Од полисот во смисла на „држава“ се изведени уште два клучни политички поими: *polites*, „граѓанин“ и *politeia*, „граѓанство“ или „државјанство“. Поимот *politeia* се користи и конкретно, за да се означи граѓанското право на граѓанинот, но и во апстрактна смисла, како збирен поим за повластиците и обврските што произлегуваат од статусот на граѓанин. Значењето на зборот се развивало и понатаму, за најпосле *politeia* да почне да означува „устав“; бидејќи полисот се сфаќал како заедница од граѓани (*politai*), Хелените логично го искористиле зборот за државјанство (*politeia*) за устројството на полисот и неговиот политички систем.

Во изворите од архајско време, зборот полис понекогаш значи „упориште“ или „утврдена населба на возвишение“, поими што подоцна се покривале со зборот „акропола“. Дека првичното значење на зборот е токму „упориште“ сведочи етимолошката врска со истозначните зборови на други индоевропски јазици: *pur* на староиндиски, *pilis* на литвански и *pels* на летонски јазик. Некои од утврдените планински населби посведочени во т.н. „Хеленски мрачен век“ (1100-700 ст.е.) можеби биле токму вакви полиси. Во текот на архајскиот и класичниот период, полисот го загубил значењето на „населба на возвишение“, а во римско време само најучените луѓе го знаеле првичното значење на зборот.

• *Појавата на полисот и полисното самосознание.* – Не знаеме дали полисот како град-држава се појавил во Хелада пред почетокот на хеленската колонизација во VIII век ст.е., или пак се обликувал во колониите, а дури потоа се вратил во матицата и се раширил низ Хелада. Од изворите добиваме впечаток дека полисното уредување се јавило истовремено и на двете места; сепак, ако се земе предвид дека новите колонисти имале задача да основаат нова самоуправна заедница со градско средиште, изградено буквално од ништо – тогаш следува дека полисот како облик на градска заедница морал да созрее побрзо во колониите, а во самата Хелада можел да се развива и побавно. Првите полиси во Хелада се појавиле долж егејскиот брег – дел во Мала Азија, во која најстари досега познати полиси се Милет и Смирна, а дел во копнена Хелада, каде Еретрија, Атина, Аргос и Коринт се јавуваат како полиси уште во VIII век ст.е. Но, ширењето на полисното уредување во Хелада сепак одело постепено, и тоа од исток кон запад; на пример, ако се исклучат некои стари колонии на брегот на Јонското Море, основањето полиси во Ајтолија и Акарнанија почнало дури кон крајот на V век ст.е., а добило замаец дури во IV век, па и подоцна.

Традиционално, копнена Хелада се делела на пошироки области, населени со луѓе со сопствено локално самочувство: во Аркадија, на пример, живееле Аркадци, а во Тесалија – Тесалци. Секоја од овие области понатаму се делела на полиси, со исклучок на неколку области во кои еден полис успеал да воспостави целосна политичка контрола, па целата површина на областа вушност претставувала еден огромен полис. Такви „регионални“ полиси биле Атина и Спарта, и веројатно ова е една од причините за нивниот углед како две „големи сили“ на класична Хелада. Во доцно класично, хеленистичко и римско време, полисот претежнал како облик на населба и политичка заедница во сите хеленски области; но, граѓанинот на одреден полис сè уште бил и дел од локалната група на население со добро обликуван идентитет, која би можела да се нарече „етнос“. Етносот понекогаш функционирал како политичка единица –

особено во областите што биле организирани како сојузни држави – но, за разлика од полисот, етносот не претставувал државна организација.

Хеленските полиси биле дел од една полисна култура, во која етничкиот и политичкиот идентитет биле јасно и недвосмислено раздвоени. Хелените што живееле во еден полис имале ист јазик и култура со Хелените што живееле во други полиси, и меѓусебно се препознавале како припадници на ист народ: сите тие биле Хелени, и како Хелени стоеле наспроти околните „барбарски“ народи. На еден понизок степен на самосознание, сите граѓани на четириесетте полиси во Аркадија биле Аркадци; но, од политичка гледна точка, тие се сметале себеси само за граѓани на сопствениот полис, наспроти граѓаните на други полиси. Особениот политички идентитет имал одраз и во начинот на кој се именувале себеси: кога биле заедно, граѓаните од различни полиси ја користеле припадноста кон матичниот полис како своевидно презиме, што му се додавало на името и татковото име на граѓанинот. Така, полното име на архитектот Хиподам бил „Хиподам Еврифонтов, Милетјанин“ – односно Хиподам, син на Еврифонт, граѓанин на полисот Милет. Хелените веројатно биле единствен народ во историјата кој користел презимиња не само како показател на тоа каде живееле, туку и на тоа дека имале политички статус на граѓани.

## ПОЛИСОТ КАКО ГРАД

Урбанизацијата во градовите-држави се развивала многу побрзо одошто во другите видови политички заедници пред индустриската револуција. Поголемиот дел од населението во малите полиси живеел во градското средиште, а другите биле населени во околината – или обединети во села, или пак расеани на поголем број поединечни земјоделски имоти. Само во големите полиси се случувало поголем дел од населението да живее во околината на градот. Се претпоставува дека дури и во најголемите полиси, меѓу една четвртина и една третина од населението живеела во внатрешноста на градските бедеми. Многумина од нив биле земјоделци кои секој ден излегувале на својот имот надвор од градот, а навечер повторно се враќале во нивните градски живеалишта. Немало остар јаз меѓу градското и селското население: и едните, и другите биле рамноправни граѓани на полисот. Во таа смисла, хеленскиот полис многу се разликува од средновековната политичка култура на градови-држави – зашто, во нив државјанството било повластица само на жителите на градот.

Како град, полисот пред сè претставувал центар на население, а според начинот на кој бил создаден или основан можеме да различиме четири основни вида на полиси. Првиот вид бил мала населба, честопати расположена на утврдено карпесто возвишение („акропола“), која се раширила надолу по падините и пораснала доволно за да стане вистински град, ограден со нов, поширок бедем. Вториот вид претставувал грозд од блиски, згуснати села, кои се обединиле во единствена населба со одбранбен бедем околу целиот круг на новото средиште. Третиот вид бил полис создаден со синојкизам – формален чин на здружување преку преселба, при кој луѓето од повеќе мали населби се обединувале во една од нив, или пак се преселувале на ново место во средината, каде што од почеток граделе целосно нов град. Четвртиот вид на полис се создавал така што многубројни колонисти заминувале во туѓина и основале колонија втемелена во една основна населба, која брзо растела и добивала размери на вистински град. Без оглед на начинот на кој настанале, повеќето полиси имале акропола, која најчесто се користела само за изградба на храмови и јавни градби.

Секој полис се состоел од земјиште во општествена сопственост, врз кое се граделе бедеми, улици, пристаништа, пазари и монументални градби, и земјиште во приватна сопственост, каде никнувале скромни семејни живеалишта. Богатите домови и палатите за првпат се појавиле дури во доцно класично и во хеленистичко време. Само граѓаните на полисот имале право да поседуваат куќа; метојките (работниците-доселеници) и другите туѓинци можеле само да изнајмат куќа од некој граѓанин. Во прво време, куќите се граделе неплански, расфрлани или распоредени долж криви улички; но, веќе во архајско време повеќето градови почнале да пробиваат улици и да градат живеалишта според генерален урбанистички план. Овој план најчесто се состоел од правоаголни блокови за домување, омеѓени од градските улици и поделени во парцели со еднаква големина – главно 8, 10 или 12 парцели по блок – или пак од редови на истоветни куќи со залепени страни. Познат пример за ваков мрежен градски план е атинското пристаниште Пиреј, што кон средината на V век ст.е. го изградил Хиподам од Милет. По името на овој градител, и градскиот план се нарекува „Хиподамов“, иако на многу места – на пример, на Сицилија – имало нешто слично уште во VIII или VII век ст.е.

• *Полисот како центар на општеството.* – Освен што бил центар на населеност, полисот бил и центар на политичките институции, на култовите, на одбраната, на производството и трговијата, а најпосле – и на образованието и забавата.

1. Како *центар на политичките институции*, полисот ги вдомувал институциите и зградите во кои работеле. Речиси секој полис имал пританеј, официјална зграда со трпезарија, во која највисоките државни службеници примале истакнати гости; во пританејот имало жртвеник на Хестија, божицата на огништето, врз кој горел вечен пламен како симбол на вечниот живот на полисот. Понатаму, полисот располагал со градска или собраниска сала, наречена булевтерион, во која се состанувал Советот (*boule*) на полисот; освен овие згради, во полисот имало и многубројни археи, односно канцеларии на разни државни службеници. Поради некоја непозната причина, судовите (*dikasteria*) се спомнуваат во изворите само по исклучок, а често се дава упатство дека разните јавни згради, иако изградени за други цели, можат да се користат и од судовите. Слично на тоа, само неколку полиси имале посебно соборно место (*ekklesiasterion*) за народното собрание (*ekklesia*), а на повеќето места собранијата се одржувале во театарот. Јавните политички градби од архајско и класично време се мали и невпечатливи; ако се исклучи градскиот бедем, монументалната „политичка" архитектура почнала да се јавува дури во IV век ст.е. Од тоа време, агората веќе не се сметала за институционално политичко средиште на полисот и место на кое се одржувале собранија, туку само за општествено и економско средиште на градот.

2. Како *средиште на јавните култови*, полисот – а особено неговата акропола – бил дом на многубројни светилишта, некои придружени и со монументални храмови и театри. Имало и многу светилишта што биле приградски, или пак се наоѓале надвор од границите на населбата. Приградските светилишта се наоѓале во непосредна близина на градот, а надворешните – на границите на полисот, речиси како обележје дека почнува неговата територија. Со текот на времето, градските светилишта во новите градови веќе не се граделе на акрополата, туку биле расфрлани меѓу четвртите за живеење. Светилиштата на Атена, Аполон и Афродита обично се наоѓале зад бедемите, а светилиштата на Ѕевс, Деметра, Хера и Посејдон – во околината на градот.

3. Како *одбранбено средиште*, полисот бил населба чии бедеми можеле да ги заштитат неговите граѓани, а зад бедемите имало доволно отворен простор за да се смести населението од селата сè дури непријателот ја пустоши околината. Градовите со акропола обично имале два круга на бедеми: еден околу акрополата и уште еден околу подградието. Во IV век ст.е. речиси секој полис имал бедем (*teikhos*) околу градот или утврдена акропола. Одбранбениот круг на градот станал еднакво важен како и подоцна, во Средновековието; па сепак, имало една важна разлика во неговата функција. Во средновековниот град, острата граница меѓу градот и неговата околина почнувала на градските порти, кои цело вре-

ме биле под стража, а во текот на ноќта се затворале; често се случувало да се наплаќа царина за сите стоки што влегувале низ портите. Спротивно, во хеленскиот полис ѕидините служеле само за одбрана; секако дека, во време на војна, на портите имало стражи, но кога владеел мир, луѓето можеле да влегуваат и да излегуваат од градот дури и среде ноќ. Ѕидините околу хеленскиот полис не биле ниту ограда, ниту граница меѓу градот и неговата околина.

4. Жариштa на полисот како *центар на производство и трговија* биле пазарот (*agora*) и пристаништето (*limen*). Секој полис имал агора, која во архајските и раните класични градови била обичен отворен плоштад, обележан со гранични камења (*horoi*). Почнувајќи од класично време, агората често била украсена и со *stoa*, еден вид покриен трем со низа од столбови. Во полисите со мрежен тлоцрт, агората била омеѓена од два, или дури три трема со столбови; во некои од нив имало продавници, а во други се наоѓале канцелариите на државните службеници. Полисот можел да има и *emporion*, пазариште за надворешна трговија.

Една од главните особености на полисната економија била значителната поделба на трудот; жителите задоволувале голем дел од нивните секојдневни потреби со купување стоки што ги произвеле други граѓани, со цел да ги продадат понатаму на пазарот. Многу жители на градот биле земјоделци, кои поседувале парцели сосем блиску до нивните градски домови; нивните приноси не служеле само за прехрана и издршка, туку и за продавање и размена. Со исклучок на Спарта, во полисите речиси немало таков случај, група земјопоседници да живее на друго место, а да се издржува од даноците и наемнините што ги наплаќа од бројното селско население.

5. Полисот бил и *жариште на образованието и забавата*, место каде се наоѓале приватните детски училишта. Повисокото образование за возрасни често се врзувало за јавните вежбалишта – гимнасиони, кои главно биле центри за спортска и воена обука. Во архајско и рано класично време, гимнасионот се наоѓал надвор од бедемите, но во текот на доцниот класичен и хеленистичкиот период сè почесто го гледаме во внатрешноста на градот; со текот на времето, гимнасионот станал веројатно најважната јавна градба, во која работела најважната полисна институција – ефебијата, односно образованието и воената обука на младите граѓани.

Од низата забавни приредби, кои најчесто се врзувале за големи верски прослави, двата највпечатливи вида биле *спортските натпревари* на борилиште (*palaistra*), на стадион или на хиподром, и *драмските натпревари*, во театар кој обично се наоѓал во рамките на светилиште

посветено на Дионис. Во архајско и рано класично време, и гимнасионот (со палајстрата, стадионот и хиподромот) и театарот биле едноставни градби, кои во повеќето полиси не оставиле никаква материјална трага; сепак, кон крајот на V и во текот на IV век ст.е., сите овие градби пораснале во обем и величие и добиле значење на споменици на градителството.

## ПОЛИСОТ КАКО ДРЖАВА

Како и современите држави, и полисот претставувал централизиран систем на политички институции, кој ги поседувал потребните средства за принуда за да спроведе правен поредок врз населението на одредена територија. За Хелените, полисот најчесто претставувал апстрактна слика за јавната моќ, чинител што носи закони, наложува казни, основа колонии, објавува војни и зема заеми, а се наоѓа на едно повисоко ниво од владетелот и неговите поданици. Во демократските, но и во некои олигархиски полиси, законите се гласале од сите граѓани во собранието, а се спроведувале преку државни служби и тела, кои се избирале на кус мандат со гласање или со жреб. Во секој полис имало владеачки слој и поданици, но што се однесува до државните служби, тука граѓаните постојано се сменувале еден со друг; ваквото „ротирање“ во државните служби се применувало во сите полиси што ги знаеме. Кога се делела правда, обвинителското место обично им се оставало на обичните, приватни граѓани, како што било и во сите европски држави сè до деветнаесеттиот век; слично, против прељубници, разбојници и провалници се дозволувала самопомош и самоодбрана.

Но, тука завршуваат сличностите со нововековните држави, а почнуваат разликите. Една голема разлика е тоа што современата држава главно се поистоветува со нејзината територија, или пак со нејзината влада, а *полисите се поистоветувале со народот*, односно со граѓанското тело. Полисот бил заедница на полнолетни машки граѓани (*politai*), а како име на државата не се користело името на земјата, туку на народот. Денес го означуваме атинскиот град-држава со поимот „Атина“; во античко време, името на овој град-држава бил *hoi Athenaioi* („Атињаните“) или *Athenaion ho demos* („атинското граѓанско тело“).

Една важна разлика меѓу *полисот како град* и *полисот како држава* се однесувала на членството во група. Населението на полисот обично се делело на три слоја: граѓани (*politai*), слободни туѓинци (најчесто нарекувани *metoikoi*) и робови (*douloi*). Полисот како град бил економска и општествена *заедница на сите домаќинства* (*oikoi*) – и на дома-

ќинствата на граѓаните, и на домаќинствата на метојките. Заедницата се состоела од сите членови на домаќинството – и слободни, и робови од двата пола, и на сите возрасти. Од друга страна, полисот како држава бил *заедница на граѓани* во однос на нивните политички институции, а членството во оваа група им било достапно само на полнолетните мажи, без разлика дали живееле во градот или во неговата околина. Жените на граѓаните, нивните деца, слободните туѓинци и робовите биле целосно исклучени од системот. Жените имале граѓански статус, кој понатаму им го пренесувале на нивните деца, но самите тие не поседувале функционално државјанство и не учествувале во работата на институциите.

Во пракса, државјанството и произлегувало, и се применувало на граѓаните, кои учествувале во водењето на политичките институции на своите полиси. Политичката организација се разликувала од полис до полис, главно според тоа дали уредувањето на полисот било монархиско, олигархиско или демократско. Во демократските полиси, граѓанството и државјанството се совпаѓале; во олигархиските полиси, државјанство имале само оние родени граѓани, кои ги исполнувале и условите за економски попис; во монархијата, пак, во строга смисла на зборот, монархот е единствениот вистински граѓанин во функционална смисла. Бидејќи полисот се определува како заедница на граѓани, полис во вистинска смисла на зборот бил демократски управуваниот полис; почнувајќи од IV век ст.е., концептот на полис почнал непосредно да се врзува со концептот на демократија.

Повеќето олигархиски полиси имале народно собрание со ограничени овластувања; тоа обично било отворено за сите граѓани, но вршењето високи државни служби било ограничено само на оние што ги исполнувале условите за имотен попис. Слично, и тираните често го свикувале севкупното граѓанско тело на собрание, а во многу случаи нивната моќ траела толку време, колку што можеле да сметаат на општото одобрување од народот. Од друга страна, и демократските полиси можеле да наметнат ограничувања за вршење државни служби. Така, без оглед на видот на политејата, во типичниот полис имало барем некои политички тела во кои можеле да учествуваат сите граѓани, а не-граѓаните биле целосно исклучени од системот.

Со одредени разлики, повеќето полиси имале слични политички тела: народно собрание (*ekklesia*), совет (*boule*), совет на старци (*gerousia*), судски совети (*arkhai*) и судилишта (*dikasteria*), особено во полисите каде делењето на правдата не им било оставено на судските совети. Овие институции се посведочени во закони и одлуки на полиси од сите страни на хеленскиот свет. Еден пример за ова е умерениот олигархиски ус-

тав на Кирена, кој бил усвоен ~322 ст.е. и го претставува најстариот зачуван пишан устав во историјата. Во делот за политичките институции, уставот пропишува дека за граѓани се сметаат сите оние што се родени од граѓани на Кирена, или пак на зависните населби основани од Кирена; сепак, полни граѓански права му биле дадени само на граѓанското тело (*politeuma*) од 10.000 граѓани, кои го исполнувале имотниот попис од 2.000 драхми. Во основните политички институции се вбројувале народното собрание, во кое влегувале сите 10.000 граѓани; советот (*boule*) од 500 граѓани, избирани со жреб секои две години; советот на старци (*gerousia*), со 101 граѓанин избран доживотно од страна на собранието; како и разни други државни тела, од кои најважен бил советот од пет воени заповедници (*strategoi*), избран од собранието за да му помага на египетскиот крал Птолемај, кој имал титула на доживотен стратег.

Во архајско време, уредувањето на полисот било монархиско (кралство/тиранија) или олигархиско (аристократија/плутократија). Демократијата се јавила како алтернативен облик на уредување во текот на VI век ст.е.; во V и IV век станала доминантен облик на уредување, а во хеленистичкиот период, до средината на II век ст.е., речиси сите полиси биле демократски и имале автономија – не независност, туку само самоуправа – потврдена со кралски указ. Во римско време, на полето на внатрешната политика, демократијата повторно била заменета со олигархија: советот (*boule*) претежнал над собранието (*ekklesia*) како орган што ги донесува најважните одлуки, а поранешните полиси биле управувани од највисокиот слој граѓани, кој воспоставил монопол врз сите важни државни служби.

Една од главните причини за придвижувањето од монархија и олигархија кон демократија било тоа што демократијата во хеленскиот полис се покажала како силен и ефикасен облик на владеење. Денес вообичаено се мисли дека е невозможно да се спроведе стабилна и целесообразна политичка линија во држава каде сите главни одлуки се донесуваат непосредно, од луѓето во собранието. Преовладува убедувањето дека ваквите одлуки се носат само според тековните политички состојби, и дека внатрешната и надворешната политика на ваква држава се движат по кривулеста патека и без јасен правец. Наводно, непосредното граѓанско владеење би било изводливо само ако сите држави се непосредни демократии; инаку, непосредната демократија не би можела да се наметне против поефикасните соседи, кај кои власта почива кај еден единствен владетел или влада. Околу половина од полисите во класична Хелада биле монархии или олигархии, а половина биле демократии, повеќето од нив – непосредни демократии од атински тип. Ако е вистина дека непосредната демократија е неразумен и неефикасен облик на власт, и дека од

неа се постабилни олигархиите управувани од избрана елита, или пак монархиите предводени од силен водач – тогаш следува дека стотици хеленски демократии би требало да им подлегнат на олигархиите и монархиите, и дека во текот на долгото постоење на полисната култура демократиите би требало да бидат избришани од политичката карта. Но, како што знаеме, такво нешто не се случило. Напротив, ако судиме за атинската демократија според постојаноста и ефикасноста на нејзината политика, ќе забележиме дека демократска Атина била многу поефикасна и посилна од нејзините олигархиски соседи, иако овие имале приближно исто население. Како и Атина, и Теба била најсилна кога имала демократска управа; всушност, во IV век ст.е. Теба била можеби најсилниот полис во Хелада.

Ако преминеме од самите институции врз задачите што ги извршувале, разликите меѓу полисите стануваат поочигледни, па и врз оваа основа може да се различат неколку типови полиси. Во полис што зависел од друг полис, или пак што членувал во федерација, надворешната политика и одбраната му биле препуштени на хегемонот или на сојузната управа, а полисната самоуправа била ограничена само на домашната политика. Од полис до полис се разликувал и степенот до кој заедницата го регулирала економскиот и општествениот живот. Во демократските полиси се нагласувала разликата меѓу јавното и приватното, а идеалот кон кој се стремело бил – секој граѓанин, во својата приватна сфера, да може да живее по сопствена волја. Во вакви полиси, општествените, стопанските и образовните прашања не биле строго регулирани. Но, имало и полиси во кои институциите се мешале во сите аспекти на човечкиот живот, па во нив и немало сфера на приватно живеење во вистинска смисла на зборот. Два модела на полиси што ги претставувале овие два вида се токму Атина и Спарта; уште од античко време се расправа дали повеќето други полиси биле устроени налик на Атина, или налик на Спарта.

• *Одбраната, верскиот живот и финансиите.* – Освен правните прописи што се однесувале на граѓанството и на политичките институции, имало уште три полиња на активност што биле регулирани од заедницата: одбраната на полисот, верскиот живот и финансиите.

Секој полис имал своја војска; и војските што ги собирале сојузите и другите натполисни организации повторно биле составени од воени одреди од поединечни полиси. Јадро на вооружените сили на градот биле одредите од тешко вооружени пешаци, наречени „хоплити“. Врската меѓу хоплитската служба и статусот на граѓанин била толку блиска, што во некои полиси граѓанските права биле ограничени само на оние што

служеле како хоплити во војската. Во некои полиси, граѓанството било ограничено само на мажите на воеnoспособна возраст, па граѓанинот на шеесетина години, кога веќе морал да излезе од воена служба, ги губел и политичките права. Но, имало и полиси во кои на ветераните им се дозволувало да ги задржат политичките права: според сè, Спарта била токму ваков тип на полис. Честопати се претполага дека појавата на хоплитската фаланга – која сега се датира околу 750 ст.е. – била тесно врзана за појавата на полисот, и дека развојот на масовните борби во близок строј одел напоредно со развојот на политичката заедница, управувана од овластено тело составено од земјоделци-хоплити. Но, со текот на времето, во класичниот демократски полис, граѓанство во оваа смисла добиле не само хоплитите, туку и лесно вооружените војници, па дури и веслачите во флотата. Во фалангата, рамо до рамо со граѓаните, морале да служат и метојките од средниот слој. Поради тоа, постепено замрело и поистоветувањето на хоплитите со граѓаните. Војската и политичкиот аспект на полисот продолжиле да се оддалечуваат, особено во хеленистичко време, кога граѓанската војска сè повеќе се пополнувала со платеници, а некаде била и целосно заменета со платенички одреди.

Иако несомнено имала исклучителна важност, религијата претставувала само еден аспект од полисниот живот, и тоа не нужно најважниот; сепак, во него гледаме многу интересни особености на системот. Полисот, сфатен како политичка и воена заедница на граѓани, бил машко општество, од кое жените биле исклучени. Но, состојбата во верскиот живот била сосем поинаква: жените учествувале во обредите и култовите и на нивното домаќинство, и на самиот полис. Тие биле целосно исклучени од некои култови, но имало и култови – на пример, Тесмофориите – од кои биле исклучени мажите. На повеќето божици им служеле свештенички, а не свештеници. Жените биле активни чинители во култниот живот на полисот; тие учествувале во изведбата на многу обреди, со што добивале и официјален статус во заедницата.

Полисната религија била збир од официјални култови, верувања и обреди што се негувале, биле организирани, па дури биле и обмислени и устроени од полисот, кој потоа ги врзувал за себе и за своите институции. Секоја активност на заедницата била придружена со религиозен чин – на пример, заседанието на народното собрание во Атина се отворало со жртвопринесување, молитва и полагање заклетва. Целата заедница искажувала почит кон боговите и хероите на големите верски празнувања што ги организирал самиот полис, и на кои обично присуствувале сите жители на полисот, а не само полноправните граѓани. Како што се развивал полисот, се воведувале и нови политички култови: повеќето полиси имале бог или божица-заштитник, многу од полисните симболи

произлегувале од главното божество, а годишното празнување на богот-заштитник бил највеличествениот настан во годишниот календар. Во зградата на Советот обично имало култ на Ѕевс или Атена со епитетот *Boulaios* / *Boulaia* (во буквален превод, „Советен“ / „Советна“). Понекогаш се обоготворувале и апстрактни политички концепти: на пример, во Атина, демократското уредување се претставувало во облик на божица со име Демократија, на која стратезите ѝ принесувале годишни жртви. Друго олицетворено божество била *Homonoia*, Слогата, која се обожувала во многу полиси, особено во хеленистичко и римско време. Сепак, обожувањето на самиот полис било мошне ретко, а се јавува само на неколку места, и тоа исклучиво во хеленистичко време.

Првично замислен како заедница на граѓани, полисот во мошне мала мера бил и економска организација. Правото на земјопосед било ограничено на граѓаните – па сепак, со исклучок на Спарта и уште неколку полиси, туѓинците и робовите учествувале во трговијата и занаетчиството рамо до рамо со граѓаните, а честопати и на иста основа. Полисот влегувал во економскиот живот на луѓето само кога требало да собере давачки и да обезбеди леб за граѓаните по поволна цена. Во таа смисла, на пример, имало суштинска разлика меѓу Хелада и средновековните градови-држави. Во градовите-држави на средновековна Италија, правото на занаетчиска или трговска дејност било политичко право, еднакво со правото на учество во политиката, и било резервирано само за граѓаните; политичките институции во нив непосредно се потпирале врз економската организација на еснафите и здруженијата. Токму затоа денес преовладува мислењето дека политичките институции се рамка преку која државата управува со севкупниот живот на заедницата. Спротивно, Хелените учествувале во политичкиот живот за да бидат вредност сами за себе, а политичките институции не биле рамка на полисот, туку негово јадро.

• *Политичката неслога.* – Во идеални услови, градот-држава би требало да биде заедница на граѓани што го сметаат полисот за своја татковина, и за кого се подготвени да го жртвуваат и имотот, и животот. Но, јасно е дека тешко може да се најде толку подреден и хармоничен полис, кој би го достигнал овој идеал. Повеќето полиси живееле во постојана поделба меѓу најмалку два спротивставени политички круга – оној на имотните, кои ја претпочитале олигархијата, и оној на безимотните, кои се бореле за демократија. Во некои колонии, основани од мешани колонисти од различни полиси, спротивставените политички струи произлегувале од различните групи доселеници, кои сега морале да живеат не само едни до други, туку и едни со други. Заедницата можела да се поде-

ли и поради две сопернички групи на имотни граѓани, кои се бореле за да воспостават контрола врз врховната власт. Сево ова предизвикувало речиси постојана политичка напнатост, која честопати завршувала со граѓанска војна; во неа пак, секоја политичка струја била подготвена да соработува со друга група истомисленици од соседниот град, или пак од некој од посилните градови што ги предводеле нестабилните полисни сојузи. Припадниците на двете завојувани струи биле сосема подготвени да ја жртвуваат независноста и автономијата на нивниот град, ако можеле за возврат да ја задржат, или пак да ја добијат врховната власт во полисот. Ваквите струи се нарекувале *staseis*, а зборот *stasis* почнал да се користи и како поим за самата граѓанска војна.

## МЕЃУПОЛИСНИТЕ ОДНОСИ

Од политичка гледна точка, полисот бил самоуправна, но не нужно и независна држава. Хелените правеле разлика меѓу полиси со, и полиси без автономија, поим што во класично време значел независност, а во хеленистичко – исклучиво самоуправа. Хеленските полиси образувале сложени мрежи од хегемонски, независни и зависни полиси насекаде низ Средоземјето. Спартанскиот полис контролирал дваесетина полиси населени со периојки, расфрлани низ Лакедајмон и Месенија. Теба, пак, била предводник на Бојотскиот сојуз, во кој членувале десетина самоуправни, но не и независни полиси. Во втората половина на V век ст.е., речиси сите членки на Делско-атичкиот сојуз биле зависни полиси (*hypekooi poleis*), на кои Атина им ја одзела нивната *autonomia*. Слично, и Сиракуса воспоставила контрола врз сите полиси на источна Сицилија.

Војната меѓу полисите била редовна појава; за повеќето полиси војната била вообичаена состојба, а мирот – кусовечен исклучок. Повеќето војни се воделе меѓу соседни полиси, на пример меѓу смртните непријатели Спарта и Аргос, или меѓу сојузи од полиси, на пример меѓу Делско-атичкиот сојуз, предводен од Атина, и Пелопонескиот сојуз, на чело со Спарта. Овие постојани војни често завршувале со уништување на полисот, понекогаш и физичко – со опожарување на градот до темел, убивање на сите мажи и поробување на жените и децата; пример за ова е атинското уништување на Мелос во 416 ст.е. Во други случаи, на поразениот полис му се одземало секакво право на самоуправа и се сведувал на еден вид филијала на полисот-освојувач; на тој начин Аргос од 468 до 416 година ст.е. ги освоил Микена, Тиринт, Орнеа, Мидеа и Хисија, кои од полиси биле претворени во села (*komai*). Сепак, понекогаш на освоените градови-држави им се дозволувало да го задржат полисниот статус и да

станат зависни полиси (*poleis hypekooi*), а не села или општини. Вакви зависни полиси биле полисите на периојките во Лаконија, целосно контролирани од Спарта, како и сите полиси во Мала Азија што биле најпрвин под лидиска и персиска власт, подоцна под контрола на хеленистичките монарси, за најпосле да станат дел од римската провинција Азија. Подолг период на мир завладеал дури во времето на римската превласт. Во првите три века од новата ера, хеленските полиси – освен оние близу границите – уживале во благодетите на Римскиот Мир (*Pax Romana*) и најпосле можеле да си дозволат да ги запоставаат бедемите и одбранбените утврдувања.

Дипломатските односи меѓу полисите не се одржувале со постојани амбасадори, туку со пратеници (*presbeis*), кои се испраќале по потреба – на пример, да преговараат за примирје или сојуз. Освен испраќањето пратеништва, се користел и еден вид институционализирано гостинско пријателство, т.н. ксенија (*ksenia*), преку кое се развивала цела мрежа од лични односи меѓу видни личности на различни полиња, а кое подоцна влегло и во политичката структура, низ институцијата наречена проксенија. На пример, градот Коринт изгласувал одлука, со која некој граѓанин на Халкида станувал *proksenos* („домаќин и заштитник") на кој било коринтски граѓанин што ќе се најдел во Халкида; овој проксен, во општи рамки, станувал и претставник и заштитник на интересите на Коринт во својот роден град.

## НАТПОЛИСНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Во хеленистичко време, местото на Атина, Спарта и Теба како водечки политички чинители во Хелада го презеле сојузите – во прв ред *Ајтолскиот* и *Ахајскиот сојуз*. Овие сојузи не биле нови творби, ниту пак произлегле од промените во политичката состојба по битката кај Хајронеја; напротив, разни сојузи се среќаваат уште во класично време, а во некои случаи дури и во архајскиот период.

Најраната историја на хеленските сојузи, како и главните чинители што го предизвикале нивното создавање, сè уште се мошне нејасни. Еден од клучните елементи несомнено била свеста за посебноста на одредена племенска група (*ethnos*), изразена низ заедничките семејни корени, традиции и верски обичаи. Според сè, токму заедничките светилишта одиграле важна улога во постепеното обединување на различните групи од еден „етнос". Постојаните контакти, особено меѓу благородништвото, несомнено биле уште еден важен поттик во целиот процес. Во класично време веќе се обликувале повеќе сојузи; според една процена, кон

крајот на класичниот период четириесетина проценти од полисите биле дел од некој сојуз, што значи дека појавата на сојузите немала непосредна врска со политичката и економската криза на класичниот полис. И потребата за обединување заради заедничка одбрана и безбедност не е новина што се јавила дури во хеленистичко време. Иако се најпознати меѓу класичните полиси, Атина и Спарта всушност претставувале исклучок од типичниот полис, зашто располагале со необично голема територија и население што им дозволувало да развијат агресивна надворешна политика; повеќето полиси биле толку мали, што не можеле ниту да помислат на активна надворешна политика и биле под речиси постојана закана од посилните и поголеми соседи. Според сè, развојот на овие натполисни организации може да се сфати или како *еволуција на полисниот систем*, која водела кон здружување на повеќе полиси од безбедносни, економски или други причини; или како *политички модел кој бил алтернатива на полисниот систем*, зашто дел од овие сојузи никнале токму во делови од Хелада каде полисната традиција немала длабоки корени.

Сојузите од хеленистичко време се засновале врз принципот на *симполитија* – обединување на претходно независни заедници, племенски групации или полиси во нова заедница, во која сите граѓани имале исти права. Симполитијата донекаде наликува на синојкизмот, здружувањето на неколку помали во еден поголем полис, но во многу поголем размер; суштинската разлика е во тоа што синојкизмот вообичаено подразбирал преселување на граѓаните во ново, заедничко градско средиште, а симполитијата не предвидувала преселување, туку само политичко здружување.

При процесот на обединување, поединечните членки на сојузот се откажувале од дел од своите права во корист на новите сојузни власти; ова најчесто се однесувало на надворешната политика и дипломатските односи. Сепак, поединечните членки и натаму уживале внатрешна самоуправа, а не ги губеле целосно своите права и надлежности дури ни во надворешната политика. На пример, во Ајтолскиот сојуз, и сојузните власти, но и секоја поединечна членка имала можност да дава сојузно граѓанско право; во Ахајскиот сојуз, пак, Мегалопол во една прилика започнал војна против Спарта без воопшто да се посоветува со сојузните власти, кои дури подоцна се вклучиле во судирот.

Остануваат многу непознатици и во врска со внатрешното устројство на сојузите. На пример, често се претполага дека поединецот имал право на имот и право на брак во некоја друга членка на сојузот; ова е несомнено точно за Халкидичкиот сојуз во IV век ст.е., најверојатно и за Ахајскиот сојуз во хеленистичко време, но не знаеме дали важело и за

Ајтолскиот сојуз. Спротивно на идеализираниот и преувеличен опис на историографот Полибиј, секоја членка на Ахајскиот сојуз имала сопствени закони со кои се уредувале внатрешните односи во заедницата, а така било и во Ајтолскиот сојуз. Од зачуваните извори може да се заклучи дека заедниците (било полиси или племенски групи, т.е. *ethne*) што влегле во некој сојуз никако не ги загубиле идентитетот и автономијата; напротив, тие и понатаму уживале широка автономија и слобода во работењето. Граѓаните на сојузите уживале двојно граѓанство: едното локално, ограничено само на сопствената заедница, а второто сојузно. Не знаеме дали смееле да ги заменат локалните права од една заедница со права во друга заедница, која била член на истиот сојуз; според изворите што ги имаме, изгледа дека ваквата можност била ретка и ограничена.

Хелените немале посебен збор со кој се означувал овој специфичен вид државни организации. Античките автори обично користат три поими: *koinon*, *ethnos* и *sympoliteia*; сепак, ниту еден од нив не го опфаќа во целост она што го подразбираме под држави од типот на Ајтолскиот и Ахајскиот сојуз. На пример, зборот *koinon* поточно значел „заедничка“ или „централна власт“, независно дали во полис или сојуз; бидејќи кај полисите почесто се користел поимот *demos*, овој поим почнал да се поистоветува со централната власт во сојузите. Но, *koinon* можел да означува секаков тип на заедница: од политичка, до какво било здружение на неколку или повеќе луѓе.

И зборот *ethnos* можел да има различни значења: од род, племе, поголема племенска група, па сè до специфичен државен облик. Аристотел истакнува дека градот со премногу граѓани почнува да наликува на *ethnos* – што би подразбирало посебен државен облик, различен од полисот. Всушност, Аристотел прави разлика меѓу етнос заснован врз племенски елементи и етнос втемелен врз сојузни принципи.

Погоре спомнавме дека процесот на *симполитија* е вграден во основата на повеќето хеленистички сојузи. Но, и тука, освен за сојузни држави, истиот поим се користи и како синоним за политичкиот принцип на исополитија, за синојкизам на два града, па дури и за припојување на некој град. Според сè, и поимот симполитија има премногу широко значење и опфаќа повеќе различни процеси. Да биде збрката поголема, историографот Полибиј го означува Ахајскиот сојуз како „етничка симполитија“, а Павсанија, пак, ги опишува сојузите како „собранија според етнос“.

Како што гледаме, ниту еден збор не ги определува овие држави во целост, па затоа и ниту еден превод не е сосем задоволителен. Во литературата се прифаќа традиционалниот поим „сојуз“, но мора да се има

на ум дека овие сојузи се нешто сосем различно од воените сојузи, кои по природа имале кус век. Дури и оние што потрајале подолго – на пример, Пелопонескиот сојуз – суштински се разликувале од сојузните држави. Воените сојузи немале развиен административен апарат, ниту пак силна и постојана централна власт; една од најважните разлики е тоа што членките на воените сојузи немале никакви правни олеснувања и повластици кај другите членки – за разлика од сојузните држави, каде токму заедничното, сојузно граѓанско право било една од темелните особености.

## Литература:


Beck, H., Buraselis K. & McAuley A. (eds.). (2019). *Ethnos and Koinon. Studies in Ancient Greek Ethnicity and Federalism.* Stuttgart: Franz Steiner Verlag.

Forsdyke, S. (2009). "Civic Institutions." In Boys-Stones, G. et al. (eds.), *The Oxford Handbook of Hellenic Studies*, pp. 197–210. Oxford: Oxford University Press.

Фролов, Э. Д. (2004). *Рождение греческого полиса.* Санкт-Петерсбург: Издательский дом С.-Петербургского университета.

Hansen, M. H. (2010). *Polis: An Introduction to the Ancient Greek City-State.* Oxford: Oxford University Press.

Hansen, M. H. (2013). "Greek City-States". In Bang, P. F. & Scheidel, W. (eds.), *The Oxford Handbook of the State in the Ancient Near East and Mediterranean*, pp. 259–278. Oxford: Oxford University Press.

Кошеленко, Г. А. (1980). "Полис и город: к постановке проблемы." *Вестник Древней Истории* 1980, № 1, 3–27.

Morris, I. (2013). "Greek Multicity States". In Bang, P. F. & Scheidel, W. (eds.), *The Oxford Handbook of the State in the Ancient Near East and Mediterranean*, pp. 279–303. Oxford: Oxford University Press.

Redfield, J. (2009). "The Polis." In Boys-Stones, G. et al. (eds.), *The Oxford Handbook of Hellenic Studies*, pp. 187–196. Oxford: Oxford University Press.

# 7
# СПАРТА И АТИНА

Државното уредување на Спарта. – *Спартанските басилеи. – Герусијата. – Апелата. – Ефоратот.* – Спартанското општество. – Политичкиот развој на атинскиот полис. – *Атинските архонти. – Ареопагот. – Законите на Драконт.* – Законодавството на Солон. – *„Симнувањето на товарот“. – Поттикнувањето на трговијата. – Новите општествени слоеви. – Архонтската служба и еклесијата. – Советот од четиристотини. – Важноста на Солон.* – Законодавството на Клејстен. – *Новите фили, тритии и деми. – Советот од петстотини.*

## ДРЖАВНОТО УРЕДУВАЊЕ НА СПАРТА

Изворите за создавањето на спартанската држава се малубројни и крајно несигурни. Уште во античко време, историјата на Спарта се прикажувала еднострано – со антипатија, или почесто со наклоност, зависно од светогледот и политичките ставови на авторот. Во делата на античките писатели, уредувањето на Спарта е во голема мера идеализирано; во хеленската литература постоел цел правец, кој уште во старо време се нарекувал „лаконофилски”, а си нашол место во делата на Ксенофонт, Платон, па дури и во некои дела на Аристотел. Други дела за Спарта или не преживеале до наше време, или пак се зачувани само како куси одломки со мошне скудна содржина.

Во хомерските епопеи, Спарта е претставена како еден од најважните центри на микенската цивилизација; во неа владее Менелај, братот на Агамемнон, предводникот на ахајските војски против Троја. Нашето внимание го заслужуваат и лирските поети од VII и VI век ст.е., во чии дела се опева општествената и политичката стварност во Спарта; такви се делумно зачуваните дела на поетите Тиртај и Алкман. Според сѐ, историографот Тукидид воопшто не се сомневал во традицијата дека осумдесетина години по падот на Троја Пелопонес бил освоен од племето Дорци, зашто ја пренесува приказната како историски факт; според некои груби пресметки, ако оваа приказна е вистинита, тогаш се случила едно поколение по уривањето на главните микенски палатни центри. Според Херодот и Тукидид, Спарта подолго време ја треселе големи немири, а полисот најпосле се стабилизирал околу 800. ст.е. Одредени податоци за ова можат да се извлечат и од „Описот на Хелада“, дело на Павсанија од II

век ст.е., а зачувани се и повеќе стари спартански натписи. Сепак, приказната што ни ја раскажуваат изворите е премногу разубавена, за да се вклопи во она што ни го кажува археологијата.

Микенска Лаконија е истражена многу помалку од Месенија и Арголида, но дури и најосновниот преглед на наодите сведочи дека била значително послабо населена и имала малку важни населби. На местото на класична Спарта не е откриена никаква трага на важна микенска населба; сепак, неколку километри кон север, на еден рид што се извишува над коритото на реката Еврота се откриени урнатини од постмикенско светилиште посветено на Менелај и Хелена, а близу до него и населба што била разурната во приближно исто време со Пилос. Во текот на следните две столетија, населението во Лаконија се намалило, а дел од дотогашните населби никогаш не биле обновени; според сè, главното средиште на микенска Лаконија било напуштено, а подоцнежната, историска Спарта била основана подоцна, и тоа со синојкизам на пет населби.

Во класично време, Спартанците се разликувале од сите други хеленски полиси во уредувањето, општественото устројство и начинот на живот. Тие мислеле и тврделе дека нивното уредување опстојало уште од најстаро време, во непроменет облик и со исти особености; сепак, ова не е сосем точно. Развојот на спартанската држава сè до крајот на VII век ст.е. ја следел истата општа матрица што ја гледаме и во во другите хеленски полиси, иако со некои поизразени особености. Како и мнозинството други полиси, и Спарта минала низ фази на кралска власт и благородничка олигархија, а конечниот облик на нејзиното државно уредување веројатно произлегол од политичките надбивања на аристократијата и обичните граѓани.

Спартанското државно уредување во целосно развиен облик се состоело од четири главни елементи: *басилеи*, *герусија*, *собрание* и *ефорат*. Првите три институции ги има кај безмалку сите Хелени, а ефоратот е особеност само на спартанскиот полис.

• *Спартанските басилеи.* – Веќе спомнавме дека кралската власт насекаде во Хелада почнала да слабее и да се ограничува со закони, за најпосле сосем да згасне, оставајќи бледи траги во имињата на државните службеници, како архонтот-басилеј во Атина. Во мал број полиси, во кои се вбројува и Спарта, таа успеала да преживее, но во толку видоизменет и ограничен облик, што веќе не може да стане збор за вистинска кралска или монархиска власт; затоа, највисоките управители на Спарта не ги нарекуваме кралеви, туку *басилеи*. Власта на басилеите била ограничена на повеќе начини и рамништа, и од другите полисни институции, но и од нејзиниот двоен карактер, зашто во Спарта напоредно вла-

деele двајца басилеи. Ваквото удвојување на басилеите може да се должи на две различни политички и општествени заедници, од кои секоја имала свој предводник: едната од владетелската куќа на Агијадите, а другата – од Еврипонтидите. Власта во двете басилејски куќи била доживотна и наследна, и минувала од татко на син.

Кралската власт (всушност, диархијата на басилеите) во Спарта не била укината, ниту пак била сведена на изборна државна служба, затоа што двајцата басилеи будно се контролирале еден со друг, а имале крајно ограничени и строго контролирани овластувања. Басилеите можеле да вршат некои свештенички должности: секој месец, во име на полисот, тие му принесувале свечени жртви на Аполон. Басилеите подготвувале жртвопринесувања пред заминување во поход или битка; тие биле свештеници, но не и единствени свештеници во заедницата. Освен тоа, тие биле и врховни заповедници на војската. Во прво време, можеле да војуваат против кој било полис по избор, а секој што ќе се обидел да ги спречи, бил казнуван. На бојното поле, имале неограничено право над животот и смртта на своите војници, како и широки овластувања што се контролирале преку самото двојство на басилејската власт; но, во подоцнежно време било пропишано дека само еден од двајцата басилеи, по избор на народот, може да ја води војската во војна, а згора на тоа и дека е одговорен за своите постапки пред целата заедница. Слично, басилеите веќе не биле врховни судии и не можеле да делат правда (како Менелај во хомерските епопеи), туку имале судски овластувања само во неколку ретки случаи.

Басилеите собирале издршка и приход од повеќе земјоседи на територијата на периојките, а имале и исклучителни права при јавните жртвопринесувања. Во вакви прилики, налик на хомерските кралеви, басилеите ги имале најубавите места на гозбената трпеза, биле послужувани први, добивале двојна мера од сè што било изнесено, а најпосле ги задржувале и кожите на жртвуваните животни.

Почитта кон личноста на басилеите, но и кон самата институција, се гледа во посмртните почести што им се укажувале. „Низ цела Лаконија", раскажува Херодот, „јаваат коњаници кои ја разнесуваат веста за смртта на басилејот, а во градот жените одат наоколу и удираат во котел. Кога ќе го чујат овој знак, двајца слободни по род од секоја куќа, маж и жена, мора да облечат таговна облека, а ако некој не постапи така, му следува тешка казна." На погребувањето на басилејот присуствувале дури и периојките, а според утврдената погребна церемонија ужалените имале обврска да го величаат починатиот басилеј како најдобар од сите досегашни басилеи. Десет дена по погребувањето не се започнувале ни-

какви државни работи. Басилејското место го наследувал најстариот син што бил роден откако овој станал басилеј; децата што биле родени пред басилејот да стапи на престолот, се откажувале од правото на владеење. Ако басилејот немал деца, правото на наследство одело кај најблискиот роднина, кој можел да биде и регент, ако наследникот бил малолетен.

• *Герусијата.* – Геронтите или „старците", кои кај Хомер имаат улога на кралски советници и судии, во Спарта прераснале во тело со точно утврден број членови, наречено „Герусија". Герусијата се состоела од вкупно триесет членови, во кои по службена должност влегувале и двајцата басилеи. Другите 28 членови морале да бидат постари од 60 години. Нивната служба била доживотна, а се бирале со акламација – сеопшто одобрување – на редовна седница на Собранието. Се мисли дека во Герусијата се избирале само искусни граѓани со потврдени највисоки морални вредности, кои ја доживувале службата во герусијата како награда за својата претходна доблест. Герусијастите биле советодавно тело со големо политичко влијание, а суделе и во кривични спорови; но, иако народот ги бирал членовите на Герусијата, тие не се бирале од редовите на народот. И покрај сите реформи и преустројства на спартанското општество, наследното благородништво во Спарта успеало да зачува дел од своето влијание, па за членови на Герусијата можеле да се бираат само членови на старите благороднички семејства.

• *Апелата.* – Откако ќе навршел триесет години, секој Спартанец влегувал во Собранието на граѓани, наречено „апела", кое заседавало секој месец. Во најстаро време, собранието било свикувано од басилеите, но со текот на времето ова право се пренело врз ефорите. Во собранието не се расправало; откако ќе ги ислушале предлозите на басилеите или на ефорите, присутните ја искажувале својата волја со акламација. Ако не можело да се различи кое мислење има мнозинство, дури тогаш се пристапувало кон броење гласови. Во апелата се бирале членови на герусијата, ефори и други пониски службеници; таа решавала за прашања врзани за војната, мирот и надворешната политика, а судела во споровите за наследство на басилејската чест. На овој начин, макар и теоретски, спартанското државно уредување претставувало своевидна демократија. Ниту еден Спартанец не бил исклучен од собранието, а искажаната волја на народот била суверена. Според еден стар пропис, правото на решавање му припаѓало на народот; но, истиот тој пропис ѝ дал на извршната власт – значи, на геронтите и на басилеите – овластувања што ја ограничувале сувереноста на народот, имено, им дозволувал да се спротивстават „ако народот донесе лоша одлука". Според сѐ, волјата што Спартанците ја искажале со акламација не била правосилна, ако не била официјално прогласена во истата прилика, и тоа по строго утврдена процедура.

Ако геронтите и другите државни службеници не се согласувале со одлуката на мнозинството, можеле да ја поништат целата постапка со тоа што ќе се повлечат и ќе го распуштат заседанието, не чекајќи ниту да биде законски затворено од басилеј или ефор, ниту пак да се донесе некое официјално решение.

• *Ефоратот.* – Петтемина ефори се највпечатливиот дел од спартанскиот државен систем; нивниот број веројатно произлегува од петте села, со чие обединување бил создаден градот. Потеклото на оваа служба сè уште не е целосно разјаснето, но се претполага дека ефоратот бил основан во првата половина на VIII век ст.е. Сепак, мора да се направи разлика меѓу основањето на службата и почетокот на нејзината политичка важност. Можно е дека во VIII век ст.е. басилеите сфатиле дека не можат да ги исполнат сите задолженија сами, па морале да се откажат од делењето правда во граѓански спорови, кое го презеле ефорите; како и да е, на самиот почеток ефорите имале занемарливо политичко влијание. Важноста што ја имале во класично време бездруго ја добиле користејќи ја политичката борба меѓу благородништвото, кое владеело заедно со басилеите, и обичниот народ, кој не учествувал во власта. Во текот на оваа борба, басилеите ги застапувале интересите на благородништвото, а ефорите биле своевидни претставници на народот. Отстапките на двете страни јасно се гледаат во заклетвата што секој месец ја разменувале ефорите и басилеите: басилеите се колнеле дека ќе ги почитуваат законите на државата, а ефорите – дека сè дури басилеите ја почитуваат својата заклетва, ефоратот нема да работи против нив. Демократскиот карактер на ефоратот се гледа од тоа што секој Спартанец можел да биде избран за ефор. Начинот на избор практично не се разликувал од бирањето со жреб, а кога имало различни мислења, ефорите што биле малцинство едноставно се откажувале од својот став.

Ефорите ја преземале службата на почетокот на спартанската година. Како избрани чувари на народните права, тие биле задолжени да внимаваат на однесувањето на басилеите, дотаму што двајца ефори постојано го придружувале басилејот во неговите воени походи. Ефорите имале право да го обвинат басилејот и да го повикаат на одговорност. Судските овластувања, што басилеите ги изгубиле, минале делумно кај ефорите, а делумно кај герусијата. Ефорите биле врховен суд во граѓанските спорови, а герусијата – во кривичните парници. Најпосле, ефорите биле одговорни за поредокот и дисциплината во државата, па кога стапувале на должност, обично издавале проглас во кој им порачувале на граѓаните „да ги бричат мустаќите и да им се покоруваат на законите".

Државното уредување на Спарта, единствено од ваков вид, не може да се подреди под ниту една политичка определба. Не можеме да го наречеме ниту монархија, ниту олигархија, ниту пак демократија, без ваквиот назив да нè прелаже. Ниту еден од нив не може да се примени на спартанското уредување, а сепак, тоа содржи одлики на секое од нив поодделно. Како што сликовито објаснуваат Бјури и Меигс, „ако некој туѓинец ги види басилеите како газат пред својата војска како врховни заповедници, или пак ако види какви почести им се оддаваат на верските празнувања во градот, би ја опишал Спарта како монархија; ако ги праша басилеите какво уредување има нивната држава, ќе му одговорат дека Спарта е, за жал, демократија; но герусијата, која се пополнува исклучиво од редовите на големците и силно влијае врз државните работи, а му изнесува на Собранието предлози за кои не смее да расправа, е јасен доказ дека Спарта е, всушност, олигархија". Тајната на овој сложен карактер на спартанското уредување можеби се крие во тоа што Спарта се развивала во ист општ правец како и другите хеленски полиси и се соочувала со исти политички кризи, но секојпат успевала да ги преброди со помалку насилство и со посилен конзервативен дух. Кога дошло време да се премине од кралство во благородничка олигархија, Спартанците ја ограничиле моќта на кралевите, но ја зачувале наследната власт на басилеите како дел од благородничката власт. Кога, пак, созреале сите услови за да се исчекори кон демократија, Спартанците им дале огромни овластувања на претставниците на народот, но ги зачувала и наследните басилеи, и благородничката герусија.

## СПАРТАНСКОТО ОПШТЕСТВО

Во VII век ст.е., никој не можел да претскаже во каква насока ќе се развива Спарта. Нејзините благородници живееле во раскош, исто како и благородниците во другите хеленски полиси; како и на други места, и тука поединецот имал целосна слобода да си го уреди животот како што сака. Освен интерес за војување и дисциплина, Спарта покажувала и многу други особености. Лирската поезија, пренесена од островот Лезбос, мошне брзо си нашла втор дом на бреговите на Еврота. Според традицијата, Терпандар, изумителот на лирата со седум струни, ја посетил Спарта и основал музички натпревар кој се одржувал за време на големиот празник Карнеи. Музиката била мошне ценета; кусо време потоа, Спарта добила и домашен поет, навистина – не по род, туку преку усвојување: поетот Алкман, кој потекнувал од Сарди во Лидија, ја засакал Спарта како втора татковина и оставил неколку песни што ги составил

за хоровите на лаконски девојки. Спарта дала и еден епски поет по име Кинетон. Сепак, овој почетен замаец на Спарта како дом на музиката и поезијата набрзо ќе биде темелно искоренет.

Археолошките наоди ги дополнуваат пишаните извори со многу живописни детали. Увозот на слонова коска и ќилибар, скарабеи, златен и сребрен накит сведочи за широката трговска мрежа на Спарта во VIII век ст.е.; лаконските мајстори, резбарите на слонова коска и грнчарите можеле да се мерат со најдобрите мајстори во Хелада. Во VI век ст.е. увозот почнува да се намалува; спартанската керамика, расеана низ Средоземјето од малоазиска Лидија, па сѐ до Етрурија, го достигнала врвот кон средината на VI век ст.е., по што уследило брзо назадување. Додека другите полиси ги развивале занаетчиското производство и уметничките дејности, Спарта постепено ја губела префинетоста во материјалната сфера на животот. Ненадејниот прекин во развојот не е последица од некој законски пропис; се чини дека првична причина за спартанското назадување е тоа што Спартанците се држеле до древниот начин на плаќање во железни прачки, додека низ цела копнена Хелада веќе се плаќало со сребрени монети. Во секој случај, спартанската конзервативност била свесен избор.

Во мигот кога стапила на историската сцена, Спарта веќе се наоѓала во железните окови на нејзината прочуена дисциплина, која задирала во секој агол на човечкиот живот и ги управувала постапките на граѓанинот од колевка, до смртна постела. Сѐ ѝ било подредено на вештината на војувањето, и единствена цел на државата била да создава непобедливи воини. Јасно е дека, уште од најраните почетоци, воинствениот елемент во Спарта бил изразен посилно одошто во другите држави; како полис кој контролирал многубројно покорено, обесправено и незадоволно население, Спарта морала да биде подготвена за војна во секое време; но, веројатно никогаш нема да дознаеме зошто, како и под чие влијание била воведена надалеку познатата спартанска дисциплина.

Сите граѓани на Спарта го сочинувале слојот на воини, наречени Спартијати; а животот на Спартијатот бил посветен исклучиво на служење на државата. За да се оствари овој идеал, требало граѓанинот да биде поштеден од издржување на семејството. Благородниците имале семејни поседи; но, и заедницата од Спартијати имала земјопосед, кој бил поделен на точно одреден број парцели, наречени клароси. Секој Спартијат добивал на плодоуживање еден кларос, со вредност еднаква на сите други, кој минувал од татко на син и не смеел ниту да се продава, ниту да се дели; затоа, граѓанинот никогаш не можел навистина да осиромаши. За овие клароси биле прикрепени полузависните хејлоти, кои ја обрабо-

тувале земјата за својот господар. Секоја година, сопственикот на земјопоседот добивал седумдесет медимни жито и уште дванаесет медимни за сопругата, како и претходно утврдена количина вино и овошје. Сè што било над овие бројки, хејлотот го задржувал за лични потреби. Така Спартијатот не морал да се грижи за сопствената издршка, туку можел да го посвети сето слободно време на јавниот живот и вежбањето.

Не знаеме речиси ништо за првичната положба на хејлотите. Се чини дека дури во VII век ст.е. положбата на хејлотите се доближила до онаа на робовите; сепак, хејлотите не биле робови, и меѓу нив има значителни разлики. Хејлотите не само што не биле приватен имот на Спартијатите, туку не биле ни непосредно експлоатирани; Спартијатите не живееле на своите имоти, па затоа и не можеле лично да ги раководат. Хејлотите самостојно управувале со кларосот и морале да им даваат на Спартијатите одреден дел од приносот како еден вид државна издршка. Власт над животот и смртта на хејлотите имала само и исклучиво државата; сепак, тие не можат да се наречат ниту „државни робови“ во вистинска смисла на зборот, зашто и државата немала право да ги продава.

Иако хејлотите не биле притискани од надзорници, а имале и право на приватна сопственост, нивниот живот не бил лесен, па речиси постојано кревале бунтови против државата. Системот на хејлотски труд бил извор на нестабилност уште од најрано време, а особено по освојувањето на соседна Месенија, чии жители исто така биле претворени во хејлоти. Состојбата на постојана воена приправност, во која живееле Спартијатите, можеби делумно се должела на свеста за постојана опасност на територијата на самиот полис. Со време, била вообличена т.н. „криптија“, еден вид тајна институција за пресметка со хејлоти, при која младите Спартијати се праќале во внатрешноста на земјата со овластување да го убијат секој хејлот во чија верност се сомневале. Во тесна врска со овој систем бил еден интересен обичај според кој ефорите, кога стапувале на служба, им објавувале војна на хејлотите. Под закрила на овој проглас, младите Спартијати ги убивале опасните хејлоти без никаков обѕир и без страв од обвинение. Но, и покрај овие мерки за претпазливост, хејлотите непрестајно кревале опасни бунтови. Спартанецот не можел да го ослободи хејлотот што му ја обработувал земјата, ниту пак да го продаде на друг; само државата можела да ослободува од ропство. Во време на војна, хејлотите биле собирани за воена служба како лесно вооружена пешадија и тогаш добивале прилика да го покажат своето јунаштво и верноста кон полисот; оние што се најмногу се истакнале во борбата, биле наградувани со слобода. Така се образувал еден цел нов слој од ослободеници, наречени *neodamodai,* „нови жители на демите”, т.е. нови граѓани. Меѓу граѓаните и робовите имало уште еден граѓански слој, наре-

чен *meiones*; веројатно станува збор за незаконити деца на спартански граѓани и хејлотски мајки.

Покрај Спартијатите и хејлотите, трет составен дел на спартанската држава биле автономните заедници на периојките, кои живееле во големи трговски и занаетчиски населби долж морскиот брег и на западните падини на планината Парнон. Земјопоседот на периојките бил строго разграничен од земјопоседот на кој Спартијатите делеле клароси и ги населувале хејлотите. Хеленскиот историограф Ефор пишува дека периојките во прво време биле целосно рамноправни со Спартијатите, а дека ги загубиле политичките права во времето на басилејот Агид I. Врз основа на подаоците од Ефор, се претполага дека периојките не биле вклучени во спартанскиот државен систем од самиот почеток, туку дека нивните градови најпрвин биле сојузници на Спарта, која подоцна воспоставила контрола врз нив. Подоцнежните хеленски географи и историографи пишуваат дека Спарта опфаќала стотина мошне стари населби на периојките; нивните области биле густо населени и имале важна стопанска улога во понатамошниот развој на спартанската држава.

Ослободени од обврската да заработуваат за живот, Спартанците ѝ биле целосно посветени на својата држава, а нејзина цел, пак, било негувањето на војничките способности. Во одредени периоди од нејзината историја, Спарта наликувала на едно големо воено училиште. Воспитанието, бракот и деталите од секојдневниот живот биле строго регулирани со цел да се одржи совршено ефикасната војска. Кога ќе се родело дете, главарите го прегледувале и, ако оцenele дека е болно или слабо, го оставале на падините на планината Тајгет за природата да го стори своето. Кога ќе наполнело седум години, детето му се доверувало на еден државен службеник, наречен „пајдоном“, чиј начин на воспитување бил целосно посветен на развивање на издржливоста на телото и духот. Пајдономот го навикнувал детето на строга дисциплина и му го всадувал чувството на преданост кон татковината. Од осумнаесет до дваесет години, спартанските момци се упатувале во големо училиште устроено на војнички начин. Заповедниците и надзорниците што ги обучувале биле млади луѓе на возраст меѓу дваесет и триесет години. Меѓу нив и момчињата честопати се раѓале цврсти пријателства.

Кога ќе наполнел дваесет години, Спартијатот стапувал во воена служба и му било дозволено да се ожени. Но, тој сè уште не можел да ужива во семејниот живот, туку морал да живее во еден вид „касарна“ заедно со другарите, а жената ја посетувал само скришум, како бегалец. На триесетгодишна возраст, откако ќе ја завршел обуката, станувал „вистински маж“ и добивал граѓански права. *Homoioi*, „Еднаквите“, како што се

нарекувале спартанските граѓани, јаделе на заеднички гозби, кои во старо време се викале *andreia*, „машки гозби". Секој член на заедничката маса давал одреден месечен прилог од приносите од неговиот кларос, кој се состоел од јачмен, сирење, вино и смокви; дружината од една иста маса делела чадор и во време на војна, на бојното поле. Овие државни оброци биле остаток од старите сеопшти јавни гозби, на кои сите граѓани се собирале околу трпеза поставена за боговите-заштитници на градот. Немаме многу податоци за поредокот на спартанските хоплитски чети во најстаро време. Триста коњаници, избрани од спартанската младина, ја сочинувале телесната стража на басилејот, а лесната пешадија се пополнувала со периојки и хејлоти.

Спартанската дисциплина ги опфаќала и жените, со цел од нив да создаде мајки што ќе бидат физички силни и задоени со спартански дух. И девојчињата ја минувале гимнастичката обука заедно со момчињата, а тоа што вежбале речиси голи, воопшто не го доживувале како неприлично. Тие уживале слобода што била многу поразлична од вообичаената изолација на жените во другите хеленски полиси. Спартанките уживале висок углед поради својата скромност и примереност, но ако државата барала да се раѓаат деца, воопшто не се двоумеле да го извршат бараното дури и ако требало да ја прекршат светата брачна врска.

Највисока животна цел на секој Спартијат била во секој миг да биде подготвен да се бори за својот полис. Целта на секој поединечен закон и смислата на целиот општествен поредок била да се обликуваат добри борци. Приватниот раскош бил најстрого забранет, а спартанската едноставност станала надалеку прочуена. Поединецот бил целосно слеан со државата и речиси немал личен живот. Спарта не била место за мислители и теоретичари; сите должности и највисоки идеали веќе биле вградени во законите на нивниот полис.

Бидејќи војувањето било цел и смисла на сите спартански закони и институции, би очекувале дека полисот постојано се наоѓал во воена состојба, а дека неговите граѓани биле во постојана борба со соседите, дури и без позначаен повод, зашто за нив војувањето било цел сама за себе. Но, работите воопшто не биле такви. Спартанците не војувале понепромислено од другите Хелени, а биле далеку од барбари што се грижат само за војна и лов. Првичниот мотив за устројството на нивните институции може да се објасни со положбата на мал, но доминантен општествен слој обиколен од незадоволни поданици и непријателски настроени робови. Спартијатите морале да бидат подготвени во секое време да се соочат со бунт на периојките или со хејлотско востание; во вакви случаи, изненадувањата обично завршуваат кобно. Откако го устроиле полисот

налик на воено вежбалиште, тие морале да бидат постојано будни. Но, во спартанското уредување имало уште нешто, што не може да се објасни само со будноста против можни востанија, а целосно му одговарало на хеленското чувство за убавото. Во самото устројство на државата, во начинот на живот под принуда на законите, во необичната нарав на луѓето што живееле под тие закони, владеле извесна едноставност и совршенство, на кои Хелените од другите полиси гледале со искрен восхит, но од безбедна далечина. Ако некој туѓинец од Атина или Милет ги посетел разбиените села што ја сочинувале неутврдената и скромна Спарта, би добил впечаток дека се наоѓа во некое минато време, во кое живееле похрабри, почестити и поедноставни луѓе; за филозофите кои размислувале за теоријата на државниот поредок, државата на Спартијатите се приближувала до неостварениот идеал, а обичните луѓе ја гледале како градолицетворение на строгата и едноставна убавина, но којшто не е сосем удобен за живеење.

Како што минувало времето, било неизбежно во многу нешта да се отстапи од идеалното спартанско уредување, а некои од најстрогите закони да почнат премолчено да се запоставаат; другите Хелени секогаш биле расположени да укажат на слабите точки на спартанскиот поредок. Изгледа дека уште од најрано време, покрај првичниот кларос, Спартијатите смееле да поседуваат и дополнителен имот. Бидејќи ваквите поседи не биле неотуѓиви, каков што бил кларосот, туку смееле да се продаваат и да се делат, неминовно се јавила имотна нееднаквост, што значи дека наводниот колективизам во животот на граѓаните бил површен и лажен. Вистина е дека на сите Спартијати им било забрането да поседуваат богатство во сребро и злато; во прво време овој закон се заобиколувал со полагање пари во храмови надвор од Спарта, а потоа почнал и отворено да се прекршува, дотаму што Спартанците почнал да ги бие глас дека се алчни и ненаситни. До IV век ст.е., од традиционалниот спартански начин на живот не останало речиси ништо, а учените што го опишувале спартанското државно уредување можеле само да ја споредуваат Спарта каква што требало да биде – и каква што некогаш навистина била – со Спарта каква што станала во нивно време.

## ПОЛИТИЧКИОТ РАЗВОЈ НА АТИНСКИОТ ПОЛИС

Атина се нарекувало малото утврдување во долината на реката Кефис, на осум километри од морскиот брег, кое низ текот на столетијата успеало политички да го обедини целиот полуостров Атика. Она што подоцна било само акропола на големиот велеград, во прво време бил

целиот град, населен уште од неолитот. Во доцното бронзено време, Атина веројатно била еден од политичките центри на микенскиот свет, со бедеми и палата налик на оние во Микена и Тиринт.

Извесно е дека Атина станала единствена држава по пат на обединување на повеќе посебни полиси, но не знаеме дали ова се случило наеднаш и за кусо време. Има мислења дека населбата Елевсина останала независна сè до VII век ст.е.; но, таа и онака претставувала важен култен центар, па е поверојатно дека била исклучок заради нејзиниот углед. Античката традиција му го припишува обединувањето на Атика на атинскиот крал Тесеј, кој наводно живеел во XIII век ст.е.; секако, Тесеј е митска фигура, но општата хронологија на настаните не мора да е далеку од вистината. Сосем е веројатно дека во немирниот крај на XIII век ст.е. – време исполнето со цивилизациски падови – помалите заедници во Атика просудиле дека би било умно политички да се врзат за Атина. Во крајна линија, ако во Атика навистина имало независни полиси сè до VII век ст.е., тоа секако би нашло некаков одраз во Историјата на Тукидид, кој пишува и за најстарата историја на Атика, и на Хелада во целост.

Раната историја на атинскиот поредок била мошне слична со оној на другите хеленски полиси, во кои кралската власт најпрвин била зауздана со голем број разни ограничувања, а потоа целосно се претворила во власт на благородничката олигархија. Атињаните тврделе дека ја укинале кралската власт по смртта на кралот Кодро, зашто наводно бил премногу добар за да има наследник; но, при сè што е прилично невообичаена, зашто ги слика кралевите во позитивно светло, оваа приказна е доцнежна измислица. Од она што го знаеме, распаѓањето на кралското уредување во Атина течело поинаку. Прво ограничување на кралските овластувања за кое се изборило благородништвото било воведувањето на службата на *полемарх*, или врховен војсководец: врховното заповедништво над војската, што претходно го имал кралот, сега било пренесено врз полемархот кој се бирал од редовите на благородништвото. Следен чекор било укинувањето на кралската положба; всушност, таа не била целосно укината, туку била заменета со службата на архонтот, изборен владетел кој ги презел најважните овластувања на кралот. Сите најстари архонти се избирале од редовите на моќното семејство Медонтиди; тие биле слични со кралевите, но немале кралска титула; имале доживотна власт, но биле избирани од заедницата. Следниот чекор во слабеењето на овој „кралски“ архонт се случил во VIII век ст.е., кога престанал да се избира доживотно, туку со мандат од десет години; веројатно со истата реформа архонтската служба им станала достапна и на другите благороднички семејства. Најпосле, архонтската власт станала едногодишна служба, и од

тој миг веќе почнал да се води официјален список на атински архонти по години.

• *Атинските архонти.* – До средината на VII век ст.е., извршната власт во Атина се наоѓала во рацете на тројца државни службеници со мандат од по една година: архонтот епоним, архонтот полемарх и архонтот басилеј.

Архонтот епоним бил врховен судија во сите граѓански спорови. Кога стапувал на служба, објавувал дека во текот на службата ќе го штити имотот на секој граѓанин. Во годините што уследиле, судската власт на архонтот била ограничена, па тој главно судел во спорови за родителство, наследство и сираци. Имал највисока положба од сите државни службеници, седиштето му било во Пританејот, каде се наоѓало полисното огниште, а неговото име стоело во заглавјето на сите државни документи како своевиден начин за датирање, поради што го добил и името „епоним“. Сепак, службата на архонтот епоним била помлада од онаа на полемархот, кон што упатува фактот дека епонимот немал никаква улога во верските обреди што обично ги извршувале архонтот полемарх или архонтот басилеј.

Освен што бил заповедник на војската, полемархот имал и судски овластувања. Тој имал судилиште во Епиликејонот, на брегот на реката Илис, каде судел во сите спорови меѓу доселениците; она што за атинските граѓани бил архонтот епоним, полемархот бил за слојот од доселеници, наречени метојки. Седиштето, пак, на архонтот басилеј било во Басилејскиот портик на Агората. Неговите овластувања се сведувале на грижа за државната религија и судење во спорови со религиска природа.

• *Ареопагот.* – Ареопагот бил политичко тело со чија помош атинските благородници го спровеле постепеното укинување на монархијата. Овој совет на старци, типичен за хеленскиот свет, подоцна бил наречен совет на Ареопагот, за да се разликува од другите совети што се развиле подоцна. Неговото име буквално значи „карпата на Арес“, но врската на овој карпест атински рид со богот на војната веројатно била воспоставена само преку народна етимологија, зашто на него никогаш немало светилиште на Арес. На ова место, издвоено од главната населба, но сепак во нејзиниот видокруг, советот заседавал за случаи на убиства, насилство, труење и подметнување пожари. Тужителот стоел врз „каменот на грубоста”, а обвинетиот врз „каменот на немилосрдноста” – всушност, две огромни, необработени грамадни карпи. Токму поради оваа функција, која му била оставена дури и откако ги загубил сите други овластувања, овој совет го добил името Ареопаг.

Во времето на благородничката олигархија, овој совет всушност владеел со Атина. Извесно е дека тројцата архонти биле членови на Ареопагот, но не сме сигурни кој друг влегувал во него, па затоа и немаме јасна претстава како функционирало уредувањето. Ареопагот несомнено имал извесна контрола врз изборот на највисоките државни службеници; сепак, можеби треба да се остави простор дека тројцата архонти биле избирани во атинското Собрание, во кое влегувало севкупното граѓанско тело со право на глас.

• *Законите на Драконт.* – Според традицијата, првиот законодавец – или, поскоро, законописец – во Атина бил Драконт, кому во 621 ст.е. му било наложено да состави законик. Во државата владеело сериозно незадоволство поради произволното делење правда од страна на благородничкиот слој, а атинските граѓани настојувале точно да се дефинираат и да се запишат сите можни прекршоци и сите соодветни казни – општествено движење што, сто и педесет години подоцна, независно ќе се јави и во Рим и ќе го услови објавувањето на Законите на дванаесет таблици. Драконт бил именуван за вонреден законодавец, или „тезмотет“, со овластување да ги исправи, подреди и дообликува законите што веќе постоеле. Од сите законски уредби на Драконт, зачуван е само дел од оние што се однесувале на крвни престапи, зашто подоцнежносто законодавство ги оставило во нивниот првичен облик. Подоцна се верувало дека токму Драконт им покажал на Атињаните колку се строги нивните закони, а неговото име станало симбол за строг законодавец; според еден подоцнежен атински беседник, законите на Драконт не биле напишани со мастило, туку со крв. Подлога за ваквото мислење несомнено било тоа што дури и некои ситни прекршоци, како кражбата на зелка, во времето на Драконт се казнувале со смрт.

За жал, не знаеме што друго содржеле законите на Драконт. Знаеме дека законите за долг биле мошне строги, и дека доверителот можел да полага право на телото на должникот што не можел да си го исплати долгот. Во општи рамки, Драконт ги штител интересите на евпатридите (*eupatridai*), највисокиот благороднички слој во Атина; но, и придобивките за послабо имотните граѓани биле големи, зашто законите за првпат биле преточени во писмен облик, со што веќе не можеле да се толкуваат произволно. Сепак, законодавството на Драконт било само прв чекор кон стабилизирање на полисот; едно поколение подоцна, Атина повторно потонала во криза, па морало да се направи посеопфатен обид да се решат општествените неприлики.

## ЗАКОНОДАВСТВОТО НА СОЛОН

Откако Солон бил поставен за архонт и тесмотет задолжен да го смири и стабилизира полисот, веќе располагаме со современи пишани извори од првостепена важност. Солон бил син на Ексекестид, благородник близок до старата куќа на Медонтидите. Тој оставил записи со лични видувања за неговите постигања и за атинската политичка сцена, а бидејќи филозофијата, политиката и економијата сè уште не се пишувале во проза, Солон ѝ се обратил на својата публика со стихови. Во неговата поезија е живо насликан мачниот живот на атичките селани и нивните неприлики, како и чекорите што Солон ги презел за да им помогне. Тој ги прекорува најбогатите зашто се себични и рамнодушни кон државните интереси, но ги напаѓа и сиромасите поради нивните неумерени барања. Тие гласно бараат прераспределба на земјата, но според него, таков револуционерен чекор на државата може да ѝ донесе само зло. Сепак, Солон сфатил дека посиромашните слоеви оправдано негодуваат и не се двоумел да преземе и некои поостри мерки.

Во заднината на оваа политичка слика се распознаваат одредени чинители, кои ја предизвикале кризата што требало да ја надмине Солон. Воведувањето на парична економија можеби немало толку важна улога, како што се мислеше порано; речиси е сигурно дека, во времето кога Солон ги составувал своите закони, Атина немала сопствена монета, а селаните сè уште се служеле со размена на стока. Но, стоката што Атињаните ѝ ја продавале на Ајгина можела да биде платена со прочуените ајгински монети со желка, а на најбогатите Атињани повеќе им одговарало да бидат исплатени во пари, отколку со размена. По воспоставањето трговски патишта кон истокот, овие пари можеле да се искористат за купување луксузни источни стоки и производи; на богатите им биле потребни сè повеќе средства за да го одржуваат сè повисокиот стандард на живот, кој постојано се унапредувал напоредно со развојот на стопанството.

Најлесен начин да се зголеми богатството на највисокиот слој бил – да се зголеми товарот врз луѓето што се наоѓале подолу на општествената пирамида, а најважен дел од потчинетите биле земјоделците наречени хектемори (*hektemoroi*). Во минатото, овие земјоделци имале сопствено парче земја; но, во некој миг се задолжиле и ја ставиле земјата во залог, а откако не успеале да го вратат долгот, нивната земја отишла во рацете на доверителот. Тие и натаму го обработувале истото парче земја, но сега морале да му даваат една шестина од вкупниот принос на новиот сопственик, а ако вредноста на долгот ја надминувала вредноста на нивниот вкупен имот, можеле да му станат и робови. Во една од своите песни, Солон вели дека ја ослободил црната земја и ги искорнал од неа белите

должнички камења; станува збор за т.н. должнички плочи што се поставале на нивите, а означувале дека обележаната нива сè уште должела една шестина од годишниот принос. Односот меѓу хектеморите и земјопоседниците наликувал на феудален: хектеморот добивал житно семе и право да користи вол и плуг, но за возврат давал дел од приносот.

Следниот проблем повеќе го погодувал градот, одошто внатрешноста. Почнувајќи од V век ст.е., Атина во голема мера зависела од увоз на пченица. Двеста години пред тоа, Атињаните основале мала населба во Сигеј, на влезот на Хелеспонтскиот теснец (ден. Дарданели), можеби со намера да го потврдат своето право на житниот пат до понтското крајбрежје на север, кое ќе стане главен атински извор за снабдување со жито. Со еден законски пропис, Солон го забранил извозот на сите видови земјоделски производи, освен маслинки и маслиново масло. Со ова, тој не сакал да ги поттикне земјоделците да садат маслинки, зашто таков поттик не им требал: маслинките и маслиновото масло веќе биле најважниот атински извозен производ. Всушност, Солон сакал да ја спречи продажбата на жито на Ајгина и Мегара, два полиси што лесно можеле да станат атински соперници. На атинските соседи им требало повеќе жито одошто можеле да произведат, а на атинските земјопоседници, особено во рамнината околу Елевсина, им било полесно да го продадат житото за ајгински сребрени пари, одошто да го товарат на мулиња и магариња и да го праќаат во Атина. Градското население во Атина станувало сè побројно, а проблемот со храната – сè посериозен.

• *„Симнувањето на товарот“.* – Во 594 ст.е., Солон добил посебни овластувања да ги преземе сите потребни мерки за спас на државата по сопствено наоѓање. Наместо вообичаениот проглас на архонтот дека го заштитува имотот на секој граѓанин, Солон објавил дека сите долгови се поништени и дека на сите што биле продадени во ропство за долг им се враќа слободата. Оваа мера, наречена *seisakhtheia* или „симнување на товарот“, покривала две групи луѓе. До тоа време, вообичаен залог за долг била личноста на должникот, а кога долгот немало да се исплати, должникот му станувал роб-надничар на неговиот доверител. Пред прифаќањето на монетарната економија, човек што не можел да се издржува себеси можел да стане само роб-надничар, за да добива храна и издршка во замена за својот труд. Тој можел да биде и продаден, па Солон гордо нагласува дека вратил дома многу луѓе што биле продадени во туѓина, од кои некои го имале заборавено дури и мајчиниот јазик. Другата група ја сочинувале хектеморите, за чија положба веќе стана збор погоре. Во извесна смисла, и хектеморите биле должници, но сега станале слободни луѓе што ја обработуваат сопствената земја.

• *Поттикнувањето на трговијата.* – Бидејќи сите најдобри места за колонии веќе биле зафатени, Солон сфатил дека Атина, на која ѝ требало сè повеќе пченица за сè побројното население, мора да произведува повеќе стока за извоз. Веројатно затоа им понудил атинско граѓанство на одбрани луѓе од други градови, а тие пак ги напуштиле своите домови за трајно да се населат во Атина, каде продолжиле со трговската дејност. На Солон му се припишува и мерката според која синовите немале обврска да ги издржуваат своите родители во староста, ако овие не ги научиле на некаков занает или трговија. Според традицијата од IV век ст.е., Солон спровел и една позначајна економска реформа – напуштањето на ајгинскиот стандард по кој дотогаш се ковале атинските монети, и минувањето на полесниот евбојски стандард, во кој една мина имала 100 драхми, наместо 70; но, оваа традиција е мошне несигурна, зашто не знаеме дали Атина во времето на Солон воопшто ковала монети. Како и да е, не треба да се сомневаме во тоа дека реформите на Солон имале мошне широк видокруг.

• *Новите општествени слоеви.* – Солон сфатил дека опстанокот на неговите реформи зависи од промените во организацијата на власта. Тој добро ја познавал себичноста на старото земјопоседничко благородништво и се надевал дека расположението на благородниците ќе се смени со промени во структурата на власта. Прва од промените во оваа насока било менувањето на условите за добивање државна служба: наместо благородното потекло, сега главен услов станало богатството. Со таа цел, Солон го поделил граѓанското тело на четири слоеви врз основа на годишниот приход од земјата. Оние што имале приходи од 500 или повеќе медимни пченица, ги нарекол *пентакосиомедимни*; оние што собирале меѓу 300 и 500 медимни станале *триакосиомедимни* или *хипеи* („коњаници“); оние со приход меѓу 200 и 300 медимни станале *ѕевгити* (т.е., способни да отхранат еден ѕевгар волови), а сите што имале помал имот биле *тети*. Последниве три поими веќе се користеле како ознака за општествените разлики, но сега биле јасно економски исцртани, а им бил додаден уште еден, највисок слој. Во прво време, приходот се пресметувал само врз основа на земјишните приноси, зашто капиталот за трговија сè уште доаѓал од земјопоседот, а и земјата сè уште била најсигурно место за вложување на добивката од трговијата; дури подоцна на овие бројки ќе им бидат додадени и соодветни приходи во пари.

• *Архонтската служба и еклесијата.* – Најважните служби во државата, оние на тројцата архонти, до тоа време им биле достапни само на евпатридите, еден ограничен број благороднички семејства, исто како што повисоките служби во римската република долго време им биле

достапни само на патрикиите. Солон сега ги отворил сите служби во државната управа за сите граѓани, според нивниот имот. Највисоките служби повторно не им биле достапни на сите, туку само на горните два слоја, но ѕевгитите добиле пристап до сите пониски служби. Колку била важна оваа промена во достапноста на службите зависи од тоа колку богаташи не биле дел од евпатридите, но засега немаме никакви податоци за тоа. Но, дури и ако во прво време во управата влегле сразмерно малку нови луѓе, нивниот број постојано ќе се зголемува; ќе се воведе и правило според кое прелиминарниот избор од 40 кандидати – по десет од секоја имотна фила (општествен слој) – завршувал со извлекување жреб.

Во еклесијата најпосле влегле и тетите, кои дотогаш веројатно не учествувале во нејзината работа. Солон востановил и еден вид „народен суд“ со име Хелиеја, кој судел во име на еклесијата. Овој суд бил замислен како заштита од злоупотреба на државните служби, но и како место на кое можело да се вложи жалба на одредена судска одлука. Подоцнежните автори ценеле дека Хелиејата била предвесник на народните судови од развиената атинска демократија, кога сите судски одлуки се префрлиле од државните службеници, на судиите-поротници.

• *Советот од четиристотини.* – Научниците сè уште спорат на кој начин била спроведена следната важна мерка на Солон. Аристотел го соопштува само тоа, дека Солон вовел нов Совет (*boule*) од 400 члена, по сто од секоја имотна фила; Плутарх се надоврзува дека Солон со Советите, како со две сидра, цврсто го усидрил коработ на атинската држава. Главна должност на Советот од 400 била да ги подготвува материјалите за редовните заседанија на еклесијата, со кои претседавал архонтот. Ако водиме сметка за тоа колку бил важен овој Совет во подоцнежно време, местото на Солон во развојот на демократска Атина во голема мера зависи и од тоа – дали тој го создал ова политичко тело. Има неколку аргументи зошто целата приказна предизвикува сомнеж: Аристотел во својата „Политика“ воопшто не спомнува ваков совет; советот не се спомнува во времето на криза, кога власта ја приграбил тиранинот Пејсистрат; и воопшто, советот не се споменува на ниту едно место пред времето на следниот законодавец, Клејстен. Сепак, аргументите што се изведуваат од недостиг на податоци не се многу силни; пишаните извори за VI век ст.е. се мошне скудни, па тоа што во малубројните изворни податоци не се спомнува Совет, не мора да значи дека го немало.

• *Важноста на Солон.* – Законите на Солон биле запишани на дрвени плочи, наречени *aksones*, кои биле означени со бројки, па законите се цитирале според бројот на плочата. Секој граѓанин морал да се

заколне дека ќе им се покорува на овие закони, кои требало да важат во период од десет години.

Солон ја завршил својата задача смело, но во рамките на постоечките прописи. Иако лесно можел да се прогласи за тиранин, а многумина и го очекувале тоа, тој не направил такво нешто; спротивно, една од првичните цели на неговата реформа била да ја престаса опасноста и да ја спречи можноста за воведување тиранска власт. Солон не ја зел ниту титулата ајсимнет-законодавец, кој има право на неколку години да го укине уставот за да ја преустрои државата, а за тоа време има апсолутна власт на тиранин. Солон ја имал само архонтската титула, со одредени вонредни овластувања. На прв поглед се чини дека главна одлика на неговата реформа е претпазливоста; таа претпазливост изненадила многумина од неговите современици, а некои и ги огорчила, зашто највисоките служби во државата повторно оделе кај најбогатите; за волја на вистината, другите граѓани од негово време веројатно не биле ниту способни да ги извршуваат тие должности. Солон се водел според принципот дека *повластиците на секој слој треба да бидат сразмерни на товарот, што тој слој може да го поднесе*. Тука лежи конзервативната црта на неговото законодавство, поради која демократите го опишувале поредокот што го вовел Солон како едноставна тимократија. Кога ги вратил овластувањата, од сите страни го напаѓале со разни обвиненија, а тој пишувал елегии во кои го објаснувал својот умерен правец и се исповедал дека прифатените задачи ги извршил без пристрасност и страв. Тој отфрлил секаква можност да ги смени политичките мерки што ги спровел и, убеден дека реформата ќе фати подобар корен ако го нема реформаторот, кусо време потоа заминал од Атина и се посветил на патување – делумно заради трговија, а делумно и од љубопитност, зашто сакал да види нови, непознати места и народи.

Реформите на Солон го означиле почетокот на непрестаен напредок и развој на атинското државно уредување. Но, политичкиот компромис што го замислил не им се допаѓал на многумина. Кусо време откако заминал, на атинската политичка сцена повторно завладеале огорчени пресметки меѓу двете спротивставени политички струи – оние што главно биле задоволни од реформите, и оние што ценеле дека во новиот поредок има премногу демократија, па сакале да ја вратат старата благородничка олигархија од времето пред Солон. Политичката борба стивнала дури по триесет години – и тоа со тиранија, која Солон толку се трудел да ја искорени засекогаш.

## ЗАКОНОДАВСТВОТО НА КЛЕЈСТЕН

Солон ги создал институциите и го устроил механизмот на атинската демократија. Но, за оваа демократија да стане целосна реалност, требало да им се одземе политичката тежина на старите атински родови и да се предложи нивна замена. Дополнителни неприлики создавале и локалните политички струи што се појавиле во меѓувреме. Најголемиот успех на Клејстен било осмислувањето на целосно нова организација, која ги заменила и старите, сѐ уште присутни групирања по крвно сродство, но и имотните фили на Солон, кои отворале пат за групирање по статус и богатство. Основа на новата политичка организација на полисот станале новите, територијални фили на Клејстен, кои целосно го поткопале политичкото значење на сите традиционални групи на моќ, со што граѓанското тело (*demos*) најпосле добило пресудна и трајна улога во водењето на државата.

• *Новите фили, тритии и деми.* – Тргнувајќи од тогашната карта на Атика, во која имало меѓу сто и двеста месни територијални заедници, наречени деми, Клејстен ја поделил Атика на три поголеми целини, од кои едната го опфаќала градот Атина, втората – крајбрежјето, а третата – внатрешноста на полуостровот. Секоја од овие три целини ја поделил на по десет територијални единици, со што добил триесет тритии. Нив ги групирал во десет групи од по три тритии, и тоа така што во секоја група имало по само една тритија од истата географска целина; со други зборови, секоја од овие десет групи содржела една градска, една крајбрежна и една тритија од внатрешноста. На пример, градската тритија Кидатенајон била здружена со тритијата Пајанија во внатрешноста на Атика и со крајбрежната тритија Миринунт, и сите тие заедно ја сочинувале филата Пандионида. Така биле исцртани десетте нови територијални фили, со кои Клејстен ги заменил четирите имотни фили на Солон.

И десетте фили, и стотината деми биле политички единки со свои службеници, собрание и заеднички имот. Претседателот на демата, наречен „демарх“ (*demarkhos*), бил одговорен за списокот на граѓани од неговата дема, во кој свечено го внесувал името на секој граѓанин на неговиот осумнаесетти роденден. Поредокот во војската се темелел врз филите, кои давале по еден хоплитски одред и по една коњаничка чета. Тритијата не била самостојна политичка единка и немала свои органи, па затоа и не се јавува често во државните документи; но, токму тритијата била невидливиот стожер врз кој се потпирал системот на Клејстен – кариката што ги врзувала демата и филата. Постоењето на тритиите ги натерало разнородните интересни групи од сите краишта на Атика да се

здружат и да соработуваат; старите политички струи на Рамничарите, Планинците и Приморците на овој начин биле практично укинати, зашто веќе немало сцена за локално политичко дејствување. Вистина е дека територијалните фили и тритиите на Клејстен биле вештачки создадени единици, поради што би се очекувало дека тешко ќе фатат корен и ќе опстојат; но, тајната на долговечноста на системот на Клејстен е во тоа што негова основна клетка е демата, природна локална политичка единица која Клејстен ја оставил нечепната, не заокружувајќи го дури ни бројот на деми.

Спроведувањето на оваа реформа несомнено потрајало извесно време. Првиот список на жители на демата според новиот систем ја одредувал припадноста кон демата и на сите потомци; човек можел да купи куќа во друга дема и да се пресели, но засекогаш останувал член на демата во која бил првично запишан.

• *Советот од петстотини.* – Политичката целесообразност и суштината на ова преустројство, поради кое неговиот творец бил наречен „втор втемелувач на демократијата", се гледа во реформираниот Совет. Како што Советот од четиристотини се темелел врз четирите имотни фили на Солон, Советот од петстотини се темелел врз десетте територијални фили на Клејстен. Секоја фила давала по педесет члена, собрани од сите деми според нивната големина. Во времето на развиената демократија, членовите на Советот се бирале исклучиво со жреб, а претходниот состав на Советот го проверувал приватниот и јавниот живот на сите кандидати и имал право да ги исфрли неподобните. Кога стапувале на служба, членовите на советот полагале заклетва дека ќе работат во најдобар интерес на полисот, а по истекот на службата одговарале за своите постапки.

Советот од петстотини, во кој било застапено секое делче од Атика, ја претставувал врховната извршна власт во државата. Заедно со разни други чиновници, Советот ги вршел повеќето државни работи. Советот ги контролирал архонтите и другите државни службеници, кои биле обврзани да му поднесуваат извештаи на Советот и да ги слушаат неговите упатства. Сите државни финансии биле во рацете на членовите на Советот, а под негова управа работеле уште десет финансиски службеници. Освен сево ова, уште од почетокот Советот бил овластен да суди во финансиски спорови и да ги казнува државните службеници со парични казни. Тој предлагал и големи јавни градежни зафати, расправал за воени стратегии, водел преговори со други држави и примал странски пратеници. Советот не можел да објавува војна и да склучува мир: овие суверени права ги имало само атинското собрание, Еклесијата. Но, Сове-

тот не бил само административно тело, туку и еден вид советодавно собрание од кое почнувале сите законски предлози. Ниту еден предлог-закон не можел да се изнесе пред Еклесијата, ако претходно не минал низ советот. Секој граѓанин смеел да искаже мислење – да го поддржи законот, да му се спротивстави, или пак да предложи подобрувања.

Јасно е дека тело од петстотини луѓе во постојано заседание не можело ефикасно да ги извршува сите овие задолженија. Затоа политичката година од 360 дена била поделена на десет дела, па членовите на секоја од десетте фили заседавале по 36 дена во име на целиот Совет. Педесеттемина советници што биле активни во тој момент се нарекувале „притани“ (*prytaneis*) или „претседатели“, за нивната фила се велело дека „претседава со Советот“, а деловите од годината поделена на овој начин се нарекувале *притании*.

Според сè, Клејстен не ги укинал ограничувањата на Солон во врска со достапноста на највисоките државни служби. Пентакосиомедимните и хипеите веројатно биле изедначени во политичките права, но ѕевгитите не можеле да се бираат за архонти уште најмалку половина век. Но, оваа конзервативност можеби треба да се протолкува поинаку. До времето на Солон, најголем демократски реформатор било – времето. Вредноста на 500 медимни жито од времето на Солон, до времето на Клејстен драстично се намалила, трговијата земала замав, а животните услови на Атињаните многукратно се подобриле; сето ова значи дека, во времето на Клејстен, во редот на пентакосиомедимните и хипеите се влегувало и почесто, и многу полесно.

Постоењето на атинскиот Совет, но и неговите главни одлики, сведочат дека хеленските државници добро го познавале принципот на претставнички систем на власта. Советот од петстотини е одличен пример за претставнички систем и за внимателно обмислена распределба на претставнички места според големината на изборните единици. Неговото воведување го означило и крајот на главниот бран од политичката преобразба на Атика, што го започнал Солон.

## Литература:

Bury, J. B. & Meiggs, R. (1978). *A History of Greece to the Death of Alexander the Great* (4th ed.) London: Macmillan Press.

Cartledge, P. (2002). *Sparta and Lakonia: A Regional History 1300 to 362 BC* (2 ed.). Oxford: Routledge.

Forrest, G. (1995). "Greece: The History of the Archaic Period". In Boardman, J., Griffin, J. & Murray, O., *The Oxford History of the Classical World*, pp. 22–39. New York: Oxford University Press.

Hodkinson, S. (1993). "Warfare, wealth and the crisis of Spartiate society". In Rich, J. & Shipley, G. (eds.), *War and society in the Greek world*, pp. 146–176. London: Routledge.

Osborne, R. (2009). "The Demos and its Divisions in Classical Athens." In Murray, O. & Price S. R. F. (eds.), *The Greek City from Homer to Alexander*, pp. 265–294. Oxford: Clarendon Press.

Печатнова, Л. Г. (2001). *История Спарты* (*период архаики и классики*). Санкт-Петербург: Гуманитарная Академия.

Туманс, Х. (2002). *Рождение Афины. Афинский путь к демократии от Гомера до Перикла* (*VIII-V вв. до н. э.*). Санкт-Петербург: Гуманитарная Академия.

# 8
# МАКЕДОНСКОТО КРАЛСТВО

Кралската власт. – *Воената функција и надворешната политика. – Судската функција. – Религиската функција. – Кралските приходи и економијата.* – Народното собрание. – *Судската власт. – Изборот на крал.* – Македонската аристократија. – *Македонските првенци. – Хетајрите и пријателите. – Симпосионот и кралскиот лов. – Кралските деца.* – Градовите и администрацијата. – *Развојот на градовите. – Градските органи и кралот. – Управувањето со освоените територии.*

Научниците долго време расправаат за природата и одликите на државата на античките Македонци. Средишна точка на оваа расправа е проблемот на кралската власт – односно, на овластувањата и ограничувањата на кралот, особено во однос на собранието на Македонците. Според едни, кралот бил ограничен од низа општо прифатени обичаи, како и од собранието, кое имало јасно утврдена улога во одредени прашања; според други, станувало збор за автократска држава, во која кралот имал слобода да прави безмалку сè што ќе посака.

Главна причина за тоа што постојат два целосно спротивставени научни модели на македонската држава е, пред сè, немањето изворни сведоштва. Голем дел од изворите се доцнежни, а освен тоа, главно станува збор за хеленски и римски автори, кои тешко можеле да имаат детални сознанија за тоа како функционирала македонската држава. Непроценлива важност имаат епиграфските извори, со чија помош во последниве децении се разјаснија барем некои проблеми врзани за ова прашање; за жал, вкупниот број на натписи сè уште е сразмерно мал за да даде одговори на сите клучни прашања. Голем дел од заклучоците мора да се прифатат со доза на претпазливост, но и свест дека во секој миг може да се открие нов натпис, кој целосно ќе ја смени сликата за устројството на државата на античките Македонци.

Затоа, наместо да се обидуваме да докажеме некаков општ систем според кој била устроена државата, најпрвин ќе разгледаме што точно може да се дознае од изворите.

## КРАЛСКАТА ВЛАСТ

Наративните и епиграфските извори прилично јасно ја отсликуваат централната, доминантна улога на кралот како во надворешната, така и во внатрешната политика. Кралот бил носител на верската, воената и судската власт и, најважно од сѐ, имал непосредна контрола врз природните богатства на земјата.

• *Воената функција и надворешната политика.* – Воената функција на кралот несомнено била најважна од сите други. Тој не само што бил врховен заповедник, туку од него се очекувало и лично да ја предводи војската во битка: Пердика III загинал борејќи се против Илирите, а по него и Филип II, и Александар III постојано се изложувале на опасности и повеќепати биле ранети. Овој „херојски“ светоглед се задржал и во подоцнежно време: иако веќе во поодминати години, Антигон Едноокиот и Лисимах загинале во битка, Птолемај Кераун загинал во борба против Келтите, а и Филип V повеќепати се нашол во животна опасност на бојното поле. Во воената сфера, кралската власт доаѓала до целосен израз.

Од воената функција на кралот произлегувало и неговото право да објавува војни и да склучува мирови и сојузи. Овие нешта паѓале исклучиво на товар на кралот; можеби затоа атинските извори никаде не ја осудуваат превртливоста и непостојаноста на Македонците во целост, туку само на Пердика II. Аминта III склучил сојуз со Халкидик во свое име, без да ги спомне Македонците; дури и одбранбените обврски се однесуваат само на кралот, дотаму што се пропишува дека ако некој тргне во војна против Аминта во неговата земја, или пак против жителите на Халкидик, тие ќе му помогнат на Аминта, а тој пак ќе им помогне ним. Кога се склучувал Мирот на Филократ, атинските пратеници го чекале Филип во Пела за да го потпише договорот и да положи заклетва. Гласовите на Фокида, која била исфрлена од Делфиската амфиктионија, им биле доделени лично на Филип и на неговите наследници, а не на Македонците; слично, во зачуваните одредби од Коринтскиот договор, потписниците се обврзуваат на верност кон Филип II и неговите наследници, а не кон македонското кралство. При сѐ што мора да се води сметка за претерувањата, субјективноста и политичката природа на неговите беседи, изгледа дека Демостен не згрешил многу кога рекол дека Филип го има главниот збор во сите прашања, и дека е владетел и хегемон кој контролира сѐ.

Состојбата во времето на Антигонидите не е толку јасна. Во ова време се јавува изразот „кралот и Македонците“, кој можеби сведочи за поголема улога на народот во водењето на државата. Менувањето на вообичаениот израз секако навестува дека во хеленистичко време се случи-

ле промени во устројството на кралството, но тоа не мора да значи дека кралот веќе немал контрола врз надворешната политика. Договорот меѓу Филип V и Антиох III бил таен, а неговата содржина останала непозната, што би било невозможно ако требало да се води јавна расправа за него. Бројните пратеништва во Рим биле пратени од кралот, кој ги избирал пратениците, а и римските пратеништва доаѓале лично кај него. Филип V лично договарал соработка со Бајбиј Тамфил, а последователните римски комисии секогаш се среќавале лично со Филип, кој морал да ги оправдува своите постапки. Македонските хиеромнемони – претставници во советот на Делфиската амфиктионија – го застапувале лично Персеј, а не Македонците. За прашањето како да се постапи по римскиот ултиматум расправале Персеј и првенците, и не се спомнува учество на друго државно тело. Според тоа, барем во надворешната политика, се чини дека работите останале исти како во времето на Аргеадите. Кралот веќе не се застапувал само себеси, туку и Македонците, односно македонската држава – но тоа не го менува фактот дека надворешната политика останала во негови раце.

• *Судската функција.* – Од вкупно 31 анегдота во збирката со наслов „Изреките на Филип“, пет се однесуваат на Филип II како судија. Во една од најпознатите анегдоти, некоја жена му побарала да ја ислуша нејзината жалба; тој одбил под изговор дека нема време, а жената му одговорила – „Тогаш немој да владееш!“. Под впечаток на овие зборови, Филип ја ислушал и нејзината, но и сите други жалби. Ова покажува колку била значајна судската функција на македонскиот крал, но и колкава важност Македонците ѝ придавале на способноста на кралот да суди праведно. Една од многуте замерки на сметка на Деметриј Полиоркет е токму тоа што ја запоставил судската функција, особено во споредба со Филип II, кој се покажал како добар судија. Извесно е дека повеќето од овие анегдоти се измислени, но тие барем донекаде ја одразуваат посведочената улога на кралот како судија.

Најсликовит пример за природата на судските овластувања на кралот е анегдотата со македонецот Махајта. Имено, се случило во текот на судењето Филип да заспие, па кога пресудил против Махајта, овој се побунил и се пожалил на одлуката. Филип го прашал кај кого ќе се жали, а овој му одговорил: „Кај тебе, кралу, кога ќе бидеш буден и ќе ме слушаш внимателно“. Откако сфатил што направил, Филип не ја сменил пресудата, туку самиот ја платил казната што ја пресудил. Ова покажува две важни особености на судската власт. Прво, кралот бил врховна и последна судска власт – Махајта немал каде да се пожали, освен кај кралот. Второ, кралот немал обичај да менува веќе донесена пресуда; Филип не го пла-

тил износот како казна зашто заспал, туку зашто не сакал ниту да го онеправда Махајта, ниту да ја доведе во прашање сопствената пресуда. Да направи такво нешто, би значело да ја оспори сопствената способност праведно да суди, а со тоа и сите пресуди што веќе биле донесени. Истата особеност ја забележуваме и кај Антигон Еднооокиот и Лисимах, кои ги менуваат своите првични пресуди, но потцртуваат дека грешката не била ниту кај нив, ниту во пресудата сама за себе, туку во недостигот или неточноста на сознанијата со кои располагале. Во иста насока, интересен е и еден пропис кај Лагидите, со кој се предвидува казна за секој што веќе добил кралска пресуда, а се обидува со измама повторно да го донесе случајот пред суд.

Со време, македонската држава значително се проширила, па кралот веќе не можел да ги разгледува сите случаи. Веројатно постоеле локални судови, или барем судии, но не знаеме дали станувало збор за палатни или за локални служби. Во една од анегдотите, Филип II прво назначува, а веднаш потоа менува еден од судиите; содржината на анегдотата е хумористична, а деталите се измислени – но, од кажаното следува дека станувало збор за кралско именување, зашто инаку анегдотата би немала никаква смисла.

Дека кралот имал апсолутни овластувања во оваа сфера, јасно се гледа и од тоа што нема ниту еден пример македонски владетел да е обвинет, или пак суден по која било основа. Ова не е чудно, со оглед на тоа што зборот на кралот бил последен и немало орган што би можел да му суди. Кралот бил извор, но и толкувач на законите и обичаите. По убиството на Филота и Парменион, Александар III решил да не го почитува обичајот според кој при заговор против кралот се убиваат и роднините на заговорниците; истото го покажува и случајот со Евмен, за што ќе стане збор набргу.

• *Религиската функција.* – Кралот ја претставувал врската со боговите и ги извршувал секојдневните обреди и жртвопринесувања. Тој претседавал со големите верски празнувања, особено со празнувањата на Херакле во сите негови облици. И тука изворите главно се однесуваат на времето на Филип II и Александар III, па некои научници се сомневаат во древноста на оваа функција на кралот. Сепак, се чини дека ваквите сомнежи се беспредметни: бидејќи немало посебно професионално свештенство, никој друг не можел да ги исполнува ваквите должности, особено оние врзани со Херакле, родоначалникот на династијата. Монополот на Аргеадите врз овие функции јасно се покажува и со тоа што, откако Александар заминал на Исток, религиските обврски ѝ припаднале на Олимпијада, а не на Антипатар, кој бил кралски наместник во Европа.

Една особеност на Македонија е и тоа, што во *неа никогаш немало официјален кралски култ*. Дури и во хеленистичко време, кога кралскиот култ станал обединувачка државна идеологија кај Лагидите и Селевкидите, кај Антигонидите не се јавува ништо слично на култ на кралот или на династијата. Во држава во која народот бил навикнат на непосредност и очекувал лесен пристап до кралот, немало место за кралски култ кој ќе го оддели владетелот од неговите поданици.

• *Кралските приходи и економијата.* – Нашите знаења за македонската економија сѐ уште се сразмерно ограничени, а прашањата на кои може да се даде издржан одговор се сосем малубројни. Едно од ретките прашања за кое историчарите се согласуваат, е дека природните суровини, а особено градежното дрво и рудата, биле под непосредна контрола на кралот. Договорите со повеќе хеленски полиси и сојузи сведочат дека кралот непосредно се договарал за извозот на дрвна граѓа. Со оглед на квалитетот на македонското дрво, побарувачката била голема: најмногу од Атина, подоцна и од Халкидичкиот и Бојотскиот сојуз, па дури и од Тесалија. Поради големиот интерес на Хелените за дрво за бродоградба, честопати се случува да ја заборавиме важноста на дрвото како материјал за градба на објекти, но и за огрев, па и како гориво во производството: за обработка на еден тон железо, биле потребни 65 кубни метри дрво. Според тоа, продажбата и оданочувањето на македонското дрво биле важна ставка во кралските приходи.

Подеднакво важен извор на приход биле и рудните богатства, кои исто така се наоѓале под контрола на кралот. Според изворите, сребрените рудници на планината Дисорон му носеле на Александар I по еден талант дневно; подоцна, по освојувањето на Кренида/Филипи, Филип II добивал од Пангајските рудници по илјада таланти годишно. Не сме сигурни дали бројкиве треба да се сфатат како точен износ, или само како начин да се опише колку бил голем приходот. Сѐ уште не знаеме ниту дали рудниците биле управувани непосредно од кралот, или пак се изнајмувале; но сеедно, јасно е дека станувало збор за значителен извор на приход.

Се чини дека контролата на природните ресурси останала иста и во времето на Антигонидите. По катастрофалниот земјотрес на Родос, Антигон Досон им подарил на тамошните жители вкупно 15000 дрвени греди, 3000 таланти железо, илјада таланти смола, илјада амфори со необработена смола, а им ветил и 100 таланти чисто сребро. Во годините по Киноскефала, Филип V ги преустроил постојните рудници, а отворил и нови, во кои применил нови методи на вадење руда. Персеј, пак, му дал значителна количина дрво на Родос за изградба и обнова на флотата.

Според тоа, не треба да нè изненади што, по битката кај Пидна и падот на кралството, Римјаните забраниле сечење на дрва за бродоградба и ги затвориле рудниците за злато и сребро.

Значаен приход претставувал и воениот плен, особено при освојувањето непријателски градови. Опсадите на Перинт и Бизантиј во времето на Филип II, како и походите на Филип V во текот на Сојузничката војна во 218 г. ст.е., укажуваат дека воениот плен бил особено важен, зашто со него се финансирале потфатите што веќе започнале. Сепак, воениот плен ниту бил постојан, ниту пак однапред гарантиран извор на приходи. Многу поважни за економската стабилност на кралството биле разните даноци што се слевале во кралската каса. Плутарх тврди дека Персеј собирал од даноците 200 таланти годишно; но, овој износ е премногу мал, па претпоставуваме дека станува збор само за данокот на земја, а не за вкупните годишни приходи. Меѓу најважните царини и даноци под контрола на кралот се вбројувале пристанишните царини и данокот на превоз; се спомнуваат и персонални даноци, како и данок на имот, но не знаеме што точно опфаќале, ниту пак дали станувало збор за редовни или вонредни давачки. Кралот веројатно собирал данок и од земјоделските производи. На Делос е посведочен еден Аристобул, кој бил во служба на Деметриј II и се занимавал со продажба на жито; по земјотресот на Родос, кралицата Хрисеида подарила 100.000 медимни жито, а подоцна, во предвечерјето на III Македонска војна, Персеј собрал огромни количини жито за потребите во претстојната војна.

Уште едно прашање за кое нема согласност е статусот на земјата. Според едни, таа му припаѓала на кралот, а според други – на Македонците, при што кралот само добивал право да управува со неа. Прашањето е интересно и оправдано, но во суштина не го менува начинот на кој кралот управувал со земјата. Бројните примери на кралски дарувања на земјопосед, или пак на ослободување од даноци, јасно покажуваат дека кралот имал право да постапува по сопствена процена. На ист заклучок упатуваат и принудните преселби на население, што ги спровеле Филип II и Филип V.

## Народното собрание

Научниците долго расправаат за особеностите и овластувањата на македонското собрание: некои сметаат дека собранието имало активна улога во државната политика, а други го оспоруваат дури и неговото постоење. Прашањето сè уште не може да се одговори со целосна сигурност, но се чини дека има доволно сведоштва барем за двете најважни

претпоставени функции на собранието – судењето во случаи каде се предвидува смртна казна, и изборот на нов крал. Во продолжение, ќе се задржиме токму на овие две функции.

• *Судската власт.* – Според т.н. „конституционалистички“ модел, случаите што се казнувале со смртна казна се изнесувале пред собранието на Македонците; очекувано, поборниците на „автократскиот“ модел ја отфрлаат ваквата можност. Примерите што ги имаме на располагање се толку малубројни, што е невозможно да се изгради целосно прифатлив општ модел на нештата; но, независно од тоа кој модел ни изгледа поприфатлив, сите се согласуваат дека, наспроти законските прописи, имало место и за занемарување, и за кршење на законите и обичаите. Независно како се толкуваат малубројните изворни сведоштва, сè уште не знаеме со сигурност дали станувало збор за постојани и вообичаени процедури, или пак за отстапување од нив.

Ако се тргнат настрана сведоштвата од времето на Александар III, ни остануваат само неколку примери за судските овластувања на македонското собрание. Судењата од времето на Александар III не се карактеристичен пример за поредокот во државата и устројството на собранието. Проблемот не се состои само во тоа што станувало збор за војска во поход, надвор од татковината, при што не може да се очекува нормално функционирање на државните органи. Спомнатите судења се одвиваат во еден мошне специфичен контекст на судир меѓу кралот и делови од старото македонско благородништво: положбата на Александар III била мошне деликатна, зашто во судирот со истакнатите и омилени војсководци му требала поддршка од војската, а истовремено морал да ја задржи и нивната наклонетост и подготвеност да продолжат да го следат сè подалеку на исток. Токму поради тоа не сме сигурни дали станувало збор за вообичаена постапка при судење, или пак за новина што ја вовел Александар за да ја зацврсти положбата наспроти незадоволниот дел од благородништвото.

Оваа несигурност произлегува и од фактот што немаме ниту еден пример за судење во собранието пред владеењето на Александар III. Има мислења дека Павсанија, убиецот на Филип II, бил суден од Македонците, но главен доказ за ова тврдење е една одломка од текст од непознат автор, со непозната старост и несигурни подоцнежни дополнувања. Наспроти ова, Диодор – нашиот најважен извор – недвосмислено тврди дека Павсанија бил убиен веднаш; освен тоа, по убиството на Филип II, Александар извршил низа физички елиминации, но никаде не се спомнува никакво судење. Ова е мошне важно, зашто неговите жртви биле истакнати македонски првенци: Аминта, синот на Пердика III; браќата на

Александар од Линкестида; како и Атал, чија внука Клеопатра била последна сопруга на Филип II.

Двата спорни примери, за кои и најмногу се расправа, се судењето на Олимпијада во 315 ст.е., и судбината на учесниците во заговорот на Апел во 218 ст.е. Според изворите, на Олимпијада ѝ се судело во отсуство пред Македонците, но пред да се донесе пресуда собранието било распуштено, а Касандар го организирал нејзиното убиство; или пак, таа била осудена, но кога побарала да ѝ се суди пред сите Македонци, Касандар решил да ја убие. Ова сведоштво за наводната улога на македонското собрание е проблематично, зашто е спорна законитоста на самата постапка. Касандар бил назначен за регент од Филип III, односно од Евридика, која го приграбила ова право од Полиперхонт, а всушност од Олимпијада. Олимпијада ја заробила и ја погубила кралската двојка; дури потоа во Македонија се појавил Касандар, кој успеал да ја зароби Олимпијада и да ја обвини пред Македонците. Целиот овој случај тешко може да послужи како пример за вообичаена законска постапка; напротив, соочени сме со несекојдневен развој на настани во кој обвинителот не е сосем сигурен во сопствениот авторитет над обвинетиот, па решава да се повика на Македонците, со што ќе обезбеди привид на законитост, а во исто време Македонците ќе ги направи соучесници во делото. Касандар не ги свикал Македонците зашто така налагал законот, туку зашто проценил дека тоа е политички корисно. Но, без оглед како ја толкуваме законитоста на постапката, треба да се има предвид и тоа, дека станува збор за единствен пример на судење на кралица која, во тој миг, фактички ја вршела должноста на регент на Александар IV заедно со Полиперхонт.

За составот на поротата, пак, сведочи судењето на Птолемај, последниот учесник во заговорот на Апел од 218 ст.е. За разлика од другите, кои веќе биле погубени, на Птолемај му се судело пред Македонците во Деметријада. Но, кога пристигнал во Деметријада, Филип V веќе ја имал распуштено војската, со што собранието го немало потребниот репрезентативен состав; дури и „конституционалистите“ признаваат дека судењето се одржало пред пријателите на кралот, кралската гарда и можеби пред Македонците што се нашле таму. Од овој пример се гледа дека кралот решавал кога и каде ќе се одржи судењето, а со тоа имал и непосредно влијание врз составот на поротата. За ова сведочи и судбината на Леонтиј, заповедникот на пелтастите и учесник во истиот заговор. Според Полибиј, откако Леонтиј бил затворен,

> [...] Бидејќи Леонтиј им испратил гласник, кога разбрале што се случило, пелтастите испратиле пратеништво кај кралот со барање – ако го затворил Леонтиј по некое друго обвинение, да не го суди

во нивно отсуство, а ако постапи спротивно, тие ќе го сфатат како голема навреда и занемарување; со таква слобода Македонците секогаш им се обраќаат на кралевите. Ако пак го затворил поради залогот што го дал за Мегалеа, тогаш тие самите ќе ги соберат парите и ќе го исплатат. Но, ваквата наклонетост на пелтастите кон Леонтиј само го зголеми гневот на кралот, кој поради тоа реши да го убие порано одошто мислеше.“ (5.27.5-6).

Овој совршен пример на *isegoria* („рамноправност на зборот“) кај Македонците ни открива еден важен податок: и покрај заканувачкиот тон, пелтастите не можат да се повикаат на некаков закон. Тие не велат дека кралот не смее, или дека не може да постапи како што намислил, туку само дека го занемарува нивното мислење со тоа што работи по сопствена волја. Епилогот ќе покаже дека нивното мислење не го обврзува кралот: тој сепак ќе го убие Леонтиј, и тоа во нивно отсуство, а Полибиј не кажува дали прво бил осуден или не. Понатаму, од сето ова се гледа дека кралот и не морал да суди пред целата војска: пелтастите очигледно не знаеле за што бил обвинет Леонтиј, па според тоа ни дали ќе има судење со можност за смртна казна. Судењата на Кринон и Мегалеа за истиот случај завршиле со парична казна, а се одржале само пред пријателите на кралот. Барањето на пелтастите е само обид да се изврши притисок врз младиот крал – обид кој, според крајниот исход, не само што не вродил со плод, туку и ги влошил работите.

Овие примери навестуваат дека целата расправија за правата на Македонците во случаи со смртна казна е беспредметна – ако не од законска, тогаш секако од практична гледна точка. Кралот одлучувал кога и каде ќе се суди, со што непосредно влијаел врз составот на поротата и, во суштина, однапред го контролирал исходот на судењето. Најцврсто сведоштво за апсолутните овластувања на кралот во судската сфера, особено во прашањата за смртна казна, е случајот на Евмен. На собирот во Трипарадејс, соработниците на хилијархот Пердика – меѓу кои и Евмен – биле осудени на смрт, при што аргираспидите биле особено заинтересирани да се донесе таква пресуда. Но, по смената на регентството, новиот регент Полиперхонт едноставно преминал преку одлуката од Трипарадејс и го назначил Евмен за заповедник во Азија, и тоа со право да располага со кралските ризници. Особено е впечатливо тоа што токму аргираспидите сега се нашле под заповедништво на човекот за чија смртна пресуда придонеле, и што го следеле сè до неуспехот кај Габиена – кога го предале поради лични, а не поради некакви државни или политички мотиви.

• *Изборот на крал.* – Дел од современите истражувачи мислат дека народното собрание имало право да го избира новиот крал. Според нив, во случаи кога имало јасен и општоприфатен наследник, собранието го прифаќало новиот крал со акламација, но кога наследувањето било проблематично, тогаш поактивно се вклучувало во изборот. Овој став е спорен поради многу едноставна причина – нема сведоштва со кои може да се поткрепи. Ако ја тргнеме настрана сомнителната приказна на Платон дека Архелај се добрал до престолот откако ги убил чичко му Алкета и неговиот син, ниту еден извор не зборува подетално за начинот на кој се наследувала власта кај Аргеадите пред Филип II.

Ако некаде треба да го видиме собранието на дело, тоа е секако времето кога власта ја добил Филип II, кој имал дури седум напоредни противкандидати; но, во изворите за тоа нема ниту збор. Диодор вели дека Филип во неколку наврати ги собрал Македонците за да ги охрабри и да го крене нивниот морал; вистина е дека историографот спомнува *ekklesiai*, но поимот тука нема никакво конституционално значење, туку означува воен собор свикан од заповедникот за да се охрабри војската. Дури и ако дозволиме дека станувало збор за собранија, тоа повторно не ни кажува ништо за начинот на кој бил избран Филип: Диодор никаде не спомнува избор на крал, туку од неговиот приказ е очигледно дека во тој миг Филип веќе е крал. Јустин, пак, тврди дека Филип прифатил да стане крал под притисок на Македонците; но, неговата верзија е спорна, зашто се потпира врз идејата дека Филип најпрвин бил регент, што е отфрлено во современата наука. Згора на тоа, ако се земе предвид воената криза по смртта на Пердика III и неговите 4000 војници, дури и „притисокот на народот“ не сведочи за некакви конституционални механизми, туку едноставно за притисок да се најде човек што ќе биде способен да се справи со неприликите. Нешто слично ни покажува и случајот на загадочниот Состен по смртта на Птолемај Кераун во текот на келтскиот напад.

Најдеталниот опис на процесот на наследување на македонскиот престол се однесува на случувањата во Бабилон по смртта на Александар III. Но, исто како и кај сè друго во врска со Александар, и тука мора да се води сметка за особеностите на ситуацијата. Во овој случај, речиси и немало кандидати за престолот: по пресметките во последните педесетина години, единствени Аргеади што останале биле Аридај, братот на Александар со нарушено ментално здравје; малиот Херакле, плод од неформалната врска меѓу Александар и Барсина; како и сè уште нероденото бебе на Роксана. Со оглед на кандидатите, одвај може да се зборува за некаков избор. Да биде неприликата поголема, повнимателното читање на изворите покажува дека повторно не може да стане збор за народно собрание. Првенците се собрале на затворена седница за да решаваат за идниот

крал, при што биле дадени неколку предлози – но, првенците очигледно не ни помислиле да ја вклучат војската во оваа расправија, а кризата достигнала врв кога фалангата на своја рака решила да го избере Аридај. Тешко е да се зборува за каков било законит процес, кога на крајот малку недостасувало да избие отворен судир меѓу Хетајрите и коњаницата од една, и фалангата од друга страна; а бидејќи дискусијата за настаните во Бабилон главно се темели врз приказот на Куртиј Руф, вреди да се спомне и тоа дека, кога Пердика ѝ се обраќа на војската, не вели дека таа има право (*ius*), туку дека има моќ (*potestas*) да избере нов крал.

Извесно е дека првенците ја имале главната улога во изборот на Деметриј Полиоркет и Птолемај Кераун, како и во прифаќањето на Лисимах – но, веќе потцртавме дека станува збор за единствена состојба, на моменти блиска и до безредие, поради што на овие примери не може да им се даде универзална важност. Сепак, тоа не може да се каже за случајот на Персеј. Имено, според изворите, Филип V решил наместо Персеј за наследник да го прогласи внукот Антигон, па тргнал да ги обиколува градовите за да добие поддршка од првенците (*principes*); но, неговата намисла не успеала, зашто набргу умрел, а Персеј прв се појавил на сцената и успеал да ги стави работите под контрола. Повеќето современи историчари со право се сомневаат во вистинитоста на оваа приказна – но, тоа не значи дека однапред треба да се отфрлат и околностите во кои е сместена епизодата. Полибиј бил современик на овие настани, а подоцна имал можност и да се посоветува со дел од македонските првенци, кои биле пратени во Италија по битката кај Пидна. Неговиот приказ би немал никаква смисла, ако за наследувањето решавало собранието; произлегува дека, барем во ова време, главниот збор за наследството на престолот го имале првенците. Не знаеме дали било така и во времето на Аргеадите, но изворите соодветно истакнуваат дека мирниот премин на власта во 336 ст.е. се должел, меѓу другото, и на поддршката што Антипатар и Парменион му ја дале на Александар. Вистина е дека за деталите во врска со процесот на наследување може да се расправа, но изворните сведоштва недвосмислено укажуваат дека, при изборот на нов крал, немало многу можности за активно учество на народното собрание.

## МАКЕДОНСКОТО БЛАГОРОДНИШТВО

Иако нема недвосмислени докази дека во Македонија постоел формален кралски совет, тоа не значи дека кралот решавал без да се посоветува со благородничката елита. Но, како и за речиси сè друго, и за македонското благородништво има сосем малку сигурни податоци. Според

едно толкување, тоа што династијата на Аргеадите била релативно стабилна, делумно се должело и на слабоста на локалните благороднички куќи, кои не биле доволно силни за да го оспорат местото на кралската династија. Ако ова е точно, тогаш засилувањето на благородништвото и неговото вклучување во државните работи треба да се датира во времето на Филип II и ширењето на неговото кралство. Сепак, на овој аргумент треба да му се пристапи претпазливо, зашто тој не ја објаснува стабилноста на династијата на Антигонидите, кои исто така ќе владеат непречено сѐ до крајот на кралството.

• *Македонските првенци.* – Во изворите се спомнуваат македонски првенци (*protoi Makedonon*), Хетајри и Пријатели. Бидејќи повеќето извори ги користат овие поими наизменично, без да водат сметка за можните разлики меѓу нив, не можеме детално да ги разграничиме ниту нивните овластувања, ниту пак меѓусебниот однос. Погоре кажавме дека македонските првенци повремено се спомнуваат во врска со изборот и прифаќањето на новиот крал, но не знаеме дали овие првенци биле посебна институција на кралството, или пак збирно име со кое се означувал највисокиот слој од благородништвото. Приказот на Ливиј за прогонството на македонските првенци во Италија по битката кај Пидна навестува дека меѓу македонските првенци се вбројувале и т.н. Пријатели. Во расправијата по смртта на Александар III, главниот збор го имале најистакнатите Хетајри (*Hetairoi*), односно Пријатели (*Philoi*). Според тоа, македонските првенци би требало да ги опфаќаат и Хетајрите, или пак Пријателите.

• *Хетајрите и Пријателите.* – И односот меѓу Хетајрите и Пријателите не е сосем јасен. Според едни, „Пријатели“ е ново име за старата институција; во времето на Филип II и особено на Александар III, бројот на Хетајри дотаму се зголемил, што првичната ознака го загубила значењето; затоа бил усвоен поимот Пријатели, соодветен на првичните Хетајри. Според други, станува збор за две сосема различни институции, при што Хетајрите претставувале формална група, која се издвојувала со своите ознаки и повластици, а Пријателите биле послабо разграничена и поширока група благородници. Според ова гледиште, постои прекин во македонската институционална традиција, кој се гледа и во исчезнувањето на седумте Телохранители (*Somatophylakes*), најблиските и најдоверливи соработници и советници на кралот, кои не треба да се поистоветат со обичните телесни чувари. Двете гледишта не се исклучиви, па наместо за прекин, може да се зборува и за *еволуција на институцијата*; во секој случај, неспорно е дека членовите на двете групи имале слични задолженија, во прв ред – воени и дипломатски.

Има мислења дека корените на институцијата Хетајри треба да се бараат во персиските влијанија од крајот на VI и почетокот на V век ст.е.; други, пак, мислат дека станува збор за наследство од бронзеното време, при што особено се потцртуваат сличностите со придружниците на хомерските херои. Нема потреба да се врзуваат почетоците на Хетајрите за персискиот двор, зашто слични институции има кај повеќето индоевропски народи. Не знаеме според кој критериум биле избирани, но примерите од времето на Филип II и Александар III навестуваат дека кралот лично избирал барем дел од нив. Во времето на Филип, бројот на Хетајри раснел напоредно со ширењето на кралството, за најпосле да стаса до осумстотини; повеќето од нив биле Македонци, но од ова време веќе се среќаваат и Тесалци, како и Хелени од други области. Хетајрите ја претставувале македонската елита, одбраната група најблиски советници околу кралот; тие ги извршувале најважните државни работи и го придружувале кралот во војна. Извесно е дека во најстаро време Хетајрите ја сочинувале македонската коњаница; подоцна, откако се зголемил бројот на коњаници, тие биле издвоени како посебна, елитна единица која се борела во непосредна близина на кралот. Целата македонска коњаница што учествувала во походот на Исток е позната под името „Придружничка коњаница". Сличен развој се забележува и во пешадијата, во која сите пешаци, освен хипаспистите, се означуваат со името пезетајри.

Најголемиот број Пријатели биле Македонци и во времето на Антигонидите, но нивниот состав бил малку пошаренолик. Ова донекаде се должи на дворското соперништво на големите хеленистички монархии. Во борбата за привлекување способни поединци однадвор, никој не можел да си дозволи создавање на затворен, ексклузивен круг од соработници и советници; во изворите среќаваме поединци што си заминале од Македонија за да им служат на Птолемаидите или на Селевкидите, и обратно, такви што ги напуштиле Азија и Египет за да служат на дворот на Антигонидите. За разлика од другите хеленистички монархии, изгледа дека кај македонските Пријатели немало институционализирана хиерархија; титулите „Прв меѓу пријателите", „Телохранител" и „Роднина" редовно се среќаваат кај Птолемаидите, но воопшто не се посведочени кај Антигонидите.

Меѓу Пријателите на кралот се среќаваат луѓе со најразлично потекло – Илири, Акарнанци, Ахајци, Бојотијци и Александријци; заедничко за повеќето од нив било тоа што станувало збор за луѓе со богато воено искуство. Познати исклучоци се философот Персај од Китион, Пријател на Антигон Гоната, и Брахил од Бојотија, Пријател на Антигон Досон и Филип V. Персај несомнено влегол во Пријателите поради познатата наклоност на Антигон Гоната кон филозофијата, а предците на Брахил

негувале пријателство со Антигонидите најмалку од првите години на владеењето на Антигон Досон. Ова навестува дека, освен личните способности, улога во изборот имала и докажаната верност и личната наклоност на кралот. Пријателите ги среќаваме, пред сè, како воени заповедници или членови на дипломатски пратеништва. Дури и Персај и Брахил најпосле добиле воени заповедништва во Коринт и Спарта.

Хетајрите и Пријателите биле групирани околу кралот, но тоа не значи дека ги застапувале исклучиво интересите на централната власт. По поразот кај Пидна, Персеј го напуштиле сите Пријатели, освен тројца туѓинци кои и онака биле политички бегалци и немале каде да одат. Меѓу оние што го напуштиле биле и Пентаух, Хипија и Мејдон, сите од Бероја, кои побрзале да се вратат во родниот град и да го организираат мирното предавање на градот; подоцна, истите тројца во името на Ајмилиј Паул преговарале за предавањето на Пидна. Иако ова не се кажува недвосмислено во изворите, епизодава навестува дека Пријателите можеле неформално да ги застапуваат локалните интереси пред интересите на кралот.

• *Симпосионот и кралскиот лов.* – За староста на македонскиот симпосион – или „кралската гозба“ – сведочат две попатни белешки во изворите: околностите околу убиството на персиските пратеници во времето на Аминта I, и забелешката на Платон дека кралот Архелај на еден симпосион ги убил чичко му Алкета и неговиот син. Голем дел од современите автори целосно ги отфрлаат двата настани, чија вистинитост е мошне спорна; но, тоа не значи дека мора да ги отфрлиме и општите околности во кои се сместени во изворниот текст. Дури и најстарите податоци ги доведуваат во врска македонскиот симпосион и убивањето; токму ова пиење без здрава мерка, како и нередот со кој било проследено, во хеленските извори честопати се потцртуваат како препознатлива одлика на непросветлените македонски барбари. Но, треба да се внимава на тоа дека изворите главно се задржуваат врз најдраматичните и најспектакуларните случувања, па овие одбрани настани не се непобитен доказ дека кавгите и пресметките биле вообичаена појава на повеќето македонски симпосиони. Иако не е поверојатна од претходните, анегдотата дека платоновецот Еуфрај, советникот на Пердика III, им забранил на заинтересираните да вечераат со кралот ако не се способни да расправаат за геометрија и философија, сепак ни открива една поинаква страна на македонскиот симпосион; кон истиот заклучок упатува и податокот дека Антигон Гоната уживал да пие во друштво на веќе спомнатиот философ Персај, ученик на Ѕенон. Во времето на Александар III, на симпосионите

обично се одржувале и поетски натпревари, особено натпревари во рецитирање стихови од Хомер.

Сето ова не го менува фактот дека повеќето симпосиони опишани во изворите завршувале со пресметки, па дури и со убиства. Претераното пиење несомнено имало значителен удел во ова; но, причините поради кои воопшто се случувале вакви судири сепак треба да се бараат во нешто друго. Освен што бил прилика за разонода, *македонскиот симпосион имал важна општествено-политичка функција* – особено зашто, според сè, во Македонија немало постојан кралски совет. Симпосионот служел како прилика во која кралот можел да се советува за државните прашања и да го испитува мислењето на соработниците во поопуштена, неформална атмосфера, во која сите учесници биле рамноправни и имале право на слободен говор. Има мислења дека правото на слободен говор произлегува од симпотичкото право на слободен говор во Хелада – но, за ова нема никаква потреба, зашто Македонците и онака го уживале добро посведоченото право на *isegoria*, рамноправност на зборот. Причината за насилните завршници на македонските симпосиони треба да се бара и во двосмислената, контрадикторна положба на кралот, кој истовремено бил само еден од учесниците на гозбата (и, во таа смисла, рамноправен со останатите), но сепак и крал и домаќин на настанот, на кој се прикажувале неговата моќ и раскош. Македонското општество било крајно агонистичко, со особена почит и внимание за надбивањето меѓу возрасни мажи, па не е тешко да се замисли како работите можеле да излезат од контрола. Но, судирот не треба да се сведува на пресметка меѓу кралот од една, и поданиците од друга страна; кавгата меѓу Калистен од Олинт и Анаксарх од Абдера на трпезата на Александар III сведочи дека биле вообичаени и расправиите меѓу другите учесници, кои се карале за политички прашања и се бореле за наклоноста на кралот.

Слична двојност во положбата на кралот се забележува во уште еден традиционален настан – кралскиот лов. Наративните извори не кажуваат многу за времето пред Александар III, но староста на ловот во Македонија е посведочена и во материјалните извори. На октодрахмите на Александар I веројатно е прикажан коњаник како тргнува на лов, а на сребрениот статер на Аминта III е прикажан коњаник со копје на едната страна, и лав прободен од скршено копје на другата. Секако, најпознат приказ на кралски лов е фреската од гробницата II од Вергина, на која е прикажан лов на елени, дива свиња, мечка и лав; но, датирањето на оваа гробница сè уште е спорно, па таа не може да се земе како пример за состојбата пред времето на Александар III.

Освен што служел за разонода, кралскиот лов бил прилика за рамноправна интеракција меѓу кралот и елитата. Сепак, и тука имало низа инциденти, кои сведочат за двосмислената положба на кралот како рамноправен со другите ловци, но истовремено и предводник и главен ловец, кој морал да се докаже како најдобар. Тука лежи причината за гневот на Александар кон Лисимах и Хермолај, кои во различни прилики му попречиле на кралот во ловењето. Но, и покрај ваквите инциденти, учеството во кралскиот лов било израз на повластена положба и блискост со кралот. Затоа и не е чудно што во времето на Дијадосите се јавуваат повеќе прикази на кралски лов, особено на лав; на овој начин, благородниците се обидувале да ја покажат својата блискост со кралот и, на одреден начин, да ја зацврстат својата положба во општеството.

Во ловот, кој истовремено служел и како воена подготовка, се користеле и вообичаени воени оружја и опрема. За ова сведочи институцијата „Кралски ловци“ (*kynegoi*), која се смета за адаптација на ефебијата, инаку добро посведочена во хеленистичките полиси; во една прилика, Филип V дури и забранил носење шарени капи и наредил враќање на традиционалната темна капа и облека. Овој податок, како и податокот на Ливиј дека по освојувањето на Македонија Римјаните наишле на повеќе ловишта, покажува дека обичајот се задржал и во времето на Антигонидите.

• *Кралските деца.* – Институцијата „Кралски деца“ имала важна улога во односите меѓу кралот и елитата. Во неа влегувале синовите на македонската елита, кои раснеле и се образувале под непосреден надзор на кралот. Најверојатно станува збор за стара македонска институција која, по ширењето на кралството во времето на Филип II, а со тоа и зголемувањето на бројот на Хетајри, претрпела значителни промени и систематизирање токму во текот на неговото владеење.

Не го знаеме точниот број и составот на кралските деца, ниту пак возраста на која стапувале и до која останувале во оваа група; се претпоставува дека станувало збор за момчиња од 14 до 18-годишна возраст. Кралските деца го придружувале кралот и се грижеле за неговите потреби; го служеле во текот на симпосионот; му помагале при качувањето на коњ; го придружувале во текот на кралскиот лов, и го чувале додека спиел. Оваа институција била особено важна, зашто на овој начин децата на највисокиот слој во државата станувале дел од дворскиот живот, се запознавале со државните работи и се задојувале со верност кон кралот. Се чини дека дел од нивните активности опфаќал и воена обука, но нема податок дека учествувале во битки. Во исто време, кралските деца биле и своевидни заложници, што било особено важно во првите години по

припојувањето на горномакедонските области, во кои постоел традиционален отпор кон династијата Аргеади. Влегувањето во кралските деца несомнено било знак на повластена положба и показател за идната улога на момчето во рамките на државниот апарат; но, фактот што кралот можел да ги казни со камшикување, а во еден случај дури и да ги погуби, ја нагласувал нивната потчинетост на кралот. Институцијата се задржала и во времето на Антигонидите; кралските деца ќе бидат последни што ќе го напуштат Персеј, и тоа дури откако ќе им се гарантира слобода и безбедност на имотот.

## ГРАДОВИТЕ И АДМИНИСТРАЦИЈАТА

• *Развојот на градовите.* – На еден список на теородоки – луѓе што примале свештени пратеници и созерцатели на пат кон големите светилишта – кој се датира во 360 г. ст.е., од Македонија е наведен само еден теородок – кралот Пердика III. На неколку вакви списоци од крајот на IV и почетокот на III век ст.е. веќе се појавуваат околу десет градови, а на списокот од Делфи, кон крајот на III век, се наведени дури 28 града. Во науката долго се расправало дали теородокијата (правото на угостување свештени пратеници) е показател дека еден град бил независен. Со оглед на тоа што, почнувајќи од IV век ст.е., се јавуваат теородоки во бојотски градови што се наоѓале под контрола на Теба, како и во Пидна додека градот бил под атинска контрола, овие списоци веројатно не се многу релевантни за прашањето. Нивната важност е во нешто друго. Прво, тие ја покажуваат слабоста на Пердика III и сè уште сразмерно малиот обем на кралството, зашто Пидна, Метона и Ајнеја се наведени како градови надвор од Македонија; ако списокот беше составен десетина години подоцна, овие градови веќе ќе беа дел од кралството на Филип II. Второ и многу поважно, списоците сведочат за забрзаниот развој на градовите во времето на Филип II и по него. Од крајот на IV до крајот на III век ст.е. нема никакво проширување на територијата, со кое би го објасниле зачестеното спомнување на македонски градови; според тоа, причината треба да се бара во внатрешните процеси на кралството. Списоците не треба да се сфатат буквално: тоа што во 360 ст.е. на пратениците им било доволно одењето кај Пердика III, не значи дека во Македонија немало други градови освен Пела, ниту пак дека на крајот на III век ст.е. имало само 28 града. Од изворите произлегува дека, до III век ст.е. речиси триесет градови во Македонија *биле сметани за доволно важни и прочуени*, за да угостуваат свештени пратеници.

Сличен впечаток – дека постоеле целосно развиени и самоуправни градови – се добива и од познатите декрети за асилија од Пела, Касандреја, Амфипол и Филипи, датирани во 242 ст.е. Овие натписи се користат како доказ за степенот на самоуправа на градовите, особено во надворешната политика; во тој поглед, особено е важен декретот од Пела, во кој – за разлика од другите три декрети – не се спомнува дека одлуката е донесена во согласност со политиката на Антигон Гоната. Сепак, и тука не треба да се чита повеќе одошто ни нуди изворот. Зачувани се и два натписи од Халкида и Еретрија, на кои овие градови го прифаќаат барањето за асилија на Магнесија на Мајандар; одлуките се донесени од градските тела и, барем теоретски, независно од Филип V. Натписот од Еретрија на островот Евбоја е особено интересен, зашто не ги спомнува желбите и наредбите на кралот, исто како и оној од Пела, иако Македонците одржувале силно присуство на островот во текот на целото владеење на Антигонидите. Оттука произлегува дека правото да се изгласа асилија, или пак да се воспостават односи со други градови, не кажува ништо посебно за положбата на градовите во однос на кралот. Тоа единствено докажува дека постоел развиен градски живот со сите соодветни тела, како и одреден степен на локална самоуправа.

Вообичаено се мисли дека локалната самоуправа била поголема во времето на Антигонидите, одошто во времето на Аргеадите. Ова веројатно се должело на владеењето на Филип II, кој дал силен поттик за развој на градскиот живот во Македонија со тоа што основал градови, колонии и утврдувања и го зголемувал градското население. И внатрешната политика на Александар III, Касандар и Антигон Гоната, како и политиката на Селевкидите во Азија, сè почесто се врзува за примерите и практиките што ги воспоставил Филип II. Мора да се земе предвид и времето на нестабилност и безредие, особено по смртта на Касандар и за време на келтските напади, кога централната власт во голема мера се распаднала. Работите стигнале дотаму, што Касандреја привремено се отцепила од Македонија и се нашла под власт на локален тиранин. Кога Антигон Гоната најпосле успеал да воспостави цврста контрола врз земјата, веќе требало да се редефинираат односите меѓу кралот и некои од градовите. Значи, поттикот за економски и административен развој се должи на политиката на Филип II, а поголемата самоуправа – на безредието на почетокот од III век ст.е. и обновата на кралството во време на Антигон Гоната.

Во основа, целото прашање за односите меѓу македонскиот крал и градовите е поставено на погрешен начин, и во него се провлекува одредена мера на анахронизам и хеленоцентричност. Прво, поимот „автономија“ или „самоуправа“ – кој и без тоа има мошне широко значење – во

хеленистичко време веќе *не морал да означува целосна надворешна и внатрешна независност.* Хеленистичките градови биле потчинети на поголеми сили, а сепак се гордееле со својата автономија, односно со одредениот степен на внатрешна независност и живот според сопствени закони и традиции. Мора да се води сметка и за значителните разлики во историјата и традицијата на македонските и на хеленските градови: тоа што вториве биле опседнати со нивното славно минато не мора да значи дека такви биле и првите. Најпосле, нема никакви докази дека македонските кралеви биле непријателски расположени кон градовите. Токму примерот на Филип II покажува сосема спротивна политика, и не е тешко да се согледаат причините за тоа: полесното оданочување и управување со сè поголемото кралство. Истиов пристап ќе биде мошне полезен за Селевкидите, особено во односите со старите полиси во Мала Азија. И покрај поголемата автономија на градовите, кралството во времето на Антигонидите не било ништо послабо во однос на Аргеадите, ниту пак има показатели за незадоволство во градовите и желба за отфрлање на кралската власт. Независно од тоа каков и колкав бил степенот на самоуправа на градовите во Македонија, наместо да се бара постојан судир на спротивставени интереси, подобро е да се анализира нивниот однос од гледна точка на соработката, интеграцијата и меѓусебната корист.

• *Градските органи и кралот.* – Дури и откако бил освоен од Филип, Амфипол го задржал демократското уредување со Собрание, Совет и годишни магистрати. Слично било и уредувањето на Филипи, првиот град што го основал Филип II. Сепак, прашањето за уредувањето на македонските градови сè уште е проблематично, зашто не е најден ниту еден градски документ постар од времето на Филип II, па не знаеме речиси ништо за начинот на кој функционирале градовите пред неговото владеење. Во изворите се спомнуваат *тагоси, пелигани* и *скојдос,* но не сме сигурни какви биле нивните должности и овластувања. Според некои претпоставки, тагосите наликувале на атинските архонти, а пелиганите – на членовите на Советот; сепак, веројатно е подобро тагосите да се споредат со градскиот колегиум од пет тагоси, посведочен во Лариса и во други градови во Тесалија.

Во градовите се посведочени повеќето институции особени за хеленистичкиот полис, иако имало одредени разлики кај државните службеници и градските тела. Ова може да се должи на разликите во историјата и развојот на градовите што биле дел од македонското кралство пред Филип, и оние што биле основани или вклучени во кралството во негово време или подоцна. Треба да се води сметка и за тоа, дека она што го знаеме за градските институции зависи од епиграфските извори, така што

денешната слика за проблемот може да се должи и на случајност во археолошките наоди. Затоа, барем засега, не може да се даде сеопфатен преглед за начинот на кој функционирале македонските градови.

Заедничко за повеќето градови било постоењето на епонимен градски службеник. Во Филипи, тоа бил архонтот, во Амфипол – свештеникот на Асклепиј, во Касандреја исто така свештеник, а епонимни службеници се забележани и во Бероја, Пела и Тесалоника. Градското собрание не се спомнува често, и не знаеме какви биле неговите функции, зашто повеќето локални одлуки се носеле од Советот и службениците. Освен архонти, меѓу најважните градски службеници се спомнуваат и полемарси; две тела со важна улога во градскиот живот биле стратезите и т.н. „чувари на законите“ (*nomophylakes*). На натписот за асилија од Филипи гледаме дека токму стратезите одговарале за безбедноста на светите пратеници што патувале од Кос до Неапол. Иако е извесно дека биле задолжени да го одржуваат поредокот и безбедноста и дека располагале со сразмерно мали воени чети, стратезите можеле да соберат и значителни сили. По поразот кај Киноскефала, Дарданците се обиделе да ја искористат слабоста на Македонија, но Филип успеал да ги порази со војската од 6.500 војници, собрана „од градовите“. Номофилаксите, пак, биле меѓу најважните службеници со извршни овластувања, а освен во Македонија и Деметријада, се среќаваат и во Гони, Александрија и Пергам. Во Тесалоника се спомнуваат судии (*dikastai*) како подносители на еден предлог заедно со заменикот на епистатот (*hypepistates*); има мислења дека судиите треба да се поистоветат со архонтите и тагосите, но работата ни оддалеку не е решена. Важна улога имале и ризничарите (*tamiai*) задолжени за градските финансии. Токму ризничарот (*tamias*) од Касандреја бил задолжен да издвои средства за угостувањето на светите пратеници од Кос. Меѓу останатите градски служби, се спомнуваат и „надзорник на пазарите“ (*agoranomos*), како и гимназијарси (*gymnasiarkhoi*) задолжени за одржувањето и работата на гимнасионите.

Со оглед на тоа што кралот контролирал голем дел од даноците, земјата и приходите, не знаеме на кој начин се финансирале градовите. Во секој случај, еден пример од 171 ст.е. покажува дека тие мора да имале сопствени приходи и резерви. Имено, откако била објавена војна против Рим, во Китион пристигнале пратеници од градовите, кои му понудиле на Персеј пари и жито за претстојната војна; сепак, Персеј ја одбил понудата, зашто кралските резерви биле сосема доволни. Дека градовите имале одредена финансиска независност сведочи и почетокот на градското монетоковање; тоа се датира во времето на Филип V, а веројатно треба да се поврзе со преустројството на државата по поразот во II Македонска војна.

Многу се расправа и за тоа, до која мера кралот можел (или смеел) да се меша во внатрешните работи на градовите. Одговорот донекаде зависи од начинот на кој ќе ги сфатиме градските епистати. Од нивната застапеност и истакнатата улога на градските натписи, јасно е дека станува збор за најважната служба во градската власт, па се чини разумно да се претпостави дека биле присутни во секој град. Надвор од Македонија, епистатите ги поставувал кралот; тие биле одговорни за собирањето војска по градови; има епистати што си ја вршеле службата најмалку четири години, што е мошне невообичаено за обична градска магистратура; најпосле, се чини дека епистатот бил вклучен и во администрацијата на кралскиот имот. Ако сево ова е точно, тогаш независно од разните локални органи, на чело на градовите сепак стоеле кралски функционери.

Прашањето дополнително се усложнува кон крајот на Антигонидите, кога во градовите се појавуваат политарси – двајца нови епонимни службеници кои, според сè, стоеле на чело на локалната власт. Можеби станувало збор за преустројство на административниот систем, кој требало да се поедностави и систематизира. Но, ова повторно би упатувало на мешање на централната власт – инаку, тешко може да се претпостави на кој начин е спроведена реорганизацијата на ниво на целата држава, ниту пак како новите службеници системски ги замениле претходните кои, како што кажавме, не биле исти во сите градови.

И други зачувани примери покажуваат дека кралот можел да се меша во функционирањето на градовите, особено во имотните и финансиските прашања. Уште додека владеел неговиот татко, Деметриј II ја поништил одлуката со која одредени приходи од храмот на Херакле се пренасочувале во локалната каса. Во Тесалоника, Филип V забранил да се користат средства од храмот на Серапис за незаконски цели и заповедал ризницата на храмот да се отвора единствено во присуство на епистатите и дикастите, а и средствата да се користат исклучиво со нивно знаење. Кон сличен заклучок водат и примерите на кралски донации на земја, дури и кога таа се наоѓала на територијата на некој град; на пример, при основањето на Касандреја, Касандар ги потврдил одлуките на Филип и Александар за поседот на Пердика Којнов, кој истовремено бил ослободен и од данок, иако имотот се наоѓал на територијата на новиот град. Сличен пример – исто така од територијата на Касандреја – има и во времето на Лисимах, кој му подарил на некојси Лимнај неколку имоти со вкупна големина од околу 250 хектари. Тука немаме ослободување од даноци, но важно е дека имотот повторно е на територија на градот. Според тоа, при основањето на градот Касандар најверојатно задржал дел од земјата како градски имот. Истиот впечаток се потврдува и од веќе споменатите принудни преселби на население во времето на Филип II и Филип V.

Ако се земе предвид дека кралот бил највисока судска инстанца во државата, одреден број спорови, дури и од локален карактер, на крајот стигнувале до него. За такво нешто најверојатно се зборува на еден натпис од Амфипол, кој за жал е премногу оштетен за да ни овозможи поцврсти заклучоци.

Како што можеме да видиме, независно од тоа каков бил статусот на градовите, кралот и понатаму одржувал цврста контрола над целата држава. Дури и М. Хасопулос, кој ревниво ја поддржува теоријата за децентрализација на Македонија, признава дека епистатите биле избирани од градовите, но никој не се осмелувал да избере кандидат што не бил прифатлив за кралот; иако избрани од градот, и епистатите фактички одговарале пред кралот.

• *Управувањето со освоените територии.* – За организација и систематизација на освоените територии може да се зборува дури од последните години на владеењето на Филип II. Воената управа на освоените територии му била доверена на стратег, кој веројатно бил задолжен за собирањето данок и регрутацијата на дополнителни воени сили. Иако положбата „стратег на Тракија" првпат се спомнува дури во времето на Александар III, извесно е дека станува збор за положба востановена од Филип II по 339 ст.е. По долг прекин, во кој Македонија ја загубила контролата врз Тракија, стратегот на Тракија повторно се јавува во времето на Филип V. Освен стратег на Тракија, во исто време е забележан и управител на Пајонија; Ливиј не ја спомнува точната титула, но веројатно е дека повторно станува збор за стратег. Освен стратези, се спомнуваат и епистати назначени од кралот, на пример во Спарта (по битката кај Селасија), во Панамара во Карија и во Хераклеја на Латмос (по кариската кампања на Филип V).

Посебен третман имала Тесалија, која во времето на Филип и Александар не се сметала за освоена територија, туку била управувана врз основа на овластувањата на македонските кралеви како архонти на Тесалскиот сојуз; оваа положба им овозможувала контрола врз дел од даноците, како и заповедништво над тесалската војска. По Ламиската војна, контролата над Тесалија несомнено била засилена, а кулминирала со основањето на Деметријада. И покрај прекинот во годините на безредие по смртта на Птолемај Кераун, а потоа и кон крајот на владеењето на Деметриј II, оваа област останала интегрален дел од македонското кралство сè до крајот на II Македонска војна. За специфичниот однос меѓу Македонија и Тесалија сведочат и двете писма на Филип V до властите во Лариса; имено, како резултат на пустошењето во текот на Сојузничката војна, Филип заповедал туѓинците населени во Лариса да бидат впишани

меѓу граѓаните, со што би се зголемило граѓанското тело. На една специјална седница под раководство на петте тагоси, наредбата на Филип била прифатена и спроведена, но потоа имињата на новите граѓани биле избришани, по што следувало второто писмо на кралот. Филип ги поттикнува Ларисјаните да ја спроведат наредбата, но овојпат посочува дека тој лично ќе одлучува за спорните случаи. Наредбата била спроведена без дополнителни проблеми. Во споредба со други градови (на пример, со Атина по Хремонидовата војна), очигледно е дека Лариса (а веројатно и цела Тесалија) во времето на Филип V поскоро се сфаќала како дел од Македонија, одошто како покорена земја.

Јужно од Тесалија, македонската политика се темелела врз комбинација од контрола на клучните стратешки места (Коринт, Халкида и Евбоја, кои заедно со Деметријада ги претставувале „оковите“ на Хелада), поддршка на промакедонските групи во некои градови и именување на свои штитеници во други. Особено биле важни заповедништвата во Халкида и Коринт, кои располагале со бројни гарнизони од по неколку илјади војници. Освен примерот на Бојотија, во времето на Деметриј Полиоркет не се посведочени други примери за непосредна регионална контрола. Посебен случај претставува Атина по Хремонидовата војна, кога Антигон Гоната директно ја презел контролата над градот; но, тоа траело само неколку години. Нов обид за индиректна контрола претставува Хеленската симахија создадена од Антигон Досон – но, одлуките на синедрионот подлежеле на ратификација од секоја членка посебно, што се покажало како проблематичен инструмент за контрола. И покрај јасните слабости во овој пристап, ваквиот однос кон Хелада ќе се покаже доволно добар за да ги заштити македонските интереси сè до римската интервенција во II Македонска војна.

---

## Литература:

Borza, E. N. (1999). *Before Alexander. Constructing Early Macedonia.* Claremont, Calif.: Regina Books.

Errington, R. M. (1978). „The Nature of the Macedonian State under the Monarchy.“ *Chiron* 8, 77-133.

Hatzopoulos, M. B. (1996). *Macedonian Institutions under the Kings. A Historical and Epigraphic Study*, v.1-2. Paris: Diffusion de Boccard.

Ma, J. (2011). „Court, King, and Power in Antigonid Macedonia". In Lane Fox, R. J. (ed.), *Brill's Companion to Ancient Macedon. Studies in Archaeology and History of Macedon, 650 BC–300 AD*, Leiden: Koninklijke Brill NV, 521-543.

Raynor, B. (2016). „Theorodokoi, Asylia and the Macedonian Cities." *Greek Roman & Byzantine Studies* 56, 225-262.

Roisman, J. (2012). „Royal Power, Law and Justice in Ancient Macedonia." *Ancient History Bulletin* 26, 131-148.

Roisman, J. & Worthington, I. (eds.). (2010). *A Companion to Ancient Macedonia*. Malden-Oxford: Wiley-Blackwell.

# 9
# ХЕЛЕНИСТИЧКИТЕ МОНАРХИИ

Идеали и идеологии. – Основни обележја. – *Администрација и контрола. – Колонизација.* – Кралски и династички култ. – Кралот и локалните елити.

Главно обележје на источното Средоземје во хеленистичко време е *надмоќта на големите кралства*, кои се родиле од освојувањата на Александар и од четириесетгодишните војни меѓу неговите истакнати соборци. Исход од овие војни е разграничувањето на три главни кралства, на чело со династии чии основачи биле соработници на Александар – кралството на *Селевкидите*, кои го задржале азискиот дел на кралството на Александар; кралството на *Лагидите* (или *Птолемаидите*), чие политичко средиште бил Египет; и кралството на *Антигонидите*, кои успеале да завладеат со Македонија дури во првата половина на III век ст.е. Со време ќе се основаат и други хеленистички држави – Пергамското кралство, потоа Битинското, Понтското, Кападокиското, Арменското и Бактриското кралство, а по нив и државата на Макабејците, Комагена и Партија. Дел од овие кралства зафаќале територија што никогаш не влегла во државата на Александар, а други се отцепиле од големите хеленистички монархии, пред сè од кралството на Селевкидите; бидејќи на претходните страници веќе стана збор за македонското кралство на Антигонидите, во продолжение ќе го насочиме нашето внимание главно кон државите на Селевкидите и на Лагидите.

Временските граници на хеленистичкиот период – од смртта на Александар III во 323 ст.е., до падот на Египет под римска власт во 30 ст.е. – се логични од гледна точка на воено-политичките собитија; сепак, прашање е дали периодот може еднакво лесно да се разграничи и од гледна точка на економијата и на администрацијата. Вистина е дека неколку појави од ова време претставуваат новина, но во нив се препознава и продолжување на наследството од претходните периоди. Научните реконструкции се условни и подлежат на постојани промени; причини за ова се постојаното зголемување на изворите што ни се на располагање, како и напредокот во изучувањето на државните структури што им претходеле на хеленистичките монархии.

Не треба да се потценат ниту ограничувањата, што се должат на природата на самите извори и на местата каде се најдени. Бидејќи епиграфските извори за државата на Селевкидите ни доаѓаат главно од Мала Азија, долго време се нагласуваше селевкидската политика токму на оваа територија, а источните сатрапии се сфаќаа како додаток на кого не му се посветувало големо внимание и каде контролата била загубена сразмерно брзо. Но, сега знаеме дека присуството и интересите на Селевкидите источно од Бабилонија биле многу посилни и подолготрајни.

И во случајот на Египет, папирусните извори можат да дадат донекаде погрешен впечаток за тоа како функционирала државата. Поради климатските услови, не е зачувано речиси ништо од огромната документација на централната власт во Александрија, а повеќето извори доаѓаат од внатрешноста, па изворите за работата на централната и на локалната власт се распределени нерамномерно. Најпосле, историчарите главно се задржуваа на папирусите напишани на хеленски јазик, а дури во поново време се посветува повеќе внимание на папирусите и остраконите на египетски; поради сево ова, нема сомнеж дека сликата за лагидскиот Египет значително ќе се менува во текот на идните десетлетија.

## Идеали и идеологии

Наспроти многубројните разлики, хеленистичките монархии наликувале една на друга во многу нешта: тие имале слични почетоци, слична потрага по легитимитет, но и слични највисоки државни институции, како кралскиот двор и кралските пријатели. Друга сличност што ја споделувале, биле идеите и предусловите според кои се мерела успешноста на еден владетел. Веќе спомнавме дека хеленистичките монархии се родиле од четириесетгодишните судири меѓу дијадосите, кои пак произлегле од освојувањата и воените успеси на Александар III. Со оглед на времето и условите во кои се обликувале новите кралства, не е чудно што токму воените способности биле особено ценети, па дури и сметани за предуслов за владеење. За важноста што ѝ се придавала на воената способност, говори и една дефиниција на монархијата:

> „*Кралска власт.* Луѓето не добиваат кралска власт ниту по природа, ниту по законитост, туку според заповедничките способности и промисленото водење на државата. Таков беше случајот со Филип и со дијадосите на Александар. Имено, неговиот син немаше никаква полза од потеклото поради душевната немоќ; а оние пак, без никакво сродство, завладеаа со речиси сиот населен свет.“

Оваа дефиниција е зачувана во многу подоцнежен извор, но јасно е дека потекнува од хеленистичко време и дека добро ги отсликува тогашните сфаќања. За тоа сведочи и фактот што Антигон Еднооокиот, првиот од дијадосите што го презел решавачкиот чекор, бил прогласен за крал по големата победа кај кипарска Саламина. Дека се внимавало на воените успеси ни покажуваат и прекарите и титулите што ги земале хеленистичките владетели, на пример Никатор („Победник“), Калиник („Со убави победи“), Кераун („Молња“), Хиеракс („Сокол“), Сотер („Спасител“) и т.н. Најпознат пример е оној на Антиох III, кој по исклучителниот поход во источните сатрапии бил наречен „Велики“; според историографот Полибиј, „токму благодарение на овој поход Антиох се покажа достоен да кралува не само со Азија, туку и со Европа“.

Освен заповедничките способности, мошне важна била личната храброст и присуството на боиштето. Следејќи ја традицијата на македонските кралеви и на дијадосите, и хеленистичките владетели честопати лично ја предводеле војската и се изложувале на опасност. Според една пресметка, дури дванаесет од првите четиринаесет владетели од династијата Селевкиди загинале во битка или умреле на воен поход. Дури и кај Лагидите, кои најмногу отстапувале од овој предуслов, има примери кога кралот лично ја предводел војската: најпознат е примерот на Птолемај IV, чие драматично излегување пред војниците го свртело текот на битката кај Рафија.

Еднакво важно било и тоа, да се поседуваат огромни финансиски средства, со кои никој не можел да се спореди. Еден современ историчар забележува дека изразот „сиромав“ или „скржав крал“ претставува логичка противречност; доброчинствата, кралските палати и резиденции, новите престолнини, празниците и свеченостите финансирани од кралот – сето ова било симбол и постојан потсетник на неизмерната моќ на владетелите. Посебно значење имале државните обреди и свечености, а особено големите свечени поворки, од кои се најпознати големата поворка на Птолемај II во Александрија и помалата, но исто така импресивна поворка на Антиох IV во Дафне. На ваквите настани се прикажувала моќта на кралството и пред домашното население, но и пред туѓинците што доаѓале за тие прилики; се нагласувал нивниот обем и универзалност, огромните воени и финансиски ресурси и речиси божествениот статус на владетелот од кого зависеле мирот, стабилноста и благосостојбата во државата. Еден современик и сведок на поворката на Птолемај II сведочи дека настанот претставувал вистинска изложба на богатство и воена моќ.

Покровителството на науките и уметностите добро се вклопувало во сликата за богатите, речиси семоќни владетели. Мусејонот и Библиотеката во Александрија, каде се собирале знаењата и достигањата од целиот

познат свет, биле сведоштва за неизмерното богатство и распространетоста на кралството, но и за огромниот углед и влијание на владетелот, кои ги надминувале границите на неговата држава. До ист заклучок нè носи и постојаната борба меѓу владетелските дворови за привлекување истакнати поединци од интелектуалните кругови; голем дел од авторите и уметниците од ова време, барем во дел од својата работа – а понекогаш и во текот на целото творештво – биле под покровителство на некој од владетелите.

Секако, владетелите не се занимавале исклучиво со војување. Од нив се очекувало да покажат и вештина во водењето на државата, умереност во односот со поданиците, дури и склоност кон науката и уметноста; кај Лагидите, на пример, управникот на Мусејонот често имал удел во образованието на престолонаследникот. Сепак, прва и основна задача на владетелите била – да се заштити и зачува, а по можност и да се прошири државата. За воинствениот карактер на монархиите зборува и тоа што од смртта на Александар III до 160 ст.е. имало само четири години во кои ниту една голема монархија не била вмешана во војна или судир. Сепак, ваквата состојба не може да ѝ се припише само на кралската идеологија, за што сведочат и честите судири меѓу помалите држави, па дури и меѓу полисите – војните во голема мера се должеле и на несредените меѓународни односи, нерасчистените сметки од времето на дијадосите, неразвиеноста на дипломатијата и економските притисоци.

Како што минувало времето, се обликувала силна и нераскинлива врска меѓу војската и финансиите. За да се спроведе амбициозната и агресивна државна политика и за да се добијат нови извори на богатства, била потребна многубројна војска. Ако се суди според подобро посведочените битки, Селевкидите можеле да соберат мобилна војска од 60.000 до 75.000 борци; според некои процени, целата војска на Лагидите (значи, и постојаните воени посади, и мобилните единици) во средината на III век ст.е. броела околу 250.000 војници. За да се издржува толку голема војска и толкав административен апарат, но и за да се задоволат интересите на највидните следбеници, биле потребни огромни средства. Основа на финансискиот систем била земјата, која се сметала за „земја освоена со копје", односно во целост му припаѓала на кралот. Секако, реалноста била многу поразлична: освен кралска земја – вклучително и природните богатства со кои располагала државата – имало земја што им припаѓала на полисите, на храмовите, но и на приватни лица. Независно од нејзиниот статус, речиси сета земја подлежела на бројни даноци; според една процена, во Египет во времето на Птолемаидите имало околу 1600 различни давачки. Речиси сите дејности, независно од нивната природа, биле предмет на оданочување; затоа било особено важно да

се контролираат главните трговски средишта и патни правци. Бројните Сириски војни меѓу Селевкидите и Птолемаидите не се воделе само заради угледот и нерасчистените сметки на дијадосите, туку и за контрола на некои од најважните жаришта на трговијата.

Колку биле поголеми воените успеси и проширувањето на државата, толку биле поголеми и изворите на приходи. Но, дури и кога немало територијално ширење, воениот успех повторно можел да биде важен извор на приходи. Според еден извор, по победите во III Сириска војна, Птолемај III собрал дури 40.000 таланти сребро; бројката е несомнено преувеличена, но сепак покажува колку биле исплатливи воените победи. Поради истата причина, монархиите биле особено ранливи при воен неуспех, зашто тој отворал пат за губење на средства и територии. Економските притисоци и расходите за војската биле толку големи, што дури и успешна војна можела да предизвика внатрешни економски неприлики. И покрај огромниот плен, токму во текот на III Сириска војна Птолемај III се соочил со првиот бунт на домашното население, предизвикан од трошоците на војната. И покрај успехот во Египет и раскошната свеченост во Дафне, Антиох IV набргу, во текот на источниот поход, неуспешно се обидел да го ограби храмот на Нанаја.

## ОСНОВНИ ОБЕЛЕЖЈА

Хеленистичките монархии биле апсолутни и лични, олицетворени и поистоветени со самиот владетел. Тој го имал последниот збор и во надворешната, и во внатрешната политика; зачуваните кралски списи се однесуваат на најразлични проблеми од полето на администрацијата, судството, финансиите, војската и религијата. Жаришна точка на државната администрација бил кралскиот двор, заедно со месните градски средишта. Иако еден дел од кралската канцеларија постојано работел во престолнината, дел од неа постојано го следел владетелот, кој често патувал низ државата. На тој начин, дури и во текот на долгогодишниот поход низ Горните сатрапии, Антиох III бил добро известен за случувањата и состојбите во другиот дел од државата, па можел да решава за нешта што се однесувале, на пример, на селевкидските територии во Мала Азија.

Главна движечка сила на кралскиот двор биле кралското семејство и кралските пријатели. Пријателите, кои произлегле од старата македонска институција Хетајри, ги извршувале најважните државни и административни задачи. Тие биле кралски советници, секретари, територијални или финансиски управители, воени заповедници, амбасадори, но имале и задолженија врзани за самиот владетел, како кралски доктори,

телохранители, коморници и управници на дворот. До II век ст.е., хиерархијата на пријателите и дворјаните веќе добива облик, па се среќаваат титули како „роднина“, „прв пријател“ „придружник“ и „водач на телохранителите“; во некои случаи, службата станувала и наследна. Сепак, статусот, положбата, моќта, а најчесто и изборот на пријателите зависел исклучиво од кралот; за значењето на личните врски меѓу владетелот и пријателите најдобро говори тоа што во официјалната преписка кралот им се обраќа на најважните пријатели со „брат“ или „татко“. Пријателите биле еден од столбовите на кралството и администрацијата, но можеле да бидат и извор на нестабилност и неприлики за владетелите. Знаеме за повеќе примери на меѓусебни судири (убиството на Селевк IV, во кое клучна улога имале токму најблиските пријатели; бунтовите на почетокот на владеењето на Антиох III; повеќето судири меѓу Филип V и македонската аристократија), но и на менување на лојалноста и преминување на страната на некој друг владетел. Верноста на пријателите не била безусловна и често зависела од способноста на владетелот да ги задоволи нивните интереси, кои најчесто биле материјални.

Со цел да се обезбеди стабилност на кралската власт, да се олесни наследувањето и да се покаже слогата на династијата, најважните служби во државата често оделе кај членовите на кралското семејство. Кај Селевкидите често се применувал *принципот на совладетелство*, при што совладетелите – најчесто најстарите синови – управувале со дел од државата, во почетокот најчесто со Горните сатрапии. Совладетелство имало и кај Лагидите но, барем во прво време, суштински се разликувало од она кај Селевкидите. За разлика од Селевкидите, каде совладетелите подолго време учествувале во управувањето со државата, кај Лагидите тие обично се назначувале пред самиот крај на владеењето на кралот, со цел да му се даде дополнителна законитост на престолонаследникот и да се олесни преземањето на власта. Подоцнежното совладетелство на двајца, па и повеќе владетели во Египет поскоро било резултат на меѓусебните борби за власт, одошто смислена политика за сложно заедничко владеење. Особеност на династичката политика кај Лагидите бил бракот меѓу полнокрвни браќа и сестри – пракса што започнува со Птолемај II и Арсиноја II. Не знаеме што го навело Птолемај II на ваков чекор; примерите за брак меѓу полнокрвни брат и сестра во претходните периоди сепак не биле толку чести, како што се веруваше порано. Дури и во времето на Лагидите оваа пракса била ретка кај египетското население, а станала многу почеста дури во римско време. Иако на овој начин се ограничувал влезот во кралското семејство и се монополизирала кралската крв, ова ќе се покаже како пат кон пропаст, зашто ќе предизвика бројни династички борби меѓу членовите на кралското семејство. Освен тоа, овие методи ќе

се покажат недоволни за да се обезбеди стабилност на династијата. Кај Селевкидите, уште Антиох I го тргнал својот син, „кралот Селевк“; подоцна избила војна меѓу браќата Селевк II и Антиох „Соколот“; а меѓусебните судири станале особено чести по смртта на Антиох IV. Кај Лагидите, уште Птолемај II се соочил со неприлики при наследувањето, а подоцна и со бунт на Птолемај „синот“; и тука, династичките борби земале сè поголем замав во II век ст.е. Токму неуспехот да се обезбеди стабилност и слога во кралските семејства ќе се покаже како една од главните причини за несигурност и криза во кралствата на Селевкидите и на Лагидите.

• *Администрација и контрола.* – Со оглед на финансиските потреби за да се одржат кралствата како првостепени сили, прва и основна цел на владетелите бил пристапот кон најголем можен број извори на приход, како и собирањето даноци од населението. Но, за сето ова била потребна добро уредена администрација. Иако темелите и основните правци во внатрешната политика биле поставени уште во времето на дијадосите, пристапот кон главните административни проблеми бил прагматичен. Поголема систематизација на административниот кадар се случува во времето на Антиох I и Птолемај II, а разни детали биле доуредувани и од подоцнежните владетели. Во нивниот пристап може да се забележи прифаќање на разни практики на Филип II и Александар III, но и на голем дел од определниците врз кои почивал системот во претходниот период.

Благодарение на зачуваните папируси, најдобро го познаваме устројството на администрацијата на Лагидите. Во управувањето со државата, Лагидите го следеле примерот на Александар III, кој им ја доверил цивилната управа на земјата на двајца доморoдни номарси, военото заповедништво – на неколку заповедници Македонци и Хелени, а финансиската управа – на Клеомен од Навкратида. Дури и кога станал сатрап на Египет, на Клеомен му било заповедано да ги остави номарсите да управуваат во согласност со древните традиции, а тие пак биле задолжени да му го предаваат на Клеомен приходот од даноците. Јасно е дека со време се случиле значителни промени во системот, особено што Египет за Лагидите бил јадро на кралството, а не само уште една сатрапија. Сепак, уште во устројството на Александар III се очигледни некои основни одлики на подоцнежниот систем, особено мешањето на стари и традиционални со нови институции.

Во поглед на администрацијата, била задржана поделбата на Египет на четириесетина номи, секоја со сопствено административно средиште, каде се наоѓале и службениците и месната архива. Со номите управувале номарх, финансиски економ и кралски секретар, кои сега имале

еднаков статус со номархот. Номите се делеле на помали управни единици – топархии или номархии; најмала административна единица било селото (*kome*) на чело со комарх и секретар на комата, кој бил задолжен за даночните списоци; на овие подоцна им бил придодаден и кралскиот надзорник, кој ја надгледувал нивната работа.

Службата на номархот во ова време тешко може точно да се дефинира. Освен двајцата номарси од времето на Александар III, подоцна номарсите повремено се среќаваат и како управници на номите, но напоредно и на номархиите, помалите единици во склоп на номите. До последните десетлетија на Лагидите, местото на номархот во Фајум целосно го презема топархот, при сè што номарсите со вакви овластувања и натаму се среќаваат во другите делови од Египет. Номархот повторно се појавува во римско време, но овојпат исклучиво со фискални задолженија. Според сè, освен точно разграничените овластувања и задачи како управник на нома или номархија, изгледа дека поимот „номарх“ се користел и како општ назив за различни службеници. Ова веројатно е показател за постепениот и стихиен развој на административниот систем, при што централната власт најпрвин ги решавала локалните состојби, без да се обидува темелно и систематски да го преустрои целиот систем.

Со текот на времето, колонизациската политика на Птолемај I и населувањето активни војници во внатрешноста му дале особено важна улога на *стратегот*. Првично задолжен за клерусите и нивните потреби, овластувањата на стратегот постепено се прошириле врз целото граѓанство. До 260 ст.е. стратегот добива и судски овластувања, а подоцна решава по писмените барања на месното население, кои технички биле упатени до кралот. До крајот на III век ст.е. стратегот, кој бил новововедена служба во традиционалниот египетски административен апарат, прераснал во управител на номите во долен и среден Египет. Меѓу најважните државни службеници бил и александрискиот *диојкет*, кој управувал со еден од трите најважни административни оддели; тој бил назначен непосредно од кралот и практично бил највисок службеник во финансиската управа. Звањето диојкет се среќава и кај Селевкидите, и во полисите во класично и хеленистичко време – но египетскиот диојкет всушност претставувал приспособување и продолжување на *senti*, еден постар египетски државен службеник, кој бил задолжен за подготовка на списоците на државни приходи и за собирање данок.

Поразлична била состојбата во Тебаида, каде главен политички чинител бил храмовниот комплекс на Амон, и која подолго време уживала поголема внатрешна самоуправа од останатиот Египет. Состојбата во голема мера наликувала на онаа од Саитскиот период, кога Тебаида ужи-

вала голема локална самоуправа. Птолемај I се обидел да го ограничи влијанието на моќното свештенство во Теба со основање на нов град, Птолемаида Хермејска, како главно управно средиште во Тебаида, а во времето на Птолемај III бил изграден и монументален храмовен комплекс на Хорус во Едфу; сепак, Тебаида опстојала долго време како посебна административна единица. Дури по големото востание, кое траело од 207 до 186 ст.е., почнале посериозните напори на Лагидите да воспостават целосна контрола врз горен Египет.

***

Селевкидите во голема мера го презеле и го следеле моделот на управување со државата што го воспоставила персиската династија Ахајмениди. Основни територијални единици и натаму биле сатрапиите на чело со стратег. Не го знаеме точниот број на сатрапии, но се претпоставува дека нивниот број бил зголемен во однос на персиско време; сепак, немаме податоци зошто биле расцепкани некои од старите сатрапии. Локалната организација во склоп на една сатрапија се разликувала во зависност од традициите и историјата; на пример, основни месни единици во Лидија биле селските заедници (*komai*), а во Бабилонија – градските средишта. Не знаеме ни во колкава мера биле изедначени помалите административни единици во рамките на една сатрапија. На пример, во Мала Азија тие се нарекуваат хипархии, на чело со хипарх; во Бабилонија, локалните единици се нарекуваат *pihatu*, а на нивно чело стоел службеник наречен *lupahatu*; Којле Сирија – а можеби и не само таа – била дополнително поделена на т.н. меридархии, на чело со меридарх.

Највисокиот државен службеник се нарекувал *ho epi ton pragmaton*, служба што подоцна се среќава и во Пергамското кралство. Задачите на стратезите биле донекаде соодветни на нивните претходници од персиско време: тие биле задолжени за граѓанската, но и за воената управа, меѓу другото и за собирање и водење локална војска, за одбрана на сатрапијата и за испраќање засилувања на кралот. Стратезите – кои главно доаѓале од кругот на кралските пријатели – му одговарале непосредно на кралот, кој лично ги назначувал. Во државната кариера немало определени скалила и предуслови, туку назначувањето и напредувањето зависеле исклучиво од кралот. Често се случувало повеќе сатрапии да се групираат во поголемо „надсатрапско“ заповедништво, управувано од член на кралското семејство или од некој истакнат соработник. Како и кај Персијците, поради широките овластувања на стратезите, стабилноста на државата во голема мера зависела токму од нивната лојалност. Примерите на Молон, Антиох „Соколот“ и Ахај ни покажуваат дека ова не би-

ло секогаш успешно; Селевкидите во повеќе наврати мораде да се справуваат со бунтови на стратезите, но и на членови на кралското семејство.

Важна промена во однос на персискиот систем била реформата на финансиската администрација. За разлика од времето на Ахајменидите, кога финансиите биле во рацете на сатрапот, сега управата со финансиите била целосно одделена од стратегот и неговите службеници. На чело на финансиите во секоја сатрапија стоел *диојкет*. Меѓу бројните службеници што се наоѓале под негова власт, најважни биле *еклогистите*, кои ја одредувале висината на данокот, а *ојкономите* управувале со кралската земја, одговарале за собраните приходи и ги контролирале расходите во сатрапијата. Имало и посебна група службеници, кои биле задолжени за надзор на храмовите и нивните приходи. Слично како и надсатрапските заповедништва, од времето на Антиох III се посведочени и надрегионални финансиски управители. Така бил создаден напореден финансиски систем, целосно одвоен од воената и граѓанската администрација, кој му бил подреден непосредно на кралот.

• *Колонизација.* – Иако нивниот пристап се разликувал поради различните околности, и Селевкидите и Лагидите се обидувале да привлечат колку што можеле повеќе доселеници, пред сè од Македонија и Хелада. Новите доселеници биле потребни заради пополнување на кралската администрација и стапување во воена служба.

Посебно активни во основањето нови градови и населби биле Селевкидите, особено во времето на Селевк I и на Антиох I; се проценува дека Селевк I основал околу дваесет града. Ова не е чудно, зашто големината и разнородноста на државата на Селевкидите ѝ давале особена важност на контролата на внатрешноста. Како наследници на најголемиот дел од државата на Ахајменидите и на Александар III, Селевкидите располагале и со најмногу кралска земја, на која најчесто се основале новите населби.

Особено биле впечатливи зафатите во северна Сирија, каде никнал славниот *тетраполис* или „четириградие“: Антиохија на Оронт, Лаодикеја на море, Селевкија во Пиреја и Апамеја на Оронт. Така се обликувало ново економско и политичко јадро на државата. Сепак, не треба да се мисли дека им се посветувало внимание само на Сирија и на Мала Азија; Селевкија на Тигар била еднакво голема, а можеби и поголема и понаселена од Антиохија на Оронт. Се внимавало и на Иран, и воопшто на источните сатрапии, каде биле основани и преосновани бројни колонии, меѓу кои и Антиохија во Персида, Антиохија во Маргијана, Лаодикеја во Медија, моќниот Аи-Ханум (можеби Александрија или Евкратидија) на реката Окс, и многу други. Низ целата држава се основале и по-

мали воени колонии, во кои војниците добивале земјишни парцели во замена за воена служба. Со време, некои од нив – на пример, Дура-Европос – прераснале во богати и развиени градови. Биле основани и повеќе колонии на доселеници, кои имале сопствено уредување и институции, но се наоѓале во состав на веќе постоечки, развиени градски средишта. Очигледно е дека се основале најразлични видови населби со различен статус и внатрешно уредување. Некаде среќаваме типични полисни институции; во некои, пак, претежнувал македонскиот елемент кај доселениците, па е посведочена старата македонска институција *пелигани*, а има и кралски *епистати*. Сепак, без оглед на внатрешното уредување и правната положба, и независно од тоа дали во населбата имало кралски епистати или не, јасно е дека и во новите градови кралот го имал последниот збор.

Првичен и главен мотив за основање нови селевкидски градови биле воено-политичките цели, односно безбедноста и контролата на областа. Добар пример за ова е прочуениот Аи-Ханум со неговите цврсти бедеми, многубројните населби што ги омеѓувале иранските сатрапии, а особено сириското четириградие, основано заради потребата да се воспостави утврдена зона против постојаните закани и чести напади на Лагидите. Но, ова е само дел од приказната. Со оглед на недостигот на специјализиран административен кадар, основањето внатрешни самоуправни единици ја олеснувало работата на кралската администрација. Не треба да се заборават и економските чинители. Голем дел од новите населби биле основани на слободна кралска земја, која сега била обработувана, или пак на неа никнувале нови урбани центри што му давале поттик на локалното стопанство – а тоа значело нови даноци и приходи што се влевале во кралската каса. За значењето и влијанието што еден нов град можел да го има врз околината, најдобро сведочи Селевкија на Тигар: нејзиното основање предизвикало повеќекратно зголемување на бројот на население во областа, но и поместување на главната политичка и стопанска оска од Еуфрат на Тигар.

Колонизациската политика на Лагидите значително се разликувала од онаа на Селевкидите. Надвор од Египет биле основани повеќе градови, но во самиот Египет – со исклучок на Александрија, основана од Александар III – единствен поголем новооснован град бил Птолемаида во Тебаида, основана од Птолемај I. Причина за ова била сразмерната ограниченост на расположливата земја во Египет, особено во споредба со огромните имоти на Селевкидите во Азија; освен тоа, земјата секако веќе била урбанизирана. Често повторуваната забелешка дека во лагидски Египет имало само три града – Александрија, Птолемаида Хермејска и Навкратида – се однесува само на нивниот статус, внатрешното уредување

и застапеноста на институции типични за хеленистичкиот полис. Инаку, освен Мемфис, кој останал втор град во Египет по Александрија, тука биле и Теба, Саис и повеќе други градски средишта.

Поради сево ова, војниците во кралска служба не се групирале по колонии, туку добивале поединечни земјишни парцели низ целата земја, со што станувале *клеруси*. Клерусите биле повластен земјопоседнички слој, зашто најчесто биле ослободени од некои земјишни даноци, а други даноци плаќале во помал износ; сепак, има и примери каде клерусите плаќаат и данок на земјата и данок на жетвата, па независно од разните олеснувања, тие претставувале важен фискален чинител. Иако различен, лагидскиот систем на клерухии имал слични функции и потреби како и селевкидската колонизација. Поседувањето имот бил силен поттик за доселување во Египет, со што се обезбедувал прилив на воени регрути; присуството на војска – макар и демобилизирана – ја зацврстувала контролата врз земјата; уживателите на најголемите имоти биле дел од највисоките слоеви на општеството и неретко влегувале во локалната администрација; најпосле, и покрај разните даночни ослободувања и повластици, клерухиите претставувале важен извор на приходи за круната.

## КРАЛСКИ И ДИНАСТИЧКИ КУЛТ

Многу бргу, уште во времето на дијадосите, највидните војсководци и (подоцна) кралеви почнале да добиваат божески почести. Сепак, *култовите на поединечни владетели* се разликувале од *династичките култови*, воспоставени од самите владетели. Првите биле основани на поттик на некоја локална заедница, пред сѐ, на полисите, и најчесто за некоја услуга или помош што ја добиле или ја очекувале од владетелот. На пример Антигон Еднοокиот и Деметриј Полиоркет биле славени како спасители во Атина откако го ослободиле градот од воените посади на Касандар; токму култното име „Спасител“ е едно од најчестите, а го носеле Птолемај I, Антиох I, Антигон Гоната, Атал I, Селевк III и повеќемина други.

Во прво време, способноста на владетелот да ги заштити интересите на одредена заедница била една од главните причини за основање *култ на владетелот*. Но, една одлука на Јонскиот сојуз во чест на Евмен II сведочи дека вакви почести се доделувале и за разни други доброчинства, со надеж дека владетелот и натаму ќе биде наклонет и дарежлив кон заедницата. Одговорот на Евмен II е еднакво сликовит: „Со наклоност ги прифаќам изгласаните почести; а бидејќи никогаш не пропуштав – колку што сум во можност – да направам славно дело во чест на целиот

којнон и секој полис поединечно, ќе се трудам и во иднина да не отстапам од ваквата политика“. Давањето божески почести можело да се должи на многу нешта: воена заштита, разни доброчинства, изрази на верност и надеж за понатамошна наклоност на владетелот. Со тоа што ги прифаќал почестите, владетелот се обврзувал да ја продолжи политиката на благонаклоност и заштита. Божеските почести за поединечни владетели биле дел од комплексниот однос на надмоќ, соработка и постојани преговори меѓу владетелот и градовите; политичкиот карактер на ваквите божески почести најдобро се гледа од фактот што можеле да бидат и укинати – како, на пример, почестите на Антигонидите во Атина по 200 ст.е.

Сосема различни се мотивите за основање *династички култови*, поттикнати и воспоставени од самите владетели. Со оглед на личната природа на кралската власт на Селевкидите и Лагидите, династичките култови најмногу служеле за да ја обединат државата. Благодарение на династичкиот култ, угледот на владетелот се воскревал на теолошко ниво, со што се зацврстувале неговата законитост и правото на владеење, кои потоа се пренесувале и врз неговите наследници. Со текот на времето, како што се случувале кризи и слабеење на кралствата, сѐ повеќе се зголемувало значењето на династичките култови и, воопшто, на теолошкиот аспект на кралската власт.

Иако имале истоветни цели, пристапот на Селевкидите и Лагидите по ова прашање значително се разликувал. Две важни одлуки за династијата на Селевкидите се врзуваат за владеењето на Антиох I. Првата одлука се однесува на создавањето нова, *династичка хронологија*, за која нема соодветен пример кај другите династии. Имено, наместо да ги брои годините според своето владеење, Антиох I го продолжил броењето според владетелските години на Селевк I, со тоа што за прва година на новата „Селевкидска ера“ била земена 312/11 ст.е., годината кога Селевк успеал да завладее со Бабилонија. Со ова, самиот тек на времето бил врзан за династијата на Селевкидите. Еднакво важна била и одлуката да се врзе потеклото на династијата со Аполон, кој според државната пропаганда бил татко на Селевк I; промената може да се забележи и на монетите на Антиох I, на кои приказот на Ѕевс е заменет со Аполон. Божественото потекло не само што го зацврстувало легитимитетот на династијата, туку и ги ставало Селевкидите на исто рамниште со Аргеадите, чиј родоначелник бил Херакле. Сепак, култот на династијата бил воведен сразмерно доцна – дури во времето на Антиох III, кој најпрвин воспоставил сопствен култ заедно со култот на претците, а потоа и култ на неговата сопруга, кралицата Лаодика. За жал, не знаеме како бил устроен и како се чествувал династичкиот култ, освен тоа дека во секоја сатрапија имало посебен свештеник на култот на династијата, меѓу кои биле и децата на владетелот.

За разлика од Селевкидите, кај кои се забележува извесно оддалечување од Александар III и Аргеадите – Птолемај I, напротив, ја истакнувал врската со Александар. Ова може добро да се забележи на неговите монети, а несомнено се должело на тоа што токму Птолемај успеал да се добере до телото на големиот освојувач. Додека сѐ уште бил сатрап, тој почнал повторно да ги пушта во оптек монетите на Александар со атрибути на Ѕевс, Дионис и Амон; подоцна, откако се прогласил за крал, почнал да се прикажува и себеси на монети и статуи со атрибутите на истите божества, а уште и на Хелиј и Пан. Основите на династичкиот култ биле поставени кога Птолемај I го прогласил Александар за главно државно божество, а свештеникот на Александар станал највисок државен, но истовремено и епонимен свештеник; во формулите за датирање, името на свештеникот следело веднаш по името на кралот.

Култот бил дополнително систематизиран во времето на Птолемај II, кој најпрвин го востановил култот на Птолемај I и Береника I како „Богови спасители“. Бил воведен и нов празник, наречен „Птолемаи“, кој се славел на секои четири години, а по статус им бил рамен на Олимписките игри. Решавачкиот чекор во поврзувањето на култот на Александар III и на Лагидите бил направен откако Птолемај II решил во култот на Александар да се придодаде и себеси со Арсиноја II како „истохрамни богови“; звањето на свештеникот сега било проширено во „свештеник на Александар и на братот и сестрата Богови“. Секој следен владетелски пар се вклучувал во култот на Александар, па од поединечен и личен, култот станал колективен династички култ на Александар и на Лагидите. Процесот на вклучување и ширење завршил во времето на Птолемај IV, кој конечно ги вклучил во култот и „Боговите спасители“, чиј култ до тој миг сѐ уште бил одвоен од оној на Александар; во тоа време била изградена и нова култна градба во Александрија, каде биле положени посмртните останки на Александар III и на Лагидите.

Напоредно со династичкиот култ, Лагидите имале и лични и поединечни култови, чествувани низ египетските храмови како „истохрамни“, пракса што започнува со Арсиноја II. Токму култовите на повеќе лагидски кралици, особено на Арсиноја II и на Береника II, се покажале како мошне успешни и трајни; впрочем, единствено имињата Арсиноја и Береника успеале да се пробијат меѓу традиционалните имиња на египетските свештенички семејства.

***

## КРАЛОТ И ЛОКАЛНИТЕ ЕЛИТИ

Со оглед на положбата во која се нашле Селевкидите и Лагидите, било мошне важно да се обезбеди наклоноста, или барем рамнодушната согласност на народите и заедниците што биле дел од нивните држави. По завршувањето на борбите на дијадосите, Селевкидите и Лагидите – за разлика, на пример, од Ахајменидите – се нашле во невообичаена ситуација: тие биле освојувачи, а немале пристап до „татковината“, па не можеле да се потпрат на еден доминантен етнички елемент кој би ја поддржал нивната власт. Затоа било дотолку поважно да се придобијат локалните политички елити. Иако на прв поглед политиката на Селевкидите и Лагидите по ова прашање се разликувала, во суштина станувало збор за еден ист пристап, а разликите попрво се должеле на различните локални услови. Заедничко за двете кралства е оддалечувањето од Ахајменидите во идеолошка и пропагандна смисла, за разлика од некои други кралства (на пример, Понт или Комагена), кои ги нагласувале своите вистински или замислени крвни врски со персиската владетелска династија. Лагидите отишле и чекор подалеку, па ги прикажувале борбите со Селевкидите како продолжение на вековната борба на Египет против Персија.

Добар пример за внимателниот, „дипломатски“ однос на владетелите кон локалните елити е односот на кралевите кон старите полиси на малоазиското крајбрежје. И покрај огромната разлика во воената моќ и финансиите, формалните односи оддаваат впечаток на две рамноправни страни. Згора на тоа, градовите постојано добивале доброчинства од кралевите: дарови за нови градби или финансирање разни култови, привремено или трајно ослободување од даночни обврски, ослободување од присуството на воени посади, како и помош во случај на природни непогоди. Ова не било ограничено само на градовите под непосредна контрола на кралствата; на пример, по катастрофалниот замјотрес на Родос, хеленистичките кралства практично се надбивале кој ќе испрати поголема помош; и Атина често добивала дарови од владетелите, особено од Лагидите, но и од Селевкидите и Аталидите. Ова не значи дека полисите имале повластен правен статус во рамките на кралството; тие и натаму подлежеле на разни даноци, присуство на посади, често и на кралски надзорници, а за независна надворешна политика не можело ниту да стане збор. Сепак, овој пристап бил попрактичен на долги патеки, зашто со задржувањето на внатрешната структура на полисите, чии органи ја воделе внатрешната администрација, се олеснувала работата на кралската администрација, а владетелот бил поштеден од обврската да постава воени посади во секој полис. Оваа политика на одоброволување и придобивање

на старите полиси била мошне важна, зашто токму во Егејскиот басен се преплетувале интересите на трите големи монархии. Се разбира, процесот не бил еднонасочен: веќе ги спомнавме кралските култови токму во контекст на односите меѓу владетелот и полисот. За ползата што кралевите можеле да ја имаат од ваквиот пристап најдобро сведочи примерот на Смирна, која во текот на III Сириска војна по сопствена иницијатива – но во името на Селевк II – го решила проблемот со некои селевкидски воени посади во околината и ги убедила да му останат верни на селевкидскиот крал. Очекувано, градот подоцна бил богато награден од кралот. Овој пример покажува колку било важно кралот да покаже дека интересите на локалните заедници се исти со оние на централната власт, и сѐ дури ова го правел успешно, можел да смета на поддршката и верноста на локалните елити. Но, токму поради истата причина, овие односи подлежеле на постојани промени и предоговарања. Во мигот кога интересите на владетелот и на локалните елити ќе се разминеле, тој веќе не можел да смета на нивната поддршка. Истата таа Смирна, заедно со Лампсак, жестоко и упорно ќе ја брани својата слобода и ќе ги одбива обидите на Антиох III да го врати градот под контрола на Селевкидите.

Иако е најдобро посведочена во однос на старите полиси, ваквата политика не била ограничена само на нив. Некои од најголемите и најпознатите египетски храмовни комплекси потекнуваат токму од времето на Лагидите, а најголемиот зигурат изграден во Бабилонија датира од времето на Селевкидите. Иако египетското свештенство делумно го загубило значењето во економијата, каде храмовите морале да отстапат пред кралската администрација, тие во целост ја задржале политичката моќ. Вистина е дека дури и во храмовите се поставале кралски епистати, но оваа служба мошне бргу почнале да ја вршат токму членови на свештеничките семејства. Со текот на времето, како што династијата се соочувала со сѐ поголеми неприлики, растело и значењето на свештенството, чија поддршка била неопходна за да се одржи политичкиот систем. Добар пример за политиката на Лагидите кон свештенството е т.н. „Сатрапската стела“ од 311 ст.е., каде е забележана одлуката на Птолемај I да им ги врати на свештениците од Буто имотите што претходно им биле одземени од Персијците. Иако сѐ уште не бил крал, веќе го гледаме Птолемај како ја презема улогата на традиционален фараон кој води грижа за боговите и свештенството, но и го штити Египет од надворешни непријатели и ја отфрла персиската политика. Но, ваквиот однос не бил ограничен само на свештениците. На пример, потомците на последната, XXX династија ги наоѓаме на истакнати места во локалната администрација; и воопшто, со текот на времето се забележува зголемено учество на домашните елити во управувањето со државата, особено во Тебаида.

Овие примери полека нè водат кон културолошкиот и идеолошки пристап на кралството кон локалните заедници. Спротивно од она што се мислеше претходно, хеленистичките монархии ниту спроведувале свесна и систематска политика на хеленизација, ниту пак се обидувале да ги истиснат локалните култури. Напротив, тие се обидувале да се прикажат како легитимни наследници и чувари на постоечките традиции. Добра слика за пристапот на Селевкидите кон ова прашање ни дава т.н. „цилиндар од Борсипа" од времето на Антиох I:

> „Јас сум Антиох, голем крал, законит крал, крал на светот, крал на Бабилон, крал на земјите, чувар на Есагила и Езида, првороден син на кралот Селевк, Македонецот, крал на Бабилон.
>
> Кога решив да ги изградам Есагила и Езида, тулите за Есагила и Езида ги обликував со моиве раце со најдобри масла во земјата Хати и ги донесов тука за да ги положам темелите на Есагила и Езида. Во месецот адару, дваесетиот ден, четириесет и третата година ги положив темелите на Езида, вистинскиот храм, домот на Набу што се наоѓа во Борсипа."

Ова не бил единствен, ниту издвоен пример. Подоцна го гледаме и Антиох III како ја прославува традиционалната бабилонска Нова година и учествува во бабилонските празнувања, на кои ја наметнал порфирната наметка на Набукаднезар, примил златна круна и го добил златното ковчеже на Белтија. Овие примери ги поставаат Селевкидите во јасен контекст на бабилонските традиции. Истиот овој Антиох го гледаме и како влегува во Теос, држи беседа пред градското собрание и го прогласува градот за свет и неповредлив. Малку поинаков пример во истиот контекст е споменикот во чест на надсатрапскиот управител Клеомен – на само стотина метри од славниот бехистунски натпис на Дареј I – на кој јасно се забележува мешањето на македонски, хеленски и ирански елементи. Овие неколку примери јасно го покажуваат политичкото и идеолошкото многуобличје на селевкидските владетели, кое зависело од местото и од локалните традиции.

И Лагидите имале сличен пристап кон вклучувањето на новата владетелска династија во локалните традиции. Разликата била во тоа што, за разлика од разнородната држава на Селевкидите, јадро на лагидската држава бил Египет – јасно разграничена територија со древни политички и религиски традиции. Не само што лагидските владетели се прикажувале во традиционален фараонски ликовен стил, туку и го продолжиле традиционалното крунисување за фараон од страна на свештеникот на Птах во Мемфис. Добар пример за обидот за контрола, вклучување и поистоветување со месните елементи е тоа што свештениците на

династичкиот култ не биле одделени како посебна група надвор од постојниот свештенички систем, туку им биле придодадени на постоечките четири свештенички фили како петта фила. Често се нагласувал континуитетот со династичкиот период, па во тој контекст треба да се толкува и апокрифната легенда од „Романот за Александар" – дека вистинскиот татко на Александар III бил Нектанебо II, последниот владетел од XXX династија. Легендата не била дел од официјалната кралска пропаганда, но сепак произлегла од политиката на Лагидите за вклучување во египетските традиции и истакнување на идеолошкиот континуитет меѓу нив и минатите династии. Пример за ваквиот пристап е и натписот во чест на победата на Птолемај IV кај Рафија, каде се истакнува дека кралот ги совладал противниците во битка „исто како што Хорус, синот на Изида, се пресмета со неговите непријатели". Дури и во Александрија, која била новооснован град и немала непосредни врски со фараонското минато, биле поставени статуи на Лагидите во фараонски стил.

Сепак, на примериве не треба да им се дава апсолутно и исклучиво значење. На цилиндарот од Борсипа има и еден необичен детал: истакнувањето на потеклото на „Селевк Македонецот". Слично, на рељефот во чест на победата кај Рафија, сцената е прикажана во традиционален стил, но Птолемај IV е претставен во типично македонски стил: на коњ во јуриш, со оклоп и долго копје. Овие примери, а особено споменикот во чест на Клеомен, едновремено покажуваат и присвојување, и континуитет, но и прекин во историските традиции. Независно од пропагандата и идеолошкото поврзување со минатото, хеленистичките династии не го заборавале своето потекло; како што често се истакнува, Клеопатра VII била прва од династијата што речиси три века владеела со Египет, која го научила египетскиот јазик.

Едно од најспорните прашања во современата наука е степенот до кој локалните чинители учествувале во државната управа. Ова прашање се усложнува заради двојните имиња на дел од локалната елита која, со цел да добие пристап до државната управа, покрај домашното име земала и имиња соодветни за новата владетелска и 'народносна' класа; пример за ова се управителите на Урук по име Ану-убалит/Кефалон и Ану-убалит/Никарх, лагидскиот диојкет Диоскурид, чија мајка била Египјанка, како и Архибиј, кој всушност бил *senti* по име Хархебис, овековечен на една статуа со хиероглифски натпис во Мендес. Јасно е дека соработката и учеството на домашните елити во локалната администрација било неопходно, за што сведочи и понатамошното користење на арамејскиот и египетскиот јазик во локалната администрација. Од друга страна, според зачуваните извори, локалната елита е ретко застапена меѓу кралските пријатели и воените заповедници. Со други зборови, и покрај уло-

гата и учеството во локалната администрација, домашните елити тешко добивале пристап до највисоките управни служби. Иако биле подготвени да им угодат на локалните чинители и да се прикажат како законски наследници, и кај Лагидите, и кај Селевкидите, најважните служби во државата останале во рацете на новодојдената народносна класа.

Ваквата политика дала добри резултати. Како што минувало времето, од селевкидската држава се отцепиле повеќе области, но јадрото на државата и најголемиот дел од источните сатрапии останале цврсто во рацете на династијата сè до средината на II век ст.е.; Бабилонија и истокот биле конечно загубени дури со поразот и смртта на Антиох VII во 129 ст.е. Дури и во оваа доцнежна фаза, Селевкидите сè уште ја имале локалната подршка во Бабилонија во текот на војните против Партите. Нештата се посложени кај Лагидите, но и тука е јасно дека токму внатрешните борби во кралското семејство биле еден од главните причинители на неприлики. Вистина е дека Египјаните дигнале неколку бунтови против Лагидите, но тешко е да се оцени нивната природа и мотивите. Се добива впечаток дека поскоро станувало збор за востанија поради тешката економска состојба, кои потоа добиле одлики на народни востанија, зашто токму Египјаните биле на дното на општественото скалило. Особено е интересно што свештенството и голем дел од локалната египетска елита ѝ останале верни на династијата.

Иако сè уште се расправа за поединостите и опипливите ефекти од политиката кон локалните елити, се чини дека односот на Лагидите и Селевкидите кон домашното население бил сразмерно успешен. Кризата и распадот на кралствата уследиле поради внатрешни династички борби и надворешни закани – во прв ред на Римјаните од запад, и на Партите од исток – а не на внатрешна нестабилност и отпор.

## Литература:

Austin, M. M. (1986). „Hellenistic Kings, War, and the Economy". *The Classical Quarterly* 36.6, 450-466.

Capdetrey, L. (2007). *Le pouvoir séleucide. Territoire, administration, finances d'un royaume hellénistique*. Rennes: Presses Universitaires de Rennes.

Erskine, A. (ed.). (2003). *A Companion to the Hellenistic World*. Oxford: Blackwell.

Hölbl, G. (2001). *A History of the Ptolemaic Empire*. London & New York: Routledge.

Fischer-Bovet, C. (2014). *Army and Society in Ptolemaic Egypt.* Cambridge: Cambridge University Press.

Sherwin-White, S. & Kuhrt, A. (1993). *From Samarkhand to Sardis. A New Approach to the Seleucid Empire.* Berkeley & Los Angeles: University of California Press.

Walbank, F. W. (1984). „Monarchies and monarchic ideas“. In Walbank, F. W. et al. (eds.). *The Cambridge Ancient History*², VII.1: *The Hellenistic World.* Cambridge: Cambridge University Press, 62-100.

# 10

# РИМСКАТА РЕПУБЛИКА

Развојот на римската република. – *Наследството од кралството. – Патрискиско-плебејската република. – Републиката на нобилитетот.* – Институциите во III и II век ст.е. – *Римските собранија (комитии).* – Римските државни службеници. – *Основни обележја. – Imperium и potestas. – Државни службеници (магистрати). – Свештенички колегиуми.* – Senatus populusque Romanus. – Распадот на републиканскиот систем. – *Првите пукнатини во системот. – Тибериј Грах. – Гај Грах и senatusconsultum ultimum. – Гај Мариј и крајот на тимократскиот систем. – Сојузничката војна. – Републиката на Сула. – Преминот кон монархија.*

## РАЗВОЈОТ НА РИМСКАТА РЕПУБЛИКА

Долго време научниците ја делеа историјата на римската Република на *рана*, *средна* и *доцна Република*. Ваквата поделба има предности, особено кога се обидуваме да дадеме подредена слика на одредени историски процеси; но, во исто време, таа може да даде погрешна слика за проблемите и предизвиците со кои се соочувале Римјаните во текот на републиканскиот период. Често се пишува за Републиката како за единствен политички организам, кој со време ја надживеал својата функција и му го препуштил местото на друг систем, посоодветен за управување со една огромна империја, каков што бил Рим во последниот век од старата ера. Но, проблемот не е во тоа дали институциите на Републиката веќе не биле соодветни за да се управува со државата, туку – дали воопшто можеме да зборуваме за една, единствена, заокружена и дообликувана република. Малиот град-држава, кој во V век ст.е. се борел за да опстане, бил сосем различен од градот што во III век ст.е. се борел за превласт во Италија, а тој пак бил сосем различен од престолнината на една држава расположена на три континенти, каков што бил Рим во I век ст.е. Секако, треба да се имаат предвид елементите на континуитет и сличност во различни периоди; но, истовремено мора да се води сметка и за значителните разлики.

Во поново време се преиспитува издржаноста на едноставната поделба на рана, средна и доцна Република, дотаму што се поставува и прашањето – дали воопшто може да се зборува за една Римска република.

Независно од научнава расправа која сè уште трае, а со цел подетално да го прикажеме развојниот пат на римското републиканско уредување, во продолжение ќе зборуваме за (1) *патрикиско-плебејската република*; (2) *републиката на нобилитетот*; (3) *републиката на Сула*, и (4) *преминот кон монархија*. Оваа поделба главно ја следи вообичаената периодизација на републиката, но сепак има и одредени разлики: почетокот е датиран во првата половина на V век ст.е., а пак крајот на републиката на нобилитетот – во периодот меѓу 88 и 81 година ст.е.

• *Наследството од кралството*. – Според традицијата, Римското кралство било основано во 753 ст.е., а траело сè до 510 ст.е., кога бил изгонет последниот римски крал, Тарквиниј Горделивиот; со тоа била втемелена и Републиката. Изворите за овие настани се премногу доцнежни и полни со легендарни прикази и типизирани ликови, па не можеме да утврдиме како функционирал Рим во кралскиот период. Но, за подоцнежниот развој на државата е важно тоа што корените на некои суштински елементи во уредувањето се забележуваат уште во кралскиот период.

Според сè, кралската власт во Рим не била наследна. Со исклучок на последниот крал, Тарквиниј Горделивиот, нема друг пример каде синот ја наследил кралската власт од таткото; дури ни Тарквиниј не дошол на власт веднаш по татко му, туку меѓу нив наводно имало уште еден крал, Сервиј Тулиј. За нас се важни два елементи од постапката на наследување на престолот: *именувањето на interrex*, „меѓу-крал“, и *правото на ауспикии*, или гатање според летот на птиците. Овие два елементи сведочат дека доминантна положба во кралството имале т.н. „Татковци“ (*patres*), кои ќе го задржат истото влијание и подоцна, најмалку до средината на IV век ст.е. По смртта на кралот, секои пет дена се бирал нов *interrex* од редот на Татковците; овој период на *interregnum* („меѓувластие“) траел една година, по што се избирал нов крал. Кај Татковците се враќало и правото на ауспикии, кое повторно му го предавале на новиот крал.

Татковците не биле единствените што го бирале новиот крал. Од кралско време е посведочен и еден вид римско собрание – *куријатската комитија*, каде на кралот со закон му се давал *imperium*, право да заповеда со војска. Не знаеме дали во собранието имало вистински избори, или пак само се потврдувал кандидатот што го избрале Татковците; како и да е, одлуката на собранието повторно се потврдувала кај Татковците. Во процесот на избирање нов крал ги забележуваме *двата најважни елементи во римската држава*: *Татковците*, од кои подоцна ќе се роди Сенатот, и *римскиот народ*; според историографот Тит Ливиј, кралската власт се темелела врз „одобрението на Татковците и заповедта на народот“.

Не знаеме дали во архајскиот Рим навистина постоел – и дали воопшто можел да се спроведе – ваков сложен политички механизам; целиот процес можеби ни открива повеќе за раната Република, одошто за кралството. Но, дури и ако ги тргнеме настрана сите легендарни елементи во приказните за римските кралеви, остануваат извесни неколку елементи од подоцнежниот републикански систем: именувањето на *interrex*, правото на ауспикии, концептот за *imperium* и гласањето по блокови.

• *Патрикиско-плебејската република.* – Според римската традиција, кралот Тарквиниј бил симнат од престолот во 510 ст.е.; веднаш потоа бил воведен нов, републикански систем, во кој државата ја воделе двајца конзули. Традиционалниот приказ на нештата – кој „случајно“ се совпаѓа со годината на падот на атинската тиранија – е сомнителен и поради многу други нешта. Списоците на конзули од почетокот на Републиката се зачувани само како преписи од подоцнежно време, а некои имиња во нив веројатно се допишани од политички побуди; освен тоа, изгледа дека во прво време државата ја водел само еден државен службеник со титула *praetor maximus* („врховен претор“), што значи дека сè уште не била применета *колегијалноста во државните служби*, еден од клучните политички концепти во Републиката. Поради нејасните и противречни прикази на внатрешните борби, некои научници ги нарекуваат првите децении по падот на кралството – „проторепубликански“ период. Невозможно е да се одреди кога точно бил заснован вистинскиот републикански систем, но веќе во средината на V век ст.е., откако биле изгласани неколку клучни закони, веќе може да се зборува за Република.

Главна одлика на политичката сцена од средината на V до крајот на IV век ст.е. е *борбата меѓу патрициите и плебејците*. Сè уште не знаеме како римското општество се поделило на овие два слоја. Патрикиите биле затворен, наследен слој, кој имал исклучиво право врз политичките и верските служби во раната република; освен врз економската моќ, нивниот монопол во политиката се темелел и врз исклучивото право да се советуваат со боговите за прашања од државен интерес. Плебејците одговориле со основање на напоредни тела, меѓу кои особено се издвојувал *плебејскиот собор*; неговите одлуки, наречени *плебисцити*, биле обврзувачки само за плебсот и за плебејските државни службеници. Сепак, и плебејците не биле обединети во обидот да се прекине патрикискиот монопол врз власта. Најимотните плебејци сакале да се вклучат во политиката и во управувањето со државата, но барањата и интересите на мнозинството биле ограничени само на економските и приватните прашања; тоа што патрикиите толку долго издржувале пред плебејските притисоци се должи и на разединетоста во барањата и целите на самите плебејци.

Од средината на петтиот до средината на четвртиот век ст.е., наместо конзули почесто се избирале воени трибуни со конзулски овластувања, служба што била отворена и за плебејците; но, и покрај тоа, монополот на патрикиите опстојувал.

Патрикиите почнале да отстапуваат пред барањата на плебејците дури од средината на IV век ст.е. Не ги знаеме точните причини за ова попуштање, но неспорно е дека голем удел имале сè поголемата економска моќ на плебејците, зголемената улога на народот во војската, како и намалениот број на патрикии поради затвореноста на слојот и воените жртви. Во 367 ст.е. биле изгласани закони со кои престанало назначувањето на конзулски трибуни, а еден од двајцата конзули морал да биде плебеец. Во 356 ст.е. бил избран првиот плебејски диктатор, а неколку години подоцна и првиот плебејски кенсор. Плебејците ја извојувале клучната победа во 300 ст.е., кога добиле пристап до двата најважни римски свештенички редови. Процесот завршил во 287 ст.е., кога одлуките на плебејскиот собор добиле сила на закон и станале обврзувачки за сите граѓани, а можеле да се донесат и без одобрување од Сенатот.

• *Република на нобилитетот.* – По завршувањето на политичката борба меѓу патрикиите и плебејците, почнал да се обликува нов владеачки слој, наречен *нобилитет,* или „благородништво“. Во последните десетлетија на Републиката, во редот на нобилите влегувале само Римјаните чијшто еден предок, независно пред колку време, бил конзул; но, изгледа дека во постаро време поимот имал пошироко значење, и дека ги опфаќал сите граѓани чии претци биле носители на каква било курулска служба. За разлика од стариот слој на патрикиите, нобилите не биле затворена и наследна групација: семејното наследство и роднинските врски сè уште значеле многу, но веќе не биле основен услов за да се учествува во управувањето со државата.

Главна особеност на новиот владеачки слој била *меритократијата,* или „власта по заслуга“. Дури и поединци без славни претци можеле да се надеваат на успешна политичка кариера заснована врз нивните лични способности. Зацврстувањето на новиот владеачки слој се должел и на сè поголемите и позачестени воени успеси: ова е време во кое завршуваат Самнитските војни, време кога е одбиен епирскиот владетел Пир, време на победи во две големи војни против Картагина, конечно освојување на Овострана Галија, како и ширење на Републиката во Хиспанија и на истокот. Поради сево ова, нобилитетот од ова време често се толкува како крајно воено расположена група, во која воените способности биле ценети над сè друго.

Овој период од Републиката се толкува и како време на најголема стабилност и функционалност на институциите, поради што често се нарекува и „време на класичната Република“. Ова можеби се темели врз фактот што безмалку сите автори кои пишувале за Републиката живееле дури во I век ст.е. или подоцна, а нивна заедничка одлика е – величење на минатото. Сликата за класичната Република е несомнено идеализирана: и во третиот, а особено во првата половина на вториот век имало длабоки недоразбирања и политички судири меѓу разни составни делови на државата. Сепак, сите внатрешни судири се решавале со договор и без примена на сила, па можеби тоа е доволно за да се оправда стојалиштето дека времето од ~300 ст.е. до 133 ст.е. навистина било златно време на Републиката. Веројатно најважен развој во ова време е сѐ поголемата моќ на Сенатот, процес што зел особен замав на преминот од III кон II век ст.е.

Почетокот на крајот на „републиката на нобилитетот“ се врзува со трибунските служби на Тибериј и Гај Грах. Следувале долги години на немир, нестабилност и разгорување на внатрешни судири, кои го достигнале својот врв со Сојузничката војна и диктатурата на Сула. Но, пред да минеме на неприликите што го предизвикале падот на Републиката, ќе ги прикажеме најважните државни органи и служби во III и II век ст.е. и ќе разгледаме кои биле формалните, а кои неформалните извори на моќ во Републиката.

## ИНСТИТУЦИИТЕ ВО III И II ВЕК СТ.Е.

Во својот приказ на римскиот политички систем во средината на II век ст.е., историографот Полибиј определува три главни чинители во државата: *римските државни службеници*, *римските собранија* и *Сенатот*. Приказот на Полибиј и неговата теорија за „мешано“ државно уредување имале огромно влијание низ историјата. Научниците денес се согласуваат дека анализата на Полибиј е схематизирана и поедноставена; иако голем дел од она што го пишува е точно, се чини дека историографот сепак не успеал целосно да си го претстави начинот на кој Републиката функционирала во пракса. Сепак, и покрај нејзините недостатоци, анализата на Полибиј може да послужи како добра појдовна точка за приказ на римските институции и механизми на владеење.

• *Римските собранија* (*комитии*). – Единствен извор на законскиот поредок во римската држава бил римскиот народ. Изгласувањето закони, изборот на државни службеници, објавувањето војни и склучувањето мировни договори, а долго време и судската власт, биле во рацете на народот. Уште во петтиот век ст.е. во Рим се обликувале три вида на

*народни собранија – куријатска, кентуријатска* и *трибутска комитија,* како и еден *плебејски собор*. Заедничка особеност на сите е гласањето „по блокови“, за што нема соодветен пример во ниту една друга античка држава. Токму ова гласање по блокови им дозволило на Римјаните да вклучат надворешни елементи во државата, а да не го нарушат политичкиот систем. За разлика од Атина, која не можела да запише неколку илјади нови граѓани без да го наруши постојниот систем, ова не било никаков проблем за Рим, зашто новите граѓани можеле да се распоредат во неколку, или дури само во еден гласачки блок. Оваа способност за примање нови граѓани ќе се покаже како мошне важна во времето на борбите во Италија во IV и III век ст.е.; дури и македонскиот крал Филип V го спомнува токму Рим како пример за држава која, поради способноста да прима нови граѓани, постојано го засилува граѓанското тело, а со тоа и сопствената воена моќ.

*Куријатската комитија* била најстарото собрание, кое постоело уште во времето на кралството. Тука целиот народ бил поделен на вкупно триесет курии, кои биле составен дел на трите стари римски *триби*, или племиња. Во времето на републиката, куријатската комитија го загубила значењето, па се свикувала само за формално давање империум на новите високи државни службеници, потврдување на изборот на понисските државни службеници и прифаќање на тестаменти. Значењето и улогата на ова собрание дотаму се намалило, што најпосле наместо целиот народ работеле само триесет претставници кои ги застапувале куриите.

Според римската традиција, и *кентуријатската комитија* се обликувала уште во кралско време, но не знаеме ништо за начинот на кој работела тогаш. Според сè, првичната поделба на граѓанското тело била едноставна – на *classis*, граѓани што влегувале „во класата“ и служеле војска, и *infra classem*, граѓани „под класата“, кои не биле дел од војската. Подоцна оваа едноставна поделба била заменета со сложен систем на класи и кентурии. Согласно имотот на граѓаните, граѓанското тело било поделено на пет класи, кои пак биле составени од 193 кентурии, основни тактички единици во најраната римска војска. Според тоа, кентуријатската комитија претставувала воено собрание на римскиот народ, распоредено според имотниот попис.

Иако во прво време била најважна од сите римски собранија, дел од овластувањата на кентуријатската комитија, особено од областа на законодавството, постепено биле префрлени кај другите собранија. Сепак, кентуријатската комитија го задржала првенството сè до крајот на Републиката, зашто таму се избирале конзулите, преторите и кенсорите и се гласало за објавување војна и склучување мир.

*Плебејскиот собор* (*concilium plebis*) не бил сметан за комитија зашто не го застапувал целиот римски народ, туку само плебејците. Создавањето на плебејскиот собор се датира во првата половина на V век ст.е., токму во жарот на борбата меѓу патрикиите и плебејците. Во прво време, одлуките на плебејскиот собор, наречени *плебисцити*, биле обврзувачки само за плебејците, но подоцна добиле сила на закон дури и без потврда од Сенатот; од тогаш, плебејскиот собор е едно од двете најактивни собранија во донесувањето закони. Таму се избирале и плебејските трибуни и едили, а во случаи кога овие службеници се јавувале како обвинители, соборот имал и судски овластувања.

Учеството и гласањето во плебејскиот собор било устроено врз основа на трибутскиот систем. Кон крајот на кралството, или пак во мугрите на републиката, територијата на римската држава била поделена на *нови, територијални триби*, кои не треба да се мешаат со првичните три „триби“ – племињата Титии, Рамни и Лукери. Во 495 ст.е. веќе постоеле 4 градски и 17 селски триби, а до 241 ст.е. вкупниот број на триби стасал до 35 (4 градски и 31 селска), по што се прекинало со основање нови триби. Секој римски граѓанин се впишувал во една триба зависно од местото на живеење; поради тоа, трибите служеле не само како гласачки единици, туку и како основна рамка за собирање војска, спроведување попис и оданочување. Трибите постепено ги загубиле територијалните одлики и почнале да вклучуваат граѓани од разни делови од Италија, а подоцна и од провинциите.

*Трибутската комитија* (*comitia tributa*) била обликувана по углед на плебејскиот собор, зашто се покажало дека гласањето по триби е многу поефикасно и поедноставно одошто гласањето по кентурии. Главната разлика со плебејскиот собор било тоа што на трибутската комитија бил застапен целиот римски народ, а со неа претседавал конзул или претор. На трибутската комитија се избирале курулските едили, квесторите и воените трибуни, но служела и како редовно собрание во кое се гласале предлози на закони.

## РИМСКИТЕ ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

• *Основни обележја.* – Римските државни службеници (или *магистрати*) имале различни функции и овластувања, се бирале на различни собранија и стапувале на власт во различно време – па сепак, постоеле одредени одлики што им биле заеднички на сите. Магистратите располагале со огромна моќ – особено конзулите, чија *potestas* по многу нешта наликувала на кралската. Со цел да се спречи тиранија или доминација

на еден поединец од владеачкиот слој, сите државни служби имале строго ограничено времетраење од само една година. Исклучок бил диктаторот, со мандат од шест месеци, и кенсорите, чија служба траела осумнаесет месеци.

Сите државни служби освен диктаторската биле *колегијални,* што значи дека се бирале најмалку двајца магистрати со исти овластувања. Колегијалноста била еден од столбовите на Републиката, зашто спречувала концентрација на големи овластувања во рацете на само еден магистрат. Сепак, колегијалноста подразбирала и одредено територијално разграничување или, ако тоа било невозможно, времено првенство на еден од магистратите. Конзулите минувале голем дел од годината во своите провинции, далеку еден од друг, а кога и двајцата се наоѓале во Рим, водењето на државата еден месец му припаѓало на едниот, а следниот месец на другиот конзул. Слично било и со другите магистрати: иако имало обврски што морале да ги спроведуваат заеднички (на пример, во случајот на кенсорите – пописот на римските граѓани), во општи рамки, секој магистрат работел самостојно. Не треба да се занемарат и разликите во угледот и личните способности меѓу магистратите, поради кои многупати се случувало едниот од нив да го води главниот збор.

Сама за себе, колегијалноста не значела дека меѓу магистратите ќе владее рамнотежа. Нејзината вистинска важност лежела во *правото на интерцесија,* односно *ставањето вето* на предлогот или одлуката на некој друг магистрат. Одлуките на магистратот биле подложни на интерцесија од повисок магистрат, но и на негов колега со ист ранг; исклучок од ова биле диктаторот (кој бил привремен највисок орган, па немал колега со еднаков ранг и овластувања) и плебејските трибуни, чии одлуки биле подложни на интерцесија единствено од нивните колеги-трибуни. Мошне ретко се случувало меѓусебно вето кај повисоките државни службеници, особено кај конзулите, а најголемиот број примери се однесуваат на интерцесија меѓу трибуните и, во помала мера, меѓу кенсорите. Сепак, самото постоење на правото на вето меѓу рамноправни магистрати било важна заштитна мерка против злоупотреба на овластувањата. Временската ограниченост на службата и правото на интерцесија се основни обележја на републиканскиот систем; сè додека тие се применувале, може да се зборува за Република.

Основен предуслов за кандидирање за некоја од водечките функции била имотната состојба. Право на државни служби имале само оние што влегувале во првата класа според имотниот попис. Магистратурите биле *honores,* „почести“, и за нивното извршување не се исплаќал никаков паричен надоместок; напротив, вршењето државна служба често му

создавало значителни трошоци на магистратот, а бидејќи речиси и да немало државна администрација, тој морал да ги задолжи сопствените помошници и робови да му помагаат во извршувањето на разните обврски.

• *Imperium и potestas.* – Поимот *potestas* ги означува цивилните овластувања на соодветната државна служба, што им овозможувале на државните службеници да ги исполнуваат своите должности. Секоја магистратура имала соодветна *potestas* – конзулска, преторска, диктаторска, трибунска и т.н. Во стручната литература често се среќава поделба на „државни служби *со imperium*" и „државни служби со *potestas*"; но, од од гледна точка на цивилните овластувања и работата во самиот Рим, ваквата поделба е непотребна, зашто во Рим сите државни службеници работеле врз основа и во согласност со својата *potestas*. Затоа и Кикерон запишал дека магистерската *potestas* е основа на државната власт и на авторитетот на државните службеници.

Доказ за ова е правото на принуда (*coercitio*), едно од најважните овластувања на дел од римските магистрати. Накусо, *coercitio* е општ поим за низа мерки – погубување, камшикување, притвор, заплена на имот, парична казна и т.н. – што му стоеле на располагање на магистратот за да ги принуди граѓаните да ги почитуваат и спроведуваат неговите одлуки. Иако подоцна произволното погубување и камшикување биле забранети со закон, *coercitio* останало едно од најважните овластувања на магистратите. За нас е важно дека вакво право имале и плебејските трибуни и едилите, кои немале *imperium*, што значи дека *ова исклучително овластување произлегувало од potestas*, а не од *imperium*.

*Imperium*, пак, било законски доделено право за заповедање со војска, но исклучиво надвор од светата граница (*pomerium*) на Рим; истиот миг кога државниот службеник ја минувал границата и влегувал во Рим, тој го предавал својот империум. Империумот не секогаш бил врзан со магистратурата. Во одредени вонредни околности, дури и приватно лице можело да добие империум (Скипион Африкански во Хиспанија во 210 ст.е.); понизок државен службеник можел да добие привремено главно заповедништво над војската (во провинциите, по потреба, квесторите добивале пропреторски овластувања за да можат да водат војска); оние, пак, што чекале да им се дозволи триумф надвор од Рим сè уште располагале со империум, дури и по истекот на нивниот мандат. Конзулите и преторите ја добивале својата *potestas* по изборот во кентуријатската комитија, но со тоа не добивале и право да заповедаат со војска: тоа право им се доделувало дополнително, со закон за империум изгласан во куријатската комитија. Оваа постапка целосно се согласува со строгата поделба на воената и цивилната власт, карактеристична за Римската република.

• *Државни службеници* (*магистрати*). – Секоја година во Рим се избирале повеќе од деведесет службеници со различни овластувања и задачи; меѓу нив, најважни биле *консулите*. Иако во прво време конзулатот бил исклучиво патрикиска магистратура, по 367 ст.е. службата им станала достапна и на плебејците. Консулите биле епонимни и највисоки магистрати во Републиката, кои се избирале на кентуријатска комитија, поседувале империум и имале право на ауспикии. Имале овластувања над сите други магистрати, со исклучок на диктаторот; затоа пред нив оделе дванаесет ликтори со т.н. фаски. Консулите имале право да ги свикуваат и да претседаваат со собранијата и Сенатот, а во годините кога немало кенсори, склучувале и државни договори. Сепак, најважни биле нивните воени овластувања, а подоцна и управувањето со провинциите.

*Преторската* служба била основана во 367 ст.е. Најпрвин и таа била отворена само за патрикиите, но веќе во 337 ст.е., и покрај отпорот од патрикискиот консул, им станала достапна и на плебејците. Од ~244 ст.е. почнале да се избираат двајца претори, а покрај *praetor urbanus*, бил востановен и *praetor peregrinus*. Околу 228 ст.е. бројот на претори веќе се зголемил на четири, а ~198 ст.е. на шест, број што ќе се задржи до времето на диктаторот Корнелиј Сула. Преторот практично ги имал истите овластувања со консулите; се избирал на кентуријатска комитија на ист ден со консулите и според истите ауспикии. Со своите овластувања ги надминувал сите други магистрати освен консулите, во чија работа не можел да се меша. Бидејќи поседувал империум и право на ауспикии, преторот можел да ги извршува сите должности на консулот освен да назначува диктатор, да претседава со комитија на која се избирале магистрати со империум и да претседава со Латинскиот фестивал (*feriae Latinae*). Како и кај консулите, и кај преторите првично била најважна воената улога, во која најчесто и се среќавале. Но, со текот на времето, главна особеност на римските претори станало учеството во граѓанската правна постапка и улогата во развојот на римското право.

Во историјата на Републиката често се среќава и *диктаторот* – вонреден магистрат чии овластувања биле повисоки дури и од оние на консулите. Во прво време, Римјаните именувале диктатор кога требало да се справат со некаква воена криза – што се гледа и од неговото старо име, „заповедник на пешадијата" – а подоцна и во случаи на внатрешни кризи или за спроведување изборно собрание. Иако има и примери кога бил избран од народот, диктаторот по правило бил именуван од консулот или „меѓукралот" по претходно советување со Сенатот. Другите институции и државни службеници продолжувале со работа, но сите му биле подредени на диктаторот, чие предимство се гледало и во тоа што пред него оделе дури 24 ликтори. Веднаш по именувањето, диктаторот избирал

„заповедник на коњаницата"; тој требало да му биде помошник, но често работел самостојно, па се забележани и примери на судир меѓу диктаторот и заповедникот на коњаницата. Диктатурата била ограничена на шест месеци, но диктаторот најчесто се повлекувал веднаш штом ќе ја исполнел задачата. Не ја знаеме состојбата во најстаро време, но подоцна, барем во теорија, диктаторот подлежел на вето од трибуните, а по истекот на службата можел да биде гонет за своите постапки. Диктатурата како вонредна мерка згаснала кон крајот на III век ст.е., а била обновена во времето на Сула и Кајсар, но тогаш веќе претставувала нешто многу поразлично.

Републиканските *квестори* најпрвин се бирале од консулите и им служеле како помошници, а од 447 ст.е. почнале да се бираат во трибутската комитија. Бројот на квестори постојано се зголемувал, за во времето на Корнелиј Сула нивниот број да достигне дваесет. Обврските на квесторите главно биле врзани за финансиските интереси на државата. Двајцата квестори во Рим биле задолжени за управување со републиканската ризница и за сè што имало врска со државните финансии. Во провинциите, пак, квесторите имале и одредени судски и воени овластувања, па ако нивниот надреден поради некоја причина не можел да заповеда со војската, квесторите го преземале заповедништвото на негово место.

Според традицијата, *кенсорите* биле воведени во 443 ст.е. Службата останала во рацете на патрикиите сè до 339 ст.е., кога било пропишано дека еден од кенсорите мора да биде плебеец, а за првата двојка од плебејски кенсори се чекало сè до 131 ст.е. Кенсорите се избирале на кентуријатска комитија. Тие немале империум и право на ликтори, ниту пак право да ги свикуваат Сенатот и собранијата; затоа пак имале највисоки ауспикии и право на курулски стол и порфирна тога, а не подложеле ниту на консулско, ниту на преторско вето. Со време, поради големите овластувања, оваа државна служба добила највисок углед и се сметала за врв во политичката кариера; по 209 ст.е., со еден исклучок, сите кенсори биле и поранешни консули. Во последните два века од Републиката кенсорите се избирале на пет години, а службата им траела 18 месеци. Нивна главна обврска било спроведувањето на *census*, попис на целото граѓанско тело, при што секој граѓанин ја наведувал возраста, местото на живеење, името на таткото или патронот, занимањето и имотната состојба. Според податоците што ги добиле, кенсорите го распоредувале секој граѓанин во соодветна класа според имотниот попис, соодветна кентурија по возраст за кентуријатската комитија и соодветна територијална триба за трибутската комитија. Напоредно со спроведувањето на пописот, кенсорите требало да ги надгледуваат моралот и карактерните вредности на граѓаните и заедницата. Откако ќе завршел пописот и ќе

било разгледано однесувањето на граѓаните, кенсорите вршеле ритуално прочистување – *lustrum*, што се сметало за врв на целиот процес. Кенсорите правеле преглед и на *еквитите* (граѓаните што добивале коњ на државна сметка и служеле во коњаницата), при што проверувале дали граѓанинот сè уште е способен за обрската и дали веќе го одслужил задолженото време.

Основањето на службата на *плебејски трибуни* традиционално се врзува со т.н. „Прва сецесија на плебејците", кога наводно биле избрани трибуни како водачи на плебсот. Бидејќи во оваа историска епизода плебејците се обиделе да се одделат од Рим и да основаат сопствен град-држава, следува дека на почетокот, во техничка смисла, тие воопшто и не биле римски државни службеници. Соодветно, и нивната моќ и овластувањата не произлегувале од некаков државен акт, туку од заедничката заклетва на целиот плебс, со која се гарантирала *sacrosanctitas* на трибуните; поимот *sacrosanctitas*, пак, означува многу повеќе од едноставен имунитет или неповредливост, зашто подразбира и божествена заштита. Основна задача на трибунот била да ги штити личноста и имотот на плебејците, поради што вратите од неговиот дом морале да бидат постојано отворени. Трибуните имале право да го свикуваат плебејскиот собор и да поднесуваат предлози за гласање, како и право на *coercitio*, од што произлегувало и правото судски да гонат дури и за смртна казна. Иако веројатно не влегувало во првичните овластувања, со текот на времето најважно станало правото на трибунско вето, од кое не бил заштитен ниту еден магистрат, освен диктаторот и можеби „меѓукралот". Трибунското вето не било ограничено само на одлуките на државните службеници: трибуните можеле да ги блокираат изборите, сенатските одлуки и носењето закони, а со тоа и целосно да ја парализираат државата. Голем успех за трибуните било изгласувањето на законот на Хортенсиј, со кој плебисцитите (одлуките на плебејскиот собор) добиле сила на закон и станале обврзувачки за целиот римски народ; од ова време, трибуните стануваат едни од најактивните предлагачи на закони во Републиката.

Според традицијата, и *плебејските едили* се јавуваат по „Првата сецесија на плебејците" како помошници на плебејските трибуни. Од друга страна, службата на *курулските едили* почнува во 367 ст.е., во исто време со преторот; се чини дека најпрвин им била достапна само на патрикиите, а подоцна – една година се бирале од патрикиите, а една од плебејците. Иако немале империум, ниту пак нивната служба била неопходен дел од *cursus honorum* (пропишаниот пат за напредување во државните служби), едилската служба овозможувала влез во Сенатот, а по углед едилите биле некаде меѓу преторите и квесторите. Двете најважни должности на едилите биле *cura urbis* и *cura ludorum*. *Cura urbis*, „грижата за градот",

го опфаќала управувањето со речиси сите аспекти на градскиот живот: одржувањето на патиштата, работата на храмовите, снабдувањето со вода, одржувањето на јавниот ред, заштитата од пожари, работата на пазарите, дури и цените на нив. Едно од најважните задолженија што произлегувало од грижата за градот била *cura annonae* – снабдувањето, одржувањето и распределбата на житните резерви во градот. Во *cura ludorum* влегувало организирањето на поголеми државни празници, игри и свечености.

• *Свештенички колегиуми.* – Во Рим не постоела поделба на политички и верски институции; дури и самиот концепт за поделба на власта на духовна и световна претставува анахронизам. За нормалната работа и безбедноста на Републиката било исклучително важно да се зачува *pax deorum*, мирот со боговите; за односите меѓу Римјаните и нивните божества биле задолжени низа свештенички колегиуми со точно определени задачи, а најважни меѓу нив биле колегиумот на понтифици, колегиумот на авгури, на петнаесеттемина свештеници за жртвопринесување (*quindecimviri sacris faciundis*), а во постаро време и колегиумот на фетијали. Особено биле важни авгурите, зашто ја толкувале вољата на Јупитер, богот без чиј благослов не можел да почне никаков потфат. Врховен авторитет во државната религија имал Сенатот, кој одлучувал по сите најважни прашања. Верските и политичките функции не биле засебни и различни, туку две лица на еден ист општествен систем, па затоа свештеничките колегиуми се пополнувале со видни личности од политичкиот живот.

Јавните ауспикии, односно јавното толкување на божјата волја, биле особено важни за функционирањето на државата. Речиси сите повисоки магистрати имале право на ауспикии; ниту еден потфат не можел да започне ако претходно не биле посоветувани боговите. Притоа, поимите *ауспикии* и *аугурии* имале различно значење и суштина. Со ауспикиите не се барало одобрување од боговите за самиот потфат (битка, законски предлог, гласање и сл.), туку само се прашувало дали дадениот миг е погоден и прифатлив; одговорот важел само еден ден, така што веќе следниот ден можело да се прашува за истиот предлог. Со аугуриите, пак, се барала согласност не само за времето, туку и за содржината на предлогот (на пример, именување на нови свештеници или осветување нови храмови), а одговорите немале временско ограничување.

## SENATUS POPULUSQUE ROMANUS

Сето она што го изложивме досега го поткрепува заклучокот на Полибиј – дека римското уредување е мешавина од кралски, олигархиски и демократски елементи, кои меѓусебно се надополнуваат, но и се

контролираат. Сепак, останува отворено прашањето – во колкава мера теоретскиот модел на Полибиј ѝ одговарал на фактичката состојба, а особено – во колкава мера римскиот народ навистина учествувал во управувањето со државата.

Не го знаеме точниот број на учесници во римските собранија, зашто пишаните извори не му посветуваат многу внимание на ова прашање; сепак, археолошките податоци навестуваат дека во нивната работа учествувал само мал дел од вкупното граѓанско тело. Стариот комитиум, каде се собирале трибутската комитија и плебејскиот собор, можел да собере приближно четири илјади луѓе; подоцна местото за одржување се префрлило на Форумот, каде, пак, можеле да се соберат околу десет илјади граѓани. Кон крајот на II век ст.е. местото на одржување на комитиите повторно било сменето, овој пат на Марсовото поле, каде можеле да се соберат околу 25.000 луѓе; извесно е дека бројката на можни учесници пораснала – но не и уделот во однос на вкупниот број граѓани. Пред почетокот на II Пунска војна биле прибележани околу 270.000 римски граѓани; во средината на II век ст.е. се попишани повеќе од 300.000, а кон крајот на векот – речиси 400.000. По завршувањето на Сојузничката војна, околу 89 година ст.е., вкупниот број на римски граѓани во Италија надминувал еден милион луѓе. Од овие бројки произлегува дека на собранијата учествувал само мал дел од вкупното население, а со оглед на долгата постапка, која одземала многу време, јасно е дека учесниците во собранијата главно доаѓале од редот на поимотните граѓани. Учеството на сиромашните гласачи од руралните триби било дополнително обесхрабрено откако било забрането комитиите да се одржуваат во пазарни денови; со тоа, освен во исклучително ретки прилики, ситниот земјопоседник немал никаков поттик да загуби еден ден работа на полето, само за да гласа во Рим.

И текот на целата постапка сведочи за крајно ограничената улога на граѓаните во донесувањето на одлуките. Собранијата ги свикувал магистрат кој во целост управувал со седницата и можел во секој миг да го распушти собранието, без оглед дали имало гласање или не. Уште поважно, тој го одредувал предлогот за гласање и го давал нацртот на текстот на одлуката, а гласачите немале ниту право, ниту можност да го изменат, туку само гласале дали да се прифати или да се отфрли дадениот предлог. Немањето расправа можеби се надоместувало со неформалните собири – *contiones*, што се одржувале пред комитијата. Но, и тука важела истата постапка како и на комитиите, а магистратот решавал кој ќе земе збор, па се добива впечаток дека собирите се свикувале како последен обид да се постигне договор или да се притиснат магистратите што не се согласувале со предлогот – а не за вистинска расправа меѓу народот.

Друго прашање е колку комитиите можеле да гласаат по сопствен избор. Има мислења дека комитиите биле вистински демократски елемент кој влијаел во донесувањето на одлуките; други, пак, сметаат дека тие едноставно ги следеле советите и препораките на Сенатот и на магистратите. При изгласувањето закони, најважни биле претходните договори и преговори во самиот владеачки слој, па уште пред гласањето се преземале мерки гласањето да мине без изненадувања. Мошне ретко се случувало некој предлог да се отфрли, а дури и во тие случаи, изненаденоста на Сенатот и на магистратите јасно покажуваат дека станувало збор за ретко видени исклучоци. Поголема слобода имало при изборот на магистрати; но, и тука народот бил ставен пред избор од неколку припадници на владеачкиот слој. Во Рим немало политички програми, идеологии и партии во современа смисла на зборот: предизборните кампањи се сведувале на истакнување на семејното потекло, добрите особини и личните дарби, како и на оцрнување на противкандидатите. Во таа смисла, наместо да се гласа за начинот и правецот што државата ќе го следи во текот на идната година, изборот се сведувал на гласање за популарност. Не треба да се занемарат и моќта и влијанието на претседавачките магистрати и на кандидатите, кои освен формалните механизми со кои располагале, можеле да влијаат на гласањето и на неформален начин. Впечатлив е примерот на Фабиј Максим, кој претседавал со изборите за 214 ст.е. како конзул: откако една кентурија гласала за кандидат што не бил по негова волја, Фабиј Максим го прекинал гласањето, одржал говор против кандидатот, се номинирал себеси и побарал кентуријата да го преиспита својот избор. На повторното гласање едногласно бил избран за еден од конзулите. Настанов паѓа во времето на II Пунска војна, кога се правеле бројни преседани и прекршувања на постапките поради воената криза, па неговото значење можеби не треба да се преувеличува; сепак, тој сведочи за огромната моќ и влијание што магистратот можел да ги искористи на изборната комитија.

Празнината во управувањето со државата, која се појавила заради пасивноста и потчинетоста на собранијата пред државните службеници, со текот на времето била пополнета од Сенатот. Не знаеме речиси ништо за почетоците на римскиот Сенат – ниту неговите овластувања, ниту пак составот и структурата. Денес е општо прифатено мислењето дека на почетокот Сенатот го претставувал советот на кралот, а по создавањето на Републиката бил советодавно тело на конзулите. Не знаеме ниту дали членството најпрвин било ограничено на патрикиите, или пак уште од самиот почеток биле вклучени и плебејци. Иако Сенатот теоретски ќе остане само советодавно тело сè до крајот на Републиката, со текот на времето ќе присвои сè повеќе овластувања, со што ќе стане најважен државен

орган. Иако не можеме детално да го проследиме процесот на издигнување на Сенатот, сепак можеме да издвоиме два клучни чинители – уредувањето на сенатскиот состав и сѐ поголемата сложеност во управувањето со државата.

Според сѐ, Сенатот долго време воопшто немал постојано членство. Според еден податок на Фестус, во првите векови од Републиката конзулите и воените трибуни со конзулски овластувања сами си ги избирале најблиските соработници како советници, па губењето на местото во Сенатот не било сметано за срам. Дури по 339 ст.е. биле точно определени условите според кои кенсорите избираат сенатори; веројатно од ова време дел од поранешните магистрати автоматски се вклучувале во Сенатот, а бројот на сенатори бил утврден на (приближно) триста. Не ги знаеме точните услови, но јасно е дека – со исклучок на исфрлање од Сенатот поради тежок престап, неморално однесување или недостоинствено занимање – сенаторите можеле да очекуваат дека нивното членство ќе биде доживотно. Законското уредување на сенатскиот состав бил првиот чекор во издигнувањето на ова тело во најважен и најмоќен орган на Републиката. Од едно непостојано тело чиј состав зависел од највисоките магистрати, Сенатот постепено почнал да добива идентитет не само како совет на конзулите, туку и како тело составено од највисоки римски државници и поранешни магистрати. Не е случајно што ова осамостојување на Сенатот од магистратите се случува токму во времето кога се обликува новиот владеачки слој на нобилитетот.

Дополнителни чинители во подемот на Сенатот биле римското територијално ширење, кое добило особен замав од почетокот на III век ст.е., и внатрешниот развој на Римската држава. Иако имале огромни овластувања, временската ограниченост на нивната служба значела дека повисоките магистрати можат да понудат само краткотрајни решенија, па во таа смисла не давале стабилност и постојаност во државната политика. Точно е дека, во теорија, власта и последниот збор биле кај народот; но, постојаното свикување собранија било речиси невозможно (и секако непрактично), а како што видовме погоре, на собранијата немало простор за политичка расправа преку која ќе се решаваат сѐ побројните политички предизвици. Единствено постојано тело во кое имало можност за суштинска расправа, а кое можело постојано да се состанува, бил Сенатот. Основа на сенатската моќ во III и II век ст.е било тоа што ги обединувал најмоќните, најбогатите и највлијателните поединци во државата, како и тоа што бил единствено постојано тело составено од искусни државници, па можел да овозможи континуитет во државната политика.

Седниците на Сенатот ги свикувале и воделе магистратите што имале империум, а подоцна и плебејските трибуни. Сенатските расправи

се одвивале по точно утврден хиерархиски редослед. И редоследот на говорниците ја отсликува самостојноста, дури и надмоќта на Сенатот во однос на магистратите: откако ќе ја отворел седницата и ќе ја објаснел причината за свикување, магистратот што претседавал не го прашувал за мислење консулот (ако случајно бил присутен), туку – првенецот на Сенатот, по него поранешните кенсори, па поранешните консули, и натаму по ред. Освен за прашањето за кое била свикана седницата, сенаторите имале слобода да зборуваат на која тема сакаат, па дури и да отвораат нови прашања. Добар пример за ваквата постапка е т.н. „седма Филипика“ на прочуениот говорник и политичар Марк Тулиј Кикерон. По кус увод, Кикерон држи беседа што не е никако поврзана со прашањето на претседавачот, и дури на крајот, во една куса реченица, се осврнува на непосредната тема: „А во врска со темата што ја отвори, се согласувам со Публиј Сервилиј“.

Пропишаните овластувања на Сенатот всушност биле мошне скромни: сенатските одлуки претставувале само совети до магистратите и не ги обврзувале на никакво дејство. Единствена опредметена моќ на Сенатот било правото да поништи веќе изгласани закони поради неправилности во постапката, право што произлегувало од стариот „авторитет на татковците“, уште од времето на борбата меѓу патрикиите и плебејците. Затоа, пак, неформалната моќ на Сенатот била огромна. На сенатските седници се решавало за речиси сите важни државни прашања: државните финансии, собирањето и распоредот на воените сили, распределбата на провинциите и провинциските службеници, пророгацијата, надворешната политика, доделувањето империум, спроведувањето на законите, верскиот живот во заедницата и т.н.

Од сево ова произлегува дека функционирањето на Републиката се темелело врз една голема противречност: римскиот народ, кој теоретски бил најмоќен чинител во државата, во пракса не можел да ги примени своите овластувања, ниту пак да преземе иницијатива; а Сенатот, кој теоретски имал мошне ограничени овластувања и претставувал советодавно тело, во пракса бил најмоќен државен орган. Народот бил единствен извор на легитимитет и, барем теоретски, неговиот збор бил неприкосновен – право што никој нема да се осмели да го оспори сѐ до крајот на Републиката. Но, ова значело и дека Сенатот бил изложен на напади и пречки од кои немал законски овластувања да се заштити, па моќта на Сенатот и неговата способност да ги спроведува одлуките зависеле исклучиво од слогата на нобилитетот и од подготвеноста на магистратите да ги следат „препораките“ на сенаторите. Токму поради ова, во науката често се нагласува дека функционирањето на Републиката попрво се темелело врз *mos*, „обичајот“, одошто врз *ius*, „законските одредби“. Наскоро

ќе видиме дека токму оваа неформална природа на сенатската моќ ќе биде важен чинител во нестабилноста и кризите што најпосле ќе го предизвикаат распадот на републиканскиот систем.

## РАСПАДОТ НА РЕПУБЛИКАНСКИОТ СИСТЕМ

Времето од трибунската служба на Тибериј Грах до основањето на принкипатот на Октавијан Август обично се означува како „криза на Републиката". Со ваквата определница се разграничува овој период на нестабилност и внатрешни борби од претходниот, кој се одликувал со стабилност, но и од подоцнежниот, во кој Републиката била заменета со монархија. Но, процесот на распаѓање на системот не се состоел од само една единствена криза што Римјаните не успеале да ја решат, туку поскоро претставувал низа од последователни неприлики и кризи кои биле меѓусебно поврзани, но сепак имале различни корени. Кризата од времето на Тибериј Грах не треба да се сфати како почеток на еден неизбежен и неменлив процес, туку само како еден од проблемите чии насобрани последици најпосле ќе го предизвикаат крајот на Републиката.

На ова место нема да навлегуваме во причините за кризите и конечниот пад, туку ќе разгледаме на кој начин институциите се поставиле кон овие процеси и какви мерки презеле за да го заштитат и да го зачуваат републиканскиот систем.

• *Првите пукнатини во системот.* – Кризата што произлегла од трибунатот на Тибериј Грах не била некаква неочекувана новина; Републиката веќе подолго време се соочувала со проблеми што само навидум успевала да ги реши. Еден од знаците за ова било кршењето на обичаите и традициите поради тоа што нобилитетот сè потешко успевал да ги заузда амбициите и однесувањето на своите членови. Основањето на првиот постојан суд навестува дека сенатскиот авторитет и самоконтролата на нобилитетот веќе не биле доволни за државата да функционира нормално. До истиот заклучок водат примерите на Тит Фламинин, Ајмилиј Лепид, Касиј Лонгин и други личности од римскиот политички живот. Во 198 ст.е., Тит Фламинин бил избран за консул веднаш откако служел како квестор, без претходно да биде едил и претор, и тоа на одвај триесетгодишна возраст. Двајца трибуни го блокирале гласањето и не дозволувале Фламинин да биде избран, но Сенатот го искористил својот авторитет и истакнал дека кандидатурата не е незаконска, па народот може да избере кого сака, по што трибуните се повлекле. Во ова време сè уште не биле законски одредени редоследот и возрасните граници за службите (т.н. *cursus honorum*), па Фламинин навистина не прекршил ниту еден

закон; но, неговиот избор секако бил невообичаен и спротивен на традициите, што очигледно не било пречка за неговите лични амбиции. Еден друг војсководец и државник, Ајмилиј Лепид, бил двапати конзул, што само по себе не е чудно; но, истиот човек напоредно бил и врховен свештеник, и првенец на Сенатот, со што нѐ потсетува на подоцнежните моќници – Помпеј, Јулиј Кајсар и Август. Особено необични биле случувањата во 179 ст.е., кога Лепид – кој веќе бил врховен свештеник и поранешен конзул – бил избран и за кенсор, па во тоа својство, при ревизијата на сенатскиот список, самиот си се именувал за првенец на Сенатот. Во 171 ст.е. конзулот Касиј Лонгин, незадоволен што не го добил заповедништвото во војната против Персеј, решил самоволно да ја напушти својата провинција и да тргне против Македонија; Сенатот правовремено интервенирал и Касиј се вратил назад, но интересно е што оваа непослушност не била доволна причина да биде казнет – напротив, подоцна дури бил избран за кенсор. Уште повеќе загрижувале примерите со кои се заобиколувало трибунското право на интерцесија. Во 143 ст.е., Апиј Клавдиј Пулхер се одважил да прослави триумф, иако тоа било спротивно на одлуката на Сенатот. Кога еден од трибуните се обидел да го затвори, Клавдиј ја испречил пред трибунот сопствената ќерка, која била свештеничка на божицата Веста и чија светост трибунот не се осмелил да ја погази. Неколку години подоцна, кога еден трибун се обидел да го спречи конзулот Квинт Кајпион да замине за Хиспанија, овој едноставно го игнорирал трибунското вето и си заминал за провинцијата.

Напоредно со зачестените примери на занемарување на политичките обичаи, се продлабочувала и аграрната криза, чие жариште било прашањето за користењето државна земја (*ager publicus*). Со оглед на технолошкиот развој и методите на обработување на земјата, ситниот земјопосед едноставно не бил доволен за издржување на едно семејство. Поради тоа, ситниот земјопоседник морал да ги дополни приходите или работејќи како сезонски наемен работник, или пак со закуп и обработување на државна земја. Според традицијата, секој римски граѓанин можел да користи онолку од државната земја, колку што можел самиот да обработува; но, сега се раширило и едно поразлично толкување, според кое секој граѓанин можел да запоседне онолку земја, колку што му овозможувале семејните ресурси. Се разбира, со ваквото толкување добиле предност побогатите граѓани, кои почнале да приграбуваат сѐ повеќе државна земја и да ја сметаат за дел од семејниот имот. Без пристап до државната земја, ситниот земјопоседник сѐ почесто се наоѓал под границата на опстанок и станувал сѐ позависен од богатите.

За разлика од Хелада, барањата за аграрна реформа во Рим никогаш не подразбирале прераспределба на целата земја, вклучително и на

приватните имоти, туку се однесувале само на прашањето за запоседнување и користење на државната земја. Аграрниот проблем не бил некаква новина, туку се среќавал уште од времето на борбите меѓу патрикиите и плебејците; до II век ст.е., овој проблем не прераснал во длабока криза само поради постојаните освојувања во Италија, при кои една третина од територијата на поразениот непријател се определувала како државна земја. Проблемот се олеснувал и со основање на бројни римски колонии низ Италија. Но, до II век ст.е. можностите да се најде ново земјиште во Италија веќе биле исцрпени, а кризата уште повеќе се продлабочила поради неуспешните војни во Хиспанија и крајот на основањето нови колонии низ Италија. Погоре кажавме дека и римската војска, и кентуријатските комитии се засновале врз имотниот попис: заканата по ситниот земјопосед била и закана за темелите на самата Република. Во II век ст.е. двапати се намалувал пописниот праг за да се зголеми бројот на граѓани што имаат доволно приходи за да бидат попишани, а со тоа и подложни на воена служба. Било очигледно дека е потребна аграрна реформа, но првиот обид за неа пропаднал, зашто предлогот наишол на отпор во Сенатот. Отпорот на Сенатот предизвикал продлабочување на кризата: ако им веруваме на изворите, кога тргнувал во војна против Нумантија, војсководецот Скипион Ајмилијан не можел да собере доволно војска, па морал да ги пополнува редовните одреди со сопствени клиенти.

• *Тибериј Грах.* – Во 133. ст.е., кога Тибериј Грах бил избран за трибун, ништо не упатувало дека неговиот трибунат ќе предизвика корените промени во римската внатрешна политика. До тој миг, неговата политичка кариера била сосем вообичаена, и ништо не укажувало дека не мисли да ја продолжи според усталените критериуми. Сепак, само една година подоцна, Републиката неповратно се сменила.

Согласно со неговите предизборни ветувања, веднаш штом стапил на служба, Тибериј поднел предлог за аграрна реформа со која се ограничувало личното право на користење државна земја на 500 југери (125 хектари) и прераспределба на вишокот на мали парцели, кои би им се изнајмиле на посиромашните римски граѓани. Предлогот наводно бил соодветен на законите на Ликиниј и Секстиј од IV век ст.е. Не е важно дали во IV век ст.е. навистина бил донесен таков закон; целта на Тибериј била само да покаже дека неговиот предлог ги следи римските традиции. Иако всушност бил конзервативен, зашто дозволувал да опстојат огромните лични имоти на државно земјиште од по 125 хектари, предлогот бил пречекан во Сенатот со жесток отпор. Тоа го соочило Тибериј со невозможен избор: или да се повлече и да го жртвува своето достоинство (а со тоа веројатно и политичката иднина), или пак да го оспори авторитетот

на Сенатот. Тој го избрал второто, со што доаѓаме до низа мерки за чија природа научниците сѐ уште спорат; станува збор за начинот на кој бил донесен законот, мешањето во надворешната политика и, особено, обидот за повторен избор во трибунско звање.

Свесен за отпорот на Сенаторите, Тибериј воопшто не го дал предлогот на разгледување во Сенатот, туку веднаш го изнел пред плебејскиот собор. Овој чекор бил невообичаен и спротивен на традициите, но сепак целосно законит, зашто плебисцитите – одлуките на соборот – имале сила на закон и можеле да се донесат без одобрување на Сенатот. Како и обично, Сенатот се обидел да одговори со блокирање на Тибериј со вето од друг трибун; но, ова веќе било сериозно кршење на традициите и подривање на суштината на плебејскиот трибунат, а со тоа и чекор кон заострување на состојбата. Веќе видовме дека трибунот ги добивал овластувањата од плебејците со цел да ги користи во полза и заштита на народот – а во овој случај Октавиј, трибунот кој ставил вето, очигледно работел против народните интереси. Тибериј го прашал народот дали може да биде законито трибунското вето што е спротивно на интересите на народот, и дали некој што постапува така воопшто може да биде плебејски трибун; одговорот бил очекуван. Октавиј бил разрешен, по советување со другите трибуни неговото вето било поништено, а законот бил изгласан. Молкот на другите трибуни кажува многу. Ако обидот на Тибериј Грах да го смени Октавиј бил незаконски, зашто му го ускратувал на Октавиј неговото право на интерцесија, тогаш тој би бил блокиран со второ, па дури и трето трибунско вето, и намерата на Тибериј би пропаднала. Но, иако екстремна и нетрадиционална, мерката на Тибериј не била и незаконска; таа се темелела врз вековниот сојуз меѓу трибунот и плебсот и врз меѓусебните обврски што призлегувале од него.

Немоќен да го спречи донесувањето на законот, Сенатот решил да го остави Тибериј без средства за спроведување на реформата. Но, во тој момент умрел пергамскиот владетел Атал III, кој му го завештал на Рим целото свое кралство. Според традицијата, финансиската управа и надворешната политика биле во рацете на Сенатот. Оставен без средства, Тибериј повторно го оспорил правото на Сенатот и пред плебејскиот собор поднел предлог со кој богатството од Пергамското кралство ќе се искористи за спроведување на аграрната реформа. Мерката повторно била целосно законита; но, потпирајќи се врз авторитетот на народот, Тибериј Грах повторно го оспорил авторитетот на Сенатот и со тоа ги прекршил републиканските традиции.

Стравот дека по истекот на трибунатот ќе биде судски гонет го принудил Тибериј повторно да се кандидира за плебејски трибун. Зако-

нитоста на овој чекор предизвикува најголема расправа меѓу современите историчари. Неговата одлука несомнено била проблематична, невообичаена и спротивна на традициите – но, прашање е дали била и незаконска. Вистина е дека во историјата нема примери за повторен избор (итерација) на еден ист човек како плебејски трибун, но тоа не значи дека вакво нешто било забрането. Законот со кој во 180 ст.е. се уредувале курулските служби не го опфаќал трибунатот, зашто трибунатот – како што видовме – технички и не бил магистратура. Најпосле, десетина години претходно, Скипион Ајмилијан бил нерегуларно избран за консул, при што било нагласено дека уште од најстаро време народот е тој што пресудува на изборите и има право да ги потврди или погази постојните закони. Тибериј имал на своја страна преседан – поранешен случај, кој можел да послужи како пример за во иднина, а Кикерон истакнува дека во време на криза Римјаните често посегале по преседани заради спас на државата. Сепак, на денот на изборите, гневните сенатори го обвиниле Тибериј дека се стреми кон тиранија и побарале консулот Скајвола да го спречи гласањето; откако овој одбил, поранешниот конзул Скипион Насика и неговите истомисленици го нападнале Тибериј среде изборниот собор и го убиле заедно со уште стотина приврзаници.

На трибунатот на Тибериј Грах му посветивме повеќе внимание, зашто преку него излегуваат на виделина прикриената слабост и нестабилност на Републиката и начинот на кој функционирала. Мерките на Тибериј целосно ги почитувале законите – но, проблемот се состоел во тоа што, како што видовме, *функционирањето на Републиката се темелело врз обичајот, а не врз законите*. Собрани заедно, мерките на Тибериј можеле да бидат погубни за републиканските традиции: тој го заобиколил трибунското вето, го оспорил правото на Сенатот да решава за надворешната политика и се подготвувал да го погази обичајот против итерација на службата. Тој секако не се стремел кон тиранија, но со начинот на кој ја вршел службата премногу се доближил до кралската власт, барем од традиционалната гледна точка на републиканците. Многу кажува и немоќта на Сенатот законски да им се спротистави на мерките на Тибериј, и во таа насока е мошне важна процената на консулот Скајвола – кој инаку важел за најголем познавач на римското право во тоа време – дека нема основа за дејствија против Грах. Сенаторите предводени од Скипион Насика најпосле успеале да го запрат Тибериј, но морале да применат сила, и тоа не по одлука на некоја институција; ова најдобро ја покажува институционалната немоќ на Сенатот. Токму убиството на Тибериј Грах – многу повеќе од која било негова мерка – го предизвикало крајот на согласноста меѓу Сенатот и нобилитетот од една, и римскиот народ од друга страна, а со тоа и почетокот на крајот на републикански-

от систем. Последиците од убиството на плебејски трибун среде изборна комитија убаво ги согледал Велеј Патеркул:

> „Ова го означи почетокот на крвопролевањето меѓу граѓаните и на дивеењето на мечовите. Од тој миг, силата ја газеше правдата, а првенството им припаѓаше на најмоќните; несогласувањата меѓу граѓаните, што порано се решаваа со мудро посредување, сега се одлучуваа со оружје, а војните не се почнуваа заради некаква причина, туку за награда. Ова не е чудно, зашто лошите примери не завршуваат таму каде што ќе почнат; колку и да е тесна патеката по која тргнуваат, тие потоа сами си создаваат широка улица по која ќе чекорат. А штом еднаш ќе се скршне од патот на правдината, луѓето тонат во неправичност, и за нив ништо не е срамно, ако на други им донело награда.“

• *Гај Грах и senatusconsultum ultimum.* – Десет години подоцна, Сенатот повторно бил предизвикан од еден плебејски трибун – Гај Грах, братот на убиениот Тибериј. За разлика од својот брат, Гај имал поширока политичка програма и настапувал многу поорганизирано, па успеал двапати да биде избран за трибун. И тука нема да се задржуваме на реформите што ги презел Гај, туку само накусо ќе ги разгледаме најважните политички последици. Еден од најпознатите закони од оваа реформа бездруго е житниот закон, со кого се уредувало снабдувањето со жито на Рим и правото на секој граѓанин секој месец да купи одредена количина по однапред одредена цена. Во иднина, житните закони ќе се користат и ќе се злоупотребуваат во политички цели – но, нема причина така да се толкува и првичниот закон на Гај Грах. Негова главна цел била да ги заштити граѓаните од спекулација со цените во кризни времиња и, на тој начин, да им даде да ги искусат благодетите што произлегувале од една голема средоземна држава, каква што бил Рим. Напоредно со ова, мерката претставувала удар против нобилите и нивното влијание, зашто ја намалувала зависноста на сиромашните Римјани од повремените приватни делења на жито, што ги организирале нобилите. Гај предвидел и основање прекуморски колонии, во кои колонистите би добиле и поголеми земјопоседи од оние во Италија.

Програмата на Гај била многу поширока и посеопфатна од онаа на неговиот брат, а од формална гледна точка – и сосем коректна; сепак, на крајот и тој завршил исто. Гај не бил избран за трибун за 121 ст.е.; ова се должело на успешната против-кампања на нобилитетот, но и на отворањето на т.н. „сојузничко прашање“, за што ќе стане збор наскоро. Бидејќи во текот на 121 ст.е. трибунот Минукиј се обидел да ги поништи законите на Гај, овој решил повторно да се кандидира за следната година.

На еден од неформалните собири на Минукиј се случила пресметка меѓу двете групи, во која бил убиен еден соработник на консулот Опимиј. Овојпат Сенатот бил подготвен, па изгласал т.н. *senatusconsultum ultimum*, по што консулот удрил врз Гај и неговите приврзаници утврдени на Авентин, ридот што традиционално се врзувал со плебејските сецесии. Групата на Гај била поразена, тој сам си пресудил, а биле убиени најмалку три илјади негови приврзаници. Така и движењето на Гај, како и она на Тибериј, на крајот било скршено со насилство.

За природата и правната издржаност на „сенатскиот проглас за одбрана на Републиката“ (*senatusconsultum ultimum*) се расправа уште од мигот кога за првпат била изгласана ваква одлука. Прашање е што точно подразбирал овој сенатски проглас и какви права му давал на консулот. Прогласот честопати се толкува како замена за републиканската диктатура, која од II век ст.е. од непознати причини веќе не се користи; но Сенатот, како што видовме погоре, немал ниту извршна, ниту законодавна власт, па не можел да доделува никаква власт и овластувања. Поверојатно е дека станувало збор за јавно искажување на едногласна морална поддршка на конзулите во вонредни околности, еден вид повик до конзулите да ги занемарат постоечките закони за да ја заштитат на државата. Со други зборови, Сенатот ги повикувал конзулите да го употребат својот империум во самиот град – што би значело дека Рим се смета за воена зона – и да ги погазат основните граѓански права на Римјаните. Независно од тоа како ќе го сфатиме сенатскиот проглас, главна причина за бурното незадоволство било тоа што никогаш не биле јасно одредени околностите во кои можел да се изгласа, па Сенатот можел да ги повика конзулите да ги погазат законите по сопствена проценка и само врз основа на сопствениот авторитет, а не и со точно одредени законски овластувања. Овој сенатски проглас е одличен пример за судирот меѓу републиканските традиции и непишани правила од една, и законскиот поредок од друга страна; токму поради тоа, „сенатскиот проглас за одбрана на Републиката“ останал извор на незадоволство и непријателство кон Сенатот.

• *Гај Мариј и крајот на тимократскиот систем.* – Кусо време по убиството на Гај Грах, Републиката се соочила со надворешни закани што ќе имаат големо влијание врз внатрешниот развој на државата. Речиси во исто време избиле војни против кралот Југурта во Нумидија и против германските племиња Кимбри и Тевтонци. Југурта не претставувал особена закана за Рим; но војната се водела со толкава неспособност и ја следеле такви обвиненија за поткуп на заповедниците, што најпосле за конзул бил избран Гај Мариј, кој ја завршил војната кон крајот на 105 ст.е. Во меѓувреме, римската војска претрпела низа тешки порази од Кимбрите

и Тевтонците; одговорот на народот бил – војната да му се довери на Мариј, кој од 104 ст.е. бил избиран за конзул пет години по ред.

Во овој период Мариј спровел реформа на римската војска, која имала големи последици во идните десетлетија; во продолжение, ќе се задржиме само на општествената страна на неговата реформа. Мариј му ставил крај на стариот, тимократски систем на собирање војска според имотниот попис, па во војската повикал и голем број граѓани без земја. Оваа мерка го решила проблемот со недостигот на воени регрути, но отворила нови општествени и економски проблеми. Имено, во претходниот систем, откако војската ќе се распуштела, државата немала никакви обврски кон ветераните, кои им се враќале на своите имоти и занимања и се вклучувале во граѓанскиот живот. Но, новата војска била нешто сосем друго, зашто била составена од политички најобесправениот и економски најзагрозениот слој римски граѓани. Еден од големите пропусти во реформата е што рокот на воена служба не бил јасно дефиниран – тоа ќе биде сторено дури од Август. Теоретски, и натаму се следело старото правило дека римскиот граѓанин може да се повика во активна служба која ќе трае шеснаесет години, но во пракса работите стоеле поинаку: откако ќе завршел походот или војната, новите војници обично очекувале да бидат демобилизирани. Токму тука Сенатот направил една катастрофална грешка, чии последици ќе се чувствуваат до крајот на Републиката. Имено, Мариј побарал да им се додели земја на ветераните од војната против Југурта, но Сенатот го одбил барањето; затоа, по победите против Кимбрите и Тевтонците, Мариј ја поддржал екстремната програма на трибунот Сатурнин, со чија помош се изгласале закони за основање на повеќе прекуморски колонии за ветераните. Пораката до војниците била јасна: нивната иднина не зависела од Сенатот, туку од нивниот војсководец, единствениот што можел да им обезбеди земја по завршувањето на воената служба. Така Сенатот ја пропуштил првата и единствена прилика да ја привлече новата војска и да ја добие нејзината верност. Наместо тоа, војниците почнале верно да го следат својот заповедник против кој било непријател, зашто нивната иднина зависела од неговите успеси и од неговата политичка моќ.

• *Сојузничката војна.* – Набргу Републиката се соочила со нов предизвик, кој повлекол и нови суштински промени. Римските успеси во прекуморските војни во голема мера се должеле на способноста да се мобилизира население од цела Италија, поради што понекогаш сме наклонети да го гледаме Рим како предводник на една италска конфедерација. Реалноста била многу поинаква: Рим навистина бил предводник, но немало никаква конфедерација. Рим немал општи насоки како да постапу-

ва со поранешните непријатели во Италија, поразени во текот на римското ширење од IV до средината на III век ст.е. Во Италија постоела цела мрежа од билатерални договори и односи меѓу Рим од една, и секој поразен поодделно од друга страна. Некои поранешни противници, како градот Веи, биле срамнети со земја и престанале да постојат; други, како Тускулум и подоцна сите Латини, биле вклучени во римската држава и добиле полно римско граѓанско право; трети имале само право на брак и трговија; некои имале статус на сојузници, а други се предале безусловно. Во исто време, во Италија биле основани многу римски и латински колонии, кај кои разликата произлегувала од граѓанските права и статусот, а не од етничкото потекло на колонистите. Ова шаренило од поданици со различен статус се должело на практичниот пристап на Рим во секој поединечен случај, со главна цел – да се искористат воените потенцијали на поразениот непријател без да му се наметне непосредна локална контрола; со тоа и локалните елити ја задржале положбата во внатрешната управа, каде Рим немал обичај многу да се меша. Кусо време откако започнало ширењето преку море и искористувањето на новите провинции, овој систем се покажал како несоодветен и нестабилен. Имено, Рим не им наметнал данок на поразените Италци, туку само ги задолжил да даваат воени одреди во случај на војна; Италците обично сочинувале од една половина до две третини од римската војска. Додека војните се воделе во Италија, или за нејзина одбрана, ова не претставувало неприлика. Но, со започнувањето на прекуморските освојувања, Италците се нашле во обесправена положба: тие имале огромен придонес во римското ширење, но немале удел во управувањето со државата, а бидејќи не биле римски граѓани, не уживале ниту во благодетите што доаѓале со новите провинции. Дополнителен извор на нестабилност биле латинските колонии, кои во исто време почнале да бараат целосно римско граѓанско право.

Прашањето за положбата на Италците било начнато со реформата на Тибериј Грах, кога аграрната комисија почнала да одзема имоти на Италци што се наоѓале на државно земјиште. Не знаеме кои биле овие Италци, но веројатно биле припадници на месната аристократија, поради што и успеале да најдат моќни заштитници во Рим. Сенатот и нобилитетот ја запреле аграрната реформа, но не се ни обиделе да ги задоволат барањата на Италците. Малата Фрегела се одважила и да се крене против Рим, но бунтот бил сурово задушен, а градот бил срамнет со земјата. Прашањето повторно го отворил Гај Грах, кој предложил да им се даде граѓанско право на сите Италци; но, ова предизвикало жесток отпор и кај нобилитетот, и кај обичните граѓани, поради што Гај не успеал да биде третпат избран за трибун. Прашањето повремено се отворало и во след-

ните децении, но ставот на римскиот нобилитет и на граѓаните останал непроменет.

Кон крајот на 91 и почетокот на 90 ст.е. биле убиени двајца римски службеници во Аускулум, по што започнала вистинска отворена војна; крајниот исход бил давање на римско граѓанско право на Италците. Во зависност од крајните цели на Италците, војната може да се толкува и како победа, и како пораз на Рим. Ако целта била да се добие римско граѓанско право – како што мислеле античките автори – тогаш победа извојувале Италците; ако, пак, целта била само да се преустројат поединечните односи на Римјаните со италските заедници, тогаш победата им припаднала на Римјаните, во чија држава сега била вклучена цела Италија.

Сојузничката војна суштински ја видоизменила римската држава. Со вклучувањето на италското население, Рим престанал да функционира како град-држава; сега целиот Апенински полуостров претставувал една политичка заедница која, при сè што била составена од различни етнички елементи, сепак имала единствено граѓанско тело. Територијата на државата се зголемила двојно, а бројот на римски граѓани уште повеќе. Рим останал центар на моќ, но обидот Италците да се групираат во само четири изборни триби пропаднал, па тие биле распределени во сите 35 триби. Повеќето нови римски граѓани никогаш не тргнале за Рим за да ги искористат своите новодобиени политички права; сепак, и самата теоретска можност за такво нешто ја сменила природата на политичките борби во градот. Особено биле важни последиците за римската војска, која во значителна мера ја пополнувале луѓе што или лично учествувале во војната против Рим, или пак биле потомци на борците за италски права, па нивната верност кон новата „татковина“ останува спорна. Причините за понатамошното однесување на војската – и за лојалноста пред сè кон својот заповедник, а не кон Републиката – не треба да се бараат само во реформите на Мариј, туку и во личниот однос на италските војници кон Рим.

• *Републиката на Сула.* – Почетокот на граѓанската војна, од која ќе се изроди диктатурата на Сула, вообичаено се врзува со судирот меѓу двајца крајно амбициозни војсководци и државници – Гај Мариј и Лукиј Корнелиј Сула. Сепак, главната улога во почетокот на непријателствата ја одиграл плебејскиот трибун Сулпикиј Руф. По завршувањето на Сојузничката војна, Руф предложил новите италски граѓани да бидат распоредени во сите гласачки триби, што било пречекано со жестоко противење на римскиот нобилитет. Причина за отпорот на нобилите била желбата да се ограничи политичкото влијание на новите граѓани, но и намерата да се ограничи моќта и влијанието на самиот Сулпикиј Руф, кој би добил

огромен углед меѓу новите граѓани. Во тој миг се случило да се испреплетат внатрешните и надворешните собитија. Гај Мариј сакал да добие заповедништво во војната против Митридат VI, но заповедничкото место веќе му било дадено на консулот Сула; во замена за заповедништво, Мариј бил подготвен да ги поддржи законите на Сулпикиј. Сенатот се спротиставил и прогласил *iustitium*, прекин на сите активности во судовите поради критичен развој на собитијата. Но Сулпикиј, сега поддржан и од Мариј, собрал вооружени банди, го принудил Сенатот да ја повлече одлуката за прекин и ги спровел законските предлози.

Со еден од овие закони му се одземал империумот на Сула и му се доделувал на Мариј, кој сега можел да го преземе заповедништвото на истокот. Овој закон е добар пример за *злоупотребата на преседанот*, за која стана збор и погоре. И дотогаш имало примери за давање империум на приватни лица, како и примери за одземање на империум, но станувало збор за преседани оправдани од вонредни околности; во случајот на Мариј и Сула, немало никакви вонредни околности. Иако технички исправен, законот за смена на источното заповедништво претставувал отворено кршење на републиканските традиции. Но, најлошото допрва следувало. Сула го прифатил предизвикот, заминал кај војската и ја убедил дека новоизбраниот Мариј ќе поведе нови војници, кои ќе го соберат воениот плен на истокот наместо нив. Загрижени за своите интереси, војниците решиле да го поддржат својот сменет заповедник и да тргнат против Рим со цел да ги одбранат неговите права. Важноста на овој настан е непроценлива. Без оглед на претходните внатрешни судири и пресметки, ова било прв пример еден римски војсководец отворено да тргне со војска против градот – пример по кој, во различни услови и размери, подоцна ќе се поведат Помпеј, Кајсар, Октавијан и други, не толку успешни претенденти. Сула го оправдувал својот чекор со желбата да ја „ослободи“ Републиката и да ги заштити обичаите на претците – уште една парола што подоцна ќе биде постојано (зло)употребувана – но, малкумина му поверувале. Безмалку целиот заповеднички кадар одбил да му се придружи, а и Сенатот преку пратеници му порачал да се воздржи. Набрзина подготвената одбрана на Рим не издржала пред налетот на ветераните на Сула; Мариј избегал, а Сулпикиј бил фатен и убиен. По кус престој во Рим, Сула заминал на исток. Така нескротливите амбиции на Гај Мариј и Корнелиј Сула ја предизвикале *првата општа граѓанска војна во Рим*, настан што неповратно го урнал политичкиот систем на Републиката.

Откако се вратил од исток, Сула и по вторпат удрил на Рим, кој во меѓувреме повторно паднал во рацете на неговите непријатели. Иако противниците на Сула биле побројни и ја имале поддршката на Италците, по смртта на Гај Мариј тие немале личност со доволно способности и

авторитет за да постави обединет фронт против Сула. Војната завршила кон крајот на 82 ст.е. со битката кај Колинската порта, која според античките извори однела 50.000 животи – бројка што веројатно е претерана, но служи како одлично сведоштво за жестокоста на непријателствата и непомирливоста меѓу двете страни.

Откако победил во граѓанската војна, Сула бил именуван за диктатор со задача да донесе закони и да ја уреди државата. За разлика од старите републикански диктатори, Сула однапред, со законска одлука, добил имунитет за сите минати, сегашни и идни одлуки и постапки. Први на удар на неговите реформи се нашле плебејските трибуни и витезите. Трибунот го загубил правото да предлага закони, а во голема мера и правото на интерцесија. Оние што биле трибуни потоа не смееле да извршуваат ниту една државна служба, со што трибунатот ја загубил привлечноста (или, барем, таква била намерата на Сула). На тој начин била ограничена и улогата на народот, зашто плебисцитите практично биле укинати, а се гласало само по предлози од највисоките магистрати, претходно одобрени од Сенатот. Витешкиот слој бил обезглавен не само поради големите загуби во Граѓанската војна, туку и зашто дел од нив биле префрлени во Сенатот.

Бројот на сенатори бил зголемен од 300 на 600, делумно од витезите, а делумно од првенците на италските градови. Во Сенатот сега влегувале сите квестори, чиј број бил зголемен на 20 годишно, со што било ограничено правото на кенсорите да избираат сенатори. Иако не била официјално укината, кенсорската служба секако била запоставена, па во 80 ст.е. воопшто не бил спроведен попис. Големо влијание врз свикувањето и расправите на седниците имал законот според кој магистратите со империум ја минувале годината во Рим, а дури потоа добивале провинциска управа. Со ова, седниците на кои можеле да присуствуваат сите највисоки годишни магистрати добиле поструктуриран облик, особено зашто била укината и важната положба на „првенец на Сенатот“, кој претходно имал голема улога во начинот на кој се одвивале расправите. Реформата на Сула во суштина значела крај на „републиката на нобилитетот“, зашто наместо тело составено од најискусните и најистакнатите државници, Сенатот станал тело на луѓе од кои огромен дел никогаш не напредувале повисоко од квестурата – а ова, со умисла или не, му задало голем удар на угледот и авторитетот на ова тело.

Зголемувањето на бројот на сенатори, квестори и претори треба да се толкува во врска со судските реформи. Бројот на постојани судови бил зголемен на седум, а поротите биле ограничени само на сенаторите. На чело на секој суд стоел претор или поранешен едил, па преторите во

текот на годината главно биле зафатени со судски задачи. Задачата, пак, на најголемиот дел сенатори сега била ограничена на поротнички должности. Ова е мошне важно, зашто неформалната контрола на римските првенци, која во последните децении изгледала речиси невозможна, сега добила точно определен облик и отишла во рацете на сенаторите-поротници, односно на судовите. Законот за предавство (*maiestas*) јасно ги дефинирал обврските на промагистратите и во однос на Сенатот, и во однос на самите провинции, а за злоупотреба или занемарување на овластувањата се предвидувале строги казни. Официјалниот тек на добивање државни служби (*cursus honorum*) бил утврден уште построго; сега и квесторската, и преторската служба станале задолжителен услов за некој да се кандидира за консул. Возрасната граница за квестура била 30, за претор – 39, а за консул 42 години старост. Била зацврстена и забраната да се извршува истата функција во рок од десет години.

Откако ги спровел реформите во дело, Сула се откажал од диктатурата и се повлекол од политичкиот живот. Неговите реформи обично се толкуваат како традиционален и реакционерски потег, со кој наводно сакал да ја врати и да ја зацврсти власта на Сенатот. Но, ако на овие реформи им пристапиме од гледна точка на римското минато, а особено на начинот на кој функционирала „републиката на нобилитетот“, тогаш реформите на Сула ќе ни се чинат безмалку револуционерни. Нивната цел навистина била да се зацврсти моќта на Сенатот; но, тоа веќе не бил стариот Сенат од претходните столетија, туку едно сосема ново тело, чија моќ веќе не се темелела врз авторитетот и угледот, туку врз судската власт на сенаторите-поротници. Токму во тоа лежи јасната, суштинска разлика меѓу Републиката од претходните столетија и Републиката на Сула. Зголемувањето на бројот на постојани судови, зголемувањето на бројот на сенатори, како и многу построгото и јасно одредување на овластувањата и обврските на промагистратите, покажуваат дека Сула се обидел да ги смени неформалната природа и начин на управување со еден јасно изграден и подреден систем кој се темели врз законите. Кусо кажано, основниот принцип врз кој почивала државата бил *ius*, а не *mos maiorum*.

• *Преминот кон монархија.* – Ако биле спроведени во други времиња или на поинаков начин, реформите на Сула можеби ќе дале стабилна основа за понатамошен развој на Републиката. Но, овие реформи биле премногу радикални за речиси сите слоеви од римското општество, вклучително и за новото благородништво, чија политичка кариера и амбиции сега биле строго ограничени. Освен тоа, со реформите поскоро се решавале појавните проблеми и последиците, а не причините што го предизвикале падот на „републиката на нобилитетот“. Сосем очекувано, од

мигот кога Сула се повлекол од политичкиот живот, почнал да расне притисокот за враќање на „старата“ Република. Неполни дваесет години по спроведувањето на реформите, во текот на конзулството на Помпеј и Крас во 70 ст.е., голем дел од нив биле поништени или видоизменети. На трибуните им биле вратени сите овластувања што ги имале пред Сула, а се избрале и кенсори што го спровеле првиот попис по повеќе од петнаесет години, со што конечно завршило вклучувањето на Италците во римското граѓанско тело.

Конзулатот на Помпеј и Крас се зема како крај на системот на Сула, но крајот на Републиката попрво се врзува со некои други последици од неговата кариера. Колку и да сакал, Сула не можел да направи Римјаните да го заборават неговиот поход на Рим, кога и традицијата, и обичаите, и законот морале да отстапат пред оружјето. Примерот бил премногу привлечен за амбициозните Римјани да го занемарат и да ги жртвуваат сопствените интереси. Особено погубно било запоставувањето на военото прашање во реформите на Сула: воениот рок повторно не бил јасно определен, а не била предвидена ниту грижа за ветераните по завршувањето на воената служба, туку тие и понатаму останале обврска на заповедниците. Не само личниот пример на Сула, туку и примерот на младиот Помпеј, кој на своја рака собрал војска од клиенти и му се придружил на Сула, јасно го покажувал патот до моќта. Во таа смисла, 70 година ст.е. е важна зашто тогаш биле укинати некои од реформите на Сула, но можеби е уште поважна зашто за конзул бил избран Гнај Помпеј, кој не само што не ги исполнувал условите во поглед на задолжителните претходни служби, туку не бил ниту член на Сенатот. Изборот на Помпеј за конзул јасно покажал дека власта на воените демагози не завршила со Мариј и Сула, туку напротив, допрва почнувала. Сенатот донел посебен указ, со кој се игнорирале законските одредби за да може Помпеј да се кандидира за конзул – што уште еднаш ја покажува слабоста и немоќта на ова тело пред воените демагози. Сенатот на Сула го немал ниту угледот, ниту пак способноста на стариот Сенат да се справува и да решава за најважните прашања.

Следните дваесетина години само навидум биле мирни и стабилни, а всушност донеле нови преседани и прекршувања на традициите и обичаите. Ова особено важи за вонредното заповедништво на Помпеј против гусарите, кога неговиот империум бил определен како повисок од оној на промагистратите. А со оглед на тоа што овластувањата на Помпеј го опфаќале целото крајбрежје под римска контрола, неговиот империум бил целосно спротивен на законот на Сула, во кој работата на промагистратите во провинциите била строго определена и ограничена. Следната година на Помпеј му било доделено вонредно заповедништво

во војната против Митридат VI, кое практично ги опфаќало сите источни провинции. Токму овие републикански преседани подоцна ќе му послужат на Октавијан за да прикаже дека неговата власт во провинциите е во согласност со републиканските традиции. Доделувањето на вонредни заповедништва го достигнало врвот во 56 ст.е., кога било договорено посебните овластувања на Јулиј Кајсар во Галија да се продолжат за уште пет години, Крас да ја добие Сирија и заповедништвото против Партија, а Помпеј – двете хиспански провинции и Киренаика. Всушност, вообичаеното функционирање на Републиката било нарушено уште од првиот договор меѓу Помпеј, Крас и Кајсар: за кандидатите за највисоки функции се одлучувало однапред, противниците се заплашувале, а во градот владеело безредие, со чести судири меѓу спротиставените групи. Нерегуларното функционирање на Републиката веројатно го достигнало врвот кога Помпеј бил избран за единствен консул во 52 ст.е. и самиот си ги продолжил проконсулските овластувања во Хиспанија за уште пет години.

Со овие вонредни воени заповедништва може да приврши и прегледот на политичкиот систем на Римската република. Вистина е дека времето од повлекувањето на Сула до победата на Октавијан над Антониј е еден од највозбудливите и најдобро посведочени периоди во антиката; но, од гледна точка на републиканскиот систем, во него само се повторуваат процесите и преседаните што веќе ги забележавме во времето од Тибериј Грах, до диктатурата на Сула. Треба да се води сметка и за тоа, дека „падот" на Републиката не бил толку катаклизмичен настан, каков што може да изгледа на прв поглед. Изворите со кои располагаме му припаѓале на политичкиот врв, и се разбира дека за нив влогот бил огромен; но, секојдневниот живот и работата на пониските државни службеници продолжиле да течат на вообичаен начин. Ова повторно нè враќа кај прашањето за ограничените права и пасивноста на римскиот народ. „Слободата" што ја воспевале Кикерон и неговите истомисленици, а чија загуба толку драматично ја оплакува Такит, за обичниот римски граѓанин имала сосем поинакво значење. Народот имал крајно ограничен удел во водењето на државата, па за него било најважно да продолжи нормалната работа на институциите во секојдневниот живот, како и мирот и стабилноста и почитувањето на приватните права. Затоа во Рим никогаш немало народна „контра-револуција" , како на пример во Атина по олигархискиот преврат од 411 ст.е. За тоа колку биле различни сфаќањата на дел од владеачкиот слој и ставовите на народот сведочат настаните по убиството на Јулиј Кајсар, кога неговите убијци не успеале да обезбедат општа поддршка од народот. Напротив, со политиката во децениите по браќата Грах, Сенатот и владеачкиот слој се поставиле како противници на народните барања и движења. Секако, ова не значи дека

падот на републиканскиот систем е одговор на едно народно движење, насочено против Сенатот; но, истовремено објаснува зошто римските граѓани не зеле поактивно учество во одбрана на „слободата“ на Републиката, и зошто, откако бил основан принкипатот, нема примери за народни движења против монархијата.

---

## Литература:

Badian, E. (1972). „Tiberius Gracchus and the Beginning of the Roman Revolution“. In Temporini, H. (ed.). *Aufstieg und Niedergang der römischen Welt, I.1.* (*Politische Geschichte*). Berlin-New York: Walter de Gruyter, 668-731.

Brunt, P. A. (1988). *The Fall of the Roman Republic and Related Essays*. Oxford: Clarendon Press.

Drogula, F. K. (2007). „Imperium, Potestas, and the Pomerium in the Roman Republic“. *Historia: Zeitschrift für Alte Geschichte* 56.4, 419-452.

Flower, H. I. (2010). *Roman Republics*. Princeton-Oxford: Princeton University Press.

Jehne, M. (1995). *Demokratie in Rom? Die Rolle des Volkes in der Politik der römischen Republik*. Stuttgart: Franz Steiner.

Lintott, A. (1999). *The Constitution of the Roman Republic*. Oxford: Clarendon Press.

Mouritsen, H. (2017). *Politics in the Roman Republic*. Cambridge: Cambridge University Press.

# 11
# РИМСКАТА ИМПЕРИЈА

Владеењето на Август. – *Првиот уставен договор. – Вториот уставен договор. – Природата на власта на Август.* – Принкипатот и институциите на Републиката. – *Развој на принкипатот. – Институциите на Републиката. – Новата администрација.* – Општествениот поредок. – Војската и финансиите. – *Војската и политиката. – Војската и римското општество. – Државните финансии и војската.* – Провинциската управа. – *„Царски“ и „сенатски“ провинции. – Управата со провинциите. – Централната и локалната власт.* – Диоклецијан и Константин. – *Системот на тетрархија. – Царската власт. – Провинцискиот систем. – Војската и финансиите.*

## ВЛАДЕЕЊЕТО НА АВГУСТ

Заговорот против Јулиј Кајсар покажал дека поддршката и верноста на војската – па дури и на дел од населението – не се доволни за да се обезбеди политичката власт во Рим. Не знаеме какви биле крајните замисли на Јулиј Кајсар, но тоа и не е толку важно; тој бил убиен поради положбата што ја имал *во тој миг*, а не поради тоа што би можел да стане во иднина. Токму проблемот со начинот на владеење ќе биде главниот предизвик за Октавијан по победата во граѓанските војни (43–30 ст.е.).

• *Првиот уставен договор.* – До 33 ст.е., власта на Октавијан се темелела врз вонредните триумвирски овластувања што ги добил десет години пред тоа. Извесно е дека продолжил да користи дел од овие овластувања и по нивното истекување, а дополнително ја зацврстил својата положба пред почетокот на војната против Антониј, кога сите западни провинции, вклучително и Италија, му положиле заклетва за верност. Почнувајќи од 31 ст.е. секоја година бил избиран за консул, пракса што ќе продолжи сè до „вториот уставен договор“ од 23 ст.е.

Токму консулската служба ќе стане основа на власта на Октавијан во текот на „првиот уставен договор“. Во 27 ст.е. Октавијан се откажал од сите вонредни овластувања, му ги ставил провинциите на располагање на Сенатот, и воопшто, „ја вратил Републиката во рацете на Сенатот и на римскиот народ“. Јасно е дека целиот настан бил грижливо подготвен однапред; Сенатот веднаш му ја понудил – а Октавијан ја прифатил – управата со провинциите Сирија, Киликија, Кипар, Галија и Хиспанија освен

Бетика за време од десет години, а тука треба да се вброи и Египет, кој секако имал посебна положба и се наоѓал под негова непосредна контрола. Токму во овие провинции бил распореден најголемиот број легии, кои така останале под контрола на Октавијан. Напоредно со ова му биле изгласани и разни други почести, меѓу кои било и новото име: Август, „Возвишен".

Ваквото собирање на моќ се повикувало на бројните преседани од времето на Републиката, главно од I век ст.е., па барем од гледна точка на формата, Август можел да тврди дека повторно ја воспоставил Републиката. Но главната цел на договорот – прикривањето на речиси апсолутната власт на Август – не била постигната, па не случајно некои антички автори ја земаат 27 година ст.е. за почеток на монархијата. Еден од главните недостатоци на системот бил тоа што секоја година едно конзулско место било зафатено од Август, па можностите на амбициозните нобили да дојдат до највисока функција биле однапред преполовени.

• *Вториот уставен договор.* – Следните неколку години Август ги минал во провинциите, па неговата премоќ можеби не се чувствувала толку во самиот Рим. Но незадоволството постојано раснело, за најпосле да заврши со сериозен заговор. Август решил дека е време да го преодреди своето место во државата, па во 23 ст.е. се откажал од конзулатот; до крајот на животот побарал конзулско звање само уште двапати, и тоа само за да ги воведе своите внуци во политичкиот живот, по што веднаш се откажувал од службата.

Како замена за откажувањето од конзулатот, Август добил нови вонредни овластувања, од кои најважни биле трибунските (*tribunicia potestas*). Благодарение на овие овластувања, Август можел да предлага закони, да го свикува Сенатот, да се стави во заштита на кој било римски граѓанин и, секако, да стави вето на секој предлог со кој не се согласувал. Важноста на овие овластувања убаво ја согледал историографот Такит, кој вели: „Ова име за највисоката положба го смисли Август за да не се нарече „крал" или „диктатор", а сепак со некакво име да ги надвиси останатите власти."

Напоредно со ова, иако се откажал од конзулатот, на Август му бил доделен доживотен проконзулски империум, и тоа повисок од оној на другите проконзули (*imperium maius*), со што ја задржал контролата над војската и над провинциите. Друго е прашањето дали неговиот империум и конзулските знамења важеле во самиот Рим, а во прв ред – дали го задржал правото да заповеда со војска и додека е во градот. Како и да е, новиот систем успеал да ја затскрие неговата власт мошне успешно, па во следните неколку години римските граѓани, загрижени дека власта на

Август е намалена, кренале дури и бунт за негова заштита, па во градот избиле немири. Граѓаните му понудиле диктатура, но Август ја одбил, исто како што одбил и доживотна кенсорска должност. За верноста на граѓаните зборува и тоа што во 22/1 ст.е. бил избран само еден консул, зашто за втор консул граѓаните го избрале Август, иако тој воопшто не се кандидирал; а кога Август одбил да го прифати изборот, во Рим повторно избиле нереди. Поради сево ова, Август прифатил неговиот проконсулски империум да важи и во самиот град, како и да добие петгодишен мандат за „грижа за моралот".

Ваквиот, дотогаш незабележан збир на овластувања бил вешто вграден во системот; Август ги добил сите овластувања што ги барал без да ги заграби самите служби и функции. За да ја избегне споредбата со Јулиј Кајсар и Помпеј, секогаш земал колега барем во дел од вонредните овластувања, а особено при спроведувањето на пописот и „грижата за моралот"; така го избегнувал обвинението дека има контрола врз сите државни овластувања и дека практично станал диктатор. Власта на Август продолжила да се развива и да се менува и во следните десетлетија – особено неговото сѐ почесто мешање во управата на провинциите, на Италија и на самиот Рим, за што ќе стане збор наскоро.

• *Природата на власта на Август.* – Научниците долго расправаат како да го наречат системот на Август – република, монархија, диархија („двовластие"), или пак нешто сосем друго. Но, ова прашање само по себе е непотребно. Август едноставно се обидувал да најде систем кој ќе ја озакони неговата доминантна (во суштина монархиска) положба, а кој ќе биде прифатлив за сите општествени слоеви и политички струи во Рим. За неговиот успех најдобро сведочи споредбата со Јулиј Кајсар. Кајсар, кој не ја криел својата положба на самодржец, бил убиен од негови соработници и помилувани противници, кои биле избрани на највисоки функции во државата, но одбиле да бидат негови службеници и послушници. Август, пак, бил наречен „Возвишен" на предлог од Планк, кој претходно бил еден од највидните поддржувачи на неговиот противник Антониј, а пак називот „татко на татковината" го добил на предлог на Месала, кој своевремено се борел против него на страната на Касиј и Брут.

Сепак, успехот на Август не може да им се припише само на неговата уставна положба, огромното богатство и поддршката од војската. Еднакво важно било неговото однесување, почитувањето на различните елементи во Рим, дарежливоста, умереноста, а секако и големите воени успеси и ширењето на државата, кои уште повеќе ги зголемиле неговиот углед и авторитетот. Со сево ова Август ги поставил определниците за

добар владетел, според кои се мереле сите идни владетели. Овој „личен" агол на неговиот принкипат не треба да се заборава, зашто голем дел од неприликите на неговите наследници се должеле не само на недореченостите во системот, туку и на начинот на кој владееле.

Времето од владеењето на Август, па сè до крајот на династијата на Антонините вообичаено се нарекува *принкипат*. Научниците веќе долго расправаат дали овој назив се повикува на стариот *принкепс на Сенатот*, или можеби на *принкепсот на Републиката*, замислениот идеален државник за кој пишувал Кикерон. Ниту првото, ниту второто мислење не се сосем убедливи. Во тоа време звањето *принкепс* (или „првенец") *на Сенатот* веќе престанало да се користи, а не е многу веројатно дека Август би зел титула од некој теоретски спис на Кикерон. Појасна слика за поимот „принкепс" ни дава еден податок на Касиј Дион, кој пренесува дека Тибериј имал обичај да каже: „Јас сум господар (*despotes*) на моите робови, врховен заповедник (*autokrator*) на војската и предводник (*prokritos*) на сите останати". Зад хеленскиот поим *despotes* се крие *dominus*, поим што означува целосна контрола и власт, и кого римските владетели ќе го избегнуваат сè до средината на III век. Хеленскиот поим *autokrator*, односно латинскиот *imperator*, е сосема јасен, и секој римски владетел често ја истакнувал личната врска меѓу него и војската. Најпосле, хеленскиот поим *prokritos*, или поточно *hegemon*, очигледно означува *princeps*. Според ова, принкепсот треба да се сфати како водач или предводник, а до истиот заклучок води и титулата *princeps iuventutis*, „предводник на младината". Суштествената разлика меѓу триве поими е што власта на господарот над робовите, како и на заповедникот над војниците, била апсолутна; за разлика од нив, власта на принкепсот не била таква, туку се темелела врз точно одредени овластувања што ги добивал принкепсот. Принкепсот не бил „прв меѓу еднаквите", зашто никој не му бил рамен ниту по овластувања, ниту по *auctoritas*; дури и Август истакнува дека можеби не надминува никого од колегите со поединечните овластувања, но затоа пак ги надминува сите со личниот авторитет и угледот.

Со ова станува појасно зошто првичното значење на поимот брзо било заборавено. Во времето кога се втемелувал принкипатот како нов политички систем, недореченоста и повикувањето на стари, неформални поими од Републиката им одело во прилог и на Август, и на Тибериј. Успехот на Август во голема мера се должел токму на фактот што неговата власт никогаш не била јасно дефинирана и, барем од таа гледна точка, наликувала на Републиката, зашто подеднакво се темелела врз неформална моќ и врз личен углед. Но подоцна, откако царската власт се дефинирала појасно, а новиот систем постигнал извесна стабилност, за такво нешто веќе немало потреба.

## ПРИНКИПАТОТ И ИНСТИТУЦИИТЕ НА РЕПУБЛИКАТА

• *Развој на принкипатот.* – Вештината со која Август владеел повеќе од четириесет години му овозможила опстанок и стабилност на системот што го вовел. Но, токму неговиот успех претставувал и пречка за понатамошниот развој на принкипатот, зашто никој не се осмелувал потемелно да го смени она што го осмислил и го уредил обоготворениот Август. Требало да минат речиси три столетија, пред да се направат нови и сеопфатни реформи на империјалниот систем. Од оваа гледна точка, првите векови на принкипатот изгледаат речиси скаменето; ова не значи дека немало никакви промени во системот, но сепак станувало збор за повремени и поединечни случаи. Реформите што се спроведувале биле плод на потребата да се реши некој нов проблем, а не смислен обид да се разрешат внатрешните слабости во системот. Ова не е чудно, зашто системот што го осмислил Август – и што благодарение на долгото владеење можел да го поправа – се покажал како цврста основа за царската власт во следните десетлетија. Клучен настан било првото пренесување на власта, во 14 година н.е.: сите овластувања што Август ги собирал во текот на десетици години, на Тибериј му биле доделени веднаш и сите заедно. Згора на тоа, за разлика од Август, чии овластувања биле временно ограничени и постојано продолжувани, на Тибериј му биле дадени на неопределено време. Така бил поставен преседан што ќе го следат идните принкепси, а и секое идно овластување што го добивале наследниците на Август влегувало во овластувањата на подоцнежните владетели.

Увид во постапката на доделување царски овластувања ни дава познатиот *lex de imperio Vespasiani.* Со овој закон Веспасијан ги добива сите овластувања и права што ги имале Август, Тибериј и Клавдиј: да склучува договори и сојузи по желба, да го свикува Сенатот кога ќе посака, да номинира и препорачува кандидати за највисоките служби, да ја поместува светата граница на градот, а се ослободува од сите закони и одредби од кои биле ослободени и Август, Тибериј и Клавдиј. Посебен проблем претставува одредбата за *царска дискреција,* односно – дали на императорот му се дава дозвола да прави сè што ќе посака, ако оцени дека е во интерес на државата, или пак му се дава само слобода на дејствување и одлучување *согласно државните традиции.* Јасно е дека принкепсот, во одредена мера, бил поставен над државните традиции, зашто на крајот на законот се пропишува дека прекршувањето на постоечките плебисцити, статути и сенатски одлуки при спроведувањето на овој закон не повлекува законска одговорност, отчет или гонење. Како што гледаме, деловите од системот што останале нејасни во времето на Август – како и можните системски слабости – со текот на времето и со собирањето

дополнителни овластувања се решавале речиси по автоматизам. Ова можело да се очекува, зашто подоцнежните владетели ниту го уживале угледот на Август и Тибериј, ниту пак го имале нивното славно потекло, па се труделе да ѝ дадат поцврста подлога на својата власт преку точно одредени законски одредби.

Напоредно со зголемувањето на царската власт, раснело и значењето на неформалните центри на моќ. Според Касиј Дион, со доаѓањето на монархијата, политичкиот живот го загубил јавниот карактер, а одлуките наместо на јавни места – во Сенатот, или на форумот – сега се носеле зад затворени врати. Ова секако се однесува на важноста што ја добила палатата, т.е. *империјалниот двор*. Независно од уредувањето на државата, главните одлуки несомнено се носеле таму; за постепеното зголемување на неговата улога сведочи и тоа што поимот *aula*, со кој се означувал владетелскиот дом во хеленистичките монархии, во републиканско време речиси и не се користи со ова значење, а до времето на Нерон веќе станал сосем вообичаен.

Не знаеме што сè се случувало во аулата, зашто историографите немале пристап до најтесниот круг луѓе околу принкепсот, па нивните податоци главно се сведуваат на анегдоти и озборувања; сепак, нема сомнеж дека главен чинител во борбата за влијание и моќ бил пристапот до императорот – колку формалниот, уште повеќе и неформалниот. Не било доволно да се биде дел од царскиот двор; поважен бил пристапот до *приватните одаи на принкепсот* (*cubiculum principis*). Токму поради блискоста и пристапот до Клавдиј, неговите ослободеници успеале да се пробијат до политичкиот врв, иако се наоѓале ниско на општественото скалило. За важноста на дворот сведочи и променливата среќа на идниот император Веспасијан, чија кариера се придвижила благодарение на поддршката од Наркис, еден од највлијателните ослободеници на Клавдиј, но потоа, по падот на Наркис и издигнувањето на Агрипина, го загубил влијанието. Дел од дворот биле и четирите учесници во борбите за престолот во 68/9 година – Галба, Отон, Вителиј и Веспасијан, кои биле поврзани со најблиски роднини на владетелите од династијата на Јулиевците; дури и Нерва, на крајот на I век н.е., потекнувал од семејство чија верност кон династијата почнувала уште од договорот во Брундисиј во 39 ст.е., а за неговата лична верност кон Нерон добил статуа на ридот Палатин.

Еднакво значајна неформална институција бил *советот на принкепсот* (*consilium principis*). Во прво време, овој совет бил формална институција со јасно определено членство, чија задача била да го подготвува дневниот ред и да ја забрза работата на Сенатот. Но, Август го укинал ова

тело, а новиот совет го наполнил со членови на царското семејство и со пријатели што самиот си ги избирал. За разлика од претходниот совет, Август ги спроведувал препораките од новиот совет без воопшто да се советува со Сенатот. Од времето на Тибериј, советот имал неформален и советодавен карактер, а бил составен од пријатели што си ги избирал самиот принкепс. Иако неформален, советот добивал сѐ поголемо значење и донекаде го заменил Сенатот како главно советодавно тело во државата, особено во областа на законодавството.

• *Институциите на Републиката.* – Мошне е необично тоа што Сенатот, кој го загубил гласот во државната политика и способноста да одлучува самостојно, токму во времето на принкипатот првпат добил законски утврдени овластувања и права, кои на хартија биле многу поголеми од оние што ги имал за време на Републиката. Во овој период, *senatusconsulta* за првпат добиле сила на закон; во времето на Август, Сенатот првпат во своето постоење добил судски овластувања; во времето на Тибериј, во Сенатот бил префрлен изборот на државни службеници, кој со векови се спроведувал во собранијата. Сенатот им давал царски овластувања на новите владетели, па од формален аспект сенатската согласност била нужен предуслов за законитоста на принкепсот. Во случај на судир меѓу Сенатот и владетелот, сенаторите можеле да го прогласат принкепсот за непријател на државата или пак, по неговата смрт, да ги поништат неговите одлуки и да го осудат на заборав (*damnatio memoriae*).

Така, барем теоретски, Сенатот навистина добил доволно овластувања за да биде вистински соучесник на принкепсот во управувањето со државата. Но, реалноста била сосема поинаква. Старите републикански традиции и идеали полека исчезнувале, а постепено добивал облик еден нов вид сенатори. Нобилитетската амбициозност и слободата за политичко дејствување биле заменети со *obsequium* – послушност кон човекот што им овозможил да се пробијат до врвот на општеството; амбициите се задоволувале со стекнување лично богатство и со ревносно извршување на должноста кон владетелот и империјата. Во годините кога Тибериј се повлекол од Рим, сенаторите речиси не можеле да донесат одлука за некои прашања, зашто не ги знаеле ставот и волјата на владетелот. И обидите на Клавдиј да го вклучи Сенатот во управувањето со државата завршиле со неуспех. Во времето на Флавиевците, владетелите сѐ поретко вистински се советувале со Сенатот, а односите биле целосно нарушени во времето на Домитијан. Антонините покажувале поголема почит, но поскоро станувало збор за обична формалност без суштинско значење. Токму во тоа време владетелите почнале да ги нагризуваат и сенатските овластувања во самата Италија. Всушност, рамноправната соработка била

сама по себе невозможна, зашто императорите имале право да го одредуваат составот на Сенатот; подреденоста на Сенатот била јасно изразена и со фактот што царската ковница имала право да кова златни и сребрени монети, а сенатската – само монети од бакар и бакарна легура. Крајот настапил во времето на Септимиј Север, кој му го одзел правото на Сенатот да суди во случаи во кои се вмешани сенатори, а не се ни обидувал да го одржи привидот за соработка и рамноправност.

Иако покажал поголема виталност од другите републикански институции, Сенатот најпосле го загубил политичкото влијание и до времето на Диоклецијан станал обичен градски совет, со кој претседавал градскиот управител. Ова не се случило поради некаква смислена и доследна политика на императорите за ограничување на самостојноста на Сенатот, туку поради повеќе различни чинители – постапките на владетелите во случаи што барале брзо решение, понизноста и нерешителноста на самите сенатори и, секако, улогата на војската, чиј политички подем се случил токму на сметка на Сенатот. Иако во политичка смисла Сенатот завршил како остаток од далечното минато, во идеолошка, па и во културолошка смисла тој го задржал угледот и значењето како чувар на римските идеали и достигнувања до самиот крај. Без оглед на тоа што Сенатот го загубил значењето како колективно политичко тело, сенаторскиот ред останал најистакнат и најдостоинствен слој во општеството, а кандидатите за највисоките служби се избирале токму од неговите редови сè до времето на Септимиј Север.

За разлика од Сенатот, собранијата ја загубиле политичката улога мошне бргу, па иако преживеале до III век н.е., веќе немале никакво значење. Во времето на раниот принкипат им биле целосно одземени судските овластувања; во времето на Тибериј, изборите на државни службеници се префрлиле во Сенатот, а собранијата само го потврдувале изборот. Најдолго се задржала законодавната функција, која ја загубиле кон крајот на I век н.е., а последен закон изгласан во трибутската комитија бил аграрниот закон на императорот Нерва во 98 н.е.

Со згаснувањето на собранијата, ги снемало и механизмите со кои народот можел да ја искаже својата волја. Сега таа се искажувала преку односот на народот кон императорот за време на разни игри и свечености, но и со повремени бунтови и нереди во самиот Рим. Иако оваа загуба изгледа драматично, видовме дека и во времето на Републиката собранијата имале мошне мал демократски капацитет, па веројатно затоа народот мирно го прифатил преминот кон монархија и губењето на активна улога во политичкиот живот. Дури и повремените бунтови и негодувања во царско време немале идеолошка подлога, туку биле поттикнати

од природни непогоди, кризи, или пак од некои постапки на императорите.

Повеќето магистратури се задржале и во времето на раната Империја, но сега над сите нив стоел императорот, чија согласност или поддршка имале клучно значење. Подреденоста на државните службеници била очигледна, зашто императорот имал право да препорачува, па дури и да именува кандидати за преторската служба. Работите станале уште појасни во времето на Нерон, кога императорот го добил истото право и во изборот на конзулите.

Токму конзулската служба претрпела најголем удар во угледот и политичкото значење. Иако и понатаму важела за највисока и најугледна, службата загубила голем дел од сјајот кога војската минала во рацете на императорот. Згора на тоа, од последните години на Август станало вообичаено епонимните конзули да се откажуваат од звањето, и на нивно место да се избираат „суфектни", или „дополнителни" конзули. Со тоа Август сакал да ги задоволи амбициите на своите многубројни следбеници и поддржувачи – но, неизбежниот исход бил уривање на конзулскиот углед и авторитет. За падот на конзулскиот углед сведочи и праксата на Тибериј да се кандидира за конзул само кога сакал да му укаже посебна почест на некој колега и соработник во управувањето со империјата; тој бил конзул само трипати, и тоа заедно со Германик, со Друс, и на крајот со Сејан. Во други времиња, за авторитетот и угледот на еден Римјанин било сосем доволно да дојде до конзулското звање; но сега, ако императорот не бил негов колега, тоа не значело ништо посебно. Квесторите, кои раководеле со старата републиканска благајна, ја загубиле автономијата во времето на Клавдиј, а во времето на Нерон биле целосно заменети со нови царски службеници. Задачите на едилите постепено се прелевале кај новите царски префекти, па до времето на Александар Север престанал дури и изборот на едили. Овие примери даваат одлична слика за постепеното ставање на старите републикански државни служби под непосредна или посредна контрола на царот, или пак за нивната целосна замена со нови царски службеници.

• *Новата администрација.* – Одземањето на овластувањата од Сенатот и од старите државни служби, како и бројните нови должности што ги презеле Август и неговите наследници, барале да се обликува нов административен апарат под контрола на императорот. Заради подобра управа биле создадени повеќе нови служби во Рим, во Италија и во провинциите. Највисоките воени и административни функции им се давале на членови на сенаторскиот сталеж, а граѓанските служби оделе во рацете на витезите. Впечатлива одлика на новиот административен апарат е

тоа што времетраењето на новите служби и именувања зависело исклучиво од императорот, со што бил овозможен животен позив во одредена област. По завршувањето на определениот рок, некои службеници се повлекувале од функциите, но голем дел од нив одбирале да останат во служба на новата царска управа; така постепено се обликувала специјализирана администрација, која била професионална во поголема мера одошто во републиканско време.

Еднакво важен бил развојот на царскиот „секретаријат", составен од робови и ослободеници на царскиот дом. Во почетокот, овие луѓе биле само приватни секретари и сметководители на императорот; но, со текот на времето станувало сѐ потешко да се одвојат приватните од државните аспекти во животот на владетелот, со што се зголемувале и нивните задолженија. Голем исчекор во обликувањето на овој секретаријат направил Клавдиј, кој основал четири посебни одделенија, сите на чело со ослободеници. Ова предизикало презир кај сенаторите и витезите, зашто некои од најважните функции сега се нашле во рацете на ослободеници, кои се наоѓале многу пониско на општественото скалило; сепак, реформата на Клавдиј несомнено овозможила поголема професионализација и ефикасност на овој дел од царската бирократија. Во времето на Антонините завршило претворањето на секретаријатот од приватна во државна служба, што значело и промена во кадарот. Уште во времето на Флавиевците почнал процесот на заменување на ослободениците со членови на витешкиот ред – процес што завршува во времето на Трајан и Хадријан, по што сите овие служби се нашле во рацете на витезите.

## ОПШТЕСТВЕНИОТ ПОРЕДОК

Преминот од Република во монархија не предизвикал позначајни промени во хиерархискиот карактер на римското општество, кое се темелело врз личното богатство и угледот на поединецот. И натаму важела поделбата на населението на луѓе со или без римско граѓанско право. Сепак, во споредба со конзервативноста на републиканските нобили во давањето римско граѓанско право, времето на принкипатот било полиберално. Не може да се каже дека императорите имале некаква смислена политика по ова прашање, но и без тоа, самите државни механизми воделе кон проширување на римското граѓанско право. Граѓанско право добивале повеќето градски магистрати по истекот на нивната функција; сите војници во помошните одреди автоматски добивале граѓанско право по завршувањето на активната служба, а имало и градови што добивале италско право како награда за некоја одлука. Септимиј Север наградил

со италско право неколку градови во родната Африка, но и градови што му останале верни во борбата против другите претенденти за престолот. Така римското граѓанско право, што некогаш го уживале само Римјаните, Италците и делови од најроманизираните провинции, сега го загубило својот ексклузивитет, но не и привилегиите што ги носело. Затоа, кога императорот Каракала во 212 година донел указ со кој им се давало римско граѓанско право на сите слободни граѓани на империјата, тоа не претставувало толку радикален и епохален чекор, каков што можел да биде еден или два века порано. Од тој миг биле избришани последните разлики меѓу некогашните освојувачи и потчинетите; сите слободни луѓе станале граѓани на империјата.

Сепак, последиците од овој указ не треба да се преценуваат. Прво, до тој миг, значителен дел од империјата и онака веќе поседувал римско граѓанско право; освен тоа, во меѓувреме се обликувала нова поделба на населението, заснована пред сè врз економската моќ и политичкиот углед: поделбата на *honestiores* и *humiliores*. За да ја разбереме ваквата поделба и што точно подразбирала таа, треба да се вратиме на општествените слоеви воспоставени од Август.

Сите жители на империјата биле поделени на неколку општествени слоеви, или „редови“ (*ordines*). Највисок и најугледен бил *сенаторскиот ред*. За да се различи од еквестрискиот, или редот на витезите, имотниот предуслов за сенаторите изнесувал еден милион сестертии, а право да носат порфирна лента на тогата имале само сенаторите и нивните синови. За да се одржи достоинството на редот, сенаторите не смееле да се женат со ослободенички. По сенаторскиот, доаѓал *еквестрискиот ред*, чиј имотен праг изнесувал 400.000 сестертии, а членовите морале да потекнуваат од слободни граѓани најмалку две поколенија наназад. По нив доаѓал *редот на декурионите*, составен од најимотните членови на муниципалните совети. Овие три реда, заедно со сите воени ветерани, го сочинувале слојот на *honestiores*. Од другата страна, во *humiliores* се вбројувале посиромашните римски граѓани, ослободениците и робовите. Од гледна точка на законите, двата слоја се разликувале во тоа што за ист престап им следувале различни казни. За некои престапи, член на повисокиот слој се казнувал со прогонство, а член на понискиот – со работа во рудниците; во случај на смртна казна, членот на *honestiores* бил убиван брзо и безболно, а оној на *humiliores* можел да биде фрлен на ѕверовите; *honestiores* го задржале правото на жалба до императорот и биле заштитени од измачување – права што им биле ускратени на *humiliores*. Идеолошката подлога на ваквата поделба ни ја открива Плиниј помладиот, кој во едно писмо фали некој проконсул зашто доследно го разликува достоинството на различните редови, со зборовите: „ [...] ако се доз-

воли редовите да се слејат, збркаат и измешаат... ништо не ќе е понееднакво од таквата еднаквост". Ова значи дека, во секојдневниот живот, повластиците од општествено-економскиот статус биле многу поважни од римското граѓанско право. Еден *honestior* од провинциското благородништво имал многу поголеми права и повластици од еден *humilior* од Италија, иако вториов имал римско граѓанско право.

Забраните и предусловите за сенаторите и еквестрите сведочат дека можностите за искачување на општественото скалило биле мошне ограничени. Најголеми можности за напредок имале малубројните робови кои имале среќа да служат кај поимотните жители на градовите; тие можеле да се надеваат на официјално ослободување, т.н. *манумисија*, при што најчесто добивале и граѓанско право. Од времето на Август дури и неформално ослободените робови добивале латинско право, со можност подоцна да добијат и полно граѓанско право. Овие ослободеници и понатаму имале одредени обрски и должности кон поранешниот господар, но сепак имале простор за општествено и економско напредување; не случајно, можеби најбогатиот лик во римската книжевност е токму ослободеникот Трималхион. За слободните граѓани, пак, главна прилика за напредување било пријавувањето во војска, за што ќе стане збор наскоро. Иако ослободеникот не можел да се надева на учество во градската власт или на вклучување меѓу витезите, таа можност била отворена за неговите потомци. На врвот, некои сенаторски семејства изумирале, други страдале во граѓански војни и политички интриги, а трети пропаѓале економски; нивните места се пополнувале со нови луѓе, па дури и сенаторскиот ред немал цврст и непроменлив состав. Веќе во времето на династијата Флавиевци во Сенатот влегува италското благородништво, а во времето на династијата Антонини голем дел од Сенатот веќе е пополнет од членови на провинциските елити. Во споредба со Републиката, општествениот поредок во Империјата бил построг и оставал помалку простор за општествено напредување, но одреден степен на придвижување и промена сепак бил неизбежен.

## ВОЈСКАТА И ФИНАНСИИТЕ

По завршувањето на граѓанските војни, Октавијан заповедал со војска од приближно шеесет легии. Да се одржува толкава војска било непрактично и финансиски невозможно, па затоа драстично ја намалил војската на 28 легии, а на сите други им завршила службата и биле населени во нови воени колонии. Веројатно едно од најважните постигања на Октавијан е токму ова мирно населување на ветерани без да се нарушат

постојните имотни односи, односно без насилно запленување и иселување на претходните сопственици.

Во следните десетлетија најпосле била заокружена професионализацијата на војската, која започнала уште во времето на Гај Мариј. Траењето на воената служба најпрвин било пропишано на најмалку шеснаесет години и уште четири во резерва, а потоа било продолжено на најмалку дваесет години и уште пет во резерва; од изворите од II век заклучуваме дека воената служба во тоа време траела меѓу 23 и 26 години. Биле утврдени воената плата и олеснувањата, разните прописи и забрани за активните војници, како и условите под кои завршувале со службата и наградите што им следеле. Така државата за прв пат добила постојана и професионална војска.

• *Војската и политиката.* – Војската била еден од столбовите на империјалниот систем и еден од главните извори на неговата стабилност и трајност. Војската од царско време обично ја поврзуваме со бунтовно и недисциплинирано однесување, со борби за престолот меѓу разни легии и своеволно менување на владетелите; но, мора да го разликуваме императорот како поединец и империјата како политички систем. Вистина е дека војската била можна закана за секој владетел што си дозволувал да ги игнорира или да ги погази нејзините интереси; но, дури и кога соборувала владетели, *војската немала политичка идеологија.* Нејзините преврати немале цел да го сменат постојниот систем; станувало збор за бунтови против одреден владетел, а не против системот. Секој Римјанин што сонувал за политички промени не можел ни да помисли да дејствува без соработка од војската, која му била верна на империјалниот систем. Освен тоа, од завршувањето на војната меѓу Октавијан и Антониј во 30 ст.е., па сè до крајот на династијата на Северите во 235 н.е. имало само две општи војни за престолот, и тоа откако згаснала владеачката династија; гледано во целост, императорите успеале да ја зауздаат и цврсто да ја контролираат војската во текот на повеќе од две столетија. Дури кон средината на III век, кога системот тоне во длабока криза, дисциплината и стегите во војската попуштаат, а државата ја зафаќа воена анархија која ќе трае четириесетина години.

Ваквата стабилност во голема мера се должи на фактот што во првите два века на Империјата не се обликувала никаква воена аристократија, која би можела да ги постави своите интереси наспроти оние на владетелот. Иако пониските чинови во легиите биле професионализирани, заповедничкиот кадар останал граѓански; со легиите заповедал легиски заповедник од сенаторскиот ред, кој по неколку години служба се враќал во граѓанскиот живот. Во рацете на принкепсот биле не само за-

поведништвото над целата војска, туку и воените почести и одличја. Како носител на највисок империум, само императорот имал право на триумф, кој понекогаш можел да го сподели со сопствениот син или со друг член на царскиот дом, ако сакал да му укаже посебна почест. Војсководците имале право само на триумфални одличја. Императорите се труделе цврсто да ја контролираат војската; тие не заборавале дека таа е потпора на нивната власт, па затоа целосно ја приграбиле контролата врз неа. Секако, ова не значи дека војската немала никакво влијание врз политичкиот живот. Ако (барем формалната) согласност на Сенатот била нужен услов за законитоста на еден владетел, тогаш согласноста и верноста на војската биле нужен услов за тој да се задржи на престолот.

• *Војската и римското општество.* – Веќе видовме дека римското општество било строго раслоено и не оставало многу простор за напредување на поединецот. За посиромашните слободни граѓани, најдобра можност за напредување била токму воената служба. Војниците уживале низа законски олеснувања, а по завршувањето на службата се вбројувале во *honestiores*. Изворите набројуваат примери на римски граѓани што се соочувале со некаква судска парница, па се пријавувале во војска зашто така добивале повластици и имале поголеми изгледи да го добијат спорот. Воената плата не била многу висока, но повремените дарувања и надоместоците за завршување на службата им дозволувале на поранешните војници да влезат во градското благородништво на градовите каде се населиле. Ова особено важело за кентурионите, кои добивале половина или цела плата повеќе од обичниот војник. Токму овие ветерани од заповедничкиот кадар често се среќаваат како покровители и добродетели во своите заедници.

Службата во помошните единици овозможувала вклучување во граѓанското тело. Иако во помошните единици имало и римски граѓани, тие главно се пополнувале со т.н. *перегрини*, слободни жители на империјата без римско граѓанско право. Според прописите за војската, по завршувањето на службата војниците од помошните одреди, нивните жени и деца се стекнувале со полно римско граѓанско право. Оваа привилегија го загубила значењето со указот на Каракала од 212 година; од тогаш помошните единици се пополнувале со римски граѓани, но и со барбари надвор од империјата.

По завршувањето на големите освојувања во времето на Август, легиите се распределиле на новите, релативно стабилни граници – главно долж големите реки – и постепено добиле одбранбена улога. Постојаниот распоред на легиите овозможил постојан и посуштински допир со месното население. Иако на војниците им било забрането да се женат

додека се во активна служба, законот сепак ги предвидувал и ги признавал ваквите врски при завршувањето на службата на војникот. Врските се продлабочувале и благодарение на постојаните економски контакти меѓу војниците и населението. Ваквите врски биле особено цврсти кога војниците се собирале од месното население, со што легијата имала цврсти врски и корени во заедницата каде била распоредена.

Повеќето неприлики и судири на војската со населението не биле предизвикани од некакви воени дејствија или од односот на војниците кон населението, туку од однесувањето на администрацијата. Бидејќи државната администрација била малубројна, заповедничкиот кадар во легијата често добивал и цивилни задолженија. Меѓу другото, војниците го одржувале внатрешниот ред и мир во провинцијата, учествувале во собирањето данок и имале судски овластувања во судењата за помали престапи. Особено омразени биле воените *frumentatores*, кои раководеле со набавката и снабдувањето на легиите, но од времето на Хадријан почнале да се користат како еден вид тајна полиција, со задача да ја надгледува локалната администрација. Дополнителен извор на неприлики било тоа што војниците со државно задолжение имале право да бараат сместување во приватни домови (*hospitium*), а при користење на империјалниот патен систем (*cursus publicus*) имале право да одземаат влечна стока и превозни средства, па дури и да бараат принудна работа од месното население (*angaria*). Од друга страна пак, во време на мир легионерите често биле задолжени за изградба на јавни градби, дури и за обработка на земјата; честопати токму воените градители и инженери се јавувале на повиците на граѓанската власт во проекти што можеле да пропаднат поради лошата управа на месните власти. Некои од најдобро зачуваните и највпечатливи римски аквадукти и патишта биле дело на легиски градители. Затоа не може да се воопштува ниту лошото, ниту доброто влијание на војската врз провинциите и врз месното население. Многу нешта веројатно се разликувале од провинција до провинција и од случај до случај.

• *Државните финансии и војската.* – Старата републиканска ризница, наречена *aerarium*, продолжила да постои и во времето на принкипатот, а Август главно не се мешал во нејзината работа. Во прво време, сите средства се влевале во оваа ризница, која можел да ја користи и Август. Царската контрола над аерариумот се засилила во времето на Клавдиј, кој добил право да ги назначува управниците на ризницата. Бидејќи сè повеќе даноци се пренасочувале во царската каса, аерариумот ја губел платежната способност, па од времето на Нерон императорот почнал да префрла дополнителни средства во него; како надомест за помошта од

владетелот, со ерариумот управувале двајца царски префекти. Така оваа ризница практично минала во рацете на императорот.

Најдоцна до крајот на I век, царската каса, наречена *fiscus*, се развила во главна каса во која се влевале државните приходи, приходите од царските имоти и личните приходи на императорот. Со тоа завршила централизацијата на државните финансии, кои сега биле во рацете на царски службеници. Иако и понатаму постоела теоретска поделба меѓу државните финансии и финансиите на императорот, во пракса разликата била занемарлива, зашто императорот имал право да ги користи средствата од државната ризница, но и често ѝ помагал и ѝ префрлал средства од своите лични приходи.

Неспоредливо најголем товар за државните финансии била издршката на многубројната војска. Основниот приход на еден обичен легионер во времето на Август изнесувал 225 денарии годишно; во времето на Домитијан платата пораснала на 300 денарии, а потоа била зголемена и во времето на Септимиј Север, и уште еднаш во времето на Каракала. Тешко е да се процени дали ова зголемување на платите претставувало удар врз државните финансии, зашто напоредно со него опаѓала вредноста на римскиот денариј. Приходот на пониските заповедници бил речиси двојно повисок од оној на легионерот, а на кентурионите – уште повисок. Според некои пресметки, годишните трошоци за 28 легии и речиси исто толку помошни единици во II век изнесувале нешто повеќе од 100 милиони денарии. Но, ова биле само основните трошоци; војската очекувала и дарувања при стапувањето на власт на нов император, при разни династички годишнини и свечености, како и дарови во посебни прилики.

Особено проблематична била исплатата на легионерските награди по завршувањето на воената служба. Во првите два брана на општа демобилизација, Август главно ги населил легионерите во колонии на ветерани. Иако по неговото владеење во Италија не се основале нови ветерански колонии, оваа пракса повремено се применувала во провинциите сè до времето на Хадријан, а доделување земја на ветерани се среќава и подоцна – но, општо земено, уште од Август наместо земја почнуваат да се даваат парични награди. Била создадена и нова каса, *aerarium militare*, од која се исплаќале ветеранските награди. За почеток, во неа се слеале 170 милиони сестертии како личен дар од Август, а се полнела од два нови даноци. Ова бил особено важен чекор во идеолошка смисла, зашто најпосле се раскинала личната врска меѓу принкепсот и војската, чија иднина веќе не зависела од некој поединечен владетел, туку од државен фонд. Така било конечно затворено основното прашање со воените

ветерани, што Сенатот не се ни обидел, или пак не можел да го реши во последниот век од Републиката. Но, и покрај сè, исплатата на наградите и натаму била голем товар за државата, па војниците често биле задржувани во служба дури и по истекот на воениот рок – додека да се соберат средства за исплата на наградите, што била и најчеста поплака на легионерите.

## ПРОВИНЦИСКАТА УПРАВА

• *„Царски“ и „сенатски“ провинции.* – Веќе видовме дека во 27 ст.е. Август добил управа над дел од провинциите за време од десет години. Во меѓувреме му вратил дел од провинциите на Сенатот, а во замена добил други. Во 18 ст.е. неговата управа била обновена, како што ќе се прави и во иднина на секои пет или десет години. Оправдување за ваквата постапка било тоа што овие, главно погранични, провинции наводно биле изложени на напади однадвор, поради што била потребна поголема грижа за нивната безбедност. Ваквото временооделување на дел од провинциите ќе заврши со официјална поделба на провинциите на т.н. „царски“ и „сенатски“ провинции. Со царските провинции управувале легати што ги назначувал лично императорот; тие непосредно му одговарале само нему, а како и назначувањето, и времетраењето на нивната служба зависела исклучиво од него. Со сенатските провинции, пак, раководеле управители избрани со жреб, кои теоретски му полагале сметки на Сенатот. Единствен исклучок од поделбата на царски и сенатски провинции бил Египет, кого го управувал еден еквестриски префект. Оваа провинција имала посебен однос со императорот, кој бил претставуван како наследник на фараоните, а на сенаторите им било дури и забрането да ја посетат земјата без негова дозвола.

Разграничувањето на овластувањата и управите, барем на хартија, било сосем јасно. Но, во секојдневната пракса се подразбирало дека никој не може да се пробие до политичкиот врв без поддршка или согласност од императорот, така што и управителите на сенатските провинции морало да бидат прифатливи за императорот. Во суштина, поделбата на царски и сенатски провинции имала поголемо значење и важност во самиот Рим и за Сенатот, одошто за секојдневниот живот и работа во провинциите.

Клучната разлика во поделбата на провинциите била контролата врз легиите. При првичната поделба, во некои сенатски провинции сè уште биле разместени одреден број легии. Но, со поместувањето на границата на Дунав и со основањето нови воени заповедништва, овие легии се

поместиле во новите провинции, кои биле под управа на принкепсот. До крајот на владеењето на Август, само проконсулот на провинцијата Африка сѐ уште заповедал со една легија, но веќе во времето на Калигула и тоа заповедништво му било дадено на посебен легат, назначен од императорот. По основањето на царската провинција Нумидија, службата на овој легат била споена со онаа на новиот провинциски намесник, и од тој миг сите активни легии биле разместени во царските провинции.

• *Управата со провинциите.* – Задачите на службениците во царските и во сенатските провинции биле сразмерно слични; сепак, постоела формална разлика во тоа како се избирале и кому му полагале сметка за својата управа. Службениците што стоеле на чело на сенатските провинции ќе ги нарекуваме *управители*, зашто нивната управа (барем теоретски) не зависела непосредно од императорот и била поблиска до духот на провинциските управители од времето на Републиката, кои имале широки овластувања и права. Од друга страна, со царските провинции управувал императорот, а службениците во тие провинции само ги спроведувале неговите упатства и неговата волја, па затоа нив ќе ги именуваме како *намесници*.

Главни задачи на управителот на една сенатска провинција биле *одржување на редот, извршување на судските должности* и *собирањето данок*. Тој го минувал поголемиот дел од времето во обиколка на главните градски средишта во провинцијата; таму ги исполнувал судските задолженија и ја надгледувал работата на градските власти, со цел да спречи можни измами и финансиски злоупотреби. Но, просторот за иницијатива на провинциските управители – а во голема мера и на царските намесници – не треба да се преценува. Провинцискиот мандат бил премногу кус, а административниот апарат премногу мал, за управителот да може детално да ги согледа сите проблеми и потреби на провинцијата; неговото вмешување во поединечни случаи главно се должело на барањата и повиците од локалните власти. Основа на финансискиот систем во провинциите бил непосредниот данок (*tributum*), што го плаќале безмалку сите жители на провинцијата. Трибутот можел да се пресметува врз основа на имотот, или пак по глава на жител, а неговиот износ се потпирал врз повремениот имотен попис во секоја провинција, што се спроведувал во главните градски средишта на провинцијата.

И задолженијата на намесниците во царските провинции биле слични, со тоа што за нив било најважно заповедништвото со легиите разместени во провинцијата. Бидејќи заповедале со војска, намесниците се избирале само од редот на поранешните конзули и претори. Во помалите царски провинции, за намесници се поставале прокуратори од редот

на витезите, кои имале судски и финансиски задолженија и заповедале со помошните одреди. Единствен исклучок бил Египет, управуван од префект кој заповедал и со легиите во провинцијата.

Во споредба со времето на Републиката, во овој период постепено се намалуваат самостојноста, овластувањата и личните права и на управителите, и на намесниците. Од формална гледна точка, причина за ова бил повисокиот империум на императорот, кој можел да се вмеша во која било прилика. Уште од времето на Август се посведочени т.н. царски упатства (*mandata*), кои биле еднакво обврзувачки за сите провинциски службеници. Дискреционите права на управителите биле ограничени не само поради поголемиот број римски граѓани што сега живееле во провинциите и поради различниот статус и различните повластици на градовите, туку и од различните права што ги имале слоевите *honestiores* и *humiliores*. Ограничувањето на овластувањата го достигнало врвот во времето на Северите, кога провинциските службеници го загубиле дури и правото да изречат смртна казна на жител на провинцијата, независно од неговиот општествен статус.

Римскиот провинциски систем не бил совршен и оставал многу простор за злоупотреба; сепак, дури и историографот Тацит, најголемиот критичар на империјалниот систем, признава дека управата со провинциите во ова време била подобра во споредба со Републиката и дека жителите на провинциите биле подобро заштитени од злоупотребите на римските службеници.

• *Централната и локалната власт.* – Централната власт имала умерени интереси, кои биле ограничени на собирањето данок, одржувањето на мирот и стабилноста на поредокот и собирањето војска. Провинцискиот административен апарат бил малуброен: во средината на II век имало вкупно околу 160 провинциски службеници, придружени од малуброен бирократски кадар. Ако го земеме предвид степенот на технолошки развој, големината на империјата (околу 5 милиони $km^2$) и бројноста на населението (приближно 55 милиони луѓе), станува повеќе од јасно дека административен апарат од 160 службеници ни приближно не може да е доволен за секојдневно функционирање на државата. Сепак, централната власт можела да си дозволи ваков административен апарат, зашто празнината ја пополнувало месното благородништво од провинциските градови.

Месните власти биле задолжени за гонењето и притворањето на престапниците додека чекале судење пред државниот службеник и неговиот судски совет. И судењата за помали престапи, и решавањето помали приватни спорови било во рацете на месните власти. Во администра-

тивен поглед, тие биле задолжени за внатрешната политика на сопствените градови, на пример – за контролата на домашните финансии, за изградбата и одржувањето на јавните градби, за одржувањето на јавниот ред и мир и т.н. Освен вообичаените задолженија, градовите повремено требало да ги снабдуваат централните власти со влечни и товарни животни, да ги прифаќаат и угостуваат службениците на централната власт, и да сместуваат и опремуваат воени единици. Особено биле важни провинциските совети, составени од градски елити од целата провинција. Тие биле задолжени за религиските аспекти поврзани со царскиот култ, но истовремено служеле и како посредници меѓу локалната и централната власт, зашто имале право да испраќаат пратеништва за да ги претстават барањата на провинцијата, или пак да поднесуват жалби и обвиненија против злоупотребата на некој државен службеник. Една од најважните задачи на локалните власти било собирањето на провинцискиот данок. Градовите ја имале улогата на пописни, односно даночни центри: секој го плаќал данокот во оној град каде бил заведен, а градот потоа им го предавал данокот на централните власти. Во таа смисла, секоја провинција претставувала заедница на градски единици, а секој град бил задолжен да ја управува околната територија и населението што му биле приклучени.

Градовите во империјата имале различен статус и повластици во зависност од историјата и претходните односи со Рим. Меѓу нив се најзначајни *колониите* и *муникипиите*. Колонијата претставувала своевидна копија на Рим: станувало збор за заедница од римски граѓани со уредување слично на она во самиот Рим. Колониите главно биле населби на ветерани, но веќе во раната империја завршило основањето нови ветерански колонии, па императорот почнал да го дава статусот на колонија на веќе постоечки градски средишта. Иако статусот на колонија се сметал за највисок, овие нови колонии немале никакви повластици, освен оние што им се давале дополнително. Иако со понизок статус, муникипиумот имал одредени предности, на пример – сопствени закони и сопствено градско уредување. Сите жители на италските муникипии имале римско граѓанско право; во провинциските муникипии, карактеристични за западниот дел од империјата, римското граѓанско право било ограничено само на мал дел од најбогатиот и најзаслужен дел од населението, на пример на градските магистрати и советници.

Иако имале различен статус, разликите меѓу повеќето провинциски колонии и муникипии биле мошне мали; во II век изворите веќе сведочат дека е невозможно да се различат едни од други. Иако до III век голем број градови ќе бидат унапредени од муникипии во колонии, ваквото унапредување само по себе не носело и поголеми повластици. За

жителите на муникипиите, многу поважно од почесниот статус било добивањето италско граѓанско право (*ius Italicum*), кое овозможувало ослободување од земјишниот данок. Но, императорите не биле многу дарежливи во давањето на оваа поволност.

Освен колониите и муникипиите, другите градови во империјата имале најразличен статус и се наоѓале на различен степен на развој: од стари и развиени полиси, до нови градови што се раѓале од стари племенски средишта. Остаток од републиканско време биле т.н. „сојузнички градови", „слободни градови" и „слободни и имуни (или изземени) градови". Слободните градови биле заштитени од мешањето на провинцискиот управител, а оние со имунитет биле изземени и од плаќањето данок. Но, бројот на градови со ваков повластен статус секогаш бил мал, а во доцната Република и раната Империја уште повеќе се намалил. Со исключок на малубројните градови со посебни и дамнешни повластици, на повеќето градови – независно од нивниот статус – им било многу поважно повремено да добиваат одредени привилегии и награди од императорите.

Работата и опстојувањето на ваквиот административен систем бил условен од благосостојбата на месното благородништво и од животоспособноста на градските средишта. Клучен чинител во вака поставената администрација бил *системот на литургии* (*munera*). Станува збор за систем во кој побогатите поединци во заедницата го преземале товарот за исполнување на обврските на градот кон државата, но и за задоволување на потребите на самиот град, или со парична помош, или во стока. Системот на литургии можеби бил тежок, но сепак бил прифатлив за месното благородништво, зашто политичкото предимство на благородничките семејства во градовите се оправдувала токму со оваа парична помош и ваквото лично покровителство. Напоредно со ова, литургијата отворала простор за натпревар за поголеми почести и влијание меѓу самите великодостојници. Но, ваквата борба за углед и влијание не само меѓу благородниците во еден град, туку и меѓу градовите во една провинција, често можела да предизвика финансиска пропаст на некое семејство или на градските финансии. Веќе од времето на Хадријан, литургиските обврски почнале да стануваат обврзни; од друга страна, некои од најистакнатите благородници можеле да добијат изземање од литургиските обврски, при што товарот паѓал на централната власт.

Постепеното мешање на централната власт во локалната администрација може да се забележи уште од забраната градовите да воведуваат нов данок без дозвола од императорот, која потекнува од најраните почетоци на империјата. Кон крајот на I век, на градовите им било забране-

то да креваат нови јавни градби со пари од градската каса без посебна дозвола од императорот. Една од последиците на зачестеното мешање на централната власт било постепеното опаѓање на претприемништвото и способноста за самоуправување на локалните единици. Па сепак, царската власт по природа била реактивна, а нејзиното мешање често се должело токму на повик од некој локален политички чинител. Освен тоа, ваквите мешања имале локална природа, па и донесените одлуки се однесувале само на засегнатите заедници, а не биле прописи или закони што важеле за целата империја. И покрај повремените неприлики, кои ја навестуваат кризата во III век, самоуправниот градски живот и силата на локалните заедници се одржале сè до средината на III век, кога службениците на централната власт почнале да го преземаат првенството што дотогаш го имале локалните елити.

## ДИОКЛЕЦИЈАН И КОНСТАНТИН

Кризата што кон крајот на II век само се наѕирала, во III век ќе го достигне својот врв и ќе го урне системот што го воспоставил Август. Причините што го предизвикале распадот на стариот систем биле многубројни: несоодветноста на финансискиот систем, сразмерната малубројност на војската, зголемениот притисок на границите, како и големата чума од времето на Антонините, од која државата сè уште закрепнувала, а наеднаш морала да се соочи со нови предизвици. Речиси полувековниот хаос предизвикал распаѓање на старата администрација, воено безредие, крај на одбранбениот систем на границите и привремено уривање на територијалното единство на државата. Дури во времето на Диоклецијан државата закрепнала во доволна мера, за да може да се спроведат суштински реформи, а империјата да се постави врз нови темели.

Поради недостигот од добри и современи извори, не можеме со сигурност да ги датираме спроведените реформи; научниците имаат обичај речиси сè да им припишат на Диоклецијан и Константин, иако многу процеси започнале пред нив, а завршиле по нивното време. На пример, обновувањето на територијалното единство на државата воопшто не било дело на Диоклецијан, туку на неуморниот Аврелијан (270-275), кој не случајно се нарекувал *restitutor Orbis*, „обновувач на Светот"; обновувањето на дисциплината во војската завршило во времето на Диоклецијан, но за него биле заслужни низа императори пред него – Клавдиј II, Аврелијан, Проб и Кар; дел од новите одбранбени утврдувања долж границите, кои му се припишуваат на Диоклецијан, всушност ги започнал Проб, а биле довршени дури во втората половина на IV век; почето-

ците на поделбата на војската на *limitanei* и *comitatenses* се забележуваат уште во времето на Галиен, и т.н. Дел од новините што ги востановиле Диоклецијан и Константин всушност биле продолжение, а во некои случаи и само официјализирање на процеси што започнале пред нив, а она што го започнале самите, не било целосно завршено во текот на нивниот живот.

• *Системот на тетрархија.* – Соочен со многубројни проблеми низ целата империја, Диоклецијан уште на почетокот на своето владеење го зел соборецот Максимијан за совладетел, најпрвин како кајсар, а набргу потоа и како август. Но, и покрај поделбата на власта, империјата сѐ уште се соочувала со премногу предизвици дури и за двајца императори; поради тоа, во 293 година биле воведени во власта уште двајца помлади совладетели – Галериј и Констанциј Хлор, кои се поврзале со домот на Диоклецијан и на Максимијан и преку брачни врски.

Империјата практично се поделила на четири дела со четири владетели – но, нејзиното територијално единство не било нарушено. Единството се темелело врз слогата меѓу четирите владетели, и токму нивната слога и заедништво постојано се истакнувале во официјалните ликовни претстави. Овластувањата на кајсарите не биле строго врзани за одредена територија: на пример, Галериј прво служел на источната граница против Персија, а подоцна Диоклецијан го префрлил на дунавската граница. Иако ова често се повторува во современите стручни дела, воопшто не сме сигурни дека империјата била поделена на четири јасно разграничени делови во кои владееле императорите.

Иако ваквата поделба на власта навидум претставувала новина, во неа всушност немало ништо ново. Оваа традиција имала корени уште во републиканскиот принцип на колегијалност меѓу државните службеници. Во царскиот период веќе имало неколку примери за официјално совладетелство: на Веспасијан со Тит, на Марк Аврелиј со Лукиј Вер, на Гордијан I со Гордијан II, на Клодиј Пупиен со Кајлиј Балбин, на Валеријан со Галиен и на Кар со синовите Карин и Нумеријан. Од оваа гледна точка, тетрархискиот систем не претставувал некаква дотогаш невидена новина; ново било умножувањето на владетели што било неопходно заради сменетите прилики во империјата, но принципот на поделба на власта се среќавал и претходно.

Точниот однос меѓу владетелите не е сосем јасен, но извесно е дека Диоклецијан и Максимијан, кои биле *августи*, го задржале предимството во однос на помладите совладетели, кои ја носеле титулата *кајсар*. Кајсарите немале сопствена администрација, туку ја делеле онаа на августите, но сите четворица имале сопствен *comitatus* (дворјани, советници,

прислужници и војници кои секогаш се движеле со императорот) и право да издаваат закони. Овој сложен систем на заедничко владеење сепак не го менува фактот дека Диоклецијан бил прв меѓу совладетелите, и дека неговиот збор бил последен; неговото предимство се гледало и во тоа што го носел епитетот *Iovius*, за разлика од Максимијан, кој го имал епитетот *Herculius*. Тетрахијата се покажала како соодветен одговор за постојаните внатрешни предизвици и надворешни притисоци; иако повремено имало бунтови и обиди за узурпација, сите тие пропаѓале поради засиленото присуство на царскиот авторитет. И бројот на владетели бил доволен за да ги обесхрабри можните узурпатори: елиминацијата на еден владетел веќе не била доволна, зашто тој имал уште тројца колеги во власта.

Од друга страна, како систем замислен да обезбеди мирно примопредавање на власта, тетрахијата се покажала како крајно неуспешна. Не знаеме кога за прв пат било замислено августите да се повлечат од служба; како и да е, во 305 година Диоклецијан се повлекол од власта, а го принудил и неволниот Максимијан да го стори истото. Сега кајсарите станале августи, а испразнетите места биле пополнети со двајца нови помлади совладетели. Наследувањето на власта во времето на принкипатот никогаш не било јасно дефинирано; очигледно е дека клучна важност имал династичкиот принцип, но тој често не можел да се примени, зашто повеќето императори од I и II век или немале синови, или пак ги наджевеале. Системот на посвојување, кој имал предимство во времето на Антонините, не бил плод на некаква смислена политика, туку на едноставна биолошка случајност. Кога Марк Аврелиј добил син, системот на посвојување веднаш бил напуштен во корист на биолошкиот принцип. Ова е важно, зашто ни открива зошто тетрахијата била несоодветно решение на овој проблем. Имено, при изборот на новите кајсари биле занемарени интересите на синовите на Константиј Хлор и на Максимијан – Константин и Максентиј. Очекувано, тие не ја прифатиле новата поделба, па наскоро империјата била втурната во нова низа внатрешни војни кои, со мали прекини, траеле сè до 324 година.

Тетрахијата како систем не го наджевеала многу Диоклецијан, но нејзиното воспоставање имало две важни последици за империјата. Прво, таа овозможила смирување на состојбата во времето на Диоклецијан, што му отворило можност да спроведе коренити реформи во државата; и второ, таа го олеснила прифаќањето на принципот на поделба на власта, така што во следните стотина години само неколкупати се случило империјата да ја управува само еден владетел, и тоа за сразмерно кусо време. Процесот го достигнал врвот по смртта на Теодосиј I, кога поделбата на власта меѓу неговите синови Хонориј и Аркадиј – при сè што била

замислена како продолжување на една веќе усталена пракса – станала и конечна, и трајна територијална поделба на царството.

• *Царската власт.* – Со Диоклецијан завршил преодниот период од принкипат кон апсолутна монархија. Наместо принкепс, сега на чело на државата стоел *dominus*, „господар“. Всушност, Диоклецијан ја продолжил праксата на некои од неговите претходници, кои се нарекувале *dominus et deus*, „господар и бог“; навистина, повремено сè уште се среќава и титулата принкепс, но тоа само ја нагласува разликата меѓу двата системи, зашто сега и принкепсот е наречен *gloriosissimus*, „најславен“ – израз што би му прозвучел чудно и туѓо на Август. Преминот кон апсолутна монархија се гледа и во новото име на царскиот совет; тој ги преживеал реформите на Диоклецијан, но наместо *consilium,* сега се нарекувал *consistorium,* зашто во присуство на императорот советниците веќе не смееле да седат, туку стоеле.

Така во времето на Диоклецијан биле отстранети и последните елементи на еднаквост и заедничко водење на државата; од тој миг, сета моќ и сиот административен апарат се нашле под непосредна и недвосмислена контрола на императорот. Бил разработен и детален дворски церемонијал, а оние што излегувале пред императорот морале да паднат на колена пред него и да го бакнат работ од неговата облека. Императорот носел дијадема, златна и порфирна наметка, како и чевли со бисери и скапоцени камења. Пристапот до императорот бил отежнат и бил под строг надзор на еден царски службеник, кој им заповедал на личните прислужници и бил задолжен за водењето на царскиот двор. Сето ова го издвојувало императорот не само од обичниот народ, туку и од државните службеници и благородништвото.

• *Провинцискиот систем.* – Во времето на Диоклецијан бројот на провинции бил зголемен двојно – од приближно педесетина провинции во времето на Галиен, сега империјата броела приближно сто провинции. Ова не се должело на нови освојувања, туку на раситнување на поголемите стари провинции; на пример, старата провинција Азијана сега била поделена на седум помали провинции. Со новиот провинциски систем конечно била избришана разликата меѓу царските и сенатските провинции. Всушност, ова било само формализирање на состојбата од средината на III век, зашто во мигот кога попуштиле границите, а на територијата на империјата упаднале бројни племиња однадвор, речиси сите провинции станале воени зони во кои дејствувала римска војска под заповедништво на царски легати. Реформата не ја заобиколила ниту Италија, која најпосле ја загубила повластената положба и била вклучена во провинцискиот систем – со тоа што наместо провинции, администра-

тивните единици во Италија се нарекувале „региони“. Провинциите биле групирани во дванаесет *диецези* на чело со *викари*, кои имале статус на намесници со судски и финансиски задолженија. Создавањето на диецезите најверојатно било поврзано со распоредот на новите царски ковници во провинциите, односно со собирањето на данокот и финансирањето на војската; според тоа, диецезите може да се сфатат и како поголеми фискални окрузи на империјата.

• *Војската и финансиите.* – Во времето на Диоклецијан била преустроена и структурата на легиите. Во прво време, старите легии го задржале бројниот состав од 4500 до 6000 војници, но новоснованите легии броеле само по илјада војници. Со ова била жртвувана тактичката самостојност на легијата, но затоа, пак, била зголемена нејзината мобилност. Всушност, Диоклецијан и тука само ја следел практиката од претходните столетија, кога за потребите на еден фронт не се префрлале цели легии од друг фронт, туку само делови од нив, наречени *vexilationes*.

Уште една промена, чии почетоци се забележуваат во времето на Диоклецијан, но која завршила во времето на Константин, е поделбата на војската на погранични единици (*limitanei*) и мобилни единици (*comitatenses*). Овие елитни мобилни единици, за прв пат посведочени во 325 година, всушност се изродиле од војските не само на тетрарсите, туку и на нивните претходници во последните педесетина години; тие постојано ги следеле владетелите на разни боишта и биле дел од царскиот *comitatus*. За зачеток на мобилните единици треба да се земе создавањето на посебниот коњички одред во времето на Галиен, кој бил улогорен во Медиоланум со задача да интервенира во кризните зони. Пограничните единици биле врзани за одбраната и контролата на точно одреден дел од границата – за разлика од мобилните единици, кои биле распоредени во внатрешноста, а се упатувале онаму каде што избила нова криза и го претставувале ударниот дел од војската.

За да се одржат зголемените бројки во војската, воената служба станала обврзна за синовите на сите војници. Уште поважно било воведувањето на *protostasia*, со која земјопоседниците се обврзувале да дадат дел од своите колони во војска, или пак да платат специјален данок како замена. Резултатите од протостасијата биле ограничени, зашто земјопоседниците ја злоупотребувале за да се ослободат од непотребните и несакани колони, од кои, пак, ретко излегувал првокласен војник.

Ова се само дел од коренитите промени што биле спроведени во времето на Диоклецијан и Константин. Иако реформите во одредена мера се темелеле врз процеси и појави од постаро време, тие сепак предизвикале суштинска преобразба на Империјата. Независно од делумниот

успех – а во некои случаи и целосниот неуспех – на некои реформи, нема место за сомневање дека благодарение на Диоклецијан и на Константин бил запрен процесот на распаѓање на државата, а Империјата, сега поставена врз различна основа во однос на принкипатот, продолжила да постои уште век и половина на западот, а на истокот и многу подолго. Но, понатамошниот развој на доцната римска империја излегува од опсегот на овој учебник.

## Литература:

Bang, P. F. (2013). „The Roman Empire II: The Monarchy". In Bang, P. F. & Scheidel, W. (eds.), *The Oxford Handbook of the State in the Ancient Near East and Mediterranean*. Oxford: Oxford University Press, 412-472.

Eck, W. (2016). „The Emperor, the Law and Imperial Administration". In Du Plessis, P. J., Ando, C. & Tuori, K. (eds.). *The Oxford Handbook of Roman Law and Society*. Oxford: Oxford University Press, 98-110.

Garnsey, P., Saller R. et al. (2014). *The Roman Empire: Economy, Society and Culture*². London: Bloomsbury.

Millar, F. (1977). *The Emperor in the Roman World (31* BC – AD *337)*. London: Duckworth.

Potter, D. S. (2004). *The Roman Empire at Bay,* AD *180-395*. London: Routledge.

Potter, D. S. (ed.). (2006). *A Companion to the Roman Empire*. Malden, Mass.: Blackwell Publishing.

Wells. C. (1992). *The Roman Empire*². London: Fontana Press.

| | |
|---|---|
| *Издавач* | Филозофски Факултет – Скопје |
| *За издавачот* | проф. д-р Ратко Дуев |
| *Рецензенти* | проф. д-р Александар Атанасовски<br>проф. д-р Ратко Дуев |
| *Идејно решение и корица* | проф. д-р Војислав Саракински |
| *Лектура и коректура* | Даница Стрезовска |
| *Техничка обработка* | проф. д-р Војислав Саракински |
| *Печати* | Мар-Саж – Скопје |

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

342.1(3)"652"(075.8)

САРАКИНСКИ, Војислав
Антички државни системи : универзитетски учебник / Војислав Саракински и Стефан Пановски. - Скопје : Филозофски факултет, 2019. - 259 стр. : илустр. ; 21 см

Библиографија кон главите

ISBN 978-608-238-171-8

1. Пановски, Стефан [автор]
а) Државни системи - Стар свет - Антички период - Високошколски учебници

COBISS.MK-ID 111935242

© 2019 Филозофски факултет, Скопје.

Сите права за печатеното издание се заштитени.

Електронското издание подлежи на Creative Commons Attribution/ No Derivatives Licence, која дозволува преземање на делото со задолжително цитирање на изворот и на неговиот автор.

ISBN 978-608-238-171-8